**УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ - СКОПЈЕ**

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА

# Раното христијанство во доцноантичките провинции на територијата на Р. Македонија

*(Македонија I, Македонија II, Нов Епир, Дарданија и Средоземна Дакија)*

- докторска дисертација -

Ментор:

Проф. д-р Елица Манева

Кандидат:

м- р Ирена Теодора Весевска

Скопје, 2015

Содржина:

1. Предговор ........................................................................................................ 1

2. Вовед ................................................................................................................ 7

3. Доцноантичките провинции на територијата на Р. Македонија - граници и центри; факти, претпоставки, размислувања .............................................................................. 14

4. Географско-морфолошки карактеристики на регионот ........................................ 19

4. 1. Теорија на централни региони - економиката на просторот како поетика? ..... 26

5. Историски осврт на црковно-политичките прилики од 4. до 6. век ......................... 33

5.1. Од првите контакти на раното христијанство со територијата на доцноантичките провинции на Балканот до сигурни историски извори ......................................................34

5.2. Односот на новата религија со затекнатите верувања (политеизам и Јудаизам) ........................................................................................................ 46

6. Жената во доцноантичкото општество .................................................................. 52

6. 1.Жената во раното христијанство .......................................................................... 58

7. Култот на мартирите и античкиот тетар како два битни предуслова за развој на ранохристијанската архитектура ............................................................................. 67

8. Типови ранохристијански градби .......................................................................... 73

9. Ранохристијански градби во *Macedonia Prima* .................................................... 76

10. Ранохристијански градби во *Macedonia Secunda* ............................................... 86

11. Ранохристијански градби во *Epirus Nova* .......................................................... 115

12. Ранохристијански градби во *Dardania* ............................................................... 142

13. Ранохристијански градби во *Dacia Mediterranea* ................................................ 154

14. Баптистериуми и баптисмални комлекси ............................................................ 163

15. Преглед на локалитети со можни остатоци од ранохристијански градби ............. 180

16. Заклучни согледувања ........................................................................................ 209

## 1. *Предговор*

*"In hoc signo vinces"*

*Eusebius, Vita Constantini 1.28*

Проучувањето на раното христијанство не е нова тема. Неговите почетоци одат назад до првите денови на ранохристијанската црква, кога авторите на книгите од Новиот Завет почнале да ги артикулираат сопствените погледи за потеклото на движењето на кое му припаѓале, или преку прикажување на животот на Исус и активностите на неговите следбеници (*Евангелијата и Делата Апостолски*) или преку текстовите со духовни совети или апокалиптични пророштва (*Посланијата и Откровението*).

Кон проучувањето на раното христијанство може да се пристапи на повеќе начини. *Антрополошки* гледано, нашето разбирање на другите општества секако мора да ја земе во предвид улогата што религијата ја има во нив, токму преку проучувањето на културата/ите, т.е колективните модели на значења, често изразени симболично, коишто овозможуваат комуникација – и меѓусебна и меѓугенерациска на нејзините носители – како и пренесување на разбирањето на универзумот и моралните вредности. Во овие рамки, културата е есенцијален дел од она што нѐ чини човечки суштества: социјални животни кои ги користат овие модели на *значење* за меѓусебна интеракција. Ваквите модели може да бидат изразени преку различни видови симболи, како зборови, гестови, или слики; но можат да бидат изразени и како *верување* и како такво, верувањето, вклучувајќи ја и организираната форма , т.е религијата, е централен елемент на нашата хуманост. Уште повеќе, антрополошки гледано, религијата најчесто поседува клуч за разбирање на одредена култура, посебно во рамките на космогонијата. Навистина, односот на антрополозите кон објектот на нивното проучување е *Тие* : *Ние*, и во рамки на проучувањето на системите на верувања на различни општества, во најголема мера се сведува на проучување на "другите", односно на заедниците што живеат во не-индустријализираниот свет, но од крајот на минатиот век се појавува тенденција за проучување и на останатите региони, како Европа на пример.

Сепак, за да се разбере одредена култура потребно е повеќе од испитување на она што е *тука* и *сега*; потребно е да се сфати како таа култура ги гледа и комуницира со сопствените традиции, религиски и историски, како дел од сопственото

себедефинирање. Во тој поглед, проучувањето на раното христијанство од антрополошки аспект може да се гледа како проучување на самиот антички свет. Иако модерната антропологија воглавно ги проучува современите култури, нејзината методологија е корисна за проучување на минатите општества; експлицитните проблеми во обидот за опишување на *туѓата* култура се еднакво горливи и кога се обидуваме да ги разбереме и опишеме античките општества, што до некаде можат да се третираат како *туѓи* култури. Во многу аспекти, античкиот свет бил чудно и понекогаш збунувачко место, и нашите напори за негово разбирање честопати се попречени од модерните предрасуди кои, намерно или не, му ги препишуваме.

Освен антрополошки, изучувањето на антиката од *модерната литерарна теорија* го подвлече степенот до кој античките текстови претставуваат субјективни интерпретации на настани и искуства, што секако не значи дека нештата *не се случиле* во минатото, туку дека не постои една неспорна верзија на вистината што може да биде откриена. Она што мораме да го сфатиме е дека при проучувањето на историските документи и извори, всушност се соочуваме со различни слоеви на интерпретација, со повеќе кажувања и прераскажувања (од античките автори, но и од модерните интерпретатори) на она што навистина се случило, т.е со различни верзии на минатото. Освен тоа, она што одбираме да го проучуваме и начините на коишто го проучуваме најчесто ги рефлектира специфичните приоритети и перспективи на нашето општество. Различни генерации истражувачи ставаат акцент на различни сфери и во многу случаи тоа ги рефлектира не само личните вкусови и ставови на индивидуалните сколари, туку и дел од културата и општеството во кое тие работат. Проучувањето на антиката, како и на било кој период од историјата, ги рефлектира приоритетите на општеството во кое е извршена студијата. Традиционално, ова значеше дека се студираат делата (главно воени и политички) на *големите* луѓе, но веќе неколку декади наназад, со ерозијата на традиционалната хиерархија на општествена и политичка моќ им се даде глас на оние што претходно беа исклучени од претходните структури по род, раса и класа. За возврат, истражувачите добија нови и различни начини на проучување, коишто ги рефлектираат интересите на овие ново акредитирани општествени групи, што резултираше со зголемено значење на историјата на подкласите или родовите студии.

Студиите по религија во римскиот свет, во кој христијанството е родено, во последните децении енормно напредуваа, особено во контекст на сензибилност кон културните разлики помеѓу античкиот и нашиот свет. Еден период, на политеизмот во доцната

антика се гледаше како на маргинална појава, па дури и како на појава на умирање до првите векови на христијанската ера, правејќи го неизбежен триумфот на христијанството. Овие хипотези се базираа на мислењето дека политеизмот престанал да ги исполнува критериумите за успешна религија, но како што во последно време се нагласува, овие критериуми се базираа на сплет од претпоставки под влијание на модерното христијанство. Со други зборови, различните пагански религии и култови на Медитеранот и малку пошироко, беа оценувани во однос на тоа дали ги исполнувале стандардите што модерните религии треба да ги исполнат: високо организирано свештенство и акцент на личниот однос со божеството (артикулиран преку лични молитви и влијание на религијата врз индивидуалниот морал). Ваквиот традиционален пристап е отфрлен како анахроничен од Price 1984, 10–19; Beard and Crawford 1985, 26–7; Feeney 1998, 12–14 итн. Целокупната истражувачка активност во последниве децении на полето на религиските студии резултираше со нов поглед на религијата како пулсирачки феномен кој навлегува во секој аспект на животот во антиката, правејќи го нејзиното проучување централно во нашето разбирање на античкото општество и култура. Раното христијанство завзема особено важна позиција во полето на античките религии поради уникатната можност за согледување на динамиката на еден култ со деликатна деталност. Она што го одделува од останатите култови и религии во антиката, е широкиот спектар на примарни извори колку што ниедна друга религија, со исклучок на Јудаизмот, не генерирала. Доплнително, големиот број извори за раното христијанство дозволуваат продлабочено проучување на многу аспекти од животот во Медитеранскиот свет на Римската империја во севкупниот негов диверзитет. Тоа само по себе го прави интересно и значајно за сите кои се фасцинирани од антиката, а ако кон ова ги додадеме и последните поместувањата во парадигмите при проучувањето на античкиот свет, импактот е уште поголем. Сето ова не е само поради откривањето на нови докази туку поради промената во пристапот и начинот на нивната обработка.

Од официјалното признавање на христијанството како државна религија (313 год.) - а секако и многу порано, во неговите почетоци и први контакти со областите надвор од Палестина (64 год.); до неговото поставување за единствена државна религија (380 год.), и периодот на пробив до широките народни маси; новата религија го поминува својот пат од илегалност до триумф, од скромните катакомби до раскошни масивни базилики, постепено трансформирајќи се во сопствениот првобитен опонент.

*Како?* Како една мала, политички сомнителна, група луѓе станала највлијателната сила во доцната антика? Прашање еднакво интригантно и во 3. век и два милениуми подоцна. И каде во сето тоа стои територијата на Република Македонија?

Овој труд произлезе како директна реминисценција токму на овие прашања. Меѓутоа, она што изгледаше како сосем логична и *природна* замисла и концепт, со целокупната првобитната еуфорија и занес, набргу почна да наликува на јаболкото на Ева, само во овој случај, нагризано од црвот на сомнежот и искушението. И долг беше патот што го изоде, на моменти хазардерски преминувајќи ја линијата на очај, а на моменти мартирски ревносно носејќи го сопствениот крст.

Фундаментот врз кој се базира нашето истражување е да се опфати целата територија на Р. Македонија, придржувајќи се до административните рамки од римско време (*и покрај извесните тешкотии* во изготвувањето на материјалот), како најадекватен начин да се класифицираат, картираат и проучат одделните феномени и да се споредат со оние од административните центри на провинциите (Тесалоники, Стоби, Дирахион, Сердика и Скупи), да се воочат влијанијата кои тие ги емитираат и степеност на рецепција од останатите места, а преку тоа да се анализира и раната црковно-административна организација, која се темели на онаа воспоставена во антиката.

Понатаму, трудов ги разгледува проблемите на географско-морфолошките карактеристики на регионот, историските и црковни прилики во периодот од 4. до 6. век, улогата на жените во античкото општество и нивната положба и статус во раното христијанство, култот на мартирите и античкиот тетар како два битни предуслова за развој на ранохристијанската архитектура, типовите ранохристијански градби, ранохристијанските градби во Република Македонија по провинции, баптистериумите и баптисмалните комлекси. Обработени се диспозицијата, карактеристиките, предностите и евентуалните недостатоци на дадениот регион, со посебен осврт и на поединечните микро региони од кои е составен истиот.

Заплетканите црковно-политички прилики што се јавуваат како резултат на континуираниот поларитет меѓу Рим и Константинопол, како и улогата што епископите-преставници на епископиите од Македонија ја имале на неколкуте решавачки вселенски собори беа детално разгледани.

Посебен осврт добија култот на мартирите и градбата, односно улогата на античкиот театар како елементи кои директно или индиректно влијаат врз развитокот на ранохристијанската архитектура и нејзината концентрација околу одредените зони.

Прегледот на општата типологија на ранохристијанските градби служи како основа за распоредување на откриените објекти од провинцијата во нејзините рамки, како и за полесно и попрегледно согледување на одделни карактеристики специфични само за овој простор.

Во поглавјето за крстилниците и нивните комплекси, во склоп или непосредна близина на црковните објекти се дадени распространетоста, причините за подигнување на повеќе крстилници во рамките на една населба; нивната типологизација; како и орбитирањето кон јужниот или северниот кораб, односно релациите со (условно речено) доминацијата на еден од половите.

***

На овој ментален и професионален аџилак, ја имав среќата да не бидам сама, и во оваа прилика би сакала да им се заблагодарам на сите кои чекореа заедно со мене, преиспитувајќи ги моите погрешни свртувања, укажувајќи ми на знаците за вистинските патеки, за подадената рака и туркањето напред кога мислев дека нема поента да продолжам, и без кои немаше да стигнам овде каде што сум.

На моите најблиски, мојата духовна фамилија, им благодарам за инвестирањето во мене, мојот дух и раст; благодарам за трпението со кое издржаа да покажуваат безусловна верба во позитивниот исход на ова патување.

Мојата менторка, мојот *сингел*, проф. д-р Елица Манева, која со своите несебични заложби, неисцрпни совети, постојани добронамерни сугестии и корекции, како и безрезервно дадената подршка, има најголема заслуга за финализацијата на тезата.

И за крај, искрена благодарност до целиот наставнички колегиум на Катедрата за историја на уметноста и археологија, за секогаш отворените врати и поддршката уште од почетоците на моите студии, за вдахнувањето на желбата за постојано истражување, и за тоа што (о)станаа не само мои професори, туку и пријатели.

## 2. Вовед

*"Првенствената привлечност на археолошките податоци е што за разлика од писмените записи, сите ги создаваат секаде - богати и сиромашни, писмени и неписмени, Римјани и варвари, во град и во село. Добро е речено дека иако археологијата може да се користи за проучување на богатите и славните ..., уште поголема е нејзината сила да ги истражува животите не само на оние кои ја создале (и најчесто напишале) историјата, туку и на тивкото мнозинство."*

*Г. Баркер 1991, 1; од воведот во зборникот Roman Landscapes*

Археологијата има тешка, но благородна задача, од искршените остатоци на објектите што некогаш претставувале директна или индиректна рефлексија на човечките мисли, верувања, стремежи и потреби, да составува мунициозни мозиаци што треба достојно да ја отсликуваат одамна минатата стварност.

Самиот процес е макотрпен и честопати ги доведува неговите практиканти до лимесот на издржливоста, граничејќи се, речиси, со потфатот на митскиот Сизиф.

Секој артефакт во себе содржи барем дел од духовноста на сопствениот творец, и освен утилитарноста, во себе крие атомска структура од магиското, сакралното, митското, мистичното...

Во тој поглед, култните објекти (почнувајќи од минијатурните домашни жртвеници, преку светилиштата под ведро небо, до монументалните храмови), се навидум отворена, но повеќеслојна и многузнаковна ризница, а токму поради тоа и еден од омилените стадиони за умствени маратони на истражувачите.

Долга била трансформацијата на природните гении во антропоморфна плеада богови, кои чекорејќи по патеката на хроносот, еволуирале во еден единствен и врховен Бог.

Христијанството, поставено врз фундаментите на веќе постоечките култови и верувања, сплотени во хармонична симбиоза и делумно модифицирани; долго војува за признавање од државниот апарат (во својата првобитна, и до некаде, анархична форма), за конечно да се трансформира во движечки дел од истиот.

Целта на ова истражување е да се презентираат ранохристијанските наоди и објекти откриени на територијата на Македонија во својот потесен и поширок контекст; видени од малку поинаков агол, односно првенствено низ призмата на нивните творци и практикувачи, трудејќи се да бидат дисецирани и социјалните и родови односи.

Придржувањето до административните рамки од римско време (наспроти можните тешкотии во изготвувањето на материјалот), е најадекватен начин да се класифицираат, картираат и проучат одделните феномени и да се споредат со оние од административниот центар на провинацијата, да се воочат влијанијата кои тој ги емитира и степеност на рецепција од останатите места. Со тоа ќе се анализира и раната црковно-административна организација, која се темели на онаа воспоставена во антиката.

Предизвикот за разоткривање на почетоците и еволутивниот развој на религијата преку манифестациите на терените низ Р. Македонија, трае повеќе од еден век.

Овој период е неизбежна станица на патот кон составување на сликата за изгледот и трансформацијата на доцноантичките населени места, па не треба да изненадува живиот интерес на истражувачите за оваа проблематика.

Од општите стручни трудови посветени на ранохристијанската и општо-христијанската проблематика особено се вредни делата на Fernand Cabrol et Henry Leclerq, *Dictionaire d'archéologie chrétienne et de liturgie* (појдовен репер за секој истражувач на оваа проблематика); Andre Grabar, *Martyrium I, II, III*; Иванка Николајевић - Стојковић, *Ранохришћанске крстионице у Југославији*; Лазар Мирковиќ, *Православна литургика* (том I и II); како и капиталното дело на професор д-р Мирча Елиаде, *Свето и профано*, кое се занимава со историјата на религиите.

Најдобар пристап во проучувањето на раното христијанство и неговата интеракција со римското општество е да се читаат текстовите од раните црковни отци и литературата од првите векови. Од неколкуте серии од живописни преводи со одлични воведи и коментари ги издвојуваме: *The Early Church Fathers* (Routledge), со опширен вовед на селектираните текстови, што ги вклучува преводите на Амброзиј (B. Ramsey 1997), Јован Христозом (W.Mayer и P.Allen 1999), и Јеремија (S. Rebenich 2002); *The Fathers of the Church* (Catholic University of America) – постарите преводи варираат по квалитет, но последните томови имаат солидни воведи и коментари; *Translated Texts for Historians* (Liverpool University Press): збирка преводи на текстови од 4. до 10. век;

едицијата на Penguin Classics вклучувајќи ги преводите на *Early Christian Lives* (прев. C. White, 1998); едицијата Oxford World's Classics со преводот на Августин, и неговите *Исповеди* (прев. H. Chadwick, 1992) и *Christian Teaching* (прев. R. Green, 1995). The Loeb Classical Library (Harvard) нуди текстови со контрасни преводи, воведи, и куси коментари, а меѓу останатите ги вклучува делата на Филон, Климент Александриски, Тертулијан, Јулијан, како и писмата на Василиј, Јеремија и Августин.

Неколку понови збирки извори, сите со екстензивни библиографии, помагаат во лоцирањето на христијанството во религиозното мноштво на римската империја. Beard– North– Price, во нивната студија *Religions of Rome* (1998) го трансформираа начинот на изучување на римската религија: и за историјата (vol. 1) и за изворите (vol. 2), вклучувајќи материјал и за Евреите и за Христијаните. Делот на Price во *Key Themes in Ancient History, Religions of the Ancient Greeks* (1999), ги вклучува и еврејската и христијанската реакција на грчката религија. Поголемиот дел од материјалите во ова дело доаѓа од доцнорепубликанскиот период и раното римско царство (1. век п.н.е до 2. век н.е). Делата на Lee, *Pagans and Christians in Late Antiquity* (2000) и Maas, *Readings in Late Antiquity* (2000) пошироко навлегуваат во социјалната, политичката и религиска историја од 1. до 6. век н.е, вклучувајќи ги и почетоците на исламот во седми век.

Едитирани колекции трудови и неколку монографии, нудат продлабочени дискусии за односите и дебатите помеѓу овие верски опции во антиката. Христијанството во релација со јудаизмот од римскиот период, и јудаизмот во однос на римската култура се проучувани од Fredriksen (2000) и Schwartz (2001), и понатаму истражувани во колекцијата трудови на Rajak (2001) и J. Lieu (2002). Hopkins (1999) покажува посебни симпатии кон поексцентричните варијанти на римската, еврејската и христијанската религија од првиот и вториот век. Mitchell (1993) вешто ги интегрира археологијата, епиграфијата и текстуалните студии во неговата анализа на Анадолија и нејзините култови и религии, (како во трудот објавен во Athanassiadi and Frede 1999) и покажува колку е тешко да се направи остра дистинкција меѓу паганите, евреите и христијаните.. Liebeschuetz (2000) посочува кон "заедничко расположение" за монотеизам во раните векови од н.е и кон заедничкиот акцент во откриените текстови, нивната етика, и за животот и смртта. Есеите во Athanassiadi and Frede (1999) нудат примери за 'мек монотеизам', посебно во филозофијата. Долгата традиција на дела за доцниот платонизам во релација со христијанската теологија е солидно презентирана во

собраните трудови на Armstrong (1990), Dillon (1991), Markus (1983, 1994), O'Daly(2001) и Rist (1994).

Заедничката култура е уште една тема на понов интерес. Христијанската уметност и архитектура го употребиле вокабуларот на грчко-римската визуелна култура, и поради тоа можат да бидат различно интерпретирани од различни посматрачи: White (1990) и Elsner (1998, 2003) го објаснуваат ваквиот пристап, додека Mathews (1999) нуди поконтраверзна интерпретација на иконографијата. Krautheimer (1965, 1937 – 77, 1983) и Lowden (1997) со своите студии за ранохристијанската уметност и архитектура веќе се наметнаа како појдовни точки на било кој сколар кој претендира барем малку да навлезе во физичката и метафизичката проекција на христијанското писмо.

Chadwick (1967, и многуте реизданија) нуди концизен и елегантен преглед на доктрината и практиката од најраните црковни општини до времето на Августин (раниот 5. век); а неодамна се јавува и како еден од авторите на првиот и вториот том (2001, 2003) во едицијата *Oxford History of Christianity*. Frend, пионер во употребата на археолошките факти, исто така е автор на класична синтеза за раното христијанство (1965, рев. ед. 1982, и 1984).

Осумдесетите години на минатиот век донесоа отфрлање на аскетизмот, и позиционирање на нови аспекти во центарот на фокусот на проучување: релациите со сексуалноста, трансформацијата на родовите улоги, како и ставот кон храната и телото. Опширните истражувања ги вклучуваат трудовите на Brown (1988) за сексулната апстиненција, на T.Shaw (1998) за храната и нејзината улога во христијанството, на Cloke (1995) и Kuefler (2001) за родовите улоги, на Clark и Wilfong (во едицијата на Monsterrat 1998) за модификациите на христијанските тела, и ревидирањето на изворите кај Wimbush (1990) и трудовите во Wimbush (1995). Оттогаш, вниманието повторно се сврте кон христијаните како дел од римското општество: Hunter (1993, 1999) ги разгледува верувањата на христијаните кои не го отфрлиле римското општество, а Salzman (2002) истражува какво било разбирањето за христијаните во сенаторската аристократија. Опсежната студија на Clark (2004) за христијанството и римското општество дава продлабочена анализа за развојот на христијанството и неговото интегрирање во главните текови.

Бројот на трудови и текстови коишто го проучуваат раното христијанство од различни аспекти, постојано расте, и видлива е тенденцијата за контекстуално

ревидирање на стереотипните гледишта, како и повторно херменевтичко "читање" на историските извори, но и археолошките остатоци од овој период. Во ова море од различни и некогаш дијаметрално спротивни гледишта на различните истражувачи, лесно е да се загуби компасот на објективност, но од друга страна, токму ваквите контраверзни трудови доведуваат до нови откритија и податоци за раното христијанство, било од социјален, родов или теолошки аспект.

За жал, кај нас се чувствува дека во стручната литература нема прелиминарен текст за разбирање на основите на археолошкото културно наследство од ранохристијанскиот период. Истржувачите на оваа проблематика пристапувале премногу фрагментирано и метролошки, занимавајќи се со морфолошката страна на материјалните остатоци на објектите и не посветувајќи посебно внимание на идејните аспекти од кои произлегуваат истите, (како што се литургијата, симболиката и сл.). Токму затоа, малкуте автори кои во својот научен пристап посветуваат посебно и попродлабочено влијание во толкувањето на материјалните елементи, даваат огромен придонес за развивањето на теориите за оваа проблематика.

Доајенот на македонската археологија, академик професор д-р Блага Алексова, целиот свој плоден животен век го посвети на истражувањето на раното христијанство. Почнувајќи од нејзините студии за ранохристијанските објекти по текот на Брегалница, Стоби и на територијата на речиси цела Македонија, објавени во повеќе реномирани стручни списанија од земјава и во странство; до нејзиното капитално дело *Loca Sanctrorum Macedoniae*, таа прави пресек на откриените објекти, нивното типологизирање, распространетост, како и обид за сублимирање на култовите распростаранети на овие простори од 4. до 9. век.

Академик професор д-р Вера Битракова - Грозданова, во студијата за *Старохристијанските споменици во Охридско*, дава темелни согледувања за датацијата, влијанијата и мозаичната декорација на ранохристијанските објекти од охридскиот регион. Нејзините долгогодишни теренски истражувања на островот Голем Град и преспанскиот регион, даваат детални и продлабочени анализи за концентрацијата на ранохристијански споменици во тој крај. Секако, тука спаѓаат и нејзините последни трудови посветени на доцноантички Лихнид, со посебен осврт на новооткриените базилики на локалитетот Плаошник.

Студиите на професор д - р Елица Манева за базиликата Де во Хераклеја Линкестидска, се од особен интерес, бидејќи прават длабок пресек во самиот поим "гробјанска" т.е extra muros базилика; односно нејзината употреба и подоцнежна реупотреба.

Професор д-р Виктор Лилчиќ во вториот том од дисертацијата *Македонскиот камен за боговите, христијаните и за животот по животот,* како и во последната студија за *Ранохристијанската црква,* прави еден есенцијален напор да ги претстави и презентира досега откриените делови од архитектонска камена пластика на територијата на Р. Македонија (во првото дело), како и да се осврне на литургиските проблеми поврзани со сакраментите на религијата.

Последните монографии на професор д-р Иван Микулчиќ за Стоби и Хераклеја, фрлаат дополнителна светлина врз изгледот на епископските базилики што ги краселе овие градови во доцната антика.

Студијата на Гордана Цветковиќ - Томашевиќ за мозаичните аранжмани во Хераклеја, го пренесува видувањето на авторката за христијанскиот космос.

Монографиите на професор д-р Елизабета Димитрова: *Керамичките релјефи од Виничкото Кале*, *Најстарите христијански симболи,* и *Виничката мистерија: керамичката ризница од доцноантичкото кале*; се продлабочен фундус за расветлување на заплетканите црковно-историски прилики во 5. и 6. век, како и за стилско - иконографска анализа на ликовната уметност која во периодот од појавата на христијанството, дише со неговите ликовни образци.

Монографијата на доц. д-р Снежана Филипова, *Архитектонска декоративна скулптура во Македонија, 5-6 и 11 -12 век;* претставува значаен чекор напред кон осознавањето на ранохристијанската симболика, стил и иконографија.

Корпусот досегашни публикации претставува солидна база која понатаму ќе ги носи новите истражувања и заклучоци. Сепак, како предизвик за понатамошно нуркање во сферата на сакралното и литургиското, сеуште остануваат многуте отворени прашања на кои оваа теза ќе се потруди да даде одговор:

- степенот на вклученост на женската популација во обредите и администрацијата на црквата;
- археолошко потврдување на настаните и процесите опишани во изворите;
- типологизација на видовите градби;
- нивно поврзување со географско-морфолошката позиција на истите;
- правилата на нивно распростанување во просторот (теорија на централни региони);

што секако ќе дадат придонес во обидот да се расветли односот на раното христијанство кон реалниот човек, преку литургијата, нејзината (де)мистификација, како и односот кон половата сегрегација. Да нагласиме дека предмет на истражување се само *ранохристијанските објекти*, додека мобилијарот, мозаичната и фреско декорација се иззмени, пред сѐ, поради нивната солидна истраженост.

Поставени на досегашните солидни основи, но надградени со нови толкувања добиени првенствено со интердисциплинарниот принцип на просторната економика, родовите студии и сл.; досегашните откритија можат да соопштат нови информации кои досега биле само тивко шепотење. Овој труд нема намера да ги побива досегашните согледувања на претходните истражувачи, туку само да ги надгради и дополни со неколку нови моменти кои даваат малку поинаква слика за раното христијанство на нашата територија.

Доколку барем во еден дел успее во транскрибирањето на овие латентни натписи во читко научно писмо, истражувачот ќе биде и повеќе од задоволен.

### 3. Доцноантичките провинции на територијата на Р. Македонија - *граници и центри; факти, претпоставки, размислувања*

*"Etenim geographika quae constitueram magnum opus est. .... Et hercule sunt res difficiles ad explicandum et homoeideis nec tam possunt antherographeisthai quam videbantur et, quod caput est, mihi quaevis satis iusta causa cessandi est ... "*

*Cicero, Epistulae ad Atticum, Libri II. 6*

Навистина, географијата може да биде многу комплицирана област, како што вели Кикерон, а кога станува збор за географијата на овој дел од Балканот, темата станува уште позаплеткана. Изворите за топографијата на Македонија во римскиот период се многу сиромашни и покрај многуте географски и историски дела кои ја третираат нејзината територија. За постепенето менување и прекројување на административните граници, создавањето нови и укинувањето на старите провинции, изворите нудат фрагментирана слика, понекаде задржувајќи се само подетално во дефинирањето на границите. Во тој поглед, обидот за дефинирање на точните граници меѓу доцноантичките провинции се темели на неколку сигурни факти и многу претпоставки (сл.1).

Така на пример, историјата на Македонија Втора - па дури и егзистирањето на провинција со тоа име - се базира врз мал број на извори и е полна со недоречености. Уште кон крајот на 4. век, Македонија е поделена на две провинции: Македонија или (Македонија I) со центар во Тесалоника и Македонија Салутарис.[1] Оваа поделба трае релативно кратко време, бидејќи Македонија Салутарис веќе во почетокот на 5. век е укината како провинција.[2] Подоцна Македонија е повторно поделена и во изворите се појавува провинцијата Македонија II. Во актите на соборот во Ефес во 449 година, како учесници и потписници се јавуваат седум епископи од Македонија I[3],

---

[1]Папазоглу, 1957, 91; се повикува на Момзен за можната датација околу 386 год. кога се појавуваат и други провинции на Исток со епитет Салутарис.

[2] ibidem.

[3] Братож, 2000, 31

факт кој наведува на заклучок дека во тоа време веќе постоела и Македонија II[4].

Две Македонии спомнува и Маркелин Комес во Chronicon за годината 482., и подоцна за 517.[5] Според тоа, Македонија кон крајот на 5. век повторно била поделена.

Во Новелата 11 на Јустинијан од 535 г., Македонија II е една од провинциите што императорот ги става под јурисдикција на новооснованата архиепископија Јустинијана Прима, меѓутоа десет години подоцна во Новелата 131, Македонија II повторно ја нема[6].

Единствен извор кој освен името дава и конкретни податоци за Македонија Втора е Хиерокловиот Синекдем, кој се однесува на крајот на 5. и почетокот на 6. век. [7] Од осумте градови кои Хиерокле ги сместува во Македонија Втора, убицирани се само Стоби и Баргала. Тој ги спомнува и Арг (веројатно јужно од Велес), Пелагонија (по долниот тек на Еригон), Астрајон (околу изворот на Струмица), Келенидин, Армонија и Запара (североисточно од Баргала). [8] Според ова, провинцијата го опфаќала средниот тек на Аксиј, долниот тек на Еригон и целиот слив на Брегалница.

Западната и јужната граница во поголем дел се јасни, но прашањето на северните и источните делови на провинцијата и нејзините тамошни граници се повод за различни претпоставки и размислувања.

Областите околу горниот и долниот тек на Брегалница во раноцарскиот период не влегувале во провинцијата Македонија, туку најпрво сочинувале дел од Тракија, а подоцна, со образувањето на Средоземна Дакија, се приклучени кон оваа провинција. Градот Баргала, најјужниот од градовите во оваа област, во 371 год. сè уште бил во Средоземна Дакија[9], за подоцна, да влезе во составот на Македонија I[10] или II[11].

---

[4] Со ова не се согласува Папазоглу, 1957, 92

[5] Marc. Com., Chronicon, V. Trocondi et Seuerini, “utramque Macedoniam Thessaliamque depopulatus est”, i X. Anastasii et Agapiti, “Duae tunc Macedoniae”

[6] Папазоглу, 1957, 92

[7] ibidem

[8] Hieroclis Synekdemos; по Ernest Honigmann, *Le Synecdèmos d'Hiéroclès et l'opuscule géographique de Georges de Chypre*, Bruxelles 1939

[9] Папазоглу, 1957, 93

[10] ibidem

[11] Микулчиќ, 1999, 213-215

Најголема дилема предизвикуваат актите од Халкедонскиот собор (451 г.) каде меѓу учесниците се потпишани и епископите од Македонија I: од Хераклеја, Филипи, Добер, Сер и Партикопол; меѓутоа тука се потпишани и епископите од Стоби и Барлаа.[12]

Најверојатно некој од подоцнежните препишувачи на Актите згрешил и наместо името на градот Баргала (кој е единствен со слично име во таа област) ставил Барлаа, исто како што го згрешил и бројот што стои до провинцијата Македонија.

Со сигурност е потврдено дека Стоби бил центар на Македонија Втора и никако не можел да спаѓа во градовите од провинцијата Македонија Прва, чиј центар бил Тесалоника.

Од друга страна, според својата географска положба градот Баргала не можел да се наоѓа во Македонија Прва. Брегалникиот регион и Осогово, во целата своја ширина од 80 км, се поврзуваат со денешните региони на Св. Николе, Штип и Радовиш, кои сигурно влегувале во Македонија Втора. Меѓу себе тие биле добро поврзани со низа комуникации, пред сè од двете страни на Брегалница. Брегалничкиот регион тешко комуницирал со долината на Струма и Струмица, како најсеверни делови на Македонија Прва.

Уште еден доказ за припадноста на Баргала кон Македонија Втора е пописот на Хиерокле (641. 6 - 9) од 527 год. кој не се темели на црковните документи, туку на официјалните пописи на провинциите, што секако ја зголемува неговата историска вредност. Тука како најисточни градови во провинцијата Македонија Втора се наведени: Баргала, Келенидин, Армонија и Запара (градови што треба да се бараат во Брегалничкиот регион).[13]

Пописот на градовите на Хиерокле се однесува на состојбата во текот на 5. и раниот 6. век. Тоа значи дека во 5. век источната граница била поместена за околу 40 км кон исток - североисток, присоединувајќи го Осоговско - Брегалничко - Малешевскиот регион кон Македонија Втора. Во нејзини рамки истиот ќе се наоѓа и во времето на Јустинијан I, и таму ќе остане сè до крајот на 6. век.

---

[12] ibid., 213 се повикува на Eduard Schnjartz, Über die Bischofslisten der Sdznoden von Chalkedon, Nicaea und Konstantinopel, BAW München 1937. Изворот не беше достапен за ревизија.

[13] ibid., 215

Границите на Македонија Прима не претставуваат толкава мистерија, па како најсеверни градови на територијата на Р. Македонија, познати се Хераклеја, Добер и Партикопол. Сепак, влијанието и значењето што главниот град, Тесалоника, го има во текот на целиот доцноантички и ранохристијански период, како од административен, така и од уметничко – архитектонски аспект, ќе остане ненадминливо.

Друга спорна територија е регионот на Полозите и северозападната граница на провинцијата Македонија II. Овој дел, за жал во изворите не е доволно прецизно забележан, па поради својата делумна комуникациска неповрзаност со остатокот од провинцијата, односно центарот Стоби, некои истражувачи тежнеат кон тоа дека истиот станал дел од провинцијата Превалитана, веројатно во доцниот 4. век,[14] додека други сепак го оставаат во рамките на Македонија Втора.[15]

Должината на Полог во права линија од југозапад кон североисток изнесува околу 60 км (потегот Папрадино – Ново Село – Јажинце), додека ширината на поединечни места е нееднаква. Најголема е во правец северозапад – југоисток во средишниот дел (котата 2497 м на Шар Планина – Попова Шапка на планината Сува Гора), каде изнесува 29 км. Кон југозапад, а особено кон североисток, областа постепено се стеснува, така што во граничниот североисточен дел, широчината на котлината изнесува 18 км.

Слабата истраженост на тој простор уште повеќе го отежнува атрибуирањето кон некоја од провинциите со сигурност. Археолошките рекогносцирања на овој терен засега покажуваат слаба концентрација на населени места во овој регион. Сепак, откриените остатоци од ранохристијански цркви кај селата Стенче и Туденце укажуваат на постоење на поголеми или помали градски центри, можеби и епископии.

Во доцноримско време, од најзападниот дел на Македонија била оформена провинцијата Нов Епир со главен град Дирахион. Според *Itinerarium Burdigalensis*, кој настанал во 333/34 година, но е надополнуван и по смртта на Константин Велики, во 337 година; на 13 римски милји (20 км) источно од Лихнид на *Via Egnatia* се наоѓала границата меѓу Македонија и Нов Епир, што ни дава прилично сигурен *terminus ante quem* за образување на провинцијата.

---

[14] Микулчиќ, 1999, 217, 218; Папазоглу, 1957, 95, 96; Петровски, 2006

[15] Лилчиќ, 2003, 75

Во *Itinerarium Antonini*, од времето на Диоклетијан, провинцијата Македонија сè уште се протега до Јадранското крајбрежје на запад. Единствена писмено потврдена гранична точка помеѓу *Epirus Nova* и Македонија претставувало местото *Brucida* на *Via Egnatia*, 20 км источно од Лихнид. Граничната линија веројатно ја следела линијата на главниот срт на долгиот планински венец Галичица – Петрина – Плацка – Илинска.

## 4. Географско-морфолошки карактеристики на регионот

Денешната територија на Р. Македонија се наоѓа во средишниот дел на Балканскиот Полуостров и претставува целосно балканска држава. Со соседните делови на Балканот ја поврзуваат низа речни долини и котлини низ кои водат значајни комуникации што не ја изгубиле својата комуникациска улога уште од праисторијата. Во прв ред тоа е долината на Вардар што на север се надоврзува на долината на Морава, а на југ широко се отвара кон Солунското Поле и Солунскиот Залив. Преку овие долини по кои водат најфрекфентните комуникации на Балканот, Македонија на север се поврзува со Панонската Низина и Средна Европа, а на југ со Егејското Море и Медитеранскиот басен. Всушност, преку Македонија по Вардарската долина се протега најкратката надолжна сообраќајна линија меѓу Средна Европа и Средоземното Море, а преку него понатаму кон Југозападна Азија, поточно земјите од источното средоземје и Североисточна Африка.

За територијата на доцноантичките провинции (сл.1) и нивните прецизни граници немаме доволно податоци. Во секој случај, имајќи ги во предвид природните карактеристики на регионот, археолошките рекогносцирања, податоците што директно или индиректно се споменуваат во изворите и донекаде денешната поделба на општини, можеме да ги оцртаме нивните територии врз границите на Р. Македонија.

Почнувајќи од најсеверната точка на високите планински масиви на Шар Планина, следејќи ја линијата на денешната политичка граница со Р. Албанија, преку врвовите на Кораб и Дешат, благо заобиколувајќи ја Дебарската депресија, за потоа да скршне на исток пресекувајќи ја Радика некаде кај Коџаџик на Стогово, оди во ист правец сè до југоисточните падини на Јама, малку подолу од Подвис. Понатаму се спушта јужно, по врвовите на Илинска и Плакенска Планина сè до Смилево, за потоа да продолжи североисточно преку долината на Црна Река во Пелагонија, сечејќи ја на излезот од Прилепското Поле, некаде кај Тополчани, опфаќајќи и мал дел од североисточниот раб на Битолското Поле, за повторно да почне да се искачува по падините на Селечка Планина кон Чебрен во Мариово, со правец на протегање исток-запад сè до јужните

падини на Козјак, од каде делумно се поклопува со денешната македонско-грчка граница до врвовите на Кожуф. Кон североисток добива речиси праволиниски правец, иако малку скршнува на запад на изворот на Стара Река; за да го пресече Вардар кај Градец и да продолжи да се искачува кон Градешка Планина, држејќи го истиот правец кон западните падини на Огражден, некаде кон Нивичанска Река до падините на Новомалинска Планина. Ова всушност ја претставува најјужната точка од границата со доцноантичката Средоземна Дакија, која понатаму на север го држи правецот на масивот на Плачковица, стигнувајќи потаму до Баргала односно денешно с. Козјак, заобиколувајќи го Овче Поле преку околните ридови и повторно излегувајќи на Вардар кај Сопот. Понатаму, преку Голешница и Јакупица свртува на запад, за преку источните падини на Сува Гора повторно да излезе на Шара.

Во вака омеѓената територија, рамнините и слабо расчленетите рамнини опфаќаат најмалку површина. Главно тоа се дната на поголемите котлини како Полог и Пелагонија, или речните долини. Најголем дел од територијата е планинско земјиште, што придонесува истата да има голема просечна надморска височина.

Шар Планина претставува ерозивна површина со надморска височина од 2000 до 2200 метри, од која се издигаат одделните врови составени од варовници, кварцни шкрилци или пак еруптивни карпи. Долга е 80 км и широка од 10 до 20 км. Во јужниот дел до превојот Кобилица се протега во правец север-југ, а потоа во средишниот и североисточниот дел до Љуботен во правец југозапад-североисток. Од билото се издигаат 77 врвови повисоки од 2000 метри. [16]

---

[16] Стојмилов, 2003, 61-62

Полошката Котлина се наоѓа меѓу Шар Планина, Буковик, Сува Гора и Жеден, со правец на протегање североисток-југозапад. Се дели на Горни и Долни Полог. Зафаќа вкупна површина од 1475 км2, а се наоѓа на надморска височина меѓу 300 и 2747 м. Само рамнинскиот дел има просечна надморска височина од 500 м. Од сите страни е затворена, со исклучок кон источниот раб каде по долината на Вардар , низ Дервенската клисура и преграбенската долина комуницира со Скопската Котлина.[17]

Жеден се наоѓа меѓу Скопската и Полошката Котлина. На север и североисток е одделен со лак на реката Вардар, ограноците на Шара и Скопска Црна Гора. Геолошката градба ја чинат кристалести варовници коишто лежат врз кристалести шкрилци. Главно е безводна планина, но во нејзиното подножје има одреден број извори.[18]

Сува Гора и Осој се издигаат меѓу Полошката Котлина и долината на реката Треска. Тоа се тешко пристапни планински масиви коишто стрмно се спуштаат кон Полошката Котлина и кон долината на Треска. Планините се сиромашни со вода, шуми и пасишта.[19]

Корабскиот масив го сочинуваат Кораб и Дешат со Крчин. Тука се наоѓа највисокиот врв Голем Кораб (2764 м.) На север Кораб се надоврзува на Шар Планина, а на југ со Дешат. Претставува висорамнина од која се издигаат повеќе остри гребени и 16 врвови со над 2000 метри надморска височина, а на неа се и планиниските превои Голема Корабска Врата (2062 м.), Мала Корабска Врата и Цигански премин.[20]

Бистра спаѓа во редот на младите верижни планини. Издигната е помеѓу Кичевската Котлина на исток и долината на реката Радика од запад. Северната граница ја чини долината на Мавровска река, а јужната граница долините на Мала, Гарска и Јамска Река, превојот и изворишниот дел на реката Треска.[21]

[17] ibid., 80-81

[18] ibid., 75

[19] ibid, 74-75

[20] ibid., 59-60

[21] ibid., 63

Планината Буковик се наоѓа меѓу Полошката Котлина на север и Кичевската Котлина на југ; и меѓу Бистра на запад и Добра Вода на исток. Има правец на простирање северозапад-југоисток, со постепено свртување на исток.[22]

Стогово се протега во правец северозапад-југоисток. Највисок е врвот Голем Рид (2273 м), а има уште 10 врвови повисоки од 2000 метри. Сртот е јасно изразен по целата должина, наместа е заоблен, а наместа остар и слабо расчленет.[23]

Кичевската Котлина е тектонска тонатина што се образувала меѓу планините Бистра и Стогово од запад, Баба Сач и Буш од југ, Челоица со Песјак од исток и Буковик и Добра Вода од север. Го опфаќа горниот тек на реката Треска, со притоките Зајашка, Туинска, Рабетинска и Беличка Река. Планинските била се високи, широки и зарамнети, а меѓусебно се одделени со ниски превои. Такви се Стража преку кој котлината комуницира со Полог, на запад е Јама преку кој комуницира со Река, односно со Дебарската Котлина, на југ е Пресека кој ја поврзува со Дебарца и Турла во Демирхисарскиот крај.[24]

Дебарската Котлина се наоѓа во најзападниот дел, во поречието на Црни Дрим и Радика, меѓу планините Јабланица, Крчин, Дешат и Кораб на запад, и Бистра и Стогово на исток. Поради својата местоположба е делумно изолирана, но сепак комуникациски врски постојат преку тесните и длабоки клисури на Црни Дрим и Радика. [25]

Бушева Планина со планините Баба Сач и Љубен се издигаат меѓу реката Треска од север, Прилепско Поле од исток, Демир Хисар од југ и Церско Поле од запад. [26]

Добра Вода се издига меѓу Кичевската Котлина од запад и Мала Река од исток. На север започнува со Дупен Камен кој ја оделува од Сува Гора, а на југ се спушта до реката Треска.[27]

[22] ibid., 74

[23] ibid., 63

[24] ibid., 102

[25] ibid., 103

[26] ibid., 73

[27] ibid., 67

Плакенска со Илинска Планина спаѓаат во групата на млади верижни планини. Се издигаат меѓу долината на Треска од свер, Демир Хисар од североисток, Цапарско Поле од југоисток, Преспа од југ и Охридската Котлина и Дебарца од запад. [28]

Пелагонија зафаќа површина од над 4000 км2. Се протега во правец север- југ во должина од околу 80 км. Рамниот дел од котлината се наоѓа на просечна надморска височина од 650 м, а зафаќа површина од 126.600 ха. Со Тополчанската греда, поделена е на два дела: на север е повисокото Прилепско Поле, а на југ пониското Битолско Поле, додека во егејскиот дел лежи Леринското Поле. Во котлината малку доаѓаат до израз медитеранските климатски влијанија, иако е отворена кон југ. Реалативно големата надморска височина и вертикално развиениот релјеф внесуваат елементи на планинска клима. Хидрографската мрежа ја чини Црна Река со притоките.[29]

Бабуна се издига меѓу реката Бабуна и Прилепското Поле. Се протега на север од Голи Рид до превојот Плетвар на југоисток. Изградена е во северниот дел од гнајсеви и микашисти, во средишниот дел од гранодиорити, а на југ на Козјак и кон Плетвар и Сивец се јавува серија мермери, додека Златоврв претставува гранитоиден масив.[30]

Јакупица претставува масив составен од повеќе планински делови: Даутица, Караџица, Голешница, Китка и др. Јакупица го зазема централниот дел и се протега во правец северозапад-југоисток, со највисокиот врв Солунска Глава (2540 м).

Голешница релјефно е издвоена од другите планини во правец север - исток, а се разликува и по геолошкиот состав. [31]

Селечка Планина се издига меѓу Пелагонија од запад и Мариово од исток.

Мариовски Козјак се наоѓа меѓу планините Ниџе и Кожуф. Се издига од левата страна на Рожденска река и реката Блашница, а се протега од Црна Река до македонско-грчката граница.

---

[28] ibid., 73-74

[29] ibid., 78-79

[30] ibid., 72

[31] ibid., 66-67

Билото кое е голо и доста заоблено има меридијански правец на протегање. Меѓу превоите најзначаен е Требор (1406 м) преку кој комуницираат прилепскиот и кавадеречкиот дел од Мариово. [32]

Кожуф се протега во правец југозапад-североисток и е настанат по пат на раседнување. Основата е составена од шкрилци, а во повисоките делови од варовници. За време на неогенот, на Кожуф се развила голема вулканска активност што овозможила создавање разни рудни лежишта, како што се антимонската и арсеновата руда кај Алшар и Смрдлива Вода, бакарната и олово-цинковите руди кај Дудица и др.[33]

Тиквешката Котлина го зафаќа целиот рамен и брановиден простор што се протега меѓу Велешката Клисура на север и Демир Капија на југ. Средновисоките Конечка и Градешка Планина ја заградуваат од североисток и исток, а на запад се Козјак, Дрен и планината Бабуна. Заради малото годишно количество врнежи, Тиквешијата во однос на изворите и изворските води е едно од најсиромашните подрачја. [34]

Клепа е планина и поширок предел на запад, север и исток ограничена со реките Извориштица, Бабуна и Вардар, а на југ со Руен и Црна Река. Клепа е обешумена планина, а само на поедини места на осојните и повисоки делови се јавува дабова шума.[35]

Огражден претставува типична хорст-планина. Билото има динарски правец на протегање од северозапад кон југоисток. Од централниот највисок дел на Огражден, планината се разгранува на два крака, еден кон југоисток, друг кон северозапад кој продолжува до билото на Плачковица. Планинските страни се наведнати кон југ-југозапад, а водотеците се предиспонирани со раседни линии. Преку еден таков расед Нивичанска Река се пробила меѓу Готен и Новомалинска Планина и навлегла длабоко во средишниот дел на Огражден.[36]

---

[32] ibid., 71

[33] ibid., 66-67

[34] ibid., 88-89

[35] ibid., 71

[36] ibid., 70

Овче Поле го зафаќа благо разбрануваниот простор помеѓу средниот тек на Вардар од запад и средниот тек на Брегалница од исток. Северната граница води по вододелницата меѓу реката Амзак и Крива Река, додека јужната ја сочинува една верига од ридови како Лојзенски Рид, Богословец, Кишинските Ридови итн.

Зафаќа вкупна површина од 2162 км2, а се простира меѓу 300 и 874 м надморска височина. Овче Поле е сиромашно со протечни води, а и испарувањето е големо, што предизвикува чести и долготрајни суши.[37]

Територијата на диецезата Македонија значи, во географско-морфолошки поглед претставува доминантно планинско земјиште, на места пресечено со плодни котлини и речни долини. И покрај богатството на природни ресурси, застапени речиси на сите планински делови, не изненадува позиционирањето на најголемите населби и урбани центри, токму во низините, и тоа покрај коритата на големите реки како Вардар, Брегалница и Црна.

[37] ibid.,84-85

### 4.1 Теорија на централни региони – *економиката на просторот како поетик...*

*"Ние никогаш не сме вистински историчари, туку секогаш речиси поети ..."*
Gaston Bachelard, La poétique de l'espace, 1958

Постојат неколку пресудни фактори за една населба да се оформи во одреден микро - регион и подоцна заради истите да прерасне во водечки центар на истиот.

Во прв ред тоа е позицијата, односно отвореноста и лесната комуникациска способност; потоа пристапот до водени ресурси (извори и реки, за пиење и наводнување); а како битни, но сепак второстепени, се поволните климатски услови; плодните почви и околни природни ресурси (мајдани, шуми, пасишта и сл.).

Ова најдобро може да го проследиме преку примерот на Стоби, кој станува административен центар на провинцијата Macedonia Secunda. Не земајќи ги овде во предвид политичките и историски побуди за овој акт на римската државна управа, да погледнеме какви се неговите географски предиспозиции.

Сместен на устието на Црна Река (античка Еригон) во Вардар (Аксиј), токму на раскрсницата на два важни патни правци кои го поврзувале Балканот со соседните области: патот север-југ, кој водел од Тесалоника, преку Стоби, Скупи, Наисус и Сингидунум до Сирмиум; и дијагоналниот *виа милитарис* кој бил огранок на Via Egnatia, а водел од Хераклеја Линкестидска, преку Стоби, Пауталија и Софија до Константинопол; Стоби како центар ги имал сите предуслови за брз развој. Ваквата поставеност и отвореност условила, од една страна, влијанијата и тенденциите од големите градски центри како Тесалоника и Константинопол брзо да стигнуваат до него, а од друга страна, тој имал медијаторска улога во продолжувањето на процесот на ширење на истите и кон останатите регионални центри и помали градски населби.

Ваквата предиспонираност донекаде дозволува употреба на теоријата на централни региони, првично поставена во првите децении на минатиот век од двајца германски научници: географот Волтер Кристалер (W. Christaller)[38] и дополнета од економистот Август Луш (A. Lösch)[39]. Оваа теорија се обидува да ги објасни големината и бројот на градовите и населбите со нивната поставеност во просторот, стоејќи на границата помеѓу географијата и просторната економија, и може да биде третирана како дел и од двете научни дисциплини.

Иако малку се разликуваат во своите верзии на теоријата, според тоа дали сметаат дека областите на влијание на центрите се вклопуваат во внатрешноста едни со други (за Christaller), бидејќи центрите на повисоко хиерархиско ниво, генерално, ги обезбедуваат и сите услуги од оние на пониско ниво; или, дека областите на влијание на центрите повеќе или помалку се одвојуваат едни од други (како што смета Lösch); и двата истражувачи основите на теоријата ги темелат на претпоставките дека територијата што се разгледува е изотропна и без внатрешни граници односно третирана како апстрактен рамен простор; а главниот концепт е дека централното место е населба или јазолна точка што обезбедува материјални добра и услуги за околните периферни населби.

Секој централен регион има хексагонална мрежа околу себе како матрица за поврзување со наредниот (земено секако стриктно теоретски заради едноставноста со која хексагоните се поврзуваат во просторот, без притоа да се поклопуваат). Кристалер идентификува неколку различни системи на поврзување како *к=3* системот кој е пазарен, *к=4* системот кој е транспортен, или *к=7* системот кој е административен, каде к го означува бројот на местата кои зависат од следниот голем централен регион.[40]

Бројни опсервации изведени на различни подрачја од светот покажаа колку корисна може да биде оваа теорија за разбирање на просторната организација на повеќето услуги за резидентното население.[41]

---

[38] Christaller, Central Places in Southern Germany, 1966

[39] Lösch, The Economics of Location, 1954

[40] Christaller, 1966

[41] Оваа теорија се користи во просторното планирање, особено за решавање на загрозеното земјиште во Холандија, или, исто така, да се оправда политиката на "*métropoles d'équilibre*" во Франција. Исто така, Кембриџ е добар пример на k = 4 транспорт модел на централно место, иако е опкружен со 7, наместо со 6, помали населби.

Хиерархијата на урбаните центри се вклопува во голем дел со хиерархијата на нивоата на услуги концентрирани во организацијата на фреквентноста на употреба, амплитудата на нивниот просторен опсег и големината на нивните прагови на појавување. Од друга страна, оваа теорија тешко успева да ја предвиди дистрибуцијата на мало и услуги во неразвиените рурални подрачја, каде што локалните фактори стимулираат постојаност на локацијата и играат позначајна улога од ефектите на дополнителни трошоци, или, исто така, во урбани средини, каде што времето за пристапност е многу поважно од физичката оддалеченост и генерира конфигурации, кои се многу посложени од моделите на Christaller.

Да се обидеме да ја провериме можната употребливост на системите во нашиот случај. Во секој од примерите ќе ги расчлениме функциите на центарот (економска, транспортна или административна).

***Пазарниот принцип*** (к=3) се темели на претпоставката дека пазарниот дел на секој центар зафаќа третина од пазарните делови на околните населби; и секој од нив е лоциран на аголот на хексагонот околу централниот регион. (модел 1). Секој центар добива третина од територијата на околните населби, т.е к= 1 + 6 x 1/3 = 3.



модел 1

***Транспортниот систем*** (к=4) означува дека пазарниот дел на централниот регион зафаќа половина од пазарните делови на околните населени места, секој сместен на

аглите на хексагонот на центарот, создавајќи ефикасна превозна мрежа која ги поврзува периферните населби со центарот (модел 2).



модел 2

И конечно, според ***административниот систем*** (к=7), пазарните делови на населбите околу административниот центар се комплетно втопени во неговиот пазарен дел (модел 3), односно сите населби околу центарот се комплетно зависни од него.



модел 3

Генерално земено, теоријата доведува до неколку основни заклучоци:

1. колку се поголеми населбите, толку е помал нивниот број
2. колку е поголема населбата, толку е поголемо растојанието кон иста или слична по големина друга населба
3. колку е поголема населбата толку се поголеми функциите што таа ги има
4. колку е поголема населбата, толку е поголема нејзината специјализираност

Секако, треба да се има во предвид дека овој модел е донекаде статичен и не ги вклопува привремените аспекти при формирањето и зацврстувањето на еден централен регион.

Во секој случај, земајќи го сето досега изнесено во предвид, тргнувајќи стриктно од економскиот принцип, би требало да очекуваме најмалку две, а најмногу шест помали населби околу центарот на провинциите (таб. 1; 2).




Таб. 1 Приказ на доцноантичките провинции на територијата на Р. Македонија и градовите (*според Хиерокле*)




Таб. 2 Приказ на влијанието на главните градови во провинциите

Сепак, не треба да заборавиме дека човекот е комплексно суштество, кое не секогаш е водено само од практичните или економските потреби.

*Просторот* во археологијата може да биде мал како еден дом или градина или голем колку империја, неговото проучување и дефинирање пејзаж се темели и на просторните, и не секогаш, еколошки или економски односи. Таквиот однос понекогаш бара пристапување кон моделите и регионите како кон динамични учесници во минатото, а не само како локација (што влијае на човековата активност), или артефакт (под влијание на човековата активност) ". [41]

Просторот не се сведува само на имагинарна рамнина со пропорционално разместени населби како поголеми или помали точки на истата; тој се метаморфозира со физичките дејства извршени врз него, коишто не секогаш имаат чисто економска природа, туку имаат референци во политичките, религиозните, митолошките, космолошките и другите концепти и претстави на луѓето и групите кои живееат во него. Тој е "арена во која и низ која помнењето, идентитетот, општествениот поредок и трансформација се конструираат, одигруваат, одново се осмислуваат и менуваат."[41]

Ултимативно гледано, просторот односно крајот треба да се посматра како когнитивна конструкција, а не единствено како реален т.е физички простор.

---

[41] Branton, 2009

[42]Achmore и Knapp, 1990, 10

## 5. Историски осврт на црковно-политичките прилики од 4. до 6. век

Христијанството, по последните прогони, непречено се шири станувајќи главен фактор на царската политика. Во 325 година Константин I учествува на Никејскиот Собор на кој е воспоставена врската меѓу црквата и државата, и каде аријанизмот се прогласува за ерес. Империјата била поделена на Илирик на западната и Тракија на источната половина.

Во 343 година на Соборот во Сердика аријанската ерес го продлабочува црковниот јазол меѓу Исток и Запад.[43]

Со Едиктот од Солун (380 година) христијанството е потврдено како единствена призната религија во Царството. Во 382 година Источен Илирик му е отстапен на Источното царство, вклопувајќи ги и двете провинции Дакија и Македонија во диецезата на Тракија. Постојаните поделби продолжуваат и по Теодосиевата смрт. Хонориј го задржува западниот, а Аркадиј источниот дел.[44]

Како што веќе кажавме, при крајот на 4. век Македонија е поделена на две области: Македонија Прима и Македонија Салутарис.

---

[43] Барнард, 1980, 46-55

[44] Hoddindot, 1957, 340

## 5.1. Од првите контакти на раното христијанство со територијата на доцноантичките провинции на Балканот до последните сигурни историски извори

За христијанството во предконстантиновиот период не постојат многу доверливи податоци. Повеќе се знае за соседните провинции: Тракија, делови од Грција и јужниот дел на Македонија; па иако се работи за една област, поточно зад Солун, со единствена христијанска заедница во апостолско време, се чини дека на целиот јужнобалкански регион во 2. и 3. век немало посебно развиена христијанска култура која би имала влијание преку своите центри и преку одредени личности од извонредно значење, како што тоа било случај со ред области на исток (Мала Азија, Сирија, Египет) а делумно и на запад (покрај Рим, и во Северна Африка).

Од многубројните рани записи за постоењето на христијанството на јужнобалканските простори, за ниеден не може да се каже со сигурност дека се однесува за ова подрачје.[45]

Составот на населението, исто така е еден од општите услови за ширење на христијанството; како и во македонските градови што ги посетил апостол Павле (Филипи, Тесалоника, Бероја) и во Стоби имало еврејска заедница, која сукцесивно работела преку две синагоги.[46]

Раните записи за христијанската мисија во Тесалоника, како и во околината (Ахаја, Епир и Далмација) што се однесуваат на втората половина од 1. век,[47] водат до претпоставка дека во внатрешноста на Македонија, во поголемите градови, кои (како на пр. Стоби) имале добар однос со метрополата Тесалоника, христијанството било познато, барем како идеја. За постепеното ширење на христијанството во 2. и 3. век постојат материјални докази: натписи во Солун (2. и 3. век) и Едеса, како и ранохристијански гробници.[48]

---

[45] Gasper, 1986, 21

[46] Алексова, 1986, 53-60

[47] Molthagen, 1991, 42-76, особено 49

[48] За натписите види Feissel, 1983, 113-118. За гробниците спореди кај Микулчиќ, 1975

Регионот на денешна Македонија, со исклучок на Солун, со кого е поврзано преданието за девиците - маченички,[49] е без сигурни податоци за маченици од времето на големите прогони, особено недостасуваат информации за времето на Диоклецијан.

Покрај преданието за девиците од Солун, легендата за св. Еразмо Лихнидски (или Формиски) е единствениот извор за животот и делата на еден маченик од времето на прогонствата на императорот Максимилијан (285-305) на територијата на Р. Македонија. Оваа легенда е зачувана во две латински верзии, една постара, од раниот среден век (6. век?) и една понова, што ја напишал папата Гелазиј II (1118-1119) во периодот меѓу 1078-1088, кога бил монах во Монтекасино.[50]

Сочувани се и две грчки верзии: еден ракопис *Пасио* од 11. век, во кој се раскажува старата латинска легенда во грчка верзија; како и белешките содржани во печатената збирка за животот на светците, од Москополскиот Зборник (1741/1742).

Сигурни сведоштва за постоењето на христијанството на македонска почва датираат од 325 година по одржувањето на црковниот конзил во Никеја. Меѓу приближно 300 епископи, земале учество и тројца од македонската област: Александар од Солун, Будиј од Стоби и Дак од Скупи.[51]

За проблемот на аријанизмот било расправано две децении подоцна на Синодот во Сердика (343) кој имал речиси екуменско значење. Во услови на расцепканост на христијанскиот свет на мнозински православен и малцински ариевски табор, кој бил создаден од повеќе епископи од истокот со неколку епископи од Балканот; на Соборот пристапиле ред епископи од Македонија: Paregorius a Dardania de Scupis како и Zosimus a Macedonia de Lignido, потоа од областите на античка Македонија: Eugarius (Eugenius?) a Macedonia de Dioclecianopoli, Porfirius a Macedonia de Filippis, Aethius a Macedonia de Tessalonica, Jonas a Macedonia de Parthicopoli, Palladius a Macedonia de Dio, Geronicus a Macedonia de Bereu.[52]

---

[49] Преданието за девиците-маченички Агапе, Хионија и Ирена наликува на легенда, но има и докази кои стигаат до доцната антика. За култот на девиците- маченички од Солун во западно-црковниот свет види Quentin, 1908, 59, 114, 423, 481

50 Издадена од Енгелс, 1956, 16-33.Поново литературно издание Весели, 1988, 53-68

51 Братож, 2000, 24

52 ibid, 26-27

Сите гореспоменати епископи припаѓале на западно-православниот табор, за разлика од епископите на двете соседни, северни провинции, Dacia Mediterranea и Moesia Prior, кои биле разделени на ариевци и православни.[53]

Во време на верските војни меѓу ариевците и православните, што следеле по синодот во Сердика, познати се и многу други синоди по учеството на голем број епископи од балканските простори, меѓу кои можело да се наиде и на епископи од Македонија. За жал, постојат податоци само за имињата на епископите, но без податоци за нивното потекло, така што останува непознато за оние чие име се споменува само еднаш.

Од првиот синод во Сирмиј (351) познати се 32 имиња на ариевски епископи, но за девет од нив потеклото е непознато.

На синодот во Сирмиј (378) биле сменети седум ариевски епископи, за кои не се знае од каде потекнуваат.[54] Секако дека е можно некој од нив да потекнувал од македонските простори.

Изненадувачки е фактот дека во изворите речиси еден век по синодот во Сердика, како седишта на епископиите многу ретко се јавуваат градовите од територијата на Македонија, со исклучок на Солун. Тоа не можеме да го најдеме како податок ниту во списокот имиња на учесниците на Вториот екуменски црковен собор во 381 година во Константинопол (каде со сигурност може да се каже дека учествувал епископот Ахолиј од Солун) кој заедно со конзилот од Аквилеја, одржан истата година, претставувал голема победа над аријанизмот и ересите што произлегле од него.[55]

---

[53] Ако се има во предвид дека на овој синод земале учество дури седум епископи од провинцијата Македонија, изненадува отсуството на епископи од Стоби

[54] Братож, 2000, 27

[55] ibid, 30

Македонските епископи како претставници на папата, имале значајна улога на Третиот екуменски собор во Ефес (431), каде се дискутирало за проблемот на несторијанството; потоа на соборот во истиот град во 449 година (т.н *Latrocinium* "Разбојнички") како учесници и потписници се јавуваат Анатолиј од Лихнид, Созон од Филипи, Евзебиј од Добер, Максимин од Сер, Хермоген од Касандреја, Лука од Бероја (сите од Македонија Прима[56]) и како најугледен меѓу нив Квинтилиј од Хераклеа Линкестис.[57]

Уште поважно е учеството на македонските епископи на четвртиот екуменски конзил 451 година во Халкедон, каде бил разгледуван проблемот на монофитизмот. Меѓу 500 учесници, барем осум биле од областа за која зборуваме: Квинтилиј од Хераклеа (со иста улога како и во Ефес, 449 година; т.е како застапник на неприсутниот Анастазиј од Солун), Никола од Стоби и Дарданиј од Баргала, како единствени претставници на Мацедониа II; три епископи кои биле присутни уште во Ефес 449 година (Созон од Филипи, Евзебиј од Добер и Максимин од Сер), како и Јован од Партикопол и Хонорат од Тас (првпат тука споменати). Од подоцнежниот период познати се уште две имиња на епископи: Анатолиј од Лихнид (учесник на синодот во Ефес, 449 година; споменат во писмото од епископот на Епирус Нова до царот Лав - 457 година или малку подоцна[58]) и Урсулиј од Скупи (споменат заедно со двајца епископи во писмото на дарданските епископи од 458 година до истиот император, и како еден од епископите, во писмото-одговор од императорот Лав до епископите на главните провинциски градови).[59]

Црковно - политичката дејност на повеќето епископи, не ги надминувала локалните рамки и истите обично се јавуваат само како потписници на документите. Меѓу нив ретко среќаваме учесници (како Аекиј од Солун во 343 година, Флавијан од Филипи околу 430 година и Ахолиј и Руф од Солун) кои ги застапувале канонските правила или учествувале во теолошки дискусии. Македонските епископи од тоа време, без исклучок, се јавуваат како "западни епископи", чии одлуки секогаш биле донесувани во православна смисла, наспроти различните движења во источниот христијански свет.[60]

---

[56] ibid, 31. Авторот смета дека означувањето на Македонија I укажува на постоење на провинцијата Македонија II во ова време.

[57] ibid, 31

[58] Папазоглу, 1957, 94

[59] Gasper, 1986, 21

[60] Братож, 2000, 34

Црковните односи уште послоковито се претставени преку писмата на папата, расветлувајќи го и живиот интерес на папата за оваа област, секако зголемен заради опасноста територијата на Македонија и цел Источен Илирик да потпадне под влијание на константинополскиот епископ (опасност што се јавила уште со административната поделба на префектурата Илирик во 379 година, кога диецезите Македонија и Дакија му припаднале на источниот цар Теодосиј I,[61] а уште повеќе по конзилот во Константинопол во 381 година, на кој епископот од Константинопол со рангот бил доближен веднаш зад папата со канонот 3 [62] ).

Папата Дамас реагирал уште во 380 година, поради промените во односите, со две писма што лично ги испратил до епископот Ахолиј од Солун. Дамасовиот наследник Сирикиј (384-399) во писмото до Ахолиевиот неследник Анисиј, му доделил на Солунскиот епископ да поставува епископи во Источен Илирик, но со согласност од папата.

Папата Инокентиј отишол уште подалеку; со оглед на околностите: Источен Илирик по смртта на Теодосиј бил конечно припоен кон Источното царство; за да ги сочува своите интереси наспроти интересите на епископите од Константинопол, тој со наредба му ја доделил јурисдикцијата на солунскиот епископ Руф врз Achaia. Thessalia, Epirus Vetus, Epirus Nova, Cretae, Dacia Mediterraneae, Dacia Ripensis (Крајбрежна), Moesia, Dardania и Preavalitana, т.е врз целиот Источен Илирик зголемен со Превалитана.[63]

Солунскиот викаријат се здобил со цврсти рамки во годините 419-423, за време на папата Бонифакиј. Во време на силни расправии во врска со правото врз епископското место во Коринт (419), папата ја потврдил воспоставената управа од страна на Инокентиј во писмото до осумината илирски епископи, присутни на синодот во Коринт; повторувајќи го уште еднаш истото и во писмото до епископот Руф од Солун.[64]

[61] Lippold, 1982, 15

[62] Gasper, 1986, 39-40

[63]Братож, 2000, 36

[64] ibid, 38

По јакнењето на папското влијание во Источен Илирик и негодувањата на некои, а пред сè тесалиски епископи, во услови на влошени односи меѓу Источното и Западното царство, источниот цар Теодосиј II во 421 година донесува закон со кој Константинополскиот епископ бил овластен за судија во разрешувањето на црковните расправии во Илирик; обид да се поткопа папската власт и влијание во областа и конечно, да дојде до распад на Солунскиот викаријат.

Оваа постапка го разбранувала Запад: Хонориј, владетелот со Западното царство, како сојузник на папата по ова прашање, успешно посредувал кај Теодосиј II, судејќи по неговиот дипломатски одговор. Потоа лично папата испратил писмо до епископот Руф во 422 година, како и до епископите од Македонија, Ахаја, Тесалија, обете Епирски провинции, Превалитана и Дакија, по повод решението на конфликтот во Коринт, со кое го потврдува создавањето на викаријатот во Солун. Истото го потврдил и со две писма до епископите во Тесалија, каде отпорот бил најсилен.[65]

Четирите писма на папата Сикст III (432-440), што се однесувале на односите во Илирик, не содржеле ништо ново за развојот на викаријатот; на папата му пошло од рака да го сочува и покрај заканите.

За време на Несторијанските расправии, кога меѓу тесалиските епископи се појавиле привржаници на Несториј (кои се откажале од Рим и барале свои сојузници од Константинопол), папата Сикст III ги подржал своите привржаници, епископите Флавијан од Филипи и Руф од Солун.

Последниов свикал синод есента 431 година на сите епископи од викаријатот, на кој несторијанизмот бил отфрлен.

Во 435 година папата го отфрлил барањето на коринтскиот епископ Периген да биде изедначен со епископот од Солун.

Во неколку писма пратени од папата до епископите од Константинопол, Коринт и Илирик; се потврдува апсолутната власт на наследникот на Руф, Анастасиј од Солун.

---

[65] ibidem

Овие гаранции биле дотолку повеќе потребни по стапувањето на сила на Теодосиевиот законик на 1. јануари 439 година, кој го содржел спорниот закон на императорот Теодосиј II, според кој за спорните прашања во Илирик е надлежен Константинополскиот епископ.

Со наименувањето на папата Лео (440-461) викаријатот во Солун го зафатила криза поради мноштво причини. Не само што епископот Анастазиј бил несоодветна личност за дисциплинирање на епископите од Илирик, туку и правниот поредок покажал недостатоци. Викарските овластувања на епископите од Солун до тогаш им биле давани лично од папата, така што Анастазиј до смртта на Сикст III бил само митрополит, а потоа морал да го моли новиот папа да му ги потврди дотогашните овластувања (акт што се случил дури три години подоцна), но папата му ги намалил ингеренциите и го зголемил своето влијание.[66]

Ова може да се види во писмото на папата до шестте митрополити од Илирик, како одговор на нивното писмо испратено во Рим без знаење на викарот од Солун (што може да се земе како доказ за лошото хиерархиско функционирање). Еден од овие митрполити, Карос, со непознато потекло, веројатно е од Скупи.[67]

Со оглед на околностите, не зачудува отсуството на Анастазиј од Солун на синодот во Ефес (449) и на Халкедонскиот конзил (451).

Од средината на 5. век затегнатоста на односите меѓу Македонија и Рим попушта како резултат на политичките услови во Италија и на Балканот. Во последните две децении од настанокот на Западното римско царство, владее анархија, но по окупацијата на Одоакар во 476 година, односите со Истокот станале напнати.

На Балканот, ред провинции; пред сè Тракија, Мезија, Македонија и Епир; биле погодени со готските ограбувања, од кои страдале и многу македонски градови: Стоби (474), Хераклеја (474 и 479) и Лихнид (479).[68]

---

[66] Братож, 2000, 42

[67] ibid. Авторот се повикува на Pietri, Géographie (ф.н.15), 26; но прашањето го остава отворено.

[68] Lippold, Липполд, 1987, 205-215

Продолжителните истрајни напори на епископите од Константинопол, со помош на царот, да ја одделат перфектурата Источен Илирик од Рим, конечно вродиле плод, со настапувањето на Акакиевиот раскол од 484 година, и довеле до речиси целосен прекин во односите меѓу Рим и викаријатот во Солун. По еден неуспешен обид да посредуваат меѓу Рим и Константинопол, превземен од епископите Андреј од Солун и Ветраниј од Илирик; македонската црква се одлучила за црковната политика на патријархот од Константинопол. Расколот за време на владеењето на императорот Зенон (476-491) и патријархот Акакиј од Константинопол (†489) траел и по нивната смрт, за време на владеењето на Анастазиј (491-518), кој бил уште поголем привразаник на монофизитизмот од неговиот претходник.[69]

До обновување на римското влијание во Источен Илирик дошло по скромните обиди на папата Феликс III (483-492) кои траеле сè до доаѓањето на папата Гелазиј (492-496). Тој се потрудил да го обнови викаријатот во Солун (што престанал да постои по Акакиевиот раскол); преку кореспонденцијата од 493 година со епископите на Дарданија и Далмација »*per fratrem et coepiscopum nostrum Ursicinum*« чие епископско седиште ни останува непознато но, очигледно се работи за епископ од Дарданија.[70]

Во писмото побарал од епископите да се спротистават на "бројните грчки ереси", најпрво осудувајќи ја монофизитиската ерес,[71] а потоа советувајќи им да се држат до апостолскиот престол. По ова, дарданските епископи се собрале на синод во главниот град на провинцијата, Скупи, од каде му соопштиле дека остануваат верни на Рим и дека го осудуваат учењето на Евтихиј, Петар Монг, Акакиј и нивните приврзаници.

---

[69] Charanis, 1974

[70] Gasper, 1986, 52

[71] Братож, 2000, 46. Монофизитизмот почнал да го шири во 447/448 година Евтихиј, свештеник од Константинопол; во суштина поврзан со манихејството и маркијанизмот; осуден од папата Лео и неговите наследници; но иако осуден на Халкедонскиот собор, имал цврсти приврзаници што настојувале неговите учења да ги внесат во животот на католичката црква.

Писмото било потпишано од дарданскиот митрополит Јован од Скупи и од петмина други епископи, чии епископски седишта не се споменуваат.[72]

По неколкуте писма во кои папата Гелазиј изразува задоволство што епископите од Дарданија и Далмација се држат до апостолскиот престол и неговото учење; очигледно добил писмо од нив што го вознемирило, судејќи по неговиот одговор од 1. февруари 496.[73]

Може да се заклучи дека под влијание на источната пропаганда, меѓу епископите почнало да се јавува сомневање во исправноста на одлуката за осуда на Акакиј.

Имено, Акакиј не бил симнат од должноста на синод, туку директно од Апостолскиот престол, откако три години бил писмено опоменуван да не се одделува од католичката и апостолската црква.

Папата во писмото зборува за причините на апсолутната власт на Апостолскиот престол, кој го поседува правото да осудува и ослободува и тогаш кога не бил свикан синодот; наведувајќи неколку примери кога источниот синод осудувал а папата ослободувал (Анастазиј, патријарх од Константинопол; Јован Хризостом "Златоуст" и Флавијан, епископи, кои биле осудени на т.н "разбојнички" синод во Ефес, 449 година).[74]

Не ни се познати непосредните последици од писмото на папата, бидејќи не постојат сигурни историски извори. Едно од писмата на папата Анастазиј, испратени во 497 година, за нас е особено интересно, бидејќи е адресирано до епископот Лаврентиј од Лихнид. Истиот епископ бил повикан во 516 година од императорот Анастазиј, заедно со уште четири епископи од Илирик, во царската резиденција, каде останал седум години пред да се врати во својот град (каде починал кога имал повеќе од 80 години).[75]

---

[72] ibid, 47. Samuhel, Bonosus, Verianus, Faustinus и Ursicinus. За последниот види супра ф.н. 33.

[73] ibid, 50

[74] ibid, 52

[75] ibid, 58

Акакиевата шизма завршила по 34 години (484-518) со смртта на императорот Анастазиј летото 518. година. Како резултат на тоа дошло до победа на правоверието на Исток, особено во Константинопол. Потоа била донесена наредба за прогласување на новиот правоверен император Јустин (по потекло од Илирик), и закон за правоверството (Халкедонска вероисповест) со закани за тешки казни за оние кои нема да се придржуваат до истата.

И покрај оваа промена, односите со Апостолскиот престол не се нормализирале веднаш. Била неопходна обемна коресподенција меѓу папата Хормизд, императорот Јустин и престолонаследникот Јустинијан, во периодот од август 518 до март 519, за конечно да се постигне помирување на 28. март 519 година, со потпишување на протокол (*libelius*). Акакиј и неговите привrзаници, како и императорите Зенон и Анастазиј, биле проколнати и исклучени од црквата; додека константинополскиот патријарх го признал приматот на Апостолскиот престол.[76]

Меѓутоа, потпишувањето на протоколот, не било секаде пречекано еднакво: солунскиот епископ Доротеј јавно го искинал протоколот, изразувајќи го несогласувањето со помирувањето со католичката црква; додека пак, Теодорит, новиот лихнидски епископ, со воодушевување ги пречекал претставниците на папата и го потпишал либелиус.[77]

Со доаѓањето на Јустинијан на власт (525-565) и издавањето на неговиот Законик (првото издание што не е сочувано датира од 529 година, а второто сочувано од 534 година); кој го содржел и тогаш веќе заборавениот закон на Теодосиј II од 421 година, според кој за спорните прашања во Илирик е надлежен Константинополскиот епископ; односите со Рим повторно се заладиле.

---

[76] ibid, 59

[77] Delahay, 1933, 307. Лихнид со Теодорит, и претходно со Лаврентиј, бил еден од оние епископски седишта во Илирик, кои уште за време на Акакиевиот раскол биле на страната на папата. Овие одлични односи меѓу Лихнидската епископија и Апостолскиот престол, може да се земат во предвид при толкувањето на култот на Св. Еразмо на оваа почва, што веројатно тогаш бил веќе раширен во Рим.

Наредната (535) година, Јустинијан со закон ја основал архиепископијата Јустинијана Прима, со црти на автокефална црква, како замена за поранешната сирмијска архиепископија.[78]

Во црковно-организациски поглед, неа ѝ биле подредени сите мезиски и дакиски области (Дакија Крајбрежна и Средоземна, Прва Мезија, Превалитана, остатокот од Втора Панонија, Дарданија и Втора Македонија, како единствена каде преовладувал грчкиот јазик).

Јустинијан ги образложува и причините за основање на архиепископијата: кога за време на хунските пустошења дошло до преместување на службата од Сирмиум во Солун, се зголемило црковното влијание на новиот центар т.е Солун, но не според достоинството на солунскиот епископ, туку на рангот на градот во цивилната управа; Јустинијан на новата архиепископија (од каде и самиот потекнувал) ѝ доделил највисок можен ранг, како логичен чекор по проширувањето на државата до брегот на Дунав и понатаму.[79]

Црковно-политичката реформа на Јустинијан во Илирик значела обид за обновување на црковната организација по период на хаотични односи, особено во пограничните провинции со реката Дунав, а истовремено, како чист израз на царопапизам, претставувала и тежок удар врз политиката на папата.

Македонската област која еден век претходно била обединета со папската установа на Солунскиот викаријат, со царската одлука станува поделена меѓу двата центри: Солун (јужниот и западниот дел) и Јустинијана I (централниот и северниот дел).

На Петтиот екуменски конзил (553) во Константинопол, учествувале многу епископи од македонските простори.

---

[78] Максимовић, 1980, 17-56; особено 26-30

[79] Братож, 2000, 64

Еден документ што папата Вигилиј го издал истата година независно од конзилските собири, нѐ известува дека покрај другите потписници се јавува и името на епископот Хелиј од Солун; епископот *Benignus Heracleae Pelagoniae* го застапувал за време на работата на соборот отсутниот претходно наведен епископ; а како застапник на отсутниот архиепископ на Јустинијана I, Бененат, настапил епископот Фока од Стоби.[80]

Настаните околу Петтиот екуменски собир се последните за кои постојат сигурни литерарни податоци.

| Провинција | Епископија | Епископи | Година |
|---|---|---|---|
| Macedonia I | Heraclea Lyncestis | EVGENIVS<br>QVINTILLVS<br>BENIGNVS | 343<br>449;451<br>553 |
| Macedonia II | Stobi | BOVDIOS<br>NICOLAVS<br>PHILIPPVS<br>PHOCAS<br>IOHANNES<br>MARGARITES | 325<br>451<br>Ок. 500<br>553<br>680<br>692 |
| | Bargala | DARDANIVS | 451 |
| | Zapara | SABINIANVS | 553 |
| Epirus Nova | Lychnidvs | ZOSIMVS<br>ANTONIVS<br>LAVRENTIVS<br>THEODORITVS | 343<br>449; по 457<br>494;497; 516<br>519 |
| Dardania | Scvpi | DACVS<br>PAREGORIVS<br>VRSILIVS (VRSICIVS, VRSICENVS)<br>IOHANNES | 325<br>343<br>458<br>494 |
| | Iustiniana I | CATELLIANVS<br>BENENATVS<br>IOHANNES | 535<br>549-553<br>592-602 |

Таб. 3 Преглед на епископите од македонските провинции споменати во изворите

[80] ibid, 70

## 5.2. Односот на новата религија со затекнатите верувања (Јудаизам и политеизам)

Триумфот на христијанството е еден вистински историски феномен: движењето што започна како мала група зад кулисите на римската сцена успеа по три века да ја освои Империјата и да се издигне до статус на официјална државна религија; односно и до единствена дозволена и признаена религија (до крајот на 4. век). Разбирањето на овој впечатлив развој е монументален историски проблем.

Да биде иронијата поголема, истата религија која се издигна од култовите на политеизмот и Јудаизмот, надградувајќи ги со сопствените свежи погледи, постепено ги потисна истите на маргините на римското општество.

Уште од објавувањето на Гибоновата контраверзна Историја[81], историчарите се обидуваат да одговорат што е она што го донело христијанството до врвот. Целосниот одговор на ова прашање сè уште лебди некаде помеѓу редовите, но она што јасно може да се проследи се развојните фази на христијанството до неговата ултимативна победа.

Периодот од почетокот како движење, преку настаните пред и по Исусовата смрт и нивното толкување како универзален Божји знак за поредокот не само во Израел, туку и во целиот свет; донекаде може да се земе како почетен стадиум во неговата еволуција, односно како стадиум во кој тоа е сè уште еврејска школа. Следниот чекор го претставува мисионерската дејност на Св. Павле и неговите учења кои проповедаат реформација на оваа еврејска школа, преку бришење на тогашната мапа на светот и вербата во нов Израел, отворен подеднакво за Евреите и другите народи, т.е за сите оние кои ќе ја примат новата вера. Од оваа точка може да се зборува за масовен пробив на христијанството.

Овој процес сепак бил долготраен и не се одвивал секаде подеднакво: христинизацијата во Египет во почетокот на 2. век од н.е на пр., не била иста со онаа во Рим или Мала Азија.

---

[81] Gibbon, The History of the Decline and Fall of the Roman Empire, Vol. I – VI.

Вториот век е време на дефинирање на религијата, период на различности, секти, толкувања, спорења и конфронтации на христијанските мислители, отци, писатели и црковни лидери. Тогаш всушност можеме веќе да зборуваме за појава на една "ортодоксија", т.е едно унифицирано тело од доктрини и текстови. Новиот Завет како колекција од текстови е продукт на вториот век, кога црквата одлучила кои книги и записи се свети и авторитетни, а кои не се.

До третиот век веќе имаме нешто наречено христијанство, со сопствени свети книги, ритуали и идеи. Истовремено, тоа е период на масовни прогони и јака конфронтација со Римската Империја, која тогаш вистински станува свесна за опасноста со која треба да се соочи - сопствената пропаст. Најчесто ерата на масовните прогони се разгледува од аспект на мартирите и нивната максимална и ревносна посветеност на верата, но ако целиот тој процес го погледнеме преку очите на Рим и неговата политика, јасно е дека Империјата едноставно очајнички се обидувала да ја пролонгира сопствената смрт; бидејќи триумфот на христијанството навистина значел крај на класичниот свет.

Почетокот на четвртиот век за историјата на христијанството е обележан од една маркантна личност: Константин I. Тој реално ја сфаќа позицијата во која се наоѓа и мудро решава да не се спротиставува на струјата, туку да ја прифати, озакони, но и пренасочи кон сопствените државнички цели. До почетокот на 4. век христијанството е признато како државна религија, а до крајот на векот било какви практицирања на култови што не се христијански се забранети и казниви со закон низ целото Царство. Овој развој на настаните во период од три века е навистина неверојатен, за движењето што почна како политичко бунтовништво, жртва на *Pax Romana*; до неговото еволуирање и воспоставување како еден од носачите на државната власт.

По овој кус осврт кон развојот на христијанството да се вратиме кон темата на ова поглавје.

Најпрво треба да го разгледаме проблемот на еврејските заедници на територијата на Балканот, и попрецизно, на територијата на Македонија. Први населби на Евреите на Балканскиот полуостров постоеле уште во времето на старата еврејска држава на тлото

на денешен Израел. Тие се посочени во делата на Јосиф Флавиј, Филон Александриски, како и во Делата апостолски. [82]

Сигурни археолошки докази за постоењето на Евреите на територијата на поранешните југословенски простори има уште од 2. век од н.е. Веројатно најстарите предмети се најдени во северо-источното предградие на Сплит, (Солин) кај археолошкиот локалитет Манастирине.[83] Во Муреја, денешен Осијек, пронајден е натпис на плоча од кој дознаваме дека таму имало синагога во 3. век, што е сигурен доказ за постоење на еврејска заедница и населба. Во Дукља е откриена гробница со сликана менора и остатоци од Давидова ѕвезда на ѕидот, датирана во 3. век.[84]

Кон ова може да се додаде и нецелосно разјаснетото наоѓалиште на римски тули на локалитетот Челарево, кај Нови Сад, со врежани менори, палмови гранчиња (лулат), етрог (лимон), и мехта (лопатка за собирање пепел), како и врежани еврејски букви откриени на некропола од 7. век.[85]

На територијата на Македонија, според податоците на еврејскиот историчар Розано, Евреите трајно почнале да се населуваат уште по походите на Дариј I (6. век п.н.е).[86]

Најзначајни и најголеми од сите досега откриени споменици се остатоците на Синагогата во Стоби.

Присуството на еврејските доселеници во Стоби, е посведочено на дедикаторен натпис откриен во 1931 г., со ископувањата на Централната базилика. Но доказ за постоењето на една поголема еврејска заедница е постоењето на синагогата и потребата да биде изградена во служба на верниците. [87]

[82] Enciklopedija živih religija, 1992, 327

[83] ibid.,328

[84] ibid., 329

[85] Menore, 1980, 9-20

[86] С. Садикарио / А. Садикарио, 1996, 69

[87] Битракова - Грозданова, 1999, 288

Датирањето на објектот (сл. 24) претставува сложен проблем, но според археолошките податоци речиси со сигурност можеме првата фаза на градбата да ја поврземе со 3. век, а обновата т.е втората фаза со 4. век.[88]

Фактот што на крајот на 5. или почетокот на 6. век над просторот на синагогата била подигната ранохристијанска базилика, наведува на заклучок за антисемитизам и прогон на Евреите од Стоби, но само ако површно се разгледува. Имено, иако се познати примери на рушење на синагоги и нивно конвертирање во христијански базилики од страна на верници - фанатици[89], сепак повеќето примери на конвертирање се во случаи кога синагогата веќе била напуштена, или разрушена и запалена.[90]

Стоби претставува и единствен случај во Илирик, каде што е изградена една ранохристијанска базилика врз темелите на стара синагога, што може да се објасни како космичка симболика на култните градби. Ова покажува дека дури и по официјализирањето на христијанството, синагогалниот култ имал длабоко влијание врз христијанскиот. Примерот во Дура-Еуропос, со синагогата од крајот на 3. век, подоцна конвертирана во старохристијански храм, го потврдува ова мислење.[91]

Сите базилики во Стоби се подигнати врз постари објекти или свети места, па најверојатно и Централната базилика била плански подигната врз Синагогата која била сметана за култно место.

Паганските верувања продолжиле да егзистираат, ако не во својата суштествена функција, барем *pro forma*: централната просторија на *scenae frons*-от од римскиот театар во Стоби што служела како светилиште на Немеза била во употреба до средината на 5. век.[92]

---

[88] Петровић, 1932, 81-86, 135-136; Вулић, 1931, 238-239; Poehlman, 1981, 241/242

[89] Snively, 1979, 71/2

[90] Како онаа во Гераса во 6. век, или примерот во Апамеја на Оронт од почетокот на 5. век

[91] Алексова, 1995, 73

[92] Сариа, 1937, 62-64

Исто така и скулптурите со претстави на политеистичките божества стоеле како декоративни елементи на раскошните палати. Фигуралните претстави и композиции во мозаичната декорација во периодот по 4. век покажуваат сличности во изборот на субјектот независно дали станува збор за профан или сакрален објект: истиот мотив бил прифатен и во црковните објекти и во triclinia-та палатите. Употребата на одредени слики и мотиви во декорацијата на црковните објекти била условена во одредена мера и од учењата на црковните отци. Сепак одредени мотиви и слики, претходно карактеристични и употребувани во политеистичката уметност, и во овој преоден период биле прифатени. Гледано од тој аспект, може да се заклучи дека раното христијанство едноставно ги превземало веќе вкоренетите мотиви и само ги инкорпорирало во сопствените објекти. Ваквиот приод е безмалку ризичен: со упорното трагање по антички матрици ранохристијанската уметност се доведува до ниво на обична имитација.

Далеку од тоа дека традициите и значењето на мотивите од антиката не влијаело во нивното оформување како христијански симболи, но сепак мотивот како уметничка декорација е едно, но перцепиран од целната група (во случајов - христијанските верници) согласно доктрината на црковните отци, тој станува симбол, со едно поинакво значење и точно одредена семиотика.

Симболите го претставуваат ликовниот облик на правилата и одредбите кои од сферата на религиозното се преточуваат во сферата на уметничкото. Преку нив, поуките кои извираат од црковното учење втемелено врз библиската традиција, на најнепосреден начин стануваат достапни за верниците.[93]

Сите досегашни примери само сведочат дека независно од историските извори кои говорат отворено за непомирливите разлики помеѓу христијантите и верниците од другите религии, во одредени временски периоди тие живееле во исто опкружување со толеранција за меѓусебните разлики.

[93] Димитрова, 1995, 8

Очигледно цивилизациите кои навидум биле спротиставени во потрагата по "убавото во светото" од една, и "светото во убавото" од друга страна[94], во еден период сочинувале шаренолика но функционална мешавина во демографската мапа на доцноантичките градови.

[94] Gutmann, 1971, 3

## 6. Жената во доцноантичкото општество

*"... од жената е гревот и заради неа сите умираме ..."*

Статусот на жените во раното христијанство е инспиративна тема за дебатирање во последните неколку децении. Новиот Завет е полн со текстови кои сведочат за вклученоста на жените во ранохристијанските општини. Во Посланијата на Св. Павле тој ги поздравува жените, им се обраќа како соработнички, ѝ се обраќа на една од нив како на ѓакониса, дури една нарекува и Апостол. Пред детално да се потрудиме да сфатиме што точно означувале овие термини, би направиле еден кус осврт на улогата и позицијата на жените во антиката, кој спореден со подоцнежната анализа на нивното место во ранохристијанскиот свет најдобро ќе покаже дали и колку новата религија влијаела врз нивната, да употребиме тука еден излитен модерен збор, еманципација.

Во Атина се положени темелите на формализираниот пристап кон жената како кон суштество подредено на мажот, прејудициран и проектиран понижувачки став кој може да го следиме сè до Хомер.[95]

Сократ, како што соопштува Платон во "Република", иако е против поделбата на обврските по полови, сепак истакнува дека во секоја работа жената е послаба од мажот.[96] За Сократовиот ученик Ксенофон, идеална жена е онаа која гледа што е можно помалку, молчи колку што може повеќе и прашува уште помалку.[97]

Аристотел во своите дела му посветува значајно место на семејството, односно на жената, која ја гледа во подредена положба во однос на мажот, односно човекот. Очигледна е второстепената улога на жената, којашто кај него произлегува пред сè од неговото сфаќање на општеството во кое жената нема никаква формална улога. Бидејќи животот на политичката држава е врв на социјалниот живот и по природа е посупериорен од семејниот, се подразбира дека мажите имаат предност заради

---

[95] На пр.: "нема кај жената ништо достојно за доверба" , Одисеја II, 456; или зборовите со кои сè уште неискусниот Телемах ѝ се обраќа на својата мајка Пенелопа "Оди во одаите свои и занимавај се со своите работи, (...) Јас сум водачот, управител на домаќинството", Одисеја 21, 350-354

[96] Види Plato, The Republic, New York, 1956

[97] Xenophon, Within The Home, 1943, 625

организирањето на политичкиот живот и учеството во него. [98]

Интересно е да се напомене дека Аристотел во осмислувањето на својата држава, во голема мера бил инспириран од организацијата на пчелите, поточно од матицата, која толку организирано предводи цели роеви пчели, што за Аристетоловата свест, како и за целокупниот тогашен општ контекст, било незамисливо дека тој предводник не е машко, па затоа и ја нарекува Цар на Пчелите (βασιλεῦς).

Додека Аристотел ги разгледува местото и улогата на жената во склоп на државата и општата социјално-политичка философија; неговиот современик Демостен, оратор и мислител, за истите прашања зборува во склоп на секојдневието: "*Ние имаме куртизани за свое задоволство, проститутки (т.е млади женски робинки) за секојдневна физичка употреба, сопруги да ни родат легитимни деца и да бидат верни домаќинки во домашните работи.*"[99]

Иако жените живееле повлечено, во кругот на домот и домашните обврски, особено во класичниот свет, евидентно е дека по 3. век пред н.е почнуваат да се движат во пошироките општествени кругови. Одреден број жени се здобивал со основно образование, што во случајов подразбирало: бавење со атлетика, музичко познавање и читање.[100] Иако има примери и на жени вклучени и во философијата[101], тие примери биле сепак ретки и учеството на жените во ваквите школи не значело дека истите немале понижувачки и омаловажувачки став кон жената.

[98] Aristotle, Politics 1, 2. 1259a-b

[99] Demosthenes, Against Neaera, 59, 122

[100] Pomeroy, 1984, 137

[101] Како на пр. Хипархија, која била философ од редот на циниците и била често гледана со сопругот на јавни собири

Што се однесува до местото и улогата на жената во Рим, тешко е да се даде еден рамномерен пресек, било да се работи за слободна жена, ослободена слугинка или робинка. Генерално, може да се следат две етапи: од основањето на Републиката до крајот на 3. и почетокот на 2. век пред н.е ; и од почетокот на 2. век пред н.е до падот на Републиката. Првата етапа ја карактеризира возвишеното место на семејството во општеството, чија позиција правно ја формулира познатиот римски правник Модестин од средината на 3. век пред н. е со дефиницијата: бракот е доживотно заедништво на жената и мажот во сите божествени и човечки права. [102]

Оваа дефиниција доаѓа како опомена во време токму кога брачните заедници и семејството почнуваат да ги губат високите стандарди.

Тешко е да се насети вистинската улога на жената во овој процес, пред сè поради недостатокот на материјали, но и поради природата на нејзината положба во општеството.

"*Животот на секоја жена бил ограден со дебела тишина наметната од надворешниот свет и самите жени. Пофалбите на женските доблести биле сметани од надворешниот свет за невкусни, помалку непристојни, бидејќи нејзините таленти и способности добивале израз само во домот.*"[103]

Сепак, општо познато било дека единствените доблести кои жената треба да ги поседува биле скромноста и невиноста. И оние кои ги поседувале, и останатите, биле израмнети во однос на ставот дека имаат слаб интелект, попустлив карактер, и воопшто една немоќ сметана токму за типично женска карактеристика. [104]

Горе наведената слабост, сместена и во синтагмата *propter sexus infirmitatem*, служела како појдовна точка за секој, па и правен однос кон жената. И жените и децата, со тоа што машките деца имале предност и најчесто уживале поголема наклонетост, биле под полна власт на таткото – patria potestas.

Женските деца останувале во татковиот дом до својата дванаесетта или четрнаесетта година, кога се мажеле. До тогаш веќе ги имале совладано домашните работи, а многу

---

[102] Самарџић, 2007, 54

[103] Fraschetti, 2001, 2

[104] Beauchamp, 1976, 485-508

ретко се здобивале и со извесно образование. Дури и девојките од високите општествени слоеви биле лишени од формално образование.

Со мажењето, девојките преминувале од доменот на власт на таткото во доменот на власт на сопругот, кој по неговата смрт, во зависност од фамилијарните состојби, можел да премине или на неговата најблиска фамилија, или повторно кон нејзиниот татко. [105]

Тешката положба на жените, привилегираниот стаус на мажите и изобилството на неименувани и нерешени прашања во бракот и општеството, резултирале со многубројни проблеми во бракот кои најчесто завршувале со развод. Развод, сè до христијанската епоха, можел да побара само сопругот; а како валидна причина се сметала прељубата од страна на жената (*adulterium, μοιχεία*). Меѓутоа, она што се сметало за прељуба кај жената не било секогаш и прељуба кај мажот. Имено, за прељуба од страна на мажот била сметана врската со мажена жена од истиот општествен слој, додека врската со немажена жена од пониска класа или со ослободена робинка не се сметала за прељуба, туку за престап (*stuprum*). Во обратен случај, т.е кога во истите случаи се работело за жена, сето било сметано за прељуба.[106]

---

105 Rawson, 1986, 93-120

106 Самарџиќ, 2007, 88

Сфаќањето на местото и улогата на жената во главните текови на Јудаизмот, е комлексно прашање на кое е тешко да се даде прецизен и краток одговор, пред сè поради безграничноста на тематиката, како и поради тоа што никој од авторите кои се занимаваат со оваа проблематика не настојувал да даде профил на жената во Јудаизмот, туку повеќе настојувале да дадат одговор на конкретни прашања, односно на тековните ситуации кои биле поврзани и со жената. Овој практично-функционален однос кон жената кој е сеуште актуелен, оставил доста траги во граѓата што ни помага да ја ставиме еврејската жена во одреден и препознатлив верски, социјален и правен контекст. Ќе се потрудиме аналитички и синтетички да ги анализираме тие траги и следејќи ги, да го претставиме она што е главно и суштинско во врска со местото и улогата на жената во Јудаизмот. Сето ова во наредната фаза ќе ни помогне појасно да ги согледаме разликите што се јавуваат на ниво на Новиот Завет.

"*Човекот (адам) секој ден треба да изговори три благослова: нека е благословен Оној Кој не ме створил паган, нека е благословен Оној Кој не ме створил жена, нека е благословен Оној Кој не ме створил неук (извесни текстови упатуваат на зборот "роб" место изразот "неук"*) ...

*Кој не ме створил жена, бидејќи жените не се обврзани да ги исполнат заповедите.*"[107]

Дадени се многу толкувања на ова место од Талмудот, но повеќето се одликуваат со површност. Текстот во прв план го става изземањето на жената од целосното исполнување на заповедите, што е нејзин недостаток заради нејзината биолошка конструкција, која не секогаш ѝ дозволува да биде подготвена да ја понесе радоста на целата Тора, т.е заповедите.[108]

Еврејскиот човек (адам), кој го поминал чинот бар, *бат мицва*, не е лишен од тоа задоволство. Значи изразот Адам, подразбира пред сè полнолетен Евреин кому му се дадени задоволството и благословот секогаш да може да ја понесе целата Тора и сите нејзини заповеди поединечно.

---

[107] t.Ber. 7.18, 59

[108] Самарџић, 2007, 48

Во случаите кога се зборува за обврските на другите кон Тората, т.е заповедите, се употребуваат други изрази, како на пр. жена, слуга, момче итн.

Јосиф Флавиј, тргнувајќи од веќе воспоставеното сфаќање дека светот е создаден и воспоставен врз хиерархискиот принцип по кој човекот, адам, владее и управува со жената; додава дека жената во Јудаизмот е должна секогаш да го слуша мажот.[109]

Во подоцнежните мидраши[110] некаде се јавува мислата дека една од десетте заповеди (четвртата) ѝ е директно упатена на Ева, ставајќи ѝ до знаење дека нејзиниот маж владее со неа, но не е сосема јасно дали таа потчинетост е резултат од нејзиниот грев или е причина за истиот.[111] Како и да е, женската потчинетост се вклопува во Божјиот космички поредок, како што се верувало. Меѓутоа се добива впечаток дека литературата од периодот на раниот Јудаизам повеќе настојува жената да ја прикаже во негативно светло, т.е да ги истакне нејзините негативни карактеристики и склоности, отколку да укаже на нејзината потчинетост.

Само во една единствена прилика на жената ѝ се дава еминентно место: во посмртните поворки, но дури и тогаш заради тоа што "од жената е гревот и заради неа сите умираме".[112]

---

[109] Flavius Josephus, Contra Apionem, 2. 201 in Flavii Iosephi opera, (ed.B. Niese), Berlin Weidmann 1892

[110] Мидраш е термин што се однесува на компилација од коментари на Танакот

[111] Самарџиќ, 2007, 49

[112] ibidem

## 6.1 Жената во раното христијанство

*"Мажот ќе ги остави татко си и мајка си и ќе се привзе кон својата жена; и двајцата ќе бидат едно тело"*

Матеј, 19, 5

*"... нема веќе машко и женско; зашто сите се едно во Исус Христос"*

Павлово послание до Галатјаните 3, 28

Прашањето на местото и улогата на жената во Библијата и раното христијанство досега било поставено и анализирано од различни аспекти. Имајќи ја во предвид конзистентната методологија и истражувачката истрајност, се добива впечаток дека сеуште не е постигнат еден општ и целосен поглед за улогата на жената во библискиот свет и библиското опкружување. Во споменатите студии некои, а некогаш и многу работи недостигаат; најчесто поради идеолошките предрасуди, а често и заради скромното и неадекватно познавање на материјата, како и на историско-социјалниот контекст и верското опкружување во кое истата настанала.

Сепак, во последните две децении историјата на жените во раното христијанство е речиси целосно ревидирана: потрагата по женското присуство во досега запоставените текстови или новите наоди преку барањето нови одговори и употребата на поинаква методологија веќе вродува со плодови. На пр., само неколку имиња на жени беа општо познати: Марија (мајката на Исус), Марија Магдалена (Негова следбеничка и првиот сведок на Неговото воскресение), сестрите Марија и Марта (и нивната позната гостопримливост во Витанија). Сега веќе дознаваме за многуте жени кои допринеле за формирањето на христијанството во првите години.

Новозаветните Евангелија, создадени кон последната четвртина на 1. век н.е, сведочат дека жените биле меѓу првите следбенички на Исус; Неговите ученички Марија Магдалена, Јоана и Сузана го придружувале во Неговите проповеди (Лука 8, 1-3); им се обраќал на жените и во јавност и на само, учел од нив (Марко 7, 24-30; Матеј 15, 21-28). Исус бил чест гостин во домот на Марија и Марта (Лука 10, 38-42) и имал обичај да проповеда и јаде еднакво со жени како и со мажи.[113]

[113] Тој за разлика од тогашните рабини, слободно и самостојно ги учи жените и се наоѓа сам во нивно присуство, што претходно се сметало за скандалозно и неприфатливо (Самарџиќ, 2007, 257)

Токму Марта е онаа која прва исповеда дека Исус е "Христос Син Божји" (Јован 11, 27), што ја прави образец за сите подоцнежни исповедници, и тоа попотполен и од самиот апостол Петар.[114]

Кога еден од Неговите машки апостоли го предава (Јуда), а другиот се одрекува од Него (Петар), жените биле тие што останале цврсти и верно го следеле до крстот (Марко 15, 40-41; Матеј 27, 55-56; Лука 23, 49; Јован 19, 25).

Мироносниците на гробот биле први сведоци на Воскресението, односно прва меѓу нив Марија Магдалена. (Матеј 27, 61; Лука 24, 1-11)

"*Тоа беа Марија Магдалена, и Јоана, и Марија, мајка на Јаков; и другите кои тоа го кажаа на апостолите*" (Лука 24, 10)

Во склоп на Христовата мисија жените се еднаков субјект на проповедите, пораките и исцеленијата. Во тој контекст, посочуваме текстови од Евангелијата кои сведочат за таа дејност:

1. Исцелението на Петровата тешта, Марко 1, 29-30
2. Исцелението на крвотечната жена, Марко 5, 25-34
3. Исцелението на Јаировата ќерќа, Марко 5, 1-43
4. Исцелението на немоќната жена, Лука 13, 10-17
5. Исцелението на синот на Наинската вдовица, Лука 7, 11-17
6. Исцелението на ќерката на Сиро-Феникијксската жена, Марко 7, 24-30
7. Христос изгонува седум нечисти духови од Марија Магдалена, Лука 8, 2
8. Разговорот со Самарјанката, Јован 4, 1-26
9. Параболата за жената која изгубила две парички, Лука 15, 8-10
10. Параболата за дарот на сиромашната жена, Лука 21, 1-4

---

[114] Самарџић, 2007, 263

11. Параболата за десетте девојки, Матеј 25, 1-13

12. Параболата за Царството Небесно како за квасец кој жената го замесува..., Лука 13, 21

13. Жените учествуваат во служењето на Христос; како прва меѓу нив е Марија - Богородица и пророчица, Лука 1-2

14. Ана е пророчица и гледа, т.е Бог и откривa дека Исус е тука да го искупи Ерусалим и оние кои се во Ерусалим, Лука 2, 36-38

15. Петровата тешта го служи Исус, Марко 1, 31

16. Марта го служи Исус, Лука 10, 40; Јован 12, 2

17. Жените се најблиски помошнички и домашен круг околу Исус и материјално Му помагаат во мисијата, Лука 8, 1-3

18. Марија е Исусова ученичка, Лука 10, 38-41115

19. Жена ги мие нозете на Исус, Лука 7, 36-50

20. Марија од Витинија пророчки го помазува Исус за погреб, Јован 12, 1-8

21. Жените се со Исус под крстот, Јован 19, 25

22. Жените се први очевидци и весници на Воскресението, Јован 20, 1-18

Да се вратиме уште еднаш на жените кои го следеле Исус. Hengel е првиот кој укажува дека текстовите на Лука (Лука 8, 1-3) и Марко (Марко 15, 40-41) покажуваат дека жените биле засебна, автономна група во склоп на апостолската група.[116] Тие жени го следат Исус во Неговата мисија, на патот од Галилеја до Ерусалим. Таквата врзаност сигурно била новина за тогашниот верски, општествен и културен живот. Било незамисливо за тогашниот Јудаизам учителот да има жени - ученички, или уште пострашно и скандалозно, жени кои го следат по целата земја.[117]

---

[115] Лука е и единствениот новозаветен автор кој сведочи дека единственото лице воскреснато од апостолот Петар е токму жена, Тавита (Дела Ап. 9, 40); истата која претходно во текстот е експлицитно наречена како ученичка (μαθήτρια) (Дела Ап. 9, 36)

[116] Hengel, 1963, 243-256

[117] Самарџиќ, 2007, 243/4

Она што е единствено во врска со жените што го следеле Исус е фактот што традиционалната улога на гостопримството и услужноста од страна на неговите следбенички била гледана како начин и средство да ѝ служат не само на својата билошка фамилија, туку и на духовната заедница. Прифаќањето да бидат Исусови ученички за нив не значело откажување од традиционалните улоги, туку вдахнување ново значење и важност на истите, со повисока цел и смисла.[118]

Никој во рамките на новозаветните списи не им посветува толку простор на жените колку апостол Павле. Историчарите забележале дека во антиката нема ниту еден друг документ во кој во поздравниот дел се споменуваат толку жени колку во едно од најзначајните Павлови посланија: Посланието до Римјаните, гл. 16; како и во посланијата до Галатјаните, гл.3; Ефезјаните, гл. 5; Првото послание до Коринтјаните, гл. 7, 11 и 14; Првото послание до Тимотеј, гл.2 и Второто послание до Тимотеј, гл. 4.

Павле во својот став и однос кон жената, како и неговиот учител Исус, и во своето време и денес, предизвикувал и предизвикува различни реакции кои најкомпактно можат да се претставaт во три точки:

1. Павле неуспешно се обидел да ја смени положбата на жената во светот во кој проповедал и да ги ослободи жените од подредената положба во однос на мажите

2. Павле се обидел да го презентира стариот статус на жената во општеството на нов начин

3. Единствено тој јасно и недвосмислено ја ослободува жената од понижувачкиот статус и целосно ја изедначува со мажот.

Како се претставени Павловите текстови за жените кога предизвикуваат толку различни и контраверзни толкувања? Со цел "павловски" да ги прочитаме Павловите текстови, треба да ја разгледаме и појасниме неговата терминологија која доминира во посланијата и неретко, заради изнијансираните и општи значења се преведува погрешно, или едноставно не се постигнува нејзиното полно, вистинско и соодветно значење.[119]

---

[118] Whiterington, 1984, 118

[119] Самарџиќ, 2007, 113

Во прв ред тоа се изразите: глава, да се покорува, љубов и послушност - почит - извршување наредби. Во ниеден случај Павле овие изрази не ги употребува во смисла на означување на надреденост и подреденост, туку изразот глава (κεφαλή) го употребува во значење на извор[120]; глаголот да се покорува ('υποτάσσομαι) го употребува во медијална форма т.е не со значење на директна субординација, туку повеќе во смисла на покорност од љубов[121]; изразот кој најчесто се користи во Новиот Завет и во Посланијата на Павле за зборот љубов е 'αγαπάω кој носи специфично значење: љубов во која се отсутни емоции, сентименти, додека клучни карактеристики се став, акција, функционирање, творење[122]; додека глаголот φοβω̃ најточно се преведува со стравопочитување[123].

Значи, во ниеден контекст Павле не зборува за ставање на жената во подредена положба во однос на мажот, туку, напротив се обидува да ги изедначи, сепак, секогаш јасно подвлекувајќи ги разликите меѓу половите, инсистирајќи на единство и еднаквост во плурализмот, односно различноста.

Ова добро го има резимирано Dudrey:

*Субординацијата на жената била универзална во светот во кој настанал Новиот Завет и Павле држел до веќе постоечките норми. Држејќи до тие норми, тој сепак ги охрабрувал и поттикнувал на промени личностите меѓу христијаните, и машки и женски, и со тоа прашањата на субординацијата и нејзиното значење изчезнале.* [124]

---

120 “Но сакам да знаете дека Христос е глава на секој маж, а мажот е глава на жената, а Бог е глава на Христос” Прво послание до Коринтјаните, 11, 3

121“Вие, жените, покорувајте им се на мажите свои, како на Господа” Ефез. 5, 22

122 “И така, мажите се должни да ги сакаат жените свои како што ги сакаат своите тела; оти кој ја сака жената своја тој се сака и самиот себеси” Ефез. 5, 28

123 Последниот стих од Посланието до Ефезјаните (5, 33) завршува токму со зборовите: *жената да го почитува својот маж*, но оваа почит или стравопочит произлегува од фактот што Павле го изедначува бракот со Црквата (ст. 30-32), нешто што во паганството не било издигнато на толкаво ниво на светост

124 Dudrey, The Problem of the Unveiled Women in 1. Corinthians 11:2-16. In the Light of the Literary Structure of 1.Corinthians 8-11. www.roboam.com/predici/Acoperitoareafemeii2.htm

Подлабокото читање на Павловите Посланија доведува до заклучок дека каде што има љубов нема потреба од хиерархија; онаму каде ја нема или пак таа е со нешто разнишана, се појавува потреба од подреденост или власт за да се зачува поредокот или заедницата, и тоа пред сѐ, поради редот во несовршеноста, а не заради разликата во половите. [125]

Археолошките податоци кои директно или индиректно сведочат за местото, улогата и вклученоста на женската популација во ранохристијанската црковна организација на територијата што е предмет на нашето истражување се ретки и токму затоа уште повредни. Пред сѐ, специфичноста на проблемот бара максимална претпазливост во интерпретацијата и атрибуирањето на материјалните остатоци. Сфаќајќи ја тежината што ја носи секој обид за расветлување на вистинската контекстуална поставеност, сепак овде ќе се обидеме да презентираме три натписа што директно се однесуваат на т.н "женско прашање".

Се работи за две дедикаторски мозаични полиња инкорпорирани во павиментскиот аранжман од првата фаза на Филиповата базилика во Стоби (сл. 23) и еден од ѓакониконот на Јужната базилика на Плаошник во Лихнид. (сл. 46) Подот во Филиповата базилика е прилично оштетен, но според сочуваните делови и со технички опсервации може да се заклучи дека сите полиња делуваат како засебни делови вклопени во една целина. [126]

Првиот натпис е изведен во северозападниот агол од првото поле со мозаична декорација, изведено во јужниот брод на базиликата (сл. 2).

| | | |
|---|---|---|
| **ΥΠΕΡ[....]** | υπέρ ευ[χῆν] | поради завет |
| **ΤΗΣΜΑ[....]** | τῆς ματ[ρῶας] | од матроната |
| **ΗΕΥΛΑΒ[....]** | η ευλαβ[εστά] | најпобожната |
| **ΤΗΔΙΑΚ[....]** | τη διακ[όνισσα] | ѓакониса |
| **ΤΗΝΕΞ[....]** | τήν ἐξέδραν | ја поплочи exedra – та |
| **ΕΨΕΦΩ[....]** | ἐψήφω[σεν] | со мозаик [127] |

[125] Митрополит Струмички Наум, За свештенството на жената, 2001, 162

[126] Василкова - Мидоска, 2007, 137

[127] Wiseman, Mano – Zissi, 1973, 397

Вториот натпис се наоѓа на долниот дел од третото мозаично поле инкорпориран во декоративниот аранжман (сл. 3).

| | | |
|---|---|---|
| **ΥΠΕΡΕΥΧΕΣ** | υπὲρ εὐχῆς | заради завет |
| **ΕΠΟΙΕΣΕ[Ν]** | εποίησεν | го направи |
| **[Π]ΕΡΙΣΤΕ[....]** | Περιστέρ[ρια] | Перистерија [128] |

Во натписот се споменува Перистерија или Перистериас како донатор на мозаичното поле, иако експлицитно не е назначено.

Двата натписа не претставуваат невообичаена тенденција по својата форма, бидејќи припаѓаат на огромниот корпус дедикаторски натписи пронајдени на поширока територија[129], но релацијата меѓу носителите на донацијата и избраното место за поставување на мозаикот е помалку невообичаена.

Имено, ако го земеме фактот дека сите три персони инсигнирани на натписите се жени[130] од една, и фактот што двата натписа и мозаиците кои се проследени до нив се поставени во јужниот брод на базиликата од друга страна, се наметнува прашањето зошто избор на ваква "неканонска" локација.

Ранохристијанските базилики и храмови доследно ја следат половата сегрегација, која како што видовме, во античкото општество има длабоки корени, па и покрај револуционерноста на "новата религија" се наметнала во нејзините главни текови. Во тој поглед, во јужниот (десен) кораб, како и во централниот на наосот влегуваат мажите, додека северниот (лев) кораб е наменет за жените.[131]

128 Wiseman, Mano - Zissi, 1971, 399

129 Rendić - Miočević, 1985, 31-37; Цветковић - Томашевић, 1978, 32; Јанакиевски, 1980, 73, сл.2; Битракова - Грозданова, 1975, 52, сл.21; Buzov, 1990, 45-64

130 Полот на Перистерија со сигурност не е потврден, бидејќи истото име се наоѓа во триклиниумот на Куќата на Перистерија, а таа просторија е определена како машка. Wiseman, Mano - Zissi, 1971, 399 сметаат дека Перистерија е машко име, но подоцна истата констатација ја дискутираат со претпазливост.

131Симболизмот на страните се поврзува со двете групи антагонистички принципи: машкоста, активноста, денот, божественоста и иднината поврзани со десната страна, односно јужно; и женственоста, пасивноста, ноќта и минатото поврзани со левата страна, односно северно. (Chevallier, Gheerbrant, 1983, 115/116)

Токму затоа изненадува присуството на овие натписи во јужниот брод. Првата фаза од мозаичната декорација на Филиповата базилика, врз база на нумизматичките наоди се датира во втората четвртина или средината на 5. век.[132]

Прашањата дали овој раритет е поврзан со можните силни неортодоксни учења што токму во овој период земаат голем замав низ целата Империја,[133] или е само практичен одговор на замислениот аранжман во овој дел од базиликата, за сега остануваат отворени. Познати се и случаи каде жените кои се истакнале со својот аскетизам и посветеност на христијанството, добивале статус на ***почесни мажи*** бидејќи ги елиминирале физичките и општествени карактеристики што ги правеле инфериорни. [134]

Последниот мозаик со заветен натпис се наоѓа во ѓакониконот на Јужната базилика на локалитетот Плаошник. Во средишниот дел на просторијата, опколен со штит од црни и бели триаголници, во кружно поле стои четвororеден натпис, дополнет со два бршленови листа во долната зона (сл. 4, 5).

| | | |
|---|---|---|
| ΥΠΕΡΜΝ<br>ΗΜΗΣΤΗΣΟ<br>ΣΙΑΣΠΑΥΛΑ<br>ΣΤΗΣΔΙΑΚ<br>Ο ΝΟΥ | Ὑπὲρ μνήμης<br>τῆσ Σοσίας Παύλας<br>τῆς διακόνου | Во спомен<br>на ѓаконисата<br>Сосија Паула[135] |

Заветните натписи сведочат за сеуште развиено и активно женско свештенство кое одржувало непрекинати врски со муниципалната елита (матроната, во случајот на Стоби) која ја практикувала новата религија.

[132] Василкова - Мидоска, 2007, 48

[133] Петиот век е време на големи превирања и кулминација на многу од ранохристијанските секти, еден век пред појавата на "цврстата рака" на Јустинијан и неговиот закон за Халкедонска вероисповед. Гностицизмот и неговите школи предизвикуваат најмногу контраверзии во поглед на третирањето на жените во своите редови: од тоа дека гностичките учења се "ултимативно мизогинистички до екстрем" (види Perkins, 2002, 2005; King, 2000; Burger, 2005 и др.), до тоа дека основното начело на гностицизмот дека сѐ од материјална природа е несовршено, всушност ја минимизира половата сегрегација; дозволувајќи притоа поголема вклученост на жените во учењето и литургијата (Pagels, 1979; 1988; 2003).

[134] Cloke, 1995; како што е случајот со маченичката Перпетуа (види гл. 7, ф.н 146)

[135] Филипова, С., Примери на рановизантиски пластика и капители од Македонија со аплицирани натписи/ или букви, *SYSTATIS* 7, ф. н. 5 http://www.systasis.org.mk/arhiva.asp

Црковниот чин ѓакониса се појавува во ранохристијанските документи: Актите на Никејскиот Собор каде е објаснета нивната клеричка поставеност; Олимпија, една од блиските соработнички и подржувачи на цариградскиот архиепископ Јован Христозом, била позната како богата и моќна ѓакониса во 5. век.[136] Ѓаконисите имале и литургиски и проповеднички функции: подготвување на катихумените, асистирање при крштевањето на жените и воведување на жените во црквата. Меѓутоа, до крајот на 5. век на Запад веќе ја губат својата функција, додека во Источната Црква опстојуваат до 7. век.[137]

136 Karras, 2004, 272–316

137 Olsen, 1992, 22, 25, 27, 29, 41, 53, 58, 60, 70

## 7. Култот на мартирите и античкиот театар како два битни предуслови за развој на ранохристијанската архитектура

*"Semen est sanguis Christianorum"*

*Tertullian, Apologeticum 50.13 (CCSL 1.17 1)*

Колку повеќе ги разгледуваме религиозните опции во раните векови, толку потешко е да дадеме одговор на големото историско прашање: Зошто христијанството преживеало и успеало во римското општество? Тврдењата дека Јудаизмот, иако етички и религиозно супериорен над римската религија, бил затворен во својот ексклузивитет; или дека римската религија била систем од традиционални култови без морална или духовна содржина, ги изнесуваат токму раните христијани, но мора повнимателно да се разгледаат. Многу еврејски заедници не биле толку затворени за прифаќање на нови верници во своите редови, што ја остава можноста повеќе римски граѓани да се конвертираат во Јудаизам во потрага по подлабоки духовни појаснувања. Сепак, тоа не се случило. Наместо тоа, во првите векови по смртта на Исус, овие римски граѓани, сè помасовно ја одбирале религијата што можела да им донесе егзекуција заради субверзивност. *Зошто?* Во ова поглавје ќе се водиме од тврдењата на раните христијани дека токму маченииштвото генерирало нови верници, т.е кажано со зборовите на строгиот Картагински христијански отец, Тертулијан: "*крвта на Христијаните е семе.*"

Терминот *martyr* доаѓа од Μάρτυς што значи сведок, но во раното христијанство добива значење на христијански светител загинат заради своето верување. Христијанската употреба на терминот е нова, во поглед на изразената сигурност во награда по смртта[138] но тие не биле единствените што загинале заради своите верувања: според Платон, Сократ бил погубен поради истрајноста во потрагата по суштинското знаење; а и еврејските херои, Макабејците, биваат мачени и убиени поради својот непокор. Сето ова помогнало во оформувањето во христијанскиот архетип на мартир кој се соочува со судиите и мирно ја поднесува сопствената смрт.[139]

[138] Bowersock, 1995, 5–16

[139] Rajak 1997, Alexander 2002

Речиси сите извори кои ни даваат податоци за мартирите, нивните *акти* (т.е официјалните записи од нивното маченииштво) или нивните *passio/-ones*, се христијански. Евзебиј, Тертулијан, Јустин и Ориген даваат детални податоци за страданијата на христијаните и востонавената институција на мачење.[140] Наративот е фокусиран на сослушувањето и тортурата, осудата, притворот и смртта.[141]

Официјалниот записник од судењето морал да докаже дека обвинетиот/-тата бил/-а соодветно испрашан/ -а, предупреден/-а за последиците, дека било дадено време за преиспитување и промена во исказот, и на крај, осуден/-а според законот.[142] Првото прашање, името и социјалниот статус, ја детерминирало процедурата што следи и казните што можеле да бидат изречени, различни за робови и слободни, римски граѓани и други, но исти за мажи и жени, освен во случај на бременост, со одложена егзекуција за мајката.[143] Во овој контекст, интересно е некои од *актите* на мартирите наведуваат дека на прашањето за името и статусот, христијаните одговарале едноставно: *"Јас сум Христијанин"*. Ваквото силно изразено чувство за припадност, толку едноставно срочено, од една страна може да се земе како автентичен приказ, но може да се смета и за реторичка техника на изразување на вештиот наратор (како што веќе одамна наведе пионерот во проучувањето на житијата на мартирите, Delehaye.[144]) Понатаму, повеќето акти следат одредена формула и стреотипизација во прикажувањето на настаните од сослушувањето до пресудата и погубувањето, [145] освен ретките пишувани во прво лице, како што е *Passio Perpetuae* [146], житието на младата жена и мајка од Картагена,

---

[140] Поповић, 1912, 279 - 301; Eusebius, Hist. Eccles. I. III, т. I

[141] Barnes, 1985, 143–86 дава анализа на варијациите во практиката и нарацијата

[142] Harries, 1999a, 110

[143] C. Jones, 1993

[144] Delehaye, 1905

[145] Harries, 1999b

[146] B.Shaw, 1993; P.Miller 1994; Salisbury, 1998. Перпетуа (III в. н.е), била млада едуцирана жена од респектирана фамилија, но дури ни влијанието на нејзиниот татко не било доволно да биде ослободена. Во нејзините соништа, таа добива поголема духовна моќ и од хиерархиата на нејзината црква; и конечно сонува дека физички станува маж за да се пресмета со противникот во арената. Друг автор го завршува нејзиното житие по нејзината смрт, наведувајќи дека Перпетуа заедно со нејзината робинка Фелиција, која исто така неодамна се породила, биле соблечени и пуштени да се борат со дива крава. Толпата протестирала, не поради нивното погубување, туку поради нивната голотија, па двете биле вратени да се облечат. Перпетуа на крајот била убиена од нервозен гладијатор, кој несмасно промашил во првиот обид.

чија уникатност лежи во фактот што е речиси целосно напишано од маченичкот, а уште повеќе што спаѓа во ексклузивните антички текстови напишани од жени.

Периодот на повеќе од два века прогони во Рим и низ сите делови на Империјата (од 64 до 313, т.е 380 година)[147] бил и повеќе од доволен за воспоставување и јакнење на култот на мартирите. Римските закони и прописи осигурувале неповредливост на телото на починатиот, пропис без кој не би можел да се создаде објект на траен култ. Уште во времето на малите прекини на организираните прогони, христијаните продолжуваат да ги одржуваат верските обреди на одредени места кои постепено добиваат одредени архитектонски форми. Тоа биле гробовите на маченицие наречени μαρτύριον во времето на Евзебиј, термин што означувал место на сведоштво.[148] На гробовите на мартирите се подигаат првите martyria (споменици за означување на гробовите): со правоаголни или кружни надгробни плочи со различни димензии и отвор за либација на вино и масло (mensae martyrium), приспособени за употреба во фунерарниот обред; или изградени капели и мавзолеи.[149]

Со поврзување на неколку вакви гробови, се создавал простор за закопување исклучиво на христијани или т.н. *areae martyrium*. Првиот архитектонски потфат на овие светилишта бил да се формира самиот гроб, а потоа и да се обезбеди сала или просторија за одржување на обредите и извесна архитектонска конструкција што ќе ги штити и покрива гробот или реликвиите.[150]

Археолошките истражувања даваат можност да се следи развојот на архитектонската форма на градбите над гробовите на мартирите и нивната трансформација во цркви со гроб на маченикот или на неговите реликвии. Зголемени, преуредени и приспособени за потребите на еден општ култ, во текот на 5. и 6. век овој тип комеморативни градби се претвараат во цркви од базиликален или централен тип.

[147] Leclerq, 1926, 95/96; Поповић, 1912, 240-263. Прогоните започнале по големиот пожар во Рим во 64 г., кога изгорел голем дел од стариот град, настан за биле обвинети христијаните; и траеле со извесни прекини сè до Соборот во Константинопол во 381 година.

[148] Grabar, 1946, 167

[149] Duval, 1986, 501-502

[150] Grabar, 1946, 403

Овие храмови се наоѓале во самиот град каде маченикот загинал. Култот на реликвиите полека го заменува телото на маченикот во сите провинции на Царството, како на Исток така и на Запад и во самиот Рим, така што до крајот на 4. век реликвиите на мачениците и нивните останки циркулираат низ целото Царство (тоа обично се реликвии на видни маченици прогласени за светители).

На крајот на 5. век се востановува пракса да се осветува олтар со депо за реликвии, поставени во посебни изѕидани крипти-реликвијари, локули и енкаинони поставени под или крај чесната трпеза во олтарот на црквата; обичај што е применет во цркви што не поседувале гроб на светител. Како што посочува Delahaye[151], полагањето на реликвиите при осветувањето на храмовите, понекогаш значело и целосна дедикација на објектот на мартирот чии останки биле положени, како и празнување на годишнината од неговата смрт и седмична комеморација на неговата жртва.

Меѓутоа, интересна е спрегата и условеноста помеѓу еволуцијата на култот на мартирите и кулисата во која таа се одвивала: клучниот момент во развитокот на култот на мартирите, како и во подоцнежното развивање на ранохристијанската архитектура, бил античкиот театар, т.е амфитеатар, каде јавното погубување било масовен спектакл и ги жигосувало мачениците како отпадници од римското општество.

Имено, во времето на прогоните на Нерон (и неговите наследници), тој се пренаменува и станува арена за борби на христијаните со диви животни, односно централен објект за јавно мачење на христијаните.

Знаејќи го ова, не изненадува појавата на цели базиликални комплекси подигнати во близина или директно врз античките театри. Првата ранохристијанска базилика во Стоби (Старата Епископска базилика) е подигната токму до театарот, врз реликвиите и гробовите на мартирите кои настрадале во борбите во театарот; во Скупи, во подножјето

151 Delahaye, Loca Sanctorum, 1930

на самиот театар е откриена базилика со двојна апсида на источната страна и амбулаториум околу гробот на маченикот; во подножјето на театарот во Хераклеа Линкестис е откриен комплекс од ранохристијански базилики подигнат врз темели од постари објекти.[152]

Самата градба на театарот претставува автономен архитектонски објект подигнат на природно високо место, со посебно одбрана позиција. Обично биле градени во централното градско подрачје и вклопени во урбанистичкиот план на градот, со доминантна позиција која ги правела омилени меѓу местата за собири. Иако првобитно наменети за прикажување на трагедии и комедии, од почетокот на 1. век од н. е. сè повеќе театри се постепено се преадаптирани за гладијаторски и венакиски борби. Таква судбина доживеале сите откриени театри на територијата на Македонија.[153]

Во Стоби е откриен театар  кој по своите архитектонски и стилски одлики претставува комбинација на источните театри од Мала Азија и римскиот тип. Подоцнежните доградувања и преградувања укажуваат на приспособување за популарните борби со животни, на кои за времето на прогоните биле фрлани христијаните. Објектот датира од 2., со извесни доградби од 3. век, а функционирал до крајот на 4. век.[154]

Крај театарот се наоѓале повеќе еклезијастички градби, условени од улогата што ја добиле овие странични коридори, поврзана со страдањето на многу верници и еден од јаките пунктови за создавање на култ на мартирите. Со оформувањето на гробовите и изградбата на надгробни конструкции се создала area martyrium во овој дел, која со своите примитивни градби послужила подоцна на истото место да се подигнат првите христијански базилики.[155]

---

[152]Алексова, 1995, 57-60

[153] Рнјак, 1979, 33/34

[154] Wiseman - Mano - Zissi, 1970, 402; Саржоски, 1965, 129

[155] Алексова, 1995, 59

Од античкиот театар на Зајчев Рид во Скупи останати се архитектонски остатоци од неговата супструкција кои ги одбележуваат темелите на градбата, гледалиштето и оркестрата. По својот генерален план ова е театар граден по римскиот тип, за разлика од оној во Стоби кој е граден под грчко влијание, што е сосема логично според географско – историските околности. Според истражувачот Н. Вулиќ, овој театар бил подигнат во раниот 2. век[156], и во него како и во театарот во Стоби, можеле да се изведуваат стандардните репертоари од тоа време. Подоцнежните мали истражувачки зафати водени од Д. Рендиќ Миочевиќ не дале придонес за прецизирање на датирањето на овој единствен архитектонски објект од античко време[157]. Најновите археолошки истражувања кои моментално се во тек на овој простор, веројатно ќе дадат многу подетални информации за досега најголемиот откриен театар на територијата на Р. Македонија. Во поглед на нашето интересирање во ова поглавје и поврзаноста на античкиот театар со градбите од ранохристијанскиот период, овде забележуваме дека во подножјето на самиот театар е откриена базилика со двојна апсида на источната страна, подигната врз камени саркофази, што повторно означуваат една *area martyrum*[158] .

Во Хераклеја, исто така е откриен театар од кој е сочувано гледалиштето, потковичестата оркестра, обѕидана со висок ѕид ортостати и кафез за ѕверови од нејзината западна страна. Подигнат во првата половина на 2. век, и овој театар подоцна бил пренаменет за изведување на борби во арената.[159] Во неговото подножје, на падината на брегот е откриен комплекс од ранохристијански базилики и објекти, поставени на темели на постари антички градби.

Речиси идентична ситуација имаме во антички Лихнид, каде во непосредна близина на импозатната градба на античкиот театар, се откриени остатоци од ранохристијанска базилика[160].

Овие примери само потврдуваат дека крвта на мартирите пролеана во арените на античките театри, навистина била семе за развивање и ширење на христијанството.

---

156 Вулић, 1961, 3-23; idem. 1981, 38 – 43

157 Rendić – Miočević, 1981, 45 – 50

158 Корачевиќ, 1977, 143 – 180; eadem. 1986

159 Јанакиевски, 1975, 165 – 172; idem. 1973, 57 – 63; idem. 1987, 6 – 58

160 Маленко, 1981, 12 - 28

# 8. Типови ранохристијански градби

Првата мисионерска дејност што ја има допрено и зафатено Македонија, не може да се следи во целост на истражените објекти. Сепак, со истражувањата во Стоби во 1992 година на Западната некропола, надвор од бедемите на градот, којашто континуирано била во употреба од 2. до 1. век п.н.е., низ доцноримскиот и ранохристијанскиот период, се открени и првите христијански гробни структури и почетоците на создавањето на првите мемории над нив.[156]

Архитектонските објекти од христијанскиот период со сигурност се регистрирани во Македонија во 4. век. Откриена е гробна архитектура со конструкции наменети на култот во вид на гробни капели, мемории, крипти реликвијари. Таквите објекти им претходеле на првите христијансаки храмови (*domus ecclesia*).

Култни места врз кои се подигнати ранохристијанските храмови, се откриени како посебни конструкции во олтарниот простор или во страничните компартименти; по правило, под нивото на подот. Откриените култни места во истражените старохристијански цркви во Македонија укажуваат на употребата на различни архитектонски конструкции. Покрај првобитните гробови на мартири т.е храмови - martyriumi, застапени се сите познати конструкции на крипти и реликвијари:

1. крстовидни крипти - реликвијари (самостојни структури во едикулите на олтарните простори покрај самиот ѕид на апсидата или под чесната трпеза; такви се откриени во Централната базилика во Стоби);

2. правоаголни "камари" - реликвијари;

3. крипта - реликвијар "засводен *loculus*" (каква што е досега единствената позната, од цеметеријалната базилика кај Паликура, од типот засводен *loculus* под платформата на олтарниот простор);

---

156 Алексова, 1995, 5

4. реликвијари - ковчези (со форма на минијатурен саркофаг, по потекло од раноантичките гробови од 1. и 2. век, кога остатоците од кремираните покојници заедно со даровите и прилозите се поставувани во мали камени ковчези покриени како масивните саркофази; какви што се откриени во комплексот на Епископската базилика во Баргала). [157]

За подигање на првите христијански храмови се користат хероонитe, античките мавзолеи, репрезентативните гробници, приватните и јавни градби. Базиликите се најраспространетата форма. Разликуваме неколку основни типа:

***Базилики ad corpus.*** Овој тип базилики се подига при крајот на 4. век. По својата форма се блиски до примитивните мавзолеи: го опкружуваат гробот на маченикот со ходници за процесијата на верниците околу него во текот на церемонијата, прекриени со memoriae, confesio или крипти.[158]

***Цеметеријални базилики.*** Обично подигнати надвор од ѕидините на градските населби, најчесто на доцноантичките некрополи каде биле закопувани христијани уште од времето на прогоните. По својата конструкција не се разликуваат од античките гробови. Во олтарот, под чесната трпеза или крај неа, се наоѓа гробот на маченикот (локален или прочуен) или неговите мошти или реликвии.

Тука е оформена посебна конструкција во источниот дел на црквата, обично со апсида и амбулаториум (каков што е случајот со двете цеметеријални базилики крај Стоби).[159]

Со развитокот на доцноантичките ранохристијански градови и зголемувањето на населеноста, се градат повеќе цеметеријални базилики покрај градовите, но и за поодалечените населби од градот.[160]

---

[157] Алексова, 1995, 70-72

[158] Grabar, 1946, 497

[159] Алексова, 1995, 13

[160] ibidem

***Урбани базилики.*** Ова се обично катедралните цркви во градот. Во Македонија се откриени во прилично голем број, но малку од нив се целосно истражени. Базиликите во Стоби се подигнати врз постари профани градби, синагога и мавзолеи. Северната базилика е подигната врз постара палата; Централната базилика е изградена врз темелите на две постари синагоги; Старата епископска базилика е подигната врз еден постар објект, а Базиликата на епископот Филип е подигната над Старата како црква - martyrium.

Понекогаш, во текот на 5., 6. и 7. век, закопување се врши еднакво крај урбаните и цеметеријалните објекти, така што и урбаните базилики се препокриени со гробови.[161]

Освен базилики, среќаваме и храмови со централно решение (како што е триконхалната црква кај с. Туденце, Тетовско и Поликонхалната црква на Плаошник, како и ротондата во Коњух) и крстовидни цркви со анекси од исток и запад.[162]

Во овој дел ќе бидат презентирани ранохристијанските објекти досега откриени во рамките на Македонија, по провинции, почнувајќи од оние во центарот или главниот град на провинцијата, за потоа да бидат презентирани објектите кои сеуште сигурно не се поврзани со одреден доцноантички град. Ваквиот преглед овозможува јасно воочување на одредените влијанија во архитектурата и изведбата емитирани од центарот, а целосно прифатени или делумно модифицирани од останатите урбанизирани целини.

---

[161] ead, 14

[162] ead, 73-74

## 9. Ранохристијански градби во *Macedonia Prima*

ХЕРАКЛЕЈА ЛИНКЕСТИС

Античкиот град Хераклеја Линкестис (сл. 6, 16) лежи на јужната периферија на денешна Битола, т.е на западната периферија на Пелагониската рамница, до местото каде една странична долина, со реката Драгор, навлегува на запад. Во овој правец се протегал патот кон Преспа, Лихнид и Јадранскиот брег. Хераклеја се потпирала на еден од издадените ограноци на планината Баба. На крајот на овој рид, извишен 50 м над полето, се наоѓал северозападниот дел на градот, кој поради делумната непристапност, служел како акропола. Станбениот дел се раширил низ благата јужна и источна падина на ритчето и во рамницата до брегот на Сива Вода.

Остатоците на градот уште во 19. век ги посетиле, проучувале и опишале J. G. Hahn, L. Heuzey, P. Perdrizet, како и М. Димица[163]. Потоа, обработувајќи го епиграфскиот материјал тука е и Н. Вулиќ со неговите трудови[164].

Првите систематски ископувања се започнати во 1936 година под раководство на М. Грбиќ[165]. До 1938 г. биле отворени три инсули: на врвот на акрополата (I), во јужното подножје на ридот (II) и покрај Сива Вода (III). Во инсулата II биле откриени источниот дел на Големата базилика, западниот дел на Портикот со статуи и јужно од него поголемиот дел од Малата базилика[166].

Во 1959 – 61 г. оваа инсула била исчистена од паднати профили и подготвена за новите ископувања, кои со помали прекини, траат оттогаш.

---

[163] J. G. Hahn 1876, 349 uw; L. Heuzey 1876, 301 ff; P.Perdrizet 1897, 161 ff; M. Dimitsas 1896

[164] Н. Вулић, 1931; 1933; 1934; 1941 - 48

[165] М. Грбиќ, 1939, 231 – 235

[166] ibidem

Од истражувачите чиј предмет на интересирање била Хераклеја, ги издвојуваме Ф. Папазоглу, која во неколку наврати пишувала за историјата на градот (1957, 1961, 1986);

М. Медиќ и М. Чанак – Медиќ даваат конзерваторски извештај за ископувањата на Малата базилика и мозаиците во неа (1965); Г. Цветковиќ – Томашевиќ зборува за Портикот со почесни и заветни статуи (1965) и за мозаиците од Големата базилика (1967), а воедно прави и анализа на сите мозаици откриени во Хераклеја и околината (1978) и исцрпно ги прикажува мозаиците од Епископскиот двор (2002), авоедно е и автор на првиот водич низ градот, заедно со Т. Јанакиевски (1973).

Т. Јанакиевски дава повеќе прикази на одделни движни наоди од Хераклеја (1971, 1975, 1978), а во 1987 г. е издадена неговата монографија за театарот во Хераклеја. Истата обемна техничка граѓа ја повторува и надополнува во монографијата за театрите во Македонија (1998). Во 2001 објавува избор од доцноантичката керамика пронајдена врз римскиот театар, а во 2003 г. публикувапе неколку ситни наоди.

Е. Манева посветува повеќе теренски извештаи, прикази и студии со детални анализи на широк репертоар од движни и недвижни наоди од Хераклеја (1977, 1979, 1981, 1985/7, 1986, 1987, 1988, 1989, 1992).

И. Микулчиќ е автор на неколку прилози и студии за остатоците од Хераклеја, занимавајќи се главно со топографијата на градот, одбранбените ѕидини и урбаната концепција (1966, 1973, 1974, 1996), како и тродимензионални реконструкции на повеќе откриени градби од раната и доцната антика (1999, 2002). Истиот е автор на монографија за градот, во која дава сеопфатен преглед на истражениот дел од Хераклеја (2007).

Повеќе други автори даваат свои прилози: за античките монети – Д. Симоска, 1965; за античките култови – S. Dull, 1977; за античките натписи – В. Калпаковска и А. Ѓорѓиевска, 2003; како и уште една монографија од А. Ѓорѓиевска, 2007.

***Мала базилика (базилика А)***

Базиликата А (сл. 17) е лоцирана јужно од Портикот со статуи, до јужното градско обѕидие. Нејзиниот западен и средишен дел ги открил М. Грбиќ во 1936 – 38 г. но ги одбележал како делови од палата, украсена со мозаичен под[167]. Дури со ископувањата во 1960 – 64 г. била откриена целата градба.

Источниот дел е оформен како класична трикорабна базилика со скромни димензии (9,5 x 12 м), потпрена на постара градба западно од неа. Корабите се одвоени од стилобати, што носеле три пара столбови и по два мермерни пиластри на двата краја. Столбовите немаат ентазис, ниски се и стоеле на бази со различна профилација (дел од нив се постари сполии). Два столба стоеле на широкиот влез, формирајќи трибелон.

Средишниот кораб е покриен со двобоен мозаик во *opus sectille*, со бели мермерни квадрати и триаголници од темно сив шкрилец. Целата површина е поделена со еднобојни ленти во повеќе полиња, како и олтарниот дел. Страничните кораби биле поплочени со големи тули. Сочуван е и стилобатот од септумот и основата на олтарот.

Во апсидата се откриени три синтроноси, скалесто поставени. Апсидата е однадвор е аголна, со искривена челна страна поради соседната градба (бањата) и ходникот што ја дели од неа. Низ еден премин во источниот ѕид се комуницирало од северниот кораб со надворешниот анекс (можеби ѓаконикон), а низ друг премин во ј/и агол од јужниот кораб кон дворот и помошните простории на црквата. Една парапетна плоча, зацврстена со столб, го делела јужниот кораб на две половини, веројатно претварајќи ја источната половина во проскомидија.

Столбовите носеле масивни јонски импост – капители, со стилски одлики од крајот на 5. и почетокот на 6. век[168].

---

167 Стричевић, 1961, 35 – 43

168 Николајевић, 1957, 37 – 43

Најдени се и делови од два помали капители со фина декорација, кои можеби стоеле во трибелонот. Еден од нив е тип на т.н. *врамен Кемпфер*, а другиот *двозонски тип* со акантусово лисје во долниот дел и четири орли во горниот дел. Помеѓу два орла е сочуван монограм во медаљон, со посвета на *епископот Јован*. Останува прашањето дали станува збор за истиот епископ кој ја подигнал фонтаната кај театарот, како што е наведено во натписот таму пронајден, поради големата хронолошка дискрепанца: капителот стилски се датира во раниот 6. век, а натписот е половина век подоцна, односно во 562 г.

Плочите од олтарната преграда, изработени од бел мермер и релјефно украсени од двете страни, како мотиви носат крст во медаљон или победнички венец меѓу два крста, потоа ромб со акантусово лисје во профилиран четириаголник и сл. Најблиски се аналогиите со Големата базилика во соседен Суводол, датирана во раниот 6. век[169].

Јадрото на црквата го сочинува една квадратна просторија, со речиси идентични димензии колку и корабниот дел, што имала двојна функција: крстилница и нартекс. Се работи за постара квадратна градба со фонтана, вклопена во подоцнежниот аранжман на базиликата А, како крстилница со писцина. За време на истражувањето, во кубусот биле откриени фрагменти од четири големи мермерни столбови, девастирани при уривањето на градбата. Една од базите е најдена *in situ*, на еден од аглите на базенот, кој имал квадратна основа со отсечени агли, во кои стоеле столбови што носеле балдахин. Истражувачот М. Чанак - Медиќ, смета дека столбовите тука носеле перистил, додека писцината била отворена[170]. Од друга страна, поставеноста и организираноста на овој дел, т.е околу писцината се речиси идентични со писцините од Епископската и Северната базилика во Стоби.

Подот во просторијата бил покриен со масивни, фино мазнети мермерни плочи. Со мермерни плочи, одозгора оперважени биле обложени и околните ѕидови во надподната зона, висока 51 цм. Во просторијата воделе две врати во задниот дел. Пред нив стоел долг портик, широк 2,7 м.

---

[169] Месеснел, 1932, 202 – 212 и 1937, 69 – 84

[170] Чанак – Медиќ, 1965, 43 - 45

Во доцниот 5. век покрај крстилницата бил дограден источниот базиликален дел, а крстилницата станала нартекс, но ја задржала функцијата. Како новина од овој период, кај писцината гледаме надградба врз широкото круниште, ѕвездесто оформена и со осум тесни краци извлечени нанадвор. Меѓу нив биле оформени шест полукружни ниши и два премина кон писцината. Вакви ѕвездести круништа се чести во доцниот 5. и 6. Ввек, а познати се и кај нас: во Стоби (крстилниците на Северната, Епископската и базиликата зад вијадуктот), потоа во Баргала (Епископската базилика) и на др. места во Медитеранот[171].

На западниот дел на крстилницата/нартексот се надоврзува уште една просторија во иста оска и иста широчина, што служела како ексонартекс. Целата просторија е покриена со мозаичен тепих, кој стилски се дели во три зони: источна половина, западна половина и еден тесен меѓупојас помеѓу двете претходни зони. Подлогата под овој мозаик ја открива историјата на просторијата[172]. Прво, источната половина претставувала трем на старата крстилница, отворен кон запад и поплочен со тули, широк 2, 7 м. Потоа, подот бил насипан на повисоко ниво и покриен со мозаик. Наскоро потао, тремот бил ремоделиран во ексонартекс, два пати поширок од претходно, со мозаик и на западната страна. Појасот помеѓу нив, каде претходно стоел стилобатот на тремот, сега бил урнат и врз него бил изведен мозаик. Поради подниот насип, овој мозаичен појас силно испукал и бил репариран во повеќе наврати. [173]

На челната, западна страна на ексонартексот стоеле три врати, а пред нив се протегал долг тесен портик поплочен со тули. На јужниот крај тој скршнувал под прав агол на запад кон крстилницата на Големата базилика, додека низ широк премин на северниот крај комуницирал со с/и двор на истата, и со главната улица на север.

---

[171] Микулчиќ, 2003, 131 – 132 и 138 – 142; ibid. 1999, 312 - 315

[172] Медиќ, 1965, 35 – 38 и 67 – 73, план I

[173] Микулчиќ, 2007, 110

***Голема базилика (базилика Ц)***

Источниот дел на оваа црква бил прв пат откопан во 1936 – 38 г., а централниот дел во 1961 – 64 г. Анексите северно и јужно од базиликата се откопани подоцна во текот на конзерваторските работи, а североисточниот дел се истражува сега (сл.18).

Црквата е изградена како трикорабна базилика со нартекс, ексонартекс и со трем со колонада помеѓу неа и соседниот Епископски двор. На јужниот крај на тремот и на јужната страна на базиликата се протега долг тесен простор, издвоен со неколку одаи потпрени до градскиот ѕид, и мали отворени простори. На источниот крај на просторот, е оформен баптисмален комплекс, со катихумениум и крстилница. Крстилницата имала кружна писцина и скалила од две страни.

Источната апсида на базиликата била зајакната со контрафори. Во неа и ѕидот северно од неа биле вградени сполии од театарот.

На северозападниот агол на црквата била потпрена капела со атриум и со широка апсида, која комуницирала со нартексот. Ексонартексот завршувал на северниот крај со мал двор, од каде, низ премин во оградниот ѕид, се комуницирало со северната улица. Источно од малиот двор воделе два премина во уште една мала помошна одаја, а низ неа во долг трем со столбови, свртен кон северниот двор на црквата. Тремот бил поврзан на исток со голема квадратна одаја, што имала премин директно од северната улица, а чија намена засега е непозната. Од оваа просторија, низ скалила, се слегувало во источниот двор, што го делел црковниот комплекс од другите градби источно од него.

Вака позиционирани, просториите биле обусловени со постојниот градски обѕид и со северната улица, која од југ била високо подѕидана, поради разликите во нивелацијата. Истиот подѕид послужил како ограда, за црковниот комплекс.

На јужниот стилобат на базиликата сочувани се шест масивни мермерни постаменти, чие круниште е висински израмнето со подовите на црквата и на круништето на сите делови на двата стилобата. Според дистанцата помеѓу постаментите може да се пресмета дека на секој стилобат стоеле по единаесет столбови. Меѓутоа, за разлика од Базиликата А, каде се пронајдени фрагменти од сите столбови и капители, овде се пронајдени само неколку бази.

Единствените сочувани украси се моазичните павименти што ги покривале трите кораби, нартексот, северната капела, ѓакониконот, катехуменионот и крстилницата. Според мотивите и стилската изведба, хронолошки датираат од крајот на 5. и почетокот на 6. век, а според уметничката и техничката изведба се вреднуваат како најубав ансамбл од овој период во Р. Македонија.

Според постојните елементи, базиликата била изградена кон средината на 5. век и сукцесивно била проширувана со околните помошни простории: ѓакониконот, катехумениумот и баптистериумот на јужната страна, капелата, северниот трем и другите простории на северната страна, и ексонартексот, тремот и мартириумот на западната страна. Западниот трем со време добил покриена фонтана на север, а на западниот ѕид однадвор бил доѕидан мартириум со нартекс, кои подоцна биле вклопени во Епископскиот двор. Спомнативе доградувања и преправки биле изведени кон крајот на 5. и во текот на 6. век, а црквата служела како Епископска до доцниот 6. Век[174].

[174] Микулчиќ, 2007, 112 - 120

***Базилика вон обѕидието (Extra muros, Базилика Д)***

Овој објект лежи на источниот крај на градот, во зоната која по изградбата на рановизантискиот градски ѕид останала вон него, па затоа истражувачот Е. Манева сосема коректно ја обележува како extra muros[175]. Изградена е врз доцноантички урнатини во предградието на Хераклеја кое егзистирало од средината на 4. век а страдало во првата половина на 5. век, кога просторот опфатен со бедеми се стеснува на источната страна, оставајќи го просторот каде што е подигната базиликата надвор од градските бедеми.

Црквата претставува трокорабна базилика со полукружна апсида на исток и нартекс со странични анекси. Ѕидовите на апсидата се градени од малтер, додека другите сочувани темели се ѕидани со кал. Објектот е прилично девастиран, и некаде не се сочувани дури ни темелите на ѕидовите.

Подовите се различно решени: оној во просторот на презвитериумот во олтарниот дел има мозаичен под; олтарната апсида истотака има мозаик со претстава на евхаристија, датиран според стилските особености во 6. век. Јужниот кораб и нартексот биле поплочени со подни тули.

Во централниот источен дел на презвитериумот под платформата на чесната трпеза е откриен мермерен блок од античка сполија во кој е изделкан рамнокрак крст, т.е реликвијар со кој црквата е осветена[176].

Покрај базиликата се откриени ранохристијански гробови и подоцнежни закопи од средниот век. Најмногу погребувања имало околу апсидата, омеѓени со камени венци или покриени со тегули на две води. Скромните гробни дарови ги датираат погребувањата во доцниот 5. до крајот на 6. век; додека базиликата се датира во првата половина на 6. век. Половина од ископаните 64 гробови потекнуваат од 10. – 12. век. Неколку гробови биле откриени внатре во црквата, вкопани во подот на веќе урнатата базилика, централниот и јужниот кораб, што можеби навестува дека останатиот дел од црквата (источниот) бил користен како мала еднокорабна црква во средновековието.

---

175 Манева, 1987, 125 – 142; eadem. 1988, 175 – 186

176 eadem, 1989, 51 – 64

*Цеметаријална базилика во Суводол*

Источно од селото Суводол, во месноста Сланец, локално уште познато и под името Манастирец, во 1931 – 33 година е откриена раскошна базилика со трикорабна диспозиција[177]. Била подигната на периферијата на античката населба и зафаќала ареа од доцноантичката некропола како цеметеријален објект[178].

На исток централниот кораб завршува со длабока полукружна апсида, а на запад продолжува во нартекс и ексонартекс. Наосот е одделен од страничните кораби со четвртести пиластри масивно градени од тули што ги носеле катните емпории. По седум пиластра на масивните ѕидови се откриени *in situ*. Источните партии на ѕидовите се градени од камен и тули со хоросан малтер, додека останатиот дел е изгарден со камен и глина (сл. 19).

Од ексонартексот на црквата во нартексот се влегувало низ трибелон, а исто толку влеза воделе кон наосот и страничните кораби. Од северната и јужната страна на нартексот се оформени пастофории на кои им одговараат малку потесни одаи од обете страни на ексонартексот.

Во средината на северната пастофорија е откриена голема гробница, покриена со масивна камена плоча. Уште еден гроб е откриен во западната просторија, во нејзиниот северозападен агол, покриен со римски тегули. Во двата гроба се откриени скелетни инхумации без наоди.

Покрај северната страна на базиликата се изградени компартименти од четири одаи, кои претставуваат две надолжни сали со мал вестибул од западната страна, поплочен со камени плочи и една посебна помала просторија на крајниот североисточен агол, во чија средина е изградена конструкција на крстест реликвијар. Според значителниот број пронајдени тесери, веројатно е дека компартиментите имале мозаични подови. Во една од северните одаи, близу до холот, откриен е земјен сад со остатоци од животински коски (риби и јагне), а во крстовидниот реликвијар се пронајдени остатоци од пепел.

---

[177] Mesesnel, 1932, 202 – 212; ibidem. 1937, 69 – 96

[178] ibid. 93, 95

Она по што најмногу е позната базиликита кај Суводол, е секако ретко добро сочуваниот презвитериум. Во длабоката кружна апсида откриени се основите на канцел преградата *in situ*, заедно со конструкцијата од солеата. Бројните откриени делови од септумот, му дале можност на истражувачот да изврши реконструкција. Северната и јужната греда на канцелите не котерминираат со главната колонада. Овде, како и во епископската базилика во Стоби, помеѓу канцелот и главната колонада е оставен тесен ходник.

Презвитериумот имал раскожен мозаичен под решен со геометриски и флорални мотиви, а на источната страна завршувал полукружно со бордура формирана од интерсекциски кругови, а во источното полукружно поле судејќи по сочуваниот фрагментиран приказ на една птица, веројатно бил прикажан псалмот 41 во една од неговите варијации.

Од источниот раб на полукружниот дел на мозаикот до внатрешниот ѕид на апсидата бил сместен мермерен синтронос во средина со епископскиот трон и во продолжение од север и југ со по едно седиште за клерот[179]. Комбинацијата на програмирањето на синтроносот потестува на плановите и конструкциите на базиликите од Стоби.

Што се однесува до датирањето на базиликата, според компаративните анализи на архитектонската камена пластика, повторно најблиските аналогии ги наоѓаме во мобилијарот на Старата епископска базилика од Стоби, датирана во 4. век. И мозаичниот под во презвитериумот, со геометриските мотиви на ромбови, бордура со кругови во интерсекција, мотив на рибини крлушки и овошје, па и самиот колорит, во кој доминира како базична боја окер-жолтата, повторно се пресликуваат од големиот мозаичен под од Старата епископска базилика во Стоби.

Базиликата во Суводол претставувала еден од првите мошне добро испланирани и хармонично внатрешно уредени цеметеријални храмови, подигната во некое од предградијата на Хераклеја.

179 Mesesnel, op.cit., 88, 89

## 10. Ранохристијански градби во *Macedonia Secunda*

## СТОБИ

Интересот на научната јавност за Стоби (сл.7, 20) се појавува во четириесеттите и педесеттите години на 19. век кога се направени првите напори да се лоцира “Stobis, vetere urbe”.[180] J. G. von Hahn во 1858 и L. Heuzey во 1861 година успеваат независно еден од друг, при посетата на овој регион, да ги идентификуваат руините на локалитетот Пусто Градско со античкиот град Стоби. Така започнува историјата на истражување на овој локалитет. Периодот меѓу двете светски војни е еден од најактивните истражувачки периоди. Систематските ископувања на еминентни археолози од тогашните значајни југословенски центри започнуваат во 1924 година и траат непрекинато една деценија односно до 1934 година, по што следат и неколку помали кампањи до почетокот на Втората светска војна, т.е до 1941 година.

Во првите неколку години ископувањата се водени со учество на странски научници, под раководство на Balduin Saria. Истражувањата на градот започнале со ископување на античкиот театар (1924-28) и истовремено истражување на Епископската базилика (1925)[181]. По овој период се воделе само помали истражувачки проекти, сѐ до седумдесеттите години на 20. век, кога почнува југословенско-американскиот проект за истражување на Стоби, и трае речиси десет години. Во првата половина на осумдесеттите години на минатиот век, под раководство на академик Блага Алексова повторно е истражуван објектот на Епископската Базилика. Истражувањата на локалитетот продолжуваат периодично до крајот на 20. век, а особено се интензивирани од почетокот на 21. век.

---

[180] За историјат на истражувањата и публикациите во 1946 г. в. Ernst Kitzinger, A Survey of the Early Christian Town of Stobi, DOP 3 (1946), 83-161, особено Appendix II

[181] Нема извештаи од овие ископувања меѓутоа конечните резултати и согледувања се сумирани во статијата објавена во Годишњак музеја Јужне Србије, св. 1, 1937, 1-69

### *Северна базилика*

Северната базилика се наоѓа на најсеверниот дел од истражениот простор на античкиот локалитет (сл. 20, објект бр.1). Се наоѓа на источната страна од Via Principalis Inferior на ниво пониско за околу 2 метри од нивото на улицата, и е првата од низата базиликално структурирани објекти, по што следат Цивилната и Централната Базилика. Во научната јавност објектот е сигниран со неколку имиња: Basilica Geminata[182], црква на Св. Јован Крстител[183], црква за крштевање[184], Базилика Д[185] и Епископска базилика[186]. Во текот на истражувањата на југословенско-американскиот проект во седумдесеттите години на минатиот век објектот е именуван како Северна Базилика[187]. Истражувањата на објектот започнуваат уште во 1937 г. под раководство на Ј. Петровиќ[188] и во тоа време биле откриени атриумот, нартексот, нивните анекси, баптистериумот, ѕидовите на страничните кораби и наосот, и дел од северниот кораб и наосот. Во 1955 г. под раководство на Д. Коцо, а во соработка со Б. Алексова, К. Петров, П. Миљковиќ-Пепек и И. Јанковиќ преку сондажни истражувања е истражен наосот, страничните бродови и областа северно и јужно од црквата[189], а истовремено се конзервирани и баптистериумот и северниот дел од црквата[190]. Во текот на овие истражувања под сегашното ниво на базиликата се констатирани остатоци од постар архитектонски објект. Ревизионите истражувања и конзерваторски зафати на објектот продолжуваат и во 1959 г.[191] На базиликата повторно се навраќа Б. Алексова во 1982 година кога таа е повторно расчистена, а целокупниот архитектонско-декоративен материјал е евидентиран и документиран[192].

---

[182] Mano - Zisi, Berichte über die Ausgraben in Stobi, Berlin 1940, 593

[183] Petrović, U Stobima danas, GZM Sarajevo (1943), 490

[184] Јосифовска, Водич низ Стоби, Скопје 1953, 37

[185] Stričević, ZRVI 8 (1964), фиг.1

[186] Николајевић, ЗРВИ 9 (1966), 226

[187] Wiseman - Mano-Zissi, AJA 76 (1972), 408

[188] Petrović, U Stobima danas, GZM Sarajevo (1943), 486,490-493

[189] Koco et al., ZAM 3 (Skopje 1961), 69-72

[190] Томовски, Културно наследство 7 (Скопје 1961), 101-104

[191] ibid., 101-103

[192] Алексова, ГЗФзФ кн.15-16 (41-42), Скопје 1988-1989, 89-114

Базиликата (сл.21) има трокорабна диспозиција со издадена широка апсида на исток, нартекс со пастофории на запад на кој се надоврзува иновативно конструираниот атриум со страничните анекси. На северната страна се надоврзува тетраконхален баптистериум. Во текот на истражувањата и проучувањата евидентирани се неколку градежни фази и ремоделирања. Врз база на податоците добиени од сондажните истражувања во 1955 година Д. Коцо определува пет градежни фази[193]. Кон овие согледувања со извесни отстапки се надоврзува и C. Snively [194], а со конзерваторските зафати во 1959 година К. Томовски идентификува три градежни фази[195]. Во аналитичниот приод на градежната еволуција на објектот, Б. Алексова посочува дека црквата е подигната врз постара градба, т.е станува збор за преуредена римска палата оспособена за црква[196]. Римската палата била огромен и раскошен објект со простран атриум со базен и странични простории декорирани со мозаични подови, кој кон крајот на 4. или почетокот на 5. век н.е бил преуреден во црква, која малку подоцна добила и крстилница на северната страна. Објектот со повеќе ремоделирања живеел до 6. век[197].

Подовите на базиликата се најразлично изведени, од најлуксузно до наједноставно. Централниот кораб веројатно бил декориран со мозаичен под, јужниот бил покриен со тули поставени врз хоросан малтер, делумно сочувани на источниот и западниот крај; северниот кораб е поплочен со тули од песочник, а нартексот со градежни тули украсени со орнаменти. Јужната пастофорија е поплочена со плочи од песочник, а северната со мозаичен под. Плочи од песочник добил и атриумот додека страничните анекси биле поплочени воглавно со тули, слично како и баптистериумот, кој на одредени места бил надополнет со фрагменти од мермерни плочи[198].

---

[193] Koco et all., ЗАМ 3, 1961, 72

[194] Snively, 1979, 32-38

[195] Томовски, op.cit., 101

[196] Алексова, ГЗФзФ кн. 15-16, 1988-1989, 101

[197] ead., 1995,115

[198] Василкова-Мидоска, 2007, 31

Егзистирањето на Северната базилика и нејзиното креирање е поврзано со големите градежни активности по верскиот мир. Тенденцијата на адаптирање и преуредување на поголемите палати во сакрални објекти е евидентна не само на територијата на Стоби, туку станува збор за манир вообичаен низ целата Империја. Преуредувањето и приспособувањето на палатата се случило најверојатно непосредно по затварањето на театарот, факт сугериран од пронајдените реупотребени блокови од седишта и декоративна пластика. Некаде во почетокот на 5. век покрај северната страна е доградени четирилисниот баптистериум, кој можеби служел за покрстување во периодот додека се градела грандиозната Филипова Базилика што значи дека во еден период овој објект ја презел функцијата на Епископска Базилика[199].

## *КОМПЛЕКС ЕПИСКОПСКИ БАЗИЛИКИ*

### *Стара Епископска базилика*

Првата Епископска базилика е изградена на култно место западно од театарот, врз темелите на една постара градба. Целокупниот простор на оваа базилика е расположен под наосот и дел од јужниот брод на Филиповата базилика на длабочина од 4,50 метри т.е на исто ниво со баптистериумот. Индикациите за постоење на постара градба под нивото на базиликата на епископ Филип се појавиле уште во текот на истражувањата од 70-тите години на минатиот век, кога сондажно биле истражени некои делови од Филиповата Базилика. Со сондажните ископувања во 1974 г. бил откриен дел од јужниот периметрален ѕид со сочувана фреско декорација. Свесни дека станува збор за градежен објект, истражувачите откриениот дел го именуваат како Објект А[200].

---

199 Алексова, ГЗФзФ кн. 15-16, 1988-1989, 104-105

200 Wiseman - Mano-Zissi, Excavations at Stobi, 1973-1974, JFA 1(1974), 141-144; idem., Excavations at Stobi 1971, AJA 76, 1972, 283-290; Wiseman, Stobi in Yugoslavian Macedonia: Archaelogical Excavation and Research, JФA 5, 1977-78, 391-429; Snively, 1979, 87

Во 1978г. е откриен и дел од презвитериумот[201], а во 1979 и 1981 г. долж наосот на црквата, на длабочина од 4,50 метри е откриен дел од мозаичен под[202], кој во наредните две години достига до истражена површина од околу 100 м2.[203]

Старата Епископска базилика (сл.22) има генерално две градежни фази што јасно се рефлектираат во мозаичната декорација, во аранжманот на олтарниот простор и во ѕидното сликарство. По својата диспозиција таа претставува трикорабна базилика со издадена апсида на исток со широчина од 17,50 метри и должина, заедно со апсидалниот простор, од околу 31 м. Нивото на кое е пронајдена оваа црква е идентично со она на кое е поставен баптистериумот, што јасно говори дека крстилницата првобитно служела за литургиските потреби на оваа базилика, а подоцна била инкорпорирана во структурата на Филиповата базилика.

Базилката од првата градежна фаза го зафаќа западниот дел од целокупниот објект. Реконструкцијата на архитектонската структура на објектот е дефинирана според делови од периметралните ѕидови и дел од северниот стилобат од сполии кои припаѓаат на постари антички градби. Според досегашните истражувања може да се заклучи дека црквата имала трикорабна диспозиција. Олтарната преграда го зафаќа по целата широчина наосот, и е сочувана во негатив заради подоцнежните ремоделирања[204]. Според Б. Алексова црквата била подигната кон крајот на првата четвртина од 4. век, кога во Стоби постоела добро организирана еклезијастичка заедница со етаблирано епископско седиште во градот[205].

---

[201] Wiseman, Stobi in Yugoslavian Macedonia, 398-405

[202] Алексова, Episcopal Basilica at Stobi: Excavations and Researsh 1970-1981, JÖB 32, No.4 (1982): 482-490

[203] Eadem, Епископската базилика во Стоби во светлината на новите археолошки истражувања, МАА 6 (1980), 83-95, фиг. 4, 5; Eadem, The Old Episcopal Basilica at Stobi, AI 22-23 (1982-1983): 55-67

[204] Алексова, 1982-1983, 55

[205] Ibid., 56-57. Датирање аргументирано според стилот на мозаичниот под, ѕидната декорација и фактот што во овој објект не се употребени како сполии делови од Театарот, кој според истражувањата егзистирал до крајот на 4. век

Во одреден период, најверојатно не долго по изградбата на првичната базилика, биле превземени градежни работи за нејзино ремоделирање и проширување. Оригиналното здание, без придржувањето кон вообичаената тенденција сакралниот дел од црквата односно олтарниот простор да се остави непроменет, а ремоделирањата да се изведат на западниот дел; било продолжено на исток за околу 4 м. Можеби оваа одлука се должи на постоењето на други архитектонски структури кои се наоѓале во западниот дел на црквата. Декоративни промени претрпеле и периметралните ѕидови кои биле продолжени кон исток, а апсидалниот дел на претходната градба бил разурнат[206]. Сето ова најверојатно се случило во втората половина на 4. век, по 346. година а пред екуменскиот собор во Константинопол во 381 година[207].

***Базиликата на епископ Филип***

Објектот е ситуиран (сл. 20, објект бр.19) западно од Театарот на вештачка тераса со висина од околу 4, 50 м над нивото на Старата Епископска базилика, покрај Via Sacra, во непосредна близина на Порта Хераклеја, наспроти полукружниот плоштад. Со својата местоположба и раскош црквата доминирала во западниот дел на градот. Во научната литература е позната како базилика на епископ Филип според откриениот натпис на еден довратник од главниот влез во објектот[208]. Претставува монументална трокорабна базилика со пространа и длабока апсида на исток, нартекс и атриум на запад, компартименти од северната, и крстилницата од јужната страна (сл.14, 23).

Истражувањата на базиликата започнуваат во 1918 г. под раководство на Ф. Крихен кога делумно бил истражен источниот дел од објектот, но за жал информациите од овие првични истражувања се изгубени[209].

[206] ibid., 60

[207] ibid., 59, фн.74. Мислење што авторот го базира врз нумизматичките наоди пронајдени под подот на јужниот брод и на просторот каде црквата била продолжена, а кои вклучуваат монети од тип на Константин I, Констанс I и Константиус I.

[208] Saria, 1933, 25

[209] Snively, 91-92

Во периодот 1925-1927 година Р. Егер продолжува со истражувањата, откривајќи ја до нивото на подот и студиозно свртувајќи се кон проблемот на презвитериумот и архитектонската скулптура[210]. Во 1931 година продолжуваат работите на доистражувањето на објектот, особено на просторот на нартексот и страничните простории. Во следните години биле откриени северниот кораб и анексите северно од него и нартексот. Во текот на 50-тите години од минатиот век се изведени сондажни истражувања од страна на Археолошкиот музеј во Скопје на просторот на атриумот и апсидата. Истражувањата повторно се активирани во периодот 1970-1975 и 1977-1978 година во рамките на југословенско-американскиот истражувачки проект.

Архитектонската историја на Епископската базилика индицира постоење на повеќе реконструктивни фази на просторот на атриумот, нартексот, апсидата, помошните простории и базиликата. Сепак, наодите од наосот и страничните кораби посочуваат две главни фази и уште една, можна трета фаза која воглавно се базира на репараторски зафати[211]. Првата фаза е датирана во втората четвртина или средината на 5. век, а втората фаза во крајот на 5. и почетокот на 6. Век[212].

***Централна базилика***

Остатоците од оваа градба биле откриени во текот на истражувањата изведувани во 1930-1931 година, кога била откриена и колоната на Полихарм со натпис, што внела големи недоумици во поглед на датирањето на објектот. Во текот на истражувањата за изведување на конзервација на откриените остатоци од архитектурата, изведувани во периодот 1963-1969 година, биле откриени остатоци од постара архитектонска под темелите на базиликата, со мал хол и мала платформа, поплочен под со мозаик и фрагменти од фреско живопис[213].

---

210 Eger, 1929, 14-44

211 Snively, 1981, 163

212 Ibid., 163

213 Алексова, 1995, 116-117

По ископувањата во периодот 1970-1975 година и откривањето на графитите со претстави на менора, било јасно дека јавниот хол всушност припаѓал на една синагога, која датира од 2. или 3. век од н.е, што во раниот 4. век била наследена од објектот на втората синагога изграден над неа[214].

Ранохристијанската базилика се надоврзува во синџирот на сакрални градби на истото место, и била подигната врз синагогата II во доцниот 4. Век[215].

Централната базилика (сл. 24) по својата диспозиција не отстапува од шемата на трикорабни лонгитудинални градби. Централниот брод бил одделен од страничните со по пет колони чии бази стојат над масивните стилобати ин ситу. На западната страна се наоѓа простран нартекс и еден надворешен архитектонски комплекс кој ја вршел функцијата на атриум, со предворје и фонтана, поставен врз постари архитектонски структури. Во базиликата, која претрпела многу поправки и реновирања, се откриени остатоци од канцел преградата што ја зафаќала целата широчина на наосот, како и делови од солеата. Објектот ни одалеку не е целосно дефиниран и доистражен и покрај долгиот век на истражувања и конзерваторски зафати.

***Цеметеријана базилика***

Гробјанската базилика е лоцирана надвор од градските ѕидини на Стоби, на околу 250 м. југозападно од Порта Хераклеја. Базиликата првично била истражувана во периодот на Првата светска војна од страна на германските трупи стационирани на оваа територија[216]. Истражувачките резултати и согледувања од овој период се публикувани од страна на H. Dragendorf и неговото дело[217] е единствениот извор за овие ископувања,

214 Ibid., 117

215 За специфичните релации меѓу јудаизмот и христијанството в. supra.

216 Точните датуми на истражувањето не се познати, иако Hald во своето дело посочува на една истражена христијанска црква на западниот дел од Стоби: Dr. Hald, Auf den Trümmern Stobis, Stuttgard 1917, 24

217 H.Dragendorff, "Archäologische und kunstwiccenschaftliche Arbeit während des Weltkrieges in Mazedonien," Zeitschrift für Bildene Kunst 54 (1919): 265-267

бидејќи по капитулацијата на Германија им се губи трагата на сите фотографии, забелешки, планови, како и на поголемиот дел од пронајдените артефакти. Под раководство на B. Saria продолжуваат истражувањата на овој објект што резултираат со пронаоѓањето на засводената гробница и една веројатно рановизантиска градба[218]. Ѓ. Мано-Зиси и Ј. Петровиќ откриваат 36 гроба под подното ниво на базиликата[219].

Црквата повторно станува предмет на интерес во 1969 година кога од страна на РЗЗСК била конзервирана јужната страна од засводената гробница и на просторот во наосот бил пронајден мозаичен фрагмент[220]. Во рамките на југословенско-американскиот проект воглавно се извршени контролни сондирања на просторот северно од базиликата[221]. Црквата била повторно истражувана во текот на 80-тите години на 20. век.

Гробјанската базилика архитектонски е слична по својата форма со останатите базилики од Стоби (сл. 25). Таа поседува одредени особености, но воглавно ја следи воспоставената схема на трикорабни базилики, со нартекс на западната страна и странични анекси, наос и странични кораби, со издадена двојна апсида на исток која формира амбулакриум. На јужната страна на базиликата, до јужните анекси на нартексот е формирана крипта-мартириум која била и органски поврзана со помошните простории. Територијата на која се наоѓа црквата, во извесен период претставувала античка некропола, за што сведочат и бројните гробови откриени под нивото на објектот и наоколу. Во црквата се влегувало преку трем со колонади, поставен источно од страничните анекси. За жал, целокупната архитектура на базиликата е во мошне оскудна состојба како резултат на климатските влијанија и човечката негрижа.

Објектот се датира во средината или третата четвртина од 5. век[222].

---

[218] Saria, 1925, 298

[219] Мано-Zissi, 1940, 593; Petrović, 1943, 489-490, каде посочува различни датуми на истражување: на едно место посочува дека во 1936 г. ги истражувале гробовите и црквата (488-489), додека понатаму во текстот вели дека ископувањето и фотографирањето на гробовите се одвивало во текот на 1939 г.

[220] Snively, 1979, 182,207, фн.6 наведува дека информацијата е добиена со лична кореспонденција со Ж. Винчиќ и М. Петровски.

[221] Wiseman, Mano-Zissi, 1973, 402

[222] Snively, 1979,204

***Extra muros* базилика**

Базиликата extra muros ја надополнува низата на ранохристијански сакрални објекти во Стоби лоцирани надвор од утврдените градски ѕидини. Се наоѓа во непосредна близина на Порта Хераклеја, т.е на просторот на Западната некропола. Објектот ѝ стана достапен на научната јавност во 1992 година кога за време на големите заштитни истражувања истиот беше откриен и делумно истражен, а наредните истражувања на објектот се изведуваа во периодот 2003-2004 година, како дел од активностите на Националниот конзерваторски центар. Дел од истражувачките резултати и согледувања се публикувани во Археолошката карта на Република Македонија, а само споредно е спомената во неколку публикации[223].

Црквата е сочувана во темели и долга е околу 31 метар, а широка 16 метри (во делот на страничните кораби и наосот) и според архитектонската конструкција ја надополнува веќе познатата низа на трикорабни базилики од Стоби (сл.26). Во текот на своето постоење претрпела неколку моделирања и реконструкции кои се евидентни на дел од страничните кораби и особено на просторот на нартексот и ексонартексот. Сепак, во својата финална фаза таа ја задржала востановената трикорабна диспозиција со издадена апсида на исток, на која се надоврзувала помала апсида за која се смета дека е всушност основниот дел од синтроносот. Надворешната апсида е градена од камен и варов малтер, а внатрешната од камен и кал. Страничните бродови биле одделени од наосот со колонада и парапетни ѕитчиња од камен и кал, а на нивните периметрални ѕидови биле додадени банкини - клупи изведени од камен и кал. На западната страна од интегралното јадро на базиликата се надоврзува нартекс со пастофории, додека на југ се наоѓа крстилница со писцина (сл. 15) која комуницира со базиликата преку нартексот, односно пастофоријата. Имајќи го во предвид фактот дека дел од градбата не е целосно истражен, останува отворено прашањето за целокупниот изглед на западниот дел, сѐ до нејзиното финално доистражување.

Најверојатно на запад од нартексот постоел уште еден елемент од архитектонскиот план (атриум или ексонартекс), за што сведочат и наодите на неколку ѕидови и банкини поставени на надворешната страна на нартексот.

---

[223] Алексова, Лилчиќ, 1997, 25, Кат.бр.61

Теренот на кој е подигната црквата е на различни нивоа, па поради тоа просториите комуницирале со скалила[224].

Според зачуваната мозаична декорација, објектот се датира во периодот на средината на 5. век[225].

***Паликура базилика***

Оваа градба од базиликален тип (сл. 27) со трикорабна диспозиција се наоѓа 2км јужно од Порта Хераклеја, западно од селото Паликура по кое и е именувана. Базиликата е откриена во 1916 година и првпат објавена во делото на Халд од 1917 г.[226] Истражувањата биле интензивирани во 70-тите години на 20. век[227]. Со истражувањата од 1981/82 година биле откриени седиштата на синтроносот и аранжманот на презвитериумот[228].

Централниот кораб завршува со широка полукружна апсида, со помала апсида во внатрешноста што служела како платформа за синтроносот, чија конструкција со седиштата се издигала над неа. Од страничните бродови го делеле колонади, чии базиси се пронајдени ин ситу. Базиликата имала нартекс, ексонартекс и голем двор од источната страна, со низа одаи. На север, градбата е оградена со ѕидови.

Црквата била подигната на крајот на 4. или почетокот на 5. век, над постар простран објект - палата. Целокупната архитектонска пластика од античката градба била реупотребена во црквата, со дополнителна христијанска инсигнација. Фактот што во нартексот и покрај западниот дел на базиликата биле откриени гробови ориентирани и-з, зборува дека оваа гробјанска базилика била подигната над доцноантичка некропола за потребите на населението од непосредната близина на градот[229].

---

224 Василкова-Мидоска, 2007, 67

225 Ibid., 74

226 Hald, op.cit, 29-41

227 Wiseman, 1973, 89-91; Snively, 1979, 219-395

228 Алексова, 1983, 135-201

229 Eadem, 1995, 120-121

**БАРГАЛА**

Вториот сигурно убициран доцноантички град во Македонија Втора, лоциран кај с. Горни Козјак, Штип; исто така има долг историјат на истражувања. С. Михајлов при истражувањата на црквата Св. Ѓорѓи, Горен Козјак, укажува на постоењето на археолошки остатоци во непосредна близина на истата, изнесувајќи хипотеза дека тука би требало да се бара Епископијата на Брегалница[230]. Првите информации за постоњето на археолошки остатоци во градот Баргала ги изнесува Р. Грујиќ во своите археолошки и историски белешки[231]. И. Венедиков во статијата за Баргала, укажува на остатоци од репрезентативен архитектонски објект во месноста Ханче, во чија непосредна близина бил пронајден голем камен блок со натпис во кој се спомнува градот Баргала[232]. Врз основа на местото на пронаоѓање и датацијата во 371/372 година, тој заклучува дека градот Баргала се наоѓал по средниот тек на р. Брегалница[233].

Доцноантичкиот град и ранохристијанскиот епископски центар Баргала е откриен и убициран од Б. Алексова, со систематските археолошки истражувања на тврдината Кале кај Горен Козјак, во 1966 година[234]. Истражувањата под водство на Б. Алексова продолжуваат и во наредниот период 1967-1971 година. Тогаш во целост е откриена Епископската базилика, Малата црква, цистерната за вода, дел од Епископската резиденција и од станбениот комплекс, дел од главниот влез и од одбранбениот северен ѕид, како и дел од Extra muros базиликата, лоцирана надвор од бедемите[235]. Во периодот меѓу 1972 и 1994 г. биле вршени конзерваторски интервенции на Епископската базилика и на црквата Св. Ѓорѓи и археолошки истражувања и ископувања на средновековната словенска некропола лоцирана до црквата.

---

[230] Михајлов, 1949, 4-19

[231] Грујић, 1955, 212-215

[232] Венедиков, 1948, 84-86

[233] Ibid., 83

[234] Алексова, 1967, 5-82

[235] Алексова, 1989, 41-69

Од 1994 до 2000 година Т. Нацев и З. Белдедовски постепено откриваат делови од фортификацијата на градот, како и двете крила на Porta Principalis во Баргала[236].

Конзерваторско-археолошките истражувања продолжуваат и во периодот 2001-2005 година кога се откриени Големата бања, Малата бања, влезната партија на Епископската резиденција и станбениот комплекс, дел од улицата лоцирана меѓу северниот одбранбен ѕид и економските простории на Епископската резиденција, како и дел од источната надворешна фасада на источниот одбранбен ѕид[237].

Со најновите истражувања од 2008 и 2009 година беа откриени уште една intra muros базилика и винарска визба до Еппископиумот[238].

### *Епискоска базилика*

Епископската базилика (сл. 10, 11, 12, 28) е првиот објект откриен со археолошките истражувања започнати во 1966 година под раководство на Б. Алексова, кои со повремени прекини се изведуваат до денес. Објектот досега во неколку наврати бил презентиран во научните трудови на Б. Алексова и З. Белдедовски.

Црквата со димензии 40 м x 20 м претставува стандарден тип трикорабна базилика, со полукружна апсида на исток, нартекс и ексонартекс на запад, и баптистериум покрај северниот периметрален ѕид. Во неа се влегувало од поплочениот плоштад, преку осум високи скалила со одморалиште пред отворениот ексонартекс. Западната фасада претставува тричлена аркада - трибелон, одвоена со колони чии бази се најдени in situ и крај нив колоните со импостите[239].

---

[236] Нацев, 2006, 8

[237] Нацев, Петковски, 2001; Белдедовски, 2003, 51-66

[238] Нацев, Фрков, 2009, 157 - 172

[239] Алексова, Манго, 1971, 267-273

За ктитор на базиликата се смета епископот Хермија, чие име стои на натписот на еден од капителите, поставени на западната фасада[240].

Ексонартексот комуницирал со нартексот преку пет врати, од кои две: најсеверната и централната, подоцна биле затворени. До наосот и страничните кораби воделе три врати. Страничните кораби биле одделени од наосот со по два реда од седум колони. Интерколумните биле затворени со парапетни плочи во парови споени со по едно квадратно столпче.

Во наосот јужно од надолжната оска на црквата на црквата е откриена основа од мермерен амвон, со скали на неговата западна страна. Според основата, тој имал кружно решение.

Подовите во ексонартексот, нартексот и јужниот кораб се поплочени со големи црвеникави плочи, наосот со плочи од црвеникав и сив дацит, додека северниот кораб, резервиран за женската популација, добил мозаик од големи парчиња полихромен мермер (сл. 11).

Епископската базилика во текот на своето тривековно опстојување, во неколку наврати била обновувана и доградувана. Констатирани се три градежни фази[241].

Првата градежна фаза го претставува целиот архитектонски состав, заедно со нартексот, ексонартексот и градбата на првиот баптистериум со писцината; датирана во 4. век според архитектонските елементи и една монета на Константин I (330-335) пронајдена во писцината на баптистериумот, како и осум други монети од истиот владетел, најдени под прагот на јужниот влез во западниот ѕид на нартексот.

Во втората градежна фаза базиликата била подигната на сегашното ниво, со додавање на шест реда скали што се протегаат по целата должина на стилобатниот ѕид; источниот ѕид на стариот баптистериум бил срушен и градбата била продолжена кон исток со нова крстовидна писцина (сл. 12)[242]. Обновата и доградбата најверојатно се изведени во 5. век, кога градот и неговата околина биле демографски проширени поради опасностита од варварските напади.

---

[240] Ibid., 268

[241] Алексова, 1989, 54-57; Белдедовски, 2003, 207-222

[242] Eadem, 1989, 56

Последната градежна фаза го опфаќа проширувањето на презвитериумот кон север, југ и запад, сè до главната колонада. Во просторот на апсидата старата синтронична "П конструкција" била заменета со нова, полукружна, покрај ѕидот на апсидата[243]. Епископската базилика опстојувала до последната деценија на 6. век или првата на 7. век, кога со аварословенските напади, заедно со останатите објекти во градот била запалена и срушена[244].

### *Новата градска базилика*

Во 2008 и 2009 година, со систематските археолошки истражувања во централниот дел на градот е откриена Градската ранохристијанска базилика, сместена меѓу улицата *Via Principalis* и една споредна уличка што ја поврзува инсулата со главната улица[245].

Базиликата (сл.13, 19), со димензии 16,80 х 13, 45 м, излегува од формата на стандарден трокорабен тип, и претставува скратен тип на базиликална градба со приближно квадртана форма, т.е на базиликите со скратен наос. Поради ваквата форма, пропорцијата на објектот е приближно 1:1. Досега кај нас не се откриени базилики од ваков тип, но се среќаваат во Дољани на лок. Црквина[246], Мелник[247] (црквата Св. Никола) и во Св. Врач – Сандански (Епископската базилика)[248].

Базиликата е трокорабна, со полукружна апсида од внатрешната и надворешната страна, и нартекс на запад. Истата излегува од оската исток – запад со отклон кон југ. Во базиликата се откриени четири влеза: на запад, југ и исток. Од запад, во првата градежна фаза, таа, преку широк влез, индиректно комуницирала со главната улица. Во втората градежна фаза, кога нивото на улицата било подигнато за речиси еден метар, влезот бил затворен.

---

[243] Алексова, 1995,

[244] Ibid.

[245] Нацев, Фрков, 2009, 157 - 172

[246] Спремо – Петровиħ, 1971, 18

[247] Нешева, 2008, 144 – 199

[248] Димитрова – Милчева, 2002, 269 – 294; Петков, 2006, 240 - 250

Главниот влез бил на југ и преку три скалила (подоцна девастирани) излегувал директно на главната улица. На источната страна се констатирани два влеза: по еден во јужниот и северниот кораб.

Нартексот има неправилна трапезоидна форма, со внатрешни димензии: широчина 12,80 м и должина на јужната страна 3,20 м а на северната 2,20 м. Во него се влегувало преку главниот јужен влез а комуницирал со наосот преку широк дипилон (3.20 м), како и со страничните кораби. Врз основа на формата, припаѓа на типот едноделни нартекси што е широко распространет во базиликите во Македонија и на Балканот. Бил поплочен со сиви полигонални плочи, на основа од варов малтер. Покрај западниот ѕид, по целата должина била поставена банкина за седење, ѕидана во техника *opus incertum* од речен камен поврзан со жолта глина. На крајниот јужен дел се наоѓал влез во една квадратна просторија (2 x 2 м) што имала банкини за седење идентично изведени како во нартексот, и под од жолта набиена земја.

Наосот има речиси квадратна форма (6,20 x 5,70 м), со однос приближно 1:1. Спаѓа во типот на *скратени* наоси кој е многу редок не само во Македонија, туку и на Балканот (такви се наосите во црквите Св. Никола, Мелник; Епископската базилика – Св. Врач, Сандански[249]; Старата митрополија во Несебер, базиликата во Сливен и др.).

Од страничните кораби бил одделен со стилобатен ѕид со висина од 0,35 ми со три колони, од кој in situ е откриена една база, поставена во варов малтер во источниот дел на северниот стилобатен ѕид, како и негативите од лежиштата на базите на јужниот и северниот ѕид.

Презвитериумот од наосот бил одделен со олтарна преграда. Пред истурениот дел од септумот, во наосот бил откриен фрагмент од мозаик, со кружна форма и геометриски фигури. Останатиот дел од подот е значително девастиран и спречува негова реконструкција. Бил изведен во техника *opus sectile* со ситни тесери во различни бои, стаклена паста, а присутни се и траги од позлата[250].

---

[249] види ф.н supra

[250] Нацев, Фрков, 2009, 164

Презвитериумот има правоаглона форма со димензии: 5, 70 x 1,75 м и е за десет сантиметри повисок од наосот. При истражувањето е најдена олтарна маса со мало оштетување на еден од аглите. Под неа, во подот, откриена е ѕидана ниша (*кататезис*) во која биле сместени светите мошти. Поради оштетувањето на еден од аглите на олтарната трпеза, истражувачите сметаат дека светите мошти биле откопани од жителите на градот, пред истиот да биде целосно уништен во аваро – словенските напади[251].

Подот во презвитериумот бил поплочен со тули. Во него се влегувало и од страничните кораби со влезови поставени помеѓу првата колона и аголот на апсидата.

Во страничните кораби се влегувало од запад и од исток. До северниот имало три скалила, додека до јужниот едно. Ваквата состојба била предизвикана од големиот пад на теренот, особено забележителен во централниот дел на градот. Покрај внатрешното лице на периметралните ѕидови откриени се банкини за седење, на височина од 35 цм. На внатрешната фасада на северниот периметрален ѕид е откриена мала површина малтерисана со тенок слој на варов малтер, без присуство на боја, што упатува на тоа дека целата градба била малтерисана. Подовите во страничните кораби биле поплочени со тули, поставени врз варов малтер.

Базиликата била градена во техниката *opus incertum*, без нагласени хоризонтални редови од речен камен и мал процент приделкан камен, врзани со жолтеникава глина на периметрелните ѕидови, и варов малтер на апсидалниот и на стилобатните ѕидови.

Врз основа на неколку дополнително извршени сондажни истражувања во самиот објект, констатирани се три градежни фази[252]. Во првата градежна фаза, базиликата се наоѓала 80 цм подолу од висинската кота на подот од втората градежна фаза, и подот на северниот кораб поради конфигурацијата на теренот бил на повисоко ниво во однос на наосот и јужниот брод. Временски оваа фаза припаѓа во доцниот 4. или раниот 5. век.

---

[251] Нацев, Фрков, 2009, 165

[252] ibid., 167 – 168

Во втората градежна фаза, базиликата била подигната на сегашното ниво, т.е за 80 цм и бил затворен западниот влез во нартексот. Оваа фаза припаѓа на доцниот 5. век.

Во третата градежна фаза, кон средината на 6. век, покрај северниот периметрален ѕид била изградена пастофорија и биле поставени банкините за седење.

Во првата фаза како врзно средство била користена само жолта глина и во овој период објектот спаѓал во т.н. *псеудо базилики,* додека во втората фаза со исполнувањето на стилобатниот ѕид со кршен камен и варов малтер, како и со апсидалниот ѕид и колонадната арка, базиликата припаѓа на *источниот тип.*

Северно од базиликата е откриен архитектонски комплекс кој не е целосно истражен, но каде е можно да се очекува баптистериум по примерот на Епископската базилика во градот.

Во 8. и 9. век над урантините од базиликата бил поставен нов праоаголен објект со профан карактер и со различна ориентација[253].

***Extra muros* базилика**

Објектот (сл. 30) се наоѓа на мало зарамнето плато, во непосредна близина на главниот влез наградот, на 75 м. одалеченост од северозападниот градски бедем и на околу 100 м северно од *Порта Принципалис.* Со археолошките истражувања во 1984 година водени од Б. Алексова[254] откриен е олтарниот простор и дел од централниот кораб, а во 2003 година со истражувањата на Заводот – Музеј, Штип под раководство на З. Белдедовски, источно од олтарот е регистрирана ранохристијанска гробница градена од блокови варовник и малтер[255]. Во 2007 под водство на истиот истражувач беа изведени дополнителни сондажни ископувања.

---

[253] Нацев, Фрков, 2009, 168 – 171

[254] Алексова, 1989, 44, 257

[255] Белдедовски, 2005, 32

Можеме да констатираме дека се работи за трибродна базилика со сочуван презвитериум, нартекс на западната страна и полукружно решена апсида ентериерно и екстериерно, под изведен во техниката *opus sectile* и богата архитектонска камена пластика: менои, капители и бази од прозорски бифори, колони, капители, бази и парапетни плочи од јужниот и северниот стилобат, како и бројни фрагменти од парапетните плочи на презвитериумот. Во западниот дел на објектот, под подот на нартексот е откриена ранохристијанска некропола[256].

Објектот има две градежни фази, со две подни нивоа. Во првата гардежна фаза базиликата немала нартекс, туку некропола пред западниот влез, додека во втората градежна фаза, токму на западната страна теренот е нивелиран и е дограден нартексот.

Најверојатно црквата била во употреба до егзистирањето на градот, т.е од 4. до 6. век[257].

*ШТИПСКО*

*Ранохристијански објекти од Кале, с. Крупиште*

Крајпатниот каструм изграден во раниот 4. век пред устието на р. Злетовица во Брегалница, за контролирање на граничните премини кон Средоземна Дакија, кон крајот на истиот век се модифицирал во цивилна населба, со големина од околу 7 ha[258], што како таква продолжила да егзистира до 6. век.[259] Во градот се регистрирани две цркви и уште две крај него (под денешната црква Св. Никола и на ритчето Клетовник)[260].

---

257 Нацев, 2006, 92

258 Микулчиќ, 1999, 345

259 Ibid., 345-346; Авторот претпоставува дека станува збор за епископското седиште Запара, споменато кај Хиерокле како уште еден град од Македонија II.

260 Ibid., 345

*Крстовидна црква*

Во месноста Кале, на патот што води за Уларци во 1975 год. се констатирани остатоци од една црква, која била откриена во 1981 и 1984 год. Откриениот објект претставува црква од типот на впишан крст во правоаголен простор, со нартекс на западна страна, долга 13 м широка 9,5 м, ѕидана од делкан камен и хидростатичен малтер, со примена на opus mixtum во редови. На источната страна апсидата излегува од квадратниот простор; таа од внатре е полукружна, а однадвор полигонална. Впишаниот крст во правоаголникот го формираат четири еднакви крака на крстот со малку поиздолжен источен крак, заради проектираниот предапсидален простор. Објектот е датиран во крајот на 5. или кон почетокот на 6. век[261].

*Катедрална црква со мартириум*

Уште помаркантен објект претставува црквата откриена во 1984 година и делумно истражувана во периодот 1978 - 1989 година. Откриен е источниот дел што го сочинуваат пет масивно градени апсиди (сл. 31), во широчина од 29 м. Источните партии сугерираат дека се работи за крстовидна градба впишана во правоаголен простор.

Централната апсида и двете странични покрај неа се полукружни интериерно, а полигонални екстериерно, додека крајните се решени полукружно од обете страни. Објектот веројатно бил подигнат во 5. или 6. век, а продолжил со егзистирање и во раниот среден век[262].

[261] Алексова, 1995, 149-150

[262] Ibid., 145-148; АКРМ, 1996, 436. За последново сведочат откриените делови од мермерни колони, на кои во долната зона имаат крстови и букви од двата словенски алфабета

*ТЕТОВСКО*

***Триконхалната градба кај с. Туденце***

Локалитетот Црквиште, југоисточно од селото Туденце, Тетовско е забележан уште во Археолошката карта како "доцносредновековен црковен објект".[263] Поновите рекогносцирања се извршени од проф. д-р Виктор Лилчиќ во 2002 г., кога веќе се изнесени хипотезите дека не станува збор за средновековен, туку ранохристијански храм; за конечно преку сплет на интересни случувања објектот повторно да биде ревидиран во 2004 од стручна екипа на Музејот на Тетовскиот крај.

Станува збор за триконхална ранохристијанска црква (сл. 32) со големина 14, 15 x 9 метри, составена од два дела: западен нартекс и источен триконхос. Апсидите се плитки и втопени во правоаголна ѕидна маса. На запад, влезот бил оформен со сводесто решени пропилеи со влезна порта. Два масивни контрафори на јужната страна од нартексот упатуваат кон размислување за сводесто решение на покривот. Градбата е извонредно цврста, со масивни ѕидови широки во просек 0,85 - 1 метар; единствено правоаголното проширување на северната страна од нартексот поседува ѕид од 0, 60 м. северниот дел од источната апсида е девастиран, додека источниот дел на северната апсида од ѕидно платно во секундарен опус, можеби средновековен, укажува на подоцнежни обновувања.[264]

Откриени се и четири делови од најмалку две олтарни столпчиња со елементи на висока доцноантичка база, доцни јустинијановски детали во профилацијата на трохилот, стебло на колонета и капител од крајно рудиментиран коринтски, т.н кубичен тип[265]. Овие типолошко - стилски особености, хронолошки го врамуваат столпчето од Туденце во втората половина од 6. век н.е[266].

---

263 АКРМ, 1996, 427

264 Средновековната фаза на егзистирање ја потврдува и една целосно сочувана мешеста керамичка ваза со една рачка, откриена во југоисточниот агол на црквата со ситни скелетни остатоци од животинско потекло

265 Ваква профилација среќаваме кај доцноантичките презвитеријани столпчиња од 6. век како оние од Покрвеник, Ресенско или Суводол, Битолско

266 Лилчиќ, 2003, 75. Ја користам приликава да му изразам благодарност на проф. д-р В. Лилчиќ за отстапените материјали и срдечната соработка.

Што се однесува до датацијата на објектот, извесни сомневања постојат во поглед на секундарно вградувани делови од доцноантички покривни тегули во ѕидовите на црквата, но комбинирањето на полукружна апсида со правоаголна ѕидна маса е мошне карактеристично за 6. век[267]. Освен тоа, тестот (35,5 x 25,4 x 4 см) и типолошките карактеристики на повеќе примероци градежни тули со протогено потекло што несомнено кореспондираат со оригиналната триконхална градба, укажуваат на доцноантички формат познат кај неколку доцноантички објекти во Р. Македонија.

## *КОМПЛЕКСОТ ЦРКОВНИ ОБЈЕКТИ КАЈ ГРАДИШТЕ, с. СТЕНЧЕ*

Селото Стенче лежи во централниот дел на Полог, на работ на котлинското дно. На источната периферија од селото се наоѓа ридот Градиште (730 м.) со издолжена форма и правец на протегање Ј/З-С/И. Врвот на ридот претставува зарамнето елипсовидно плато, долго 136 м, со широчина што варира: на крајната точка на исток платото е широко 8 м, во средината 64 м, додека во западниот дел изнесува 36 м.

Со ваквата природна позиција што доминира над непосредната околина, Градиште бил важен пункт уште од раната антика (сл. 33).

Локалитетот прв пат бил истражуван во 1983 година, кога биле откриени источната кула на бедемот и олтарниот простор на црквата, како и една цистерна за вода. Со истражувањата од 2000. и 2004. година се истражени делови од западното чело на градот, одбранбениот бедем од југоисточната страна, големата ранохристијанска базилика, малата базилика и трите крстилници во нивна близина. [268]

Западното чело на тврдината има полигонална основа градена од убаво обработен камен и малтер, со претпоставена широчина на ѕидот од 1,65 м. Најверојатно тука се наоѓал централниот влез во градот.[269]

---

[267] Истата се среќава и кај ротондата во Коњух, што се датира во средината на 6. век.

[268] Цветановски, Костадиновски, 2006, 31-46

[269] Ibid, 35

Четирите простории прилепени на југоисточната страна од бедемот, со правец на протегање И-З, градени од кршен камен и кал, според истражувачите треба да се поистоветат со епископската резиденција.[270]

*Големата базилика*

Објектот има лонгитудинална еднокорабна диспозиција (сл. 34), со полукружна апсида градена од кршен камен поврзан со малтер, со дебелина на ѕидовите од 0,70 м. Внатрешниот радиус на апсидата изнесува 3, 54 м, а внатрешната широчина 2, 64 м.[271]

Одбранбениот ѕид од северната страна истовремено вршел функција и како ѕид на црквата. Јужниот ѕид на црквата бил граден од кршен камен поврзан со малтер, сочуван во должина од 6,20 м со височина од 1, 20 м и дебелина од 0, 70 м. До него, се надоврзува камена конструкција со полукружна форма, градена од кршен камен поврзан со кал со широчина од 0, 65 м, со помала апсида со радиус од 1, 25 м. Тука биле откриени три гробни конструкции од типот цисти, со оиентација И/З, девастиран остеолошки материјал и без гробни прилози. Овие очигледно подоцнежни христијански погребувања, треба да се поврзат со фазата на доградувањето на Големата базилика до овој постар ранохристијански објект со крстилница.[272]

Покрај северниот бедем, до убаво ѕидана камена конструкција од обработен камен и кал, стоеле скалилата во нартексот на објектот, со ориентација од југ кон север, изградени од камени блокови во малтерна техника во должина од 2, 50 м, со ширина од 1, 20 м. До скалите бил изграден ѕид во малтерна техника од кршен камен, идентично ѕидан како и претходниот. Подот на нартексот бил поплочен со керамични тули. Најверојатно базиликата имала и ексонартекс кој ја поврзувал со крстилницата А.[273] Во непосредна близина се откриени уште два баптистериума (сл. 33, објекти XIII и XIV) кои веројатно треба да се поврзат со постарата мала базилика.

---

[270] Ibid., 36

[271] Ibid, 40

[272] Ibid., 41

[273] Ibid, 41/43

## ПРИЛЕПСКО

### Базилика на Кале, с. Дебреште

Локалитетот Кале, с. Дебреште се наоѓа 23 км северозападно од Прилеп, на патот кон Брод, Кичево и Охрид. Овој крајпатен каструм со површина од околу 2,5 ха изграден во 4. век, бил целосно обновен во 6. век[274]. Во периодот на обновата на источниот дел на малата доцноантичка тврдина (сл.35), покрај источната порта била подигната ранохристијанска трокорабна базилика, со димензии 17 м во должина и 11 м во широчина, што ја сместува во ранохристијански градби од средна големина, со крипта и крстилница[275].

### Базилика на Вигна, с. Бонче

Во рамките на проектот "Истражување и заштита на локалитетите Висока и Старо Бонче" во текот на летото 2002 година беа изведени обемни површински археолошки рекогносцирања поврзани со територијата на Мариово.[276] Граничната линија меѓу Мариовската висорамнина и Пелагонија е всушност граничната линија на атарите на мариовското село Крушејца со пелагониското село Бонче. За старините кај Бонче веќе било пишувано. Споменати се неколку локалитети: Спаница, Старо Бонче и Црквиште.[277]

Во атарот на с. Бонче, Мариово; во месноста Старо Бонче - Вигна оддалечена околу 2 км јужно од селото (сл. 36), лежат неколку мермерни елементи од една ранохристијанска базилика:

1. Целосно сочуван мермерен столб (210 см; сл. 37, елемент бр. 12)
2. Прозорско мено (96см, сл. 37, елемент бр. 14)
3. Целосно сочуван импост за двоен прозорски столб, без орнаменти (сл. 37, елемент бр. 13)

---

274 Миклучиќ, 1999, 340

275 Лилчиќ, 2002, 938-939

276 Проект на Филозофски факултет Скопје, под раководство на проф. д-р Виктор Лилчиќ; рекогносцирањата ги изврши колегата Дејан Ќебакоски

277 АКРМ, 1996, 282

4. Фрагмент од архитравна греда со профилација на надворешната страна (сл. 37, елемент бр. 14)

5. Делумно сочуван мермерен столб во висина од 85 см (сл. 37, елемент бр. 15)[242]

Во близина на овие елементи се наоѓаат и други обработени мермерни и камени блокови, како и поголемо количество кршен камен, што најверојатно потекнуваат од истата градба. Дел од архитектонската камена пластика од локалитетот Вигна се однесени во соседното село Подмол и вградени како сполии во тамошната црква.[278] Конфигурацијата на теренот укажува на можноста дека токму тука, на ова рамно плато во подножјето на еден помал рид се наоѓала ранохристијанска базилика.[279]

***Базилики кај Градот, с. Манастир***

На утоката на Лесничка Река во Црна Река, оддалечени 4,5 км од с. Манастир, на југоисточниотисточниот крај од високиот рид со зарамнето плато наречен Градот, се наоѓаат остатоци од две ранохристијански цркви[280].

***Базилика А***

Трикорабна базилика (сл. 38), со димензии 20 х 18 м, ѕидана од приделкан камен, тули и варов малтер, од која полукружната апсидата и делови од бочните ѕидови се делумно сочувани. Тесниот нартекс има два анекси на север и југ и влез низ две врати на западната страна[281].

***Базилика Б***

Се наоѓа 55 м западно од претходната црква. Има мал нартекс на запад, еднокорабен наос со трансептален дел на исток, мали пастофории вклопени меѓу нартексот и трансептот, полукружна апсида однатре а тространа однадвор. Објектот (сл. 39) е датиран во средината на 6. век[282].

---

[277] Ќебакоски, 2008, 57

[278] Ibid, 58

[279] Ibid, 57

[280] Чаусидис, 1993, 221-226

[281] Лилчиќ, 2002, 943

[282] Ibid., 945

*НЕГОТИНСКО*

***Базилика на локалитетот Манастир, Демир Капија***

Локалитетот претставува доминантен рид сместен непосредно над стариот пат низ клисурата, пред влезот во тунелот на десниот брег на Вардар. На рамниот дел од ридот лежат остатоци од ранохристијанска црква (сл. 40) со трокорабна диспозиција и два анекса: северно и јужно од нартексот. Базиликата, датирана во средината на 5. до почетокот на 6. век; била долга 15 м, широка 12 м, а на западната страна со анексите близу 20 м[283].

***Базилика на локалитетот Црквиште, Демир Капија***

Во северозападното подножје на доминантниот карпест масив "Маркови Кули" над влезот на Вардар во клисурата Просек, на левиот брег од реката се наоѓа малото плато Црквиште[284]. Тука во текот на 1952 - 56 година била откриена една трокорабна базилика (сл. 41), со полукружна апсида од двете страни, нартекс на запад, и страничен компартимент на северната страна, во чиј централен дел била откриена голема ѕидана гробница[285]. Оваа цеметеријална базилика се датира во средината на 5. до почетокот на 6. век[286].

[283] Ibid., 921; ibid., 1989, 75-76

[284] Ibid., 2002, 921

[285] Алексова, 1995, 220

[286] Лилчиќ, 2002, 921

*КИЧЕВСКО*

***Базилка на локалитетот Градиште кај с. Миокази***

Во Кичевската Котлина градиштето кај с. Миокази претставува импозантна утврдена фортификација, што доминира над својата околина. Локалитетот е делумно истражен во текот на 1979 -81 година и неговата обнова се датира во 6. век [287]. Остатоци од трокорабна базилика биле откриени на највисокиот дел од платото (сл. 42). До нејзиниот јужен кораб бил откриен анекс изграден врз постар објект, а над неговиот ѕид со правец север-југ стоела октогонална писцина. Базиликата се датира во почетокот на 5. век[288].

*КАВАДАРЕЧКО*

***Ранохристијанска базилика на лок. Кртозов Рид, с. Дреново***

Северозападно од селото Дреново, кое се наоѓа на дваесет километри југоисточно од патот Градско - Прилеп, се простира локалитетот Кртозов Рид, забележан во Археолошката карта на Р. Македонија како “вила рустика од римско време”[289]. Од овој локалитет потекнуваат фрагменти од мермерна стела и мермерна плоча кои се вградени во селската чешма, како и 4 мермерни столпчиња[290].

Со поновите теренски рекогносцирања извршени од В. Лилчиќ и В. Ѓорѓиева во 2008 година, се добива малку подетална слика за остатоците од архитектонска камена пластика досега пронајдени на локалитетот, што сега се наоѓаат во селото: фрагмент од архитравна греда; две бази; три колони; столбец; две парапетни плочи од кои едната е целосно сочувана, а втората фрагментарно; и два камени блока, од кои едниот носи натпис на старогрчки јазик.

---

[287] Спасовска - Димитриоска, 1989, 43-49

[288] Алексова, 1995, 236-237

[289] АКРМ, 1996, 148

[290] Ibidem

На самиот локалитет се забележуваат остатоци од колони, тегули (лаконски и кружни) и подни тули. И покрај лошата теренска состојба поради агрикултурните зафати, на овој простор се назираат контури (сл. 43) на една ранохристијанска скромна градба.

Во рамките на систематските археолошки истражувања изведени во 2009 г. речиси целосно е откриена трокорабната базилика со димензии: 11,80 x 14,80 м, ориентирана и- з, со полукружна апсида втопена во правоаголна ѕидна маса формирана на источниот дел како заеднички ѕид за страничните компартименти.

Откриени се фрагменти од мозаик, фреско – декорација, како и архитектонска камена пластика, и дел од црковниот мобилијар, кој црквата ја датира во 6. век[291].

[291] Ѓорѓиева, Лилчиќ, 2009, 67 - 76. Во оваа прилика му изразувам длабока благодарност на проф. д-р Виктор Лилчиќ за отстапената фото и техничка документација.




Табела 4. Преглед на типовите ранохристијански објекти застапени на досега истражените локалитети во Македонија II




Табела 5. Однос помеѓу застапеноста на лонгитудинални и централни градби во Македонија Секунда

## 11. Ранохристијански градби во *Epirus Nova*

Првите археолошки ископувања на ранохристијанските споменици од Охридско-струшкиот регион започнале во средината на минатиот век, во организација на Археолошкиот музеј од Скопје и новооснованиот Народен музеј од Охрид, а под раководство на археолозите Димче Коцо и Васил Лахтов. Со истражувањата кои започнале од 1950 година, делумно е откриена базиликата во с. Октиси, чие постоење било евидентирано уште во 1927 год., како и базиликата кај Студентичшта, која била парцијално откриена во 1925 година. Во 1951 год. започнуваат ископувањата на трикорабната базилика во с. Радолишта –Струшко , со што се означува почетокот на систематските истражувања во овој регион, а истите се одвивале во текот на шеесетите и седумдесетите години на минатиот век и нивното последователно публикување во неколку прелиминарни извештаи и студии што се однесуваат на архитектурата и на мозаиците од откриените базилики. [292] Во 1961 година, Димче Коцо ја објавува својата *Ранохристијански базилики во областа на Охридското Езеро*, во која се сумирани резултатите од претходните истражувања на базиликите во Октиси, Радолишта и Студенчишта.[293] Во овој текст, Коцо се осврнува на архитектурата на црквите, распоредот на просториите и нивната функција во рамките на христијанските канони, а сосема накратко говори и за сочуваните мозаични подови, нивната декорација и стилските карактеристики. Со компаративна анализа на архитектонските останки и сочуваните мозаици, како и со проучување на историските извори, Коцо заклучува дека црквите се подигнати во раниот 6. век, за потребите на новата поголема акција за покрстување на паганите кои се населуваат на Балканот во првата половина на 6. век. [294]

Во шеестетите години се откриени, парцијално и комплетно, уште неколку базилики: олтарната апсида и мозаични фрагменти од ранохристијанската базилика под Климентовата црква Св. Пантелејмон на Плаошник; делумно откриената трокорабна базилика на улицата “Илинденска”;[295] и најзначајното откривање на Тетраконхосот на Плаошник, за време на археолошките ископувања од 1959 до 1964 година, раководени

[292] Коцо, 1951, 14; idem, 1957, 53-55; idem, 1967, 267 – 266
[293] Коцо, 1961, 15 - 33
[294] Ibid, 33
[295] Битракова – Грозданова, 1975, 88

од Д. Коцо, што прелиминарно се публикувани од В. Лахтов и Вера Битракова, [296] а сумирано објавени од Д. Коцо во 1968 година. [297]

Резултатите од истражувањата на сите ранохристијански споменици од Охридско – струшкиот регион откриени до 1970 година, собрани и систематизирани се презентирани во делото *Старохристијански споменици од Охридско* на Вера Битракова - Грозданова[298]. Тука авторката ги обработува политичките и црковните околности во доцноантички Лихнид, правејќи опсежна анализа на архитектурата, мозаиците и камената пластика од Тетраконхалната црква на Плаошник и базиликата кај Студенчишта, и делумно ги обработува базиликите од Октиси и Радолишта поради дотогаш недовршените истражувања. Детално анализирајќи ги архитектонските, стилските и иконографски карактеристики на објектите, В. Битракова – Грозданова доаѓа до заклучок дека охридските споменици спаѓаат во општите градежни и уметнички тенденции на еден поширок балкански културен круг и нивното создавање го сместува во текот на 5. Век, сè до првите децении на 6. век, т.е до времето на Јустинијан. [299]

Откривањето на ранохристијанските градби во Охрид и неговата околина, продолжува низ седмата и осмата деценија од минатиот век, кога се превземени зафати за целосно доистражување, конзервација и презентација на претходно откриените споменици, како што се Тетраконхалната црква на Плаошник[300], базиликата кај Студенчишта[301] и базиликата во Радолишта[302]. Во седумдестетите години, со заштитно-археолошките интервенции за време на градежната експанзија во Охрид и неговата околина, целосно се откриени уште две ранохристијански базилики, а преку сондажните ископувања се евидентирани остатоци од уште осум градби од ранохристијанскиот период. Во 1974 година, за време на заштитните археолошки ископувања поради изградбата на магистралниот пат Охрид – Кичево, во близина на средновековната пештерна црква Св. Еразмо делумно се откриени остатоците од трикорабна ранохристијанска базилика. Истражувањата продолжуваат и наредната, 1975 година, при што базиликата кај Св. Еразмо е целосно откриена. Резултатите од истражувањата

[296] Lahtov, 1962, 212; Bitrakova, 1964, 108 - 109
[297] Коцо, 1967, 234
[298] Битракова – Грозданова, 1975
[299] Ibid.
[300] Маленко, 1989, 4-5
[301] Ibid., 6
[302] Ibid., 5-6

делумно се објавени во 1978 и во 1979 година, од страна на раководителот на истражувањата, Владо Маленко, кој накратко ја презентира архитектурата на градбата и откриената камена пластика, како и мозаичната декорација[303].

Во 1978 година, со заштитните археолошки ископувања на локалитетот Дебој, кој се наоѓа на зарамнетото плато, од источниот охридски рид, е откриена уште една трикорабна ранохристијанска базилика. В. Маленко издвојува две градежни фази на објектот и ги датира кон крајот на 4. век, или почетокот на 5. век, а втората во преодот на 5. и 6. век[304].

Покрај целосно откриените базилки на локалитетите Дебој и Св. Еразмо, со сондажни археолошки истражувања, од заштитен карактер, делумно се откриени уште неколку ранохристијански градби во утврдениот дел на Лихнид. Во 1970 година, под улицата "Климентска" се откриени источните делови на три простории украсени со подни мозаици. Во неколку археолошки кампањи од 1936 до 1977 година, на просторот помеѓу улиците "Боро Шаин", "Христо Узунов" и "Илинденска" се откриени ѕидови и мозаични подови, што најверојатно припаѓаат на некоја ранохристијанска црква. Во 1980 година на локацијата *Манчевци*, до улицата "Илинденска", се откриени неколку простории кои биле украсени со ѕидни фрески и мозаици, за кои се претпоставува дека биле дел од профан објект од ранохристијанскиот период. Во непосредна близина, во 2007 година во заштитни археолошки истражувања се откриени остатоците од уште една ранохристијанска базилика, т.е делови од централниот и северниот кораб[305]. Прелиминарни согледувања со кратки описи на архитектурата и мозаиците од откриените градби дава раководителот на истражувањата, В. Маленко, во трудот *Ранохристијански објекти во Охрид и Охридско*[306]. Во истиот текст, авторот накратко ги изложува добиените сознанија од археолошките истражувања од 1951-52, 1974 и 1984-85 година, извршени во рамки на средновековната црква Св. Софија и околу неа, при што заклучува дека средновековната црква е поставена врз остатоците од постара, ранохристијанска базилика[307]. Во истиот труд се набројани и локациите на евидентирани ранохристијански градби, откриени со сондажни испитувања при градежни, комунални или конзерваторски зафати: под црквата Св. Никола Геракомија, до Св. Никола

[303] Маленко, 1976, 219 – 235; idem, 1977, 125 – 141; Malenko, 1977, 45 – 51; Маленко, 2008, 699 - 709
[304] Idem, 1989, 7-8
[305] Ibid., 8-9; за новиот објект кај Тутковски, 2014, 18
[306] Ibid., 9-10
[307] Ibid., 3, заб. 4

Челнички, западно од Св. Јован Арбанашки, под Св. Богородица Панданос и на локалитетот К'лдрма кај с. Ливада (Корошишта)[308].

В. Битракова – Грозданова во неколку свои трудови од последните две децении на минатиот век се навраќа на проучувањето на архитектурата и мозаиците од ранохристијанските објекти од охридско[309].

Со започнувањето на систематските археолошки истражувања во 1999 година на локалитетот Плаошник, продолжува откривањето на ранохристијанските објекти во Охрид. Со обемните ископувања од 2001 година , делумно се откриени остатоците од монументалната трикорабна базилика, која се наоѓа под Св. Климентовата црква. Истражувањата продолжуваат и во 2002 година, кога се откриени нартексот, баптистериумот и атриумот на базиликата. Во истражувачките кампањи од 2002 до 2011 година, делумно е откриена уште една базилика, што се наоѓа стотина метри источно од Поликонхалната црква. Откриена е само нејзината западна страна, а источниот дел продолжува надвор од локалитетот Плаошник[310]

[308] Битракова – Грозданова, 1996, 261
[309] Bitrakova – Grozdanova, 1986, 107 – 120; Ead., 1986, 121 – 134; Ead., 1994; Битракова – Грозданова, 1995, 67 – 80; Ead., 1997
[310] Тутковски, 2014, 17 – 18

Ископувањата на градбите се одвивале во еден релативно долг период од околу шеесет години, но со различен интензитет и од различни истражувачи, што резултира со различен степен на истраженост и голема разноликост во принципите на нивното ископување, документирање и публикување. За објектите на локалитетите на ул. "Илинденска", кај Св. Еразмо и Дебој имаме само куси извештаи со неколку фотографии, додека цртежи и планови воопшто не се приложени. Единствено Поликонхалната црква на Плаошник и базиликата кај Студенчишта се детално публикувани, со описи, цртежи и фотографии. Сепак, резултатите од археолошките истражувања на сите набројани локалитети не се публикувани, во смисла на презентирање и обработка на движните наоди откриени во културните слоеви над и под градбите, што или воопшто или само накусо се споменати. Кон оваа група градби откриени во 20. век се приклучуваат и новооткриените, кои се ископани во текот на првата деценија од 21. век: Јужната и Источната базилика на локалитетот Плаошник и последната базилика на локацијата Манчевци, близу до средновековната црква Св. Софија.

***Базиликата кај Св. Еразмо***

Во непосредна близина на средновековната пештерна црква Св. Еразмо, со археолошките кампањи од 1974-75 година, е откриена ранохристијанска базилика и подоцнежна некропола, која се простира врз црквата и околу неа[311]. Откриената базилика (сл. 44) има трикорабен наос, нартекс со странични анекси, баптистериум и голем атриум на западната страна. Централниот кораб завршува со полукружна олтарна апсида на исток, а од страничните е издвоен со стилобати. Презвитериумот централно има крстовидна крипта, а над неа, носена од две мермерни столпчиња, стоела чесната трпеза. Нартексот има два странични анекси северно и јужно, при што на источната страна од јужниот анекс се надоврзува крстилницата која има квадратна форма, и кружна писцина во средишниот дел, со сочувани остатоци од скалите на западната и источната страна. Источно од баптистериумот се наоѓа тесен ходник, преку кој јужниот кораб комуницирал со крстилницата. Западно од нартексот се простира атриум со неправилна квадратна форма и асиметрично поставени простории во внатрешноста. Истиот комуницира со нартексот преку два влеза, а со надворешноста преку влезот на западната страна и преку тремовите на југ и север. Во северниот дел на атриумот се формирани три правоаголни простории, кои комуницираат со дворот преку трем кој се протега преку целата должина на атриумот. На јужната половина од атриумот, стилобат има само на источната страна, додека на западната е ѕосидан, оформувајќи две простории во југозападниот агол. Северно од централниот влез се откриени две скалила и остатоци од конструкција за дрвени греди, што најверојатно укажува на катност во овој дел[312]. Во средиштето на атриумот, во техника на суво ѕидање, бил изграден бунар со кружен отвор на површината и дно од камена плоча.

Целиот објект е подигнат одеднаш, но евидентирани се неколку подоцнежни доградби, преградувања и доѕидувања. На крајниот источен дел од северниот кораб е извршено преградување, со што создала уште една просторија, 0.5 м повисоко од останатиот дел. Веројатно во истиот период датираат и интервенциите на крајните источни делови од стилобатот, прилагодувајќи го просторот за комуникација меѓу просторијата во северниот кораб, презвитериумот и јужниот кораб[313]. Просториите од

---

[311] Маленко, 1989, 7-8; idem, 1985, 288 - 290
[312] Idem, 1976, 227 – 230; idem, 1977, 127 - 133
[313] Idem, 1977, 130

северната страна на атриумот, на почетокот комуницирале меѓусебно со влезови, што подоцна биле ѕосидани, а во североисточниот агол од централната просторија бил доградена мал резервоар за вода[314]. Финалните доградби на базиликата се наоѓаат на нејзината североисточна и северозападна страна. Овие ѕидови, градени од кршен камен и кал, засега имаат нејасна функција и неопределена хронолошка детерминација[315].

При истражувањето на објектот се откриени голем број цели или фрагментирани столбови и бази, капители декорирани со крстови и флорална орнаментика, профилирани камени довратници и надвратници, како и фрагментирани парапетни плочи со релјефна декорација од геометриски и флорални мотиви. Освен тоа, пронајдени се неколку мермерни плочки со различни димензии и бои, што служеле за оплата на ѕидовите. Декорацијата на црквата била дополнета со фрески од кои се сочувани само фрагменти на северниот ѕид од северниот кораб и на западниот ѕид од нартексот[316].

Покрај камената пластика и живописот, посебно внимание било посветено и на декорирањето на подовите. Така, во крстилницата и во страничните кораби подовите биле покриени со керамички плочи, а атриумот веројатно бил целосно покриен со камени плочи. Сите останати делови на базиликата биле покриени со мозаични подови, изведени во техниките *opus sectile* и *opus tesselatum*.

Што се однесува до датацијата на базиликата, врз основа на компаративни анализи на мозаиците и архитектонската камена пластика, различни истражувачи даваат неколку мислења. А. Шоње прв ги датира мозаиците кон крајот на 4. или почетокот на 5. век[317], со што подоцна се согласува и В. Маленко[318], а Р. Коларик ги сместува во втората половина на 5. век[319]. В. Битракова – Грозданова посочува на аналогии со мотиви од мозаиците во провинциите Епир, Македонија и Беотија, и смета дека мозаиците во Св. Еразмо настанале во периодот од втората четвртина на 5. век[320]. В. Лилчиќ се обидува датацијата на базиликата да ја постави врз откриената камена пластика[321], но поради недостапноста на материјалот, своите заклучоци ги донесува врз основа на

[314] Маленко, 1976, 227
[315] Idem, 1977, 127
[316] Idem, 1976, 227, 232; idem, 1977, 130 - 133
[317] Šonje, 1981, 269
[318] Маленко, 1989, 7
[319] Kolarik, 1984, 464
[320] Битракова – Грозданова, 1995, 74
[321] Посебно посочувајќи го откриениот јонски импост капител, датиран од крајот на 5. или почетокот на 6. век

мозаичната декорација и теренската опсервација на објектот, датирајќи ја градбата во почетокот на 5. век, и повеќе репарации во наредните децении на истиот век[322]. Резултатите од археолошките ископувања на базиликата кај Св. Еразмо се само парцијално објавени и недостапни за увид, што оневозможува поконкретно и аргументирано согледување.

[322] Лилчиќ, 2002, 677 - 685

***Базиликата кај Студенчишта***

Во непосредна близина на Билјанините извори, во месноста Студенчишта, се наоѓа *extra muros* базилика, надвор од бедемите на антички Лихнид. Археолошките истражувања спроведени од 1957 до 1968 година, откриле трокорабна базилика (сл.45) со странични анекси, крстилница и простран атриум на западната страна[323]. Се наоѓа на терен со стрмна падина од исток кон запад, што довело секоја просторија, од наосот и нартексот, сè до западниот дел на атриумот, да биде на пониско ниво за 0.3 до 0.4 м. Речиси целиот објект е добро сочуван, освен олтарниот простор, што бил уништен при градење на современ водовод. Наосот се состои од три кораби, од кои средишниот е двојно поширок во однос на страничните. По должината на северниот и јужниот ѕид од централниот кораб се изградени банкини широки 0.4 м, што веројатно служеле како клупи за верниците. Подот во главниот кораб бил декориран со мозаик, од кој е сочувана подлогата од хидростатен малтер и мали фрагменти од мозаикот во источниот дел, а подовите на страничните кораби биле прекриени со керамички плочи. Нартексот има должина која соодвествува на широчината на трите кораби, и комуницирал со нив веројатно преку три влеза, од кои само оној кон северниот кораб е сочуван. Јужно од нартексот се надоврзува анекс со правоаголна форма и апсида на југ, кој источно преоѓа во баптистериум. Подовите во нартексот и јужниот анекс се прекриени со мозаици кои се одлично сочувани на целиот простор, освен помалите оштетувања во средишниот дел на нартексот[324].

Крстилницата има квадратна форма со под од керамички плочи и крстовидна писцина во средината, во која се слегувало по скалила од источната и западната страна. Внатрешноста на писцината е со овална форма, и била обложена со мермерни плочи, на основа од хидростатен малтер. Целиов јужен анекс функционирал како баптисмален комплекс, т.е со катихумениум на запад и крстилница на исток, што ги водел катихумените преку обредот на крштевање до јужниот кораб[325].

Северно од нартексот има уште еден анекс со правоаголна форма и апсида на источната страна, поплочен со дијагонално поставени плочи. При ископувањето во овој дел не биле

---

[323] Коцо, 1961, 16 – 19; Битракова – Грозданова, 1975, 68
[324] Битракова – Грозданова, 1975, 68 – 70
[325] Ibid., 70

пронајдени никакви елементи за одредување на неговата функција, но според местоположбата веројатно имал двојна функција на протезис и ѓаконикон[326].

Западно од нартексот се простира правоаголен атриум, со два двора во центарот – источен и јужен, опфатени од двете страни со тремови. Меѓу нив стои ѕид со сочувани две бази од столбови, веројатно остатоци од триумфалниот лак кој времено ги разделувал. Страничните тремови комуницирале со дворовите преку пристапи формирани меѓу пиластрите и столбовите[327]. Подоцна, источниот двор добил мал резервоар за вода, слепен до западниот ѕид, по што дворовите продолжиле да комуницираат само преку страничните тремови[328].

При ископувањата на базиликата се откриени само малку фрагменти од камена пластика, и тоа од парапетните плочи на презвитериумот. Врз основа на нивната декорација, изведена во плиток релјеф, В. Битракова – Грозданова ги датира во крајот на 5. или почетокот на 6. век[329].

Целиот објект прв пат е датиран од Д. Коцо, кој со анализа на архитектурата и стилските карактеристики на мозаиците, заклучува дека настанале во 6. век[330]. Подоцна, неколку истражувачи даваат нијансирани хронолошки рамки, првенствено преку анализа на мозаичните подови[331], но речиси сите ги сместуваат мозаиците кон крајот на 5. и почетокот на 6. век[332], а некои и малку подоцна, кон средината[333] или крајот на 6. век[334].

---

326 Битракова – Грозданова, 1975, 68 – 70
327 Ibid., 76
328 Маленко, 1989, 6
329 Битракова – Грозданова, 1975, 74
330 Коцо, 1961, 21- 25
331 Концепски и стилски, мозаичните подови од Студенчишта имаат иконографски сличности со тетраконхосите на Плаошник и Лин и со мозаиците од базиликата во Радолишта, но стилски се најблиски до оние од Лин. За ова подетално кај Битракова – Грозданова, 1995, 76 – 79; Kolarik, 1984, 472 – 47; Цветковић - Томашевић, 1978, 82, 94
332 Битракова – Грозданова, 1975, 78 – 80; eadem, 1995, 76 – 79; Kolarik, 1984, 469 – 474
333 Тутковски, 2014, 67
334 Цветковић - Томашевић, 1978, 82, 94

***Базиликата кај Дебој***

На локалитетот Дебој, кој е сместен на платото од понискиот охридски рид, при изградба на основното училиште "Св, Климент Охридски" во 1978 година, се откриени остатоци од ранохристијанска трикорабна базилика[335] (сл.46), девастирана во голем обем за време на турското владеење на овој простор, кога била позиционирана нивната војска. Југоисточниот дел од базиликата е целосно уништен, а другите ѕидови се сочувани само фрагментарно или во негатив. Според откриените остатоци од ѕидовите и подовите во северозападниот дел од наосот, нартексот, северниот кораб и северниот анекс, можна е делумна реконструкција на изгледот на основата на базиликата[336].

Утврдени се две градежни фази: во првата, црквата имала трикорабен наос, нартекс со странични анекси и атриум на запад; а втората градежна фаза се поврзува со репарација на објектот по некоја катастрофа, бидејќи базиликата добила целосно нов распоред, задржувајќи го само правецот на ѕидовите од првата фаза[337]. Во втората фаза, атриумот бил заменет со ексонартекс и нартекс со странични анекси, а на просторот од нартексот на старата црква се позиционирани западните делови од трите кораби на новата базилика. Во двете фази, црквата имала мозаични подови во корабите и нартексот, или била поплочена со керамички плочи[338].

Во поглед на датацијата на објектот, истражувачот на локалитетот В. Маленко, изнесува претпоставка дека првобитната градба на базиликата била подигната во периодот од крајот на 4. и почетокот на 5. век, а втората фаза во преодот меѓу 5. и 6. век[339]. Овие хронолошки рамки ги потврдува и компаративната анализа на мозаичната декорација од двете фази на базиликата[340].

---

[335] Маленко, 1989, 7-8. При истражувањето на овој објект и просторот околу него, се откриени повеќе гробови датирани од хеленистичкиот период па сè до раниот среден век, поместени во слоевите над и под самата базилика, но резултатите од ископувањата не се публикувани.

[336] По извршените археолошки истражувања, мозаиците се конзервирани и дислоцирани. Денес над базиликита се наоѓа игралиштето на основното училиште Св. Климент Охридски.

[337] Маленко, 1989, 7-8

[338] Ibid., 8

[339] ibidem

[340] Kolarik, 1981, 63; Цветковић - Томашевић, 1978, 80

### *Базиликата кај Манчевци*

Во стариот дел на градот, во непосредна близина на средновековната црква Св. Софија (50 м северозападно), при заштитните археолошки ископувања во 2007 година се откриени остатоци од уште една ранохристијанска базилика[341]. Локалитетот, што се наоѓа на западната страна од ул. "Илинденска", е познат уште од претходните заштитни истражувања изведени во 1980 година[342].

Остатоците од базиликата, т.е. делови од северниот и централниот кораб, биле откриени на 3 до 7 метри под нивото на современата калдрма. При истражувањето на просторот над базиликата биле откриени и неколку средновековни јами, но освен тоа, целиот објект е интактно сочуван во рушевински слој, при што не се констатирани траги од насилно уништување. По разрушувањето, црквата не била повторно обновена, што може да се заклучи од откриените градежни елементи *in situ* (тегули, столбови, капители, арки); што води до претпоставка дека црквата страдала во некој силен земјотрес.

Откриените делови од северниот и средишниот кораб укажуваат на лонгитудинална градба со правец на протегање исток –запад, но димензиите и крајните делови на објектот кон исток, запад и југ, засега се непознати. Единствено северниот ѕид е откриен во должина од 14 метри и висина од 1.5 до 2 метри. Подот на северниот кораб добил неколку ремоделации и засега можат да се издвојат три фази. Најстариот, имал подлога од хидростатен малтер, како и следниот, кој се наоѓа 0.2 м над првиот. Последниот, 0.3 м над првата фаза, северниот кораб бил поплочен со правоаголни керамички плочи поставени на варов малтер. Во самото поплочување е евидентирана барем една обнова, кога дел од плочите биле заменети со нови.

На северниот ѕид се сочувани остатоци од фрески кои продолжуваат и под нивото на поплочувањето и хронолошки се врзуваат со постарите подни нивоа на северниот кораб[343]. На сочуваните фрагменти се сочувани делови од сликаната декорација, што се состои од остатоци од столбови и постаменти поставени на златножолта позадина. Иако многу фрагментиран и малку сочуван (0.4 м во висина), живописот веројатно претставувал имитација на колонада столбови и параптени плочи, за што аналогии

[341] Истражувањата се водени од П. Кузман и В. Боцеска.
[342] Маленко, 1989, 10 – 11
[343] Тутковски, 2014, 94

наоѓаме во Стоби, кај аранжманите во страничните кораби на Старата епископска базилика[344] и во нартексот на подоцнежната базилика на епископ Филип[345].

Северниот и централниот кораб биле разделени со стилобат кој е откриен во должина од 8 метри. На западната страна *in situ* се откриени три бази од столбови, меѓусебно поврзани со аркади.

Коринтскиот капител, откриен *in situ* во централниот кораб, типолошки и стилски е сличен со дел од капителите од централниот кораб на Епископската базилика во Стоби и со капителите откриени во с. Дреново и Мотичански Дол, датирани во првата половина на 5. век[346]. Оваа хронолошка рамка можеме да ја земеме како период во кој базиликата кај Манчевци била подигната, а според неколкуте обнови на подот во северниот кораб, како и подоцна поставениот мозаик во централниот кораб, датиран во првите децении на 6. век[347], можеме да заклучиме дека црквата била во употреба подолг период, односно сè до разорниот земјотрес кој се случил во времето на Јустин I или Јустинијан I.

---

344 Kitzinger, 1946, fig.151; Алексова, 1995, сл. 9
345 Изгледот на подлогата врз која бил поставен моазикот целосно не е познат.
346 Лилчиќ, 2002, 821 – 825; Nikolajević, 1981, fig. 1, 2
347 Тутковски, 2014, 92 - 93

***Ранохристијански комплекс Плаошник***

Локалитетот Плаошник е лоциран на зарамнетото плато од повисокиот охридски рид, на потегот меѓу цитаделата на Самуловата тврдина и средновековната црква Св. Јован Богослов – Канео. Со археолошките истражувања на овој простор, започнати уште во педесетите години на минатиот век, речиси целосно е откриена Поликонхалната црква, лоцирана во северниот дел на локалитетот, и дел од олтарната апсида на Јужната базилика, позиционирана под Климентовата црква – Св. Пантелејмон. Со археолошките кампањи од 1999 и 2010 година, локалитетот е речиси целосно истражен, комплетирајќи ја археолошката слика за Поликонхаланата црква, Јужната базилика и плоштадот северно од неа, а делумно се откриени и остатоците од уште една базилика, источно од плоштадот (сл.9). Трите ранохристијански објекти имаат раскошно украсени мозаични подови, а освен нив, мозаичен под имала и просторијата со апсида, т.н анекс на Јужната базилика, како и самиот плоштад. Овие три монументални објекти концентрирани на толку мал простор, сведочат за посебното значење што овој локалитет го имал во текот на ранохристијанскиот период.

### *Јужна базилика*

Истражувањата на Климентовата црква Св. Пантелејмон покажаа дека средновековната црква е подигната врз остатоци од постар објект. Уште во 1965 година, Д. Коцо евидентирал постоење на ранохристијанска базилика, од која открил само мал дел од олтарната апсида[348]. Со опсежните археолошки истражувања во период од 1999 до 2002 година, целосно е откриена монументалната базилика (сл. 47), која првобитно била карактеризирана како петокорабна[349], а подоцна В. Битракова – Грозданова ја дефинира како трибродна. [350]

Јужната базилика има трикорабна диспозиција, нартекс со странични анекси на западната страна, атриум на северната страна и баптисмален комплекс на југозападната страна. Централниот кораб завршува со голема полукружна апсида на исток, а од страничните кораби е издвоен со стилобати, само делумно сочувани. Нартексот на црквата е троделен, поделен со пиластри кои одговараат на широчината на внатрешните кораби. Западно од централниот дел на нартексот е пронајдена поголема површина прекриена со керамички плочи, веројатно како главен влезен павимент на базиликата. Комуникацијата меѓу нартексот и наосот се одвивала преку три влеза, од кои само оној кој води кон северниот кораб е сочуван. Должината на црквата, заедно со нартексот е 47 м а широчината 28 м.

[348] Коцо, 1961, 15 -33
[349] Грозданов, Кузман, Плаошник, Возобновената црква на Св. Климент и Св. Пантелејмон, 5, 40
[350] Битракова – Грозданова, 2007, 261

Северно од нартексот се надоврзува анекс, кој преку широкиот приод на источната страна комуницира со атриумот, а преку влезот на север и со ѓакониконот[351], кој има правоаголна основа и апсида на северната страна. Ѓакониконот е издигнат над северниот анекс, па поради тоа, влезот од едниот кон другиот дел на црквата е со две скалила.

Целата површина помеѓу ѓакониконот и северниот кораб го оформува правоаголниот атриум со димензии 30 x 19 м. Конципиран како централен двор, ограден од сите страни со тремови, издвоени со стилобати, неговата поставеност овозможувала јасна комуникација со доцноантичкиот плоштад пред базиликата. На северниот дел од атриумот се надоврзуваат уште две лонгитудинални простории, меѓусебно поврзани, а на исток кон него се надоврзува уште еден трем кој комуницирал преку три посебни влезови, истовремено отварајќи се кон плоштадот.

На јужната страна од нартексот се надоврзува уште еден анекс со правоаголна форма, без видливи влезови. Источно од него, по должината на целиот јужен ѕид на базиликата, се протега еден коридор со широчина од 4 м кој води до баптистериумот подигнат на југоисточната страна од црквата. Во централниот дел, коридорот се отвара кон јужниот кораб, а на исток комуницира со предворјето на крстилницата, кое служело како дел од баптисмалниот комплекс, веројатно како катехумениум или консигнаториум[352].

Од архитектонската камена пластика во базиликата се откриени неколку in situ бази од стилобатите во наосот и поголем дел од базите за столбови во атриумот на црквата. Освен тоа, во атриумот се пронајдени и неколку мермерни столбови и повеќе капители, целосно или делумно сочувани[353].

Голем дел од просториите на оваа базилика и нејзините помошни простории биле покриени со мозаични подови. Фрагменти од мозаици изведени во *opus tesellatum* се евидентирани во централниот кораб на црквата и во југозападниот дел на атриумот. Релативно добро се сочувани и мозаичните подови во северниот дел на нартексот, неговиот северен анекс, ѓакониконот и баптистериумот. Северниот кораб на црквата бил целосно покриен со мозаици, кои се само фрагментарно сочувани во источниот и средишниот дел, а поголем дел е сочуван во западниот дел од коработ. Покрај

[351] Битракова – Грозданова, 2007, 266 – 267, наведува две можни функции: ѓаконикон или каехумениум, но според големата одалеченост од крстилницата, поверојатно е дека била ѓаконикон.
[352] Лилчиќ, 2003, 72 - 86
[353] Тутковски, 2014, 100

наведените мозаици, во просториите од северната и јужната страна на дворот од атриумот се откриени и делови поплочени со мали квадратни керамички плочки, во *opus figlinum*.

Во поглед на датирањето на црквата, првенствено врз основа на компаративна анализа на стилските особености и на карактеристичните декоративни аранжмани и ликовни мотиви од мозаиците, аналогиите со повеќе споменици кои датираат од крајот на 4. и првата половина на 5. век : првата фаза на базиликата кај Дебој[354], првата фаза од јужниот кораб на епископската базилика во Стоби[355], базиликата кај Св. Еразмо[356], мозаиците од базиликите во Епидаврос и Аркитса[357], и мозаиците од базиликите во Верона, Виченца и Конкордија[358]; ги датираат мозаиците од Јужната базилика во овој период. Од друга страна, и археолошките наоди од околните градби кои функционирале истовремено со базиликата, одат во прилог на ова тврдење. Северозападно од апсидата на ѓакониконот, се откриени остатоци од градба и улица кои функционирале континуирано од 4. до 6. век. Улицата, која води до плоштадот, имала седум обнови, од кои најстарата, што одговара со првото подно ниво на градбата, датира од првите децении на 4. век, потврдено и со нумизматички материјал. Во внатрешноста на објектот се откриени три подни нивоа, т.е три фази на обнова, од кои во затворената целина помеѓу двете последни обнови со керамички плочи е откриена остава од 1060 монети, што датираат од втората половина на 4. век[359].

Градбата, била во служба на базиликата, на што упатува нејзината местоположба и нагласениот христијански карактер, кој се огледува во подната декорација од првата фаза (керамички плочи со ставро-декорација). Ова сугерира дека во периодот од втората половина на 4. век, Јужната базилика веќе била изградена и во употреба. Времето во кое се случила конечната деструкција и напуштањето на оваа градба го одредуваат наодите и нумизматичкиот материјал кој датира од времето на Јустинијан I[360].

[354] Види supra
[355] Kolarik, 1981, 63; eadem, 1987, 297
[356] Šonje, 1981, 269; Kolarik, 1984, 464; Битракова – Грозданова, 1995, 74
[357] Kitzinger, 1946, 125 – 126; Spiro, 1978, 105 – 117, fig. 112; 260 – 264, fig. 311 - 312
[358] Calliet, 1993, 71 – 85, fig. 61; 85 – 96, fig. 69; 113 – 123, fig. 92
[359] Тутковски, 2014, 128
[360] Ibid, 129

Северно од ѓакониконот на базиликата, се простира уште еден поголем објект, кој функционирал истовремено со плоштадот и Јужната базилика. Во неговите урнатини, пронајдени се повеќе монети, сите датирани од времето на Јустинијан I[361].

Тоа е периодот кога базиликата престанала да функционира, како и останатите градби на локалитетот Плаошник, можеби токму погодени од земјотресот кој го споменува Прокопиј од Кесареја, во кој страдал Лихнид од Епир[362].

### *Источна базилика*

Со археолошките истражувања во 2007 и 2008, на североисточниот крај од оградениот дел на локалитетот Плаошник се откриени остатоци од градба со простории прекриени со керамичкки плочи и мозаици[363]. Отворени се делумно само западните делови на објектот, кој продолжува кон исток, под оградата и современиот пат. Според ориентацијата и распоредот на просториите на градбата, станува збор за уште една ранохристијанска базилика, од која се откриени делови од нартексот и егзонартексот. Јужно од овие простории е откриена уште една просторија со апсида на југ, која веројатно е анекс на нартексот на базиликата[364].

Ексонартексот има под од керамички плочи со правоаголна форма. Во текот на истражувањата, врз подот било откриено едно мермерно прозорско мено и повеќе фрагменти од прозорски стакла, како и ситни фрагменти од фрески. Фрагменти од стакло и фрески се пронајдени и врз мозаичниот под во нартексот на базиликата, а на западниот ѕид од нартексот *in situ* се пронајдени фрагменти од ѕидно сликарство.

Токму мозаиците од Источната базилика и специфичниот мотив на т.н "коцки во перспектива" се појдовниот репер за датирање на објектот. Имено, овој геометриски мотив е широко распространет на подните мозаици во профаните градби

---

[361] Тутковски, 2014, 130
[362] Баришиќ, 2007, 53
[363] Тутковски, 2014, 140 - 146
[364] Истражувањата на овој објект не се завршени, а поголемиот дел од градбата е покриен со современиот пат

од крајот на третиот и во текот на четвртиот век, а единствената изведба во сак објект од овие простори, е онаа од втората фаза на старата епископска базилика во Стоби, датирана во средината на 4. век.[365] Поаѓајќи од фактот дека мотивот "коцки во перспектива" речиси воопшто не се појавува во подоцнежните мозаици од ранохристијанските градби, може да се претпостави дека мозаикот од Источната базилика бил поставен до средината на 4. век. Исто така, при датирањето на објектот, мора да се земе во предвид и стратиграфската поставеност на градбата, која е на значително పониско ниво од доцноантичкиот плоштад, кој е истовремено подигнат со Јужната базилика, веќе во втората половина на 4. век.

Овие показатели наведуваат на претпоставка дека Источната базилика веројатно е најстарата катедрална црква на епископатот Лихнид, кој уште во 343 година на соборот во Сердика бил претставуван од епископот лихнидски Зосим (или Дионисиј) како веќе утврдено црковно седиште.

## *Поликонхална црква*

Првата ранохристијанска градба откриена на локалитетот Плаошник е Поликонхалната црква, која се наоѓа околу стотина метри северозападно од Јужната базилика. Истражувањата се извршени во периодот од 1959 до 1964 год.[366], а во периодот од 1969 до 1971 год. објектот бил доистражен, по што бил конзервиран и презентиран[367]. Во 1978 год. се истражувал просторот североисточно од црквата, при што бил пронајден уште еден анекс прекриен со мозаичен под[368].

Архитектонски црквата (сл. 48) има тетраконхален наос со полукружни коридори од северната, јужната и западната страна, нартекс и атриум, два странични анекси на северозападната и еден на североисточната страна, како и баптисмален комплекс на јужната страна[369]. Должината на црквата (од апсидата до нартексот) изнесува 30 м а широчината (помеѓу северната и јужната конха) 26 м. Централниот кораб

[365] Aleksova, 1982-83, 57
[366] Lahtov, 1962, 212; Bitrakova 1964, 108 – 109; Битракова – Грозданова, 1975, 22
[367] Маленко, 1989, 4-5
[368] Истражувањата во 1978 г. биле под водство на Маленко. Новооткриениот мозаик не бил публикуван до 2007 г., кога истиот беше повторно отворен и конзервиран
[369] Битракова – Грозданова, 1975, 22

има апсидални проширувања на сите четири страни, а на исток завршува со полукружна олтарна апсида која е зајакната со три контрафори од надворешната страна, додека апсидите на јужната, северната и западната страна се оформени само со столпци. Околу централниот простор на наосот, од сите страни освен на исток, се оформени полукружни коридори, затворени со ѕидови. Надворешните апсидални ѕидови имаат по два пиластри од внатрешната страна, што со помош на арки биле поврзани со столпците од внатрешните конхи. Надворешниот ѕид од западната апсида делумно се претопува во источниот ѕид од нартексот, а северно и јужно се спојува со ѕидовите од страничните кораби.

Олтарната апсида е затворена со презвитериум, од кој се сочувани базите од парапетните плочи на северната страна и делови од подот кој бил на 10 см повисоко ниво од подот во наосот. Во средишниот дел на презвитериумот е откриена крипта со квадратна основа, градена од тули и малтер. На дното на источниот ѕид на криптата има мала четириаголна комора обложена со мермерни плочи, каде веројатно стоел реликвијар[370]. Источно од криптата има мала внатрешна апсида ѕидана од тули и малтер, а пред неа стои мало столпче[371].

Централниот дел на црквата комуницира со нартексот преку три влеза, од кои двата водат во страничните кораби, а едниот во западната конха. Нартексот има правоаголна форма (18 x 3 м), а западно од него се наоѓа атриумот, со кој комуницира преку еден централен влез. Атриумот има неправилна четириаголна форма, со тремови од сите страни, освен од источната. Подовите во тремовите биле прекриени со керамички плочки, а централниот, отворен дел, бил поплочен со крупни варовнички камења[372]. На северната страна од атриумот и нартексот има два анекса, поделени со прграден ѕид. Во западниот анекс, кој има правоаголна форма со димензии 5 x 4,6 м, се влегувало само од атриумот, а во источниот анекс комуникацијата се одвивала само преку влезот во нартексот. Источниот анекс има правоаголна форма со полукружна апсида на источната страна и димензии 7,5 x 5 м, и можно е да имал функција на ѓаконикон или протезис[373].

[370] Битракова – Грозданова, 1975, 34
[371] Внатрешната апсида била откриена во 1969 – 1971 г. види кај Маленко, 1989, 5. Сл.5
[372] Битракова – Грозданова, 1975, 24 – 25; Маленко, 1989, 5
[373] Битракова – Грозданова, 1975, 26-28

Од јужната страна на нартекост се наоѓа уште еден анекс со правоаголна форма и полукружна апсида на југ, но при археолошките истражувања не се пронајдени никакви елементи кои би помогнале во одредувањето на функцијата на оваа просторија. Сепак, според местоположбата и димензиите (11,5 х 6,9 м) веројатно служела како катехумениум, и комуницирала преку два влеза со нартексот и баптистериумот на исток.[374]

Крстилницата има форма на триконхос со помали димензии: 5,6 х 5,3 м. Во нејзината средина се наоѓа писцина со крстовидна форма и скалила на источниот и западниот дел, кои водат до дното на писцината. Според архитектонската концепција на просторијата, јасно е дека катехумените влегувале во баптистериумот од западната страна, а излегувале покрстени од приодот кај северната конха[375].

На североисточната страна од црквата се откриени остатоците од уште еден анекс со правоаголна форма и апсида на исток (9 х 5 м), кој бил конструктивно поврзан со комплексот простории откриени западно од него, а со црквата комуницирал преку влезот поставен на источната страна од јужната конха[376].

Евидентно е дека црквата била реконструирана неколку пати, а се забележуваат и две градежни фази. Од првата фаза се откриени остатоци од подот во наосот и јужниот коридор на црквата. Подот бил изведен од хидростатен малтер и се наоѓа на 8 см (јужен коридор), т.е 20 см (наос) под нивото на последниот под, кој е прекриен со мозаик. Во оваа фаза функционирале двата влеза во црквата – едниот на источната страна од северната конха и другиот на западната страна од јужната конха. Подоцна, влезот во северната конха бил затворен и ремоделиран, по што добил функција на прозорец, додека влезот во јужната конха престанал да функционира по изградбата на баптистериумот[377].

Во текот на археолошките ископувања биле пронајдени неколку тули со релјефно изведен план на основата на една тетраконхална градба, која има нартекс на западната и преграден ѕид на северната страна. В. Битракова – Грозданова го смета овој цртеж за приказ на првобитната градба, и заклучува дека таа се состоела само од

[374] Битракова – Грозданова, 1975, 30 - 34
[375] Ibid, 28 - 30
[376] Архитектонските остатоци од овој анекс се сочувани фрагментирано или во негатив, под нивото на мозаичниот под.
[377] Битракова – Грзоданова, 1975, 36

централното јадро, без амбулаториумот, кој бил подоцна додаден. Кон ова тврдење, т го додава и фактот дека бил откриен фасаден малтер на надворешната страна од темелниот ѕид на јужната екседра[378].

Поликонхалната црква од Охрид им припаѓа на градбите од типот на двојна школка, со наос дефиниран со колонади, обиколен со абулаториум. Овој тип на градби е познат уште од 4. век, но во црковната архитектура на Балканот станува особено популарен кон крајот на 5. и почетокот на 6. век[379], а во истиот период, повеќе цркви од овој тип се подигнати во главните градови на источните провинции[380]. Тетраконхосот од Лихнид има речиси идентичен архитектонски план со Црвената црква од с. Перуштица, со црквата од Адрианополис и со црквата – мартириум од Ресафа, сите подигнати во почетокот на 6. век[381]. Од друга страна, при истражувањето на објектот биле пронајдени само два фрагмента камена пластика: делови од мермерни капители со акантусови лисја и траги од позлата, коишто според компаративната анализа на В. Битракова – Грозданова се датирани во средината или втората половина на 5. век[382]. Оскудноста на архитектонска камена пластика, сепак остава простор за подоцнежно датирање на црквата, со оглед на тоа дека можно е пронајдените делови да биле секундарно употребени. Подоцнежното датирање на Поликонхалната црква, го потврдува и компаративната анализа на раскошниот мозаичен аранжман, кој најверојатно бил дело на едно мозаичарско ателје, кое работело во Охрид, а веднаш потоа и во тукушто урбано расцутениот Билис[383].

KOKOC
Хиа

[378] Ibid, 36- 38
[379] Krautheimer, 1965, 98
[380] Mundel Mango, 2000, 958 - 961
[381] Krautheimer, 1965, 98, 105 – 106; Битракова – Грозданова, 1975, 38, сл. 11b, 11c, 11d.
[382] Ibid, 40 - 42
[383] Тутковски, 2014, 181 - 183

***Базиликата на ул. "Илинденска"***

Во 1960 година, со сондажните археолошки истражувања раководени од В. Лахтов, биле откриени остатоци од уште една ранохристијанска базилика, која се наоѓа на источната страна од улицата *Илинденска*, во непосредна близина на античкиот театар[384]. Со ископувањата делумно се откриени нартексот и западните делови на трите кораби, при што централниот кораб и нартексот имале мозаични подови. Подот во нартексот првобитно бил прекриен со керамички плочи, а подоцна, го добил својот конечен изглед.

Поради нецелосната истраженост, базиликата може да се датира само врз основа на стилските карактеристики на мозаиците, а нивната компаративна анализа ги сместува во доминантно геометриската мозаична продукција на Медитеранот од крајот на 4. и почетокот на 5. век, но посебно се видливи сличностите со аранжманот и стилско – ликовните одлики од ѓакониконот на Јужната базилика на Плаошник. Според тоа, базиликата на улица *Илинденска* може да се датира кон крајот на 4. или почетокот на 5. Век[385].

***Базиликата кај Радолишта***

Базиликата кај Радолишта целосно е откриена во 1976 год. а конзерваторско – презентативните работи се завршени во 1980 год.[386]

Овој објект (сл. 49,50) претставува трокорабна базилика со мал трем на западната страна (само на просторот на ексонартексот), ексонартекс со два странични анекса на север и југ, нартекс со странични пастофории (ѓаконикон на север и катехумениум на југ), наос составен од три кораби и баптистериум на јужната страна.

---

[384] Битракова – Грзоданова, 1975, 88

[385] Тутковски, 2014, 198

[386] Маленко, 1989, 5

Подовите во нартексот и централниот кораб бил покриени со мозаик, а во останатиот дел со тули во различни димензии. Иако градбата била изложен на перманентно оштетување од подоцнежната средновековна некропола над него ( 7. – 14. век), за среќа, сочувани се доволно елементи за согледување на градежните одлики, во кои се издвојуваат три градежни фази.

Во првата фаза базиликата ги поседува сите горенаведени делови, освен крстилницата, и постојат два влеза сместени во јужниот ѕид од јужниот кораб.

Во втората фаза, била доградена крстилницата во чија средина е изѕидана крстообразна писцина со овален внатрешен дел и скалила на запад и исток. Крстилницата е оформена само со два ѕида кои се присоединиле до источниот ѕид од катехумениумот (на кој биле отворени отвори) и до ѕидот од јужниот кораб. Во оваа прилика за потребите на службата, биле отворени влезови на ѕидот од јужниот кораб. Необичност претставува влезот од јужната страна во крстилницата.

Во оваа втора фаза спаѓа и затварањето на влезовите во ѕидот на јужниот кораб, како и покривањето на нартексот и централниот кораб со мозаик.

На третата фаза ѝ припаѓаат преградувањата меѓу столбовите од колонадите во наосот до непозната висина и затвореноста на двата странични влеза од колонадите на ексонартексот, како и неговиот влез во северниот анекс изведени со речни камења и фрагменти градежна керамика сврзани со кал.

На крајниот северен дел од ексонартексот е откриен вкопан гроб, во кој е пронајдена камена плоча со натпис посветен на презвитерот Георгиј.

Што се однесува до камената пластика, таа е слабо застапена. Откриени се само неколку фрагменти од презвитериумот и тоа столпчиња, капители и парапетни плочи[387]

---

[387] Маленко, 1989, 5-6

***Базиликата во Октиси***

Првото сигнирање на постоење на ранохристијанска базилика во село Октиси (15 км северно од Струга) било изведено во 1927 г. од Н. Вулиќ. Од тие ископувања, повеќе инцидентни отколку систематски, постои само кратка белешка во Споменик 71. Авторот, покрај описот на мозаичната декорација на крстилницата, објавува и кроки – цртеж на крстообразната писцина, без димензии, и без други подетални податоци[388].

Нови истражувања во просторот на нартексот и наосот се водени во 1957/58 година, кога е констатирано дека нартексот е покриен со мозаична декорација. И од овие зафати е објавен кроки-цртеж на мозаикот во нартекост[389].

Систематските истражувања на објектот се почнати во 1986 година и водени од В. Битракова - Грозданова[390].

Над базиликата е подигната црквата Св. Никола во почетокот на 20. век, уништувајќи при тоа поголем дел од ранохристијанскиот објект (сл. 51).

Станува збор за трокорабна базилика, со нартекс и бочни анекси северно и јужно од него. Пред просторот на нартексот секако постои или атриум или ексонартекс сугерираан од продолжените периметрални ѕидови кон западната страна на анексите. Градежниот опус на досега откриените остатоци од ѕидови е од необработен речен камен, мазнет и поврзан со малтер. Црквата е градена одеднаш, без доградби и повеќе фази. Таа е една од најскромните градби во регионот во поглед на едноставноста на конципирањето на помошните простории и тоа комплексот за крштевање и бочните анекси.

Ширината на наосот (16,18 м) е поголема од должината (13,70 м), што не е вообичаена пропорција. Исто така и односот на ширината на централниот брод (9 м) со должината (13,7 м) отстапува од размерот 1:3. Единствено, односот на ширините на бочните бродови (3,30 м) со централниот (9 м) се приближува кон соодносот 1:2, под претпоставка дека имало и банкини во наосот како во базиликата во Студенчишта.

[388] Вулиħ, Споменици наше земље, Струга – Октиси, *Споменик 71*, Београд 1948, бр. 589
[389] Коцо, 1961, 21
[390] Битракова – Грозданова, 1989, 23 - 25

Базиликата во Октиси и концепциски е многу блиска со онаа во Студенчишта, што исто така има нагласен краток централен кораб.

Северно од нартексот е откриен еден анекс (3,80 x 3,70 м) со единствен влез на јужната страна, кој веројатно служел како ѓаконикон. Подот е покриен со мозаик до геометриска декорација. Во југозападниот дел, под нивото на мозаик, е пронјадена монета од преминот од 4. во 5. век (Аркадиј, Хонориј или Теодосиј II?) што ни дава податоци за времето на градење на базиликата.

Во ископувањето на северниот анекс, на 40 м над подот е рушевинскиот слој од градежен материјал од ѕидовите и од покривната конструкција (тегули, имбрекси и гареж), што укажува на тоа дека овој дел од базиликата страдал во пожар.[391]

Што се однесува до датацијата, Д. Коцо го предлага преминот од 5. во 6. век[392], а со таа датација се согласува и В. Битракова - Грозданова[393] во недостаток на поконкретни податоци и наоди од архитектонска камена пластика. Единствено е сигурно дека базиликата припаѓа на предјустинијанскиот период, имајќи го предвид распоредот на помошните простории, т.е северно и јужно од нартексот, каде биле поставувани сè до воведувањето на "Големиот вход" во литургијата.[394]

[391] Битракова – Грозданова, 1989, 24
[392] Коцо, 1961, 21, 22
[393] Битракова – Грозданова, 1989, 25
[394] Стричевић, Ђаконикон и протезис у ранохришћанским црквама, Страинар IV – V, 1958/59, 59-65 и Babić, 1969




Таб. 6 Преглед на типовите и видовите ранохристијански објекти во Нов Епир

## 12. Ранохристијански градби во *Dardania*

СКУПИ

Римскиот град Скупи се наоѓа на денешната западна периферија на современо Скопје, на левиот брег на Вардар, крај населбата Злокуќани (сл.8, 52). Археолошките истражувања потврдија дека римско Скупи било изградено на јужната и западната падина, а со најголемиот дел во подножјето и рамнината под брегот Зајчев Рид, на чијшто врв се наоѓала античка акропола. Градот се наоѓал на една од важните римски комуникации што го поврзувале Егејот со Подунавјето и со Средна Европа, а во помала мера и Тракија со Јадранот.

На светската карта на Касториус, според која подоцна е исцртана *Tabula Peutingeriana,* Скупи е означено со вињета, што означува главен град на провинција. По основањето на провинцијата Дарданија, Скупи станува главен административен, верски, економски и културен центар за целата област, станувајќи најзначаен римски провинциски центар во областа на Среден и Источен Балкан, а по Миланскиот едикт, станува и епископско седиште. Градот сигурно бил епископско седиште за време на Соборот во Сердика (343 г.), а можеби и за време на Првиот Вселенски собор во Никеја (325 г.). Како митрополија, Скупи се споменува во 458, и посебно во 494 година, за време на епископот Јован. Во тој период започнува и градењето на христијанската базилика под театарот, која изгледа не била довршена. Градот дефинитивно бил разурнат во земјотресот од 518 година, за што ни кажува Маркелиниј Комес, кој наведува дека жителите побегнале пред да навлезат варварите во разурнатиот град. По ова, Скупи престанува да дејствува како административен и верски центар.

Уште во периодот меѓу двете светски војни на подрачјето на античко Скупи се преземени ископувања на одделни објекти. Р. Грујиќ во 1925 година открил една ранохристијанска базилика што се наоѓала на западната периферија на античкиот град, во подножјето на село Бардовци[395]. Исто така , тој работел и на една вила со термален дел, надвор од ареалот на градското подрачје, подоцна објавена од Ќ. Трухелка, како римски терми[396]. На овие објекти не се преземани никакви конзерваторски и заштитни мерки, па така денес не можат да се идентификуваат на теренот. Дадени се само оскудни податоци, не е оставена никаква документација ниту пак се знае нешто за движните наоди.

[395] Грујић, 1935, 5 - 64
[396] Трухелка, 1929, 71 -86

Независно од ископувањата, повеќемина научници покажале интерес за Скупи. Покрај А. Еванс, кој уште кон крајот на 19. век прв изнел значајни податоци за топографијата на градот[397], треба да се споменат и Н. Вулиќ, кој го открил римскиот театар, но собрал и објавил и поголем број натписи од територијата на Скупи[398], Б. Јосифовска, која натписите ги обработила грижливо и темелно[399], И. Микулчиќ, кој покрај истражувањата на источната некропола на градот, собрал и објавил низа податоци што се однесуваат на топографијата на Скупи[400].

Уште во 1957 година , во источниот дел на градската територија се изведувани заштитни археолошки истражувања, каде се констатирани урнати делови од неколку објекти и делови од нивни простории, како и фрагменти од керамика. Во една од просториите е откриен дел од оштетен поден мозаик, како и фрагменти од ѕидно фреско – сликарство. Работите ги воделе В. Соколовска и Т. Шуковиќ[401].

Ископувањата на театарот се одново вршени во 1959, 1960, и 1961 година под раководство на Д. Рендиќ – Миочевиќ. Резултатите од овие ископувања се објавени дури во 1981[402]. По пауза од неколку години, во 1966 година, под водство на М. Гарашанин, Музејот на град Скопје почнува систематски и плански археолошки истражувања, за дефинирање на границите на градот, како и на неговите некрополи кои со повремени прекини траат и до денес. Во 1969 г. е извршено заштитно ископување крај ул. Партизанска.[403] Во 1970 и 1971 г. И. Микулчиќ врши систематски истражувања на источната некропола на Скупи и го открива источниот градски бедем[404]. Во 1973 е изведено уште едно заштитно ископување под водство на Д. Корачевиќ[405]. Работите на западната некропола ги водела Л. Јованова[406], како и поновите истражувања на источната некропола.

И покрај периодот од над 30 години – откога со прекини се изведуваат истражувања на градот, обемот на истражениот простор е скромен. Причината за ваквата состојба е

[397] A. Evans, Antiquarian Researches in Hiliricum III – IV, Trehology vol. 49/1
[398] Вулиħ, Споменик, САНУ, Београд, LXXI, 1931; LXXV, 1933; XCVIII, 1941 – 1948
[399] Josifovska, JMS VI, 1982
[400] Mikulčić, Teritorija Scupa, Ž. A. XXI – 1971, 436 – 468; idem., Местоположбата на античко Скопје, Историја IX, 1973, 262 – 267; idem, From the topography of Scupi, *Arheologia Jugoslavica* XIV MEMS XIII, 28 - 31
[401] Соколовска, Шуковиќ, Наоди од Скупи, *Зборник на Археолошкиот Музеј*, 1961, 27 и натаму
[402] Rendić - Miočević, Istraživanja rimskog teatra, Novi Sad, 1981, 45 - 50
[403] Спасовска Димитриоска, Заштитни ископувања на ул. Партизанска, *Maced. Acta Archeol.* Бр. 12, 221 - 232
[404] Mikulčić, Scupi, Istočna nekropola I gradski bedem, *Ar. Pr.* 13, 1973, 43 - 45
[405] Koračević, Severna I istočna nekropola, *Ar. Pr.* 13, 1973, 75 - 76
[406] Јованова, Скупи, западна некропола, *Maced. Acta Archeol.* бр.13, 191 - 199

скромната финансиска поддршка, но и нерешените имотно – правни односи на локалитетот. Од 2000 г. повторно со прекини се извршени поинтензивни археолошки истражувања и на градските некрополи, и во централниот дел, каде е во 2008 г. е откриена уште една ранохристијанска базилика, под раководство на М. Random Ончевска – Тодоровска; а во 2014 г. започна и масовната археолошка кампања за систематско истражување и реконструкција на театарот, под водство на А. Јакимовски.

* * *

Истражените објекти од доцноантичкиот период го одразуваат изразениот пад на економската моќ на градот, што аналогно се одразило врз квалитетот на архитектурата и врз движниот материјал. Објектите се градени претежно во немарна техника, со полош квалитет и без доволно внимание, што сведочи за немирното време во кое требало да бидат завршени. Големите немири предизвикани од варварските племиња, не го заобиколиле ниту Скупи. Всушност, ова е последниот урбан градежен период што може да се одреди од крајот на 4. век, па сè до 518 година и до пропаѓањето на градот при катастрофалниот земјотрес. Од овој период секако е најзначајни двете градби на ранохристијански базилики *intra muros*, базиликата 2 и Големата базилика.

***Базилика 2***

Подигната е во северниот дел на градот (комплекс 2), во непосредна близина на театарот и на неговата југозападна страна. Има доминантна положба над градот, со ориентација исток – запад и мала девијација. Базиликата (сл. 53) е трободна, со апсида кон исток и нартекс на западната страна. Северно од нартексот е изградена пастофорија, додека нејзин пандан на јужната страна не е откриен поради големото оштетување на овој дел од објектот. Југоисточно, покрај јужниот брод, постои само една конха што и припаѓа на крстилницата на базиликата, додека другите недостигаат, поточно, не се ниту изградени.

Стратиграфијата на објектот укажува на тоа дека при изградбата, прво била извршена нивелација на теренот со слој од набиена жолта земја[407]

На јужниот дел се забележани остатоци од значително постар објект од римско време[408].

Базиликата има вкупна должина од 39 м и широчина од 18 м. Широчината на одделните бродови е следна: на северниот 3,5 м; на јужниот 3, 25 м; а на централниот 8,10 м. Нартексот има широчина од 5,90 м.

Ѕидовите на базиликата се градени со невнимателна техника од необработен или недоделкан камен со неправилни редови тула и малтер дебел до 7 см, а пак дебелината на ѕидот достигнува 0,75 – 0,80 м. На северниот ѕид од северниот брод, од внатрешната страна и во пониските партии, постои правилен ред тули. Овој, заедно со ѕидот на аспидата, како и челниот ѕид на северниот брод, се најдобро сочувани во однос на другите, претежно оштетени или отстранети ѕидови.[409] Така, јужниот ѕид од јужниот брод е зачуван само на неколку места, неговиот северен ѕид е зачуван под подот, додека западниот ѕид на базиликата е во поголем дел отстранет.

Поради падот на теренот целата градба била скалесто поставена, но основниот и главен дел на базиликита бил изграден на едно ниво.

[407] Корачевиќ, 2002, 126
[408] Гарашанини, *Maced. Acta Archeol.* Бр. 5, 32 и 33
[409] Корачевиќ, 2002, 127

Крај северниот ѕид на централниот кораб се откриени остатоци од четири ѕидани бази за столбови, што бил дел од колонадите кои ги разделувале страничните кораби од централниот. Во горната конструкција столбовите биле поврзани со двојни лакови. На овој простор се откриени неколку фрагменти од фрески, што укажува на тоа дека базиликата била живописана.

Подот е зачуван на целиот простор на северниот и централниот брод, а е изграден од хоросан малтер со тенка глазура. Поставен е врз подлога од чакал и толчена тула со дебелина 10 см. Не постојат траги од мозаик, но целиот под е всушност основа за поставување мозаик. Очигледно е дека ни оваа ставка во градењето на црквата не била целосно реализирана. Подот на презвитериумот е на повисоко ниво, но е во иста техника. Границата меѓу презвитериумот и наосот не може точно да се определи поради сериозните оштетувања на тој дел, но можеме да претпоставиме дека за основа на преградата е искористен ѕид на објект од постара фаза што се наоѓа под подот на базиликата и со својот источен ѕид се потпира на градската вила. [410]

До презвитериумот и во северниот дел на северниот кораб се пронајдени делови од архитектонска камена пластика: мермерни капители со помали димензии, бази за столбови, како и столбови и ажурирана розета, сите од преградата на презвитериумот.

Нартексот е поставен по целата широчина на базиликата, но неговиот јужен дел е главно уништен, како и поголем дел од западниот ѕид. Имал кров покриен со тегули, а подот му бил изведен со тули. Главниот влез бил скромен и се наоѓал централно на западниот ѕид. Северниот дел на нартексот се наоѓа на повисоко ниво, подигнат од нивото на наосот за едно скалило изведено од две големи плочи поставени на два реда тула.

На северниот ѕид од северниот дел на нартексот исто така има влез кој водел до северната пастофорија преку три камени скалила. Пастофоријата има квадратна основа (5,80 x 5,80 м), со под од тули и лошо сочувани ѕидови, кои носеле покривна конструкција со тегули. Пандан на оваа просторија на југ не е откриен поради целосното уништување на овој дел од градбата. Меѓутоа, иако сериозно оштетен, може да се заклучи дека подот од тули продолжувал и на југ, кон нивото на средниот дел, што е поинаква ситуација од онаа на север.

Нартексот комуницирал со наосот преку три влеза, што е потврдено со постоењето на две основи за четриаголни столпци.

---

[410] Корачевиќ, 2002, 129

На југоисточниот крај и покрај јужниот брод е изградена една конха со правец север – југ, поставен меѓу тепидариумот на исток и префурниумот и калдариумот на грдаската вила на запад, целосно разделувајќи ги. Темелите и долните партии на овој ѕид се ѕидани од камен и кршена тула, врзани со кал, додека горните партии се изградени поправилно и поквалитетно со два реда тули и камен, сврзани со малтер. Идејата, веројатно била да се искористи конструкцијата од градската вила за формирање на триконхална крстилница до базиликата. Овој дел веројатно е уништен, но постои можност и никогаш да не бил доградeн. Во овој дел подот бил терасесто изведен и бил следен падот на теренот т.е падината на Зајчев Рид, правејќи го подот на крстилницата понизок од останатиот дел на базиликата.

Базиликата 2 лежи над неколку постари објекти: неколку ѕидови со различни правци и различни техники на градење од различни градби, градската вила, еден поголем објект што се простира под поголемиот дел од базиликата (можеби постара базилика?).[411]

Што се однесува до датирањето на објектот, тоа е крајот на 5. и почетокот на 6. век, кога настрадала во земјотресот во 518 г. - настан што ја попречил нејзината целосна изградба. Овој датум главно и се потврдува со движниот археолошки материјал: сивата кујнска керамика од доцниот период, како и откриените монети на Теодосиј II (408 – 450) на подот од нартексот, и на малку повисока кота, исто во нартексот, монета на Јустинијан (527 – 565). [412]

411 Корачевиќ, 2002, 132 - 133
412 Ibid, 135-136; Гарашанин, Базилика II во Скупи, *Maced. Acta Archeol.* Бр.5, 44 - 46

### *Голема базилика*

Големата ранохристијанска базилика во Скупи е откриена при систематските археолошки истражувања на доцноантичкиот хоризонт на градот изведени во 2008/09 година. Се наоѓа во централното градско јадро и во неа се влегувало од улицата кардо. Ориентирана е запад – исток, со лонгитудинална трободна диспозиција (сл.54). На запад се влегувало во тростран атриум, кој водел кон тесен нартекс, па во наосот, финиширан со три апсиди на источната страна.[413]

Ѕидана е во техника на наизменично менување на хоризонтално поставени тули во неколку редови и камења редени во малтер.

Атриумот (12 x 16, 20 м) е поставен по надолжната оска на зградата, и според основата припаѓа на типот тристрани атриуми, како кај базиликата Д во Анхиалос, јужната базилика во Царичин Град, базиликата во Дион[414]. Во текот на 6. век западната фасада на ранохристијанските цркви станува расчленета со портици и аркади и тогаш овој дел имал функција на ексонартекс. Во Скупи, атриумот на западната страна има сочувани делови од ѕидот и на него не се согледува постоење на бочни портици, со што не влегува во редот на вакви примери.

Подот во атриумот во трите странични делови е изведен со поплочување со керамички тули, кои во внатрешноста ги нема.

На северната страна, веднаш до надворешниот ѕид сочувани се скали кои воделе до катна галерија.

Нартексот е со релативно мала широчина. Крстовидни ѕидани столпци од атриумот на западната страна од нартексот и исти такви на неговата источна страна кон наосот веројатно го премостувале просторот на нартексот со лаци. Подот е изведен од измазнет малтер со примеси на толчена тула, за чија подлога се употребени добро набиени, косо поставени фрагменти тули.

Од нартексот се влегува во триделниот наос. Во страничните бродови се влегувало преку камени прагови, на кои се сочувани вдлабнатини од дрвените врати. Во централниот брод се влегувалопреку трибелон, од кој се сочувани рамни бази за столбовите и фрагменти од столбовите. Двата столба носат релјефни претстави на

---

[413] Randомчевска – Тодоровска, Големата ранохристијанска базилика во Скупи и раното христијанство, *Македонско Наследство* бр. 34- 35, 2009, 97 – 112

[414] Чанева – Дечевска, 1999, 21, 84; Pandermalis, 1997, 44 – 48

крстови со големи димензии, кои излегуваат од космосот. Бродовите се разделени со колонади, поставени на долги постаменти, со преградна функција.

Нартексот на двете бочни страни има по еден отвор за врата. На северната страна се влегува во мал квадратен анекс, чиј под е исто така поплочен со керамички тули. Ѕидан е во иста техника како базиликата. На јужната страна се наоѓа друга просторија, чии димензии и форма се непознати, бидејќи не е целосно истражена. Подот на оваа просторија е изведен од измазнет малтер со примеси на толчена тула, како оној во наосот на базиликата. Досегашната истраженост индицира дека јужната просторија е со големи димензии, барем во правец исток – запад, односно покрај јужниот брод на базиликата.[415] На јужниот ѕид на базиликата се наоѓа уште еден отвор за врата низ кој се влегувало во јужниот анекс.

Вкупните димензии на Големата базилика изнесуваат 53 м во должина и 16,20 м во широчина, додека влезните партии се пошироки. Влезните простории имаат неправилна трапезоидна форма, и се асиметрични поради запазениот агол на инсулата во која се наоѓа црквата. Во централниот дел на овие простории, каде е и влезот во објектот од улицата, *in situ* се откриени остатоци од поплочување изведено од поголеми бели мермерни плочи. Околу нив, пак, биле пронајдени расфрлани исклесани камења, кои ја сочинувале портата, изведена како арка (широка околу 3 м), поставена на влезот во атриумот. [416]

На исток објектот завршува со три апсиди. Главната апсида е поголема и тристрана од надворешната страна, и нејзиниот пречник одговара на широчината на средниот кораб, додека бочните се надоврзуваат на бочните кораби и имаат полукружна форма од двете страни. Полукружните апсиди хронолошки им претходат на тристраните, бидејќи како тип се поврзани со полукружните форми од претходните периоди во антиката[417]. Полигоналните апсиди се стандарден тип кај црквите во Константинопол веќе низ 5. век (како базиликата на Јован Студит), а продолжуваат низ целиот 6. век (Св. Сергиј и Вак, Св. Ирена)[418]. Бидејќи пред 7. и 8. век ги нема во црквите во Македонија Прима, веројатно ова влијание не дошло од југ. [419]

---

415 Истражувањето на оваа просторија се одвиваше во 2009 година. Веројатно целосно откривање нема да може да се изведе поради непосредната близина на современиот пат за с. Бардовци.
416 Ончевска – Тодоровска, 2009, 106
417 Faber, 1992, 151 - 162
418 Krauthajmer, Čuričić, 2008, 103 – 105
419 Snively, 2005, 221

Олтарниот простор во базиликата во Скупи е сочуван само во делот на подот и зафаќа релативно мал од дел од средниот кораб (6 x 6 м). Изведен е со поплочување со правоаголни камени плочи со различни димензии. Видливи се траги од отисоци од олтарната преграда. При ископувањата е откриен еден амал капител, со богата декорација, веројатно од презвитериумот. За жал, во источниот дел базиликата е сериозно оштеттена.

По целата должина на северниот и јужниот ѕид на објектот, како и во атриумот, имало банкини за седење.

При истражувањето на базиликата целиот градежен материјал бил најден обрушен врз нејзината основа, формирајќи слој од градежен шут во височина од околу 1,5 м. Во него биле измешани градежни тули со остатоци од малтер, камења и остатоци од тегули. Натрупаноста на градежниот шут врз самата базилика укажува на нагло и целосно рушење[420].

Нумизматичкиот материјал, најден на подот на базиликата, потекнува од 5. и почетокот на 6. век, како и бројни монети од втората половина на 4. век, кои секако биле долго во употреба по нивното издавање.

Во просторот околу базиликата, на повисоко нив од неа, констатиран е дел од микростанбениот комплекс на градот, кој се датира во полн 6. и почетокот на 7. век, и по начинот на градба потестува на рурален начин на живот. Дел од просториите за живеење од овој комплекс се најдени врз дел од влезните простории на базиликата. Во најгорниот културен хоризонт се пронајдени повеќе погребувања, кои се поставени веднаш до јужниот ѕид на базиликата и вкопани во слој кој е на повисоко ниво од подот на базиликата. Станува збор за инхумации во обични гробни јами, од кои некои се обележени со камења или со провизорно ѕидани конструкции од тули и кал. Кај едно од погребувањата на бочната страна од гробната јама е пронајдена вертикално поставена тула со врежан крст. Погребувањата немаат прилози. Истражувачот М. Ончевска – Тодоровска ги карактеризира како раносредновековни. [421]

На просторот на црквата не се забележани остатоци од станбените простории на следниот културен слој, т.е микростанбениот комплекс, туку околу неа, што укажува на почитувањето на светиот простор на религиозниот објект.

---

[420] Истражувачот наведува консултација со д-р В. Шендова од Институтот за земјотресно инжинерство и сеизмологија од Скопје, според која се потврдува можноста за вакво уривање при земјотрес од локален карактер. Види кај Ончевска – Тодоровска, 2009, 107, ф.н. 28

[421] Ibidem, 108

Големата базилика во Скупи лежи врз пространа античка терма, која зафаќала речиси цела инсула, а базиликата се наоѓа во нејзиниот југозападен агол. Ваков пристап на изградба на сакрален објект на локација на напуштена терма не осамен. Освен можната идеолошка симболика на ваквиот чин (како доказ за победата и надмоќноста на христијанството врз паганството на античкиот свет, и негацијата на профаната архитектура во Римското царство), истиот имал и особено практична функција – снабдување со вода на црковните објекти, несомнено неизбежен фактор за нивно нормално функционирање.[422]

Врз основа на претходно изнесените податоци, објектот на Големата базилика во Скупи може генерално хронолошки да се постави на самиот крај на 5. или почетокот на 6. век, и најверојатно била срушен само неколку децении подоцна, во катастрофалниот земјотрес во 518 година.

[422] Faber, 1992, 153; Vetters, 1970, 468, 473

## *Гробјанска базилика*

На западната периферија на градот, во 1925 г. Р. Грујиќ[423] открил ранохристијанска базилика. За жал, податоците кои истражувачот ги презентира се сосема оскудни и без подетална техничка документација, а од друга страна врз објектот не се извршени никакви конзерваторски и заштитни мерки, така што денес е непрепознатлив на теренот, и неговата точна локација е непозната. Сепак, овде ги изнесуваме неколкуте податоци за објектот.

Црквата била подигната во непосредна близина на една доцноантичка некропола. Имала стандардна трокорабна диспозиција. Централниот кораб бил одделен од страничните со ѕидани стилобати врз кои биле поставени колони со импост капители.[424] Централниот кораб на исток завршувал со полукружна апсида во чиј внатрешен дел се наоѓала уште една помала апсида. Базиликата имала нартекс и компартименти на северната страна. Датирана е во 4. век. [425]

## *Базилика кај с. Орман*

Црквата е откриена во 1975 год. од Б. Алексова, помеѓу Волково и Орман, северозападно од Скопје, на јурсдикциона територија на Скупи.[426] Се наоѓа среде доцноантичка некропола. Претставува еднокорабна базилика со трансепт и е засега единствен таков пример откриен на територијата на Македонија (сл.55).

Во неа се влегувало преку широк влез во нартекс кој од северната и јужната страна имал по еден компартимент, кои на источната страна завршувале со полукружна апсида. Од нартексот во наосот се влегувало преку трибелон, оформен од две мермерни колони на прагот на влезот. По линијата на влезовите од пастофориите се откриени мермерни греди од канцелот со истурена солеа.

---

[423] Грујиħ, Скопска митропололија, 1935, 5 – 16
[424] На ова укажува приложената фото документација од еден импост капител кој по својата форма и обработка претставува еден од настарите типови импости распространети во Македонија и Грција (види кај Алексова, 1995, 224)
[425] Ibidem
[426] Алексова, 1975, 77 - 84

Црквата е градена од сполии што припаѓале на антички градби и античко светилиште. Во нејзините ѕидови се употребени обработени блокови од камен, претежно травертин. Однадвор ѕидовите на наосот се зајакнати со контрафори.

Презвитериумот бил послан со мермерни бели и сиви плочки во *opus sectile*, додека наосот имал под од полихромен мозаик. При ископувањето е откриена богата архитектонска пластика, и тоа колони, капители, столпчиња, фрагменти од архитравна греда и мермерни плочки од подовите на црквата. [427]

Широката и плитка апсида во внатрешноста имала остатоци од една гробна структура од која моштите биле растурени. [428]

Истражувачот ја датира во 5 – 6. век, но не ја исклучува можноста објектот да е и постар, од крајот на 4. век.[429]

---

427 Алексова, 1995, 225

428 Ibidem

429 Ibid, 226

## 13. Ранохристијански градби во *Dacia Mediterranea*

Од провинцијата што процентуално зафаќа најмал дел од денешната територија на Р. Македонија, за жал, имаме и најмалку истражени ранохристијански објекти. Видовме дека во неколку наврати нејзините граници се поместувани и стеснувани во 5. и 6. Век, па така она што останува како корпус за проучување се само три погранични локалитети од доцната антика: првиот е локалитетот Големо Градиште кај селото Коњух кој се наоѓал на самата граница помеѓу Дарданија и Средозмена Дакија, а другите два се локалитетите Виничко Кале и Горица кај Виница, на границата меѓу Средоземна Дакија и Македонија Секунда. [430]

Локалитет Големо Градиште, КОЊУХ

Селото Коњух се наоѓа 20 км источно од Куманово, на патот што води за Пауталија и Сердика, покрај Козјачка Река. Помеѓу селото и реката, на висок брег се издига локалитетот *Големо Градиште* (сл.56, 57). На површината се забележуваат траги од архитектонски објекти врежани во карпите, патеки, скалила и големо количество архитектонска камена пластика, керамика и стакло од засега неименувата населба од римскиот период.

На просторот меѓу реката и Градиштето во урнатини се наоѓаат остатоци од базиликална градба. Помеѓу селото и Градиштето делумно е сочувана средновековната црква Св. Архангел, од 15. век. Околу неа се наоѓаат селските гробишта.

На овој простор во 1919 година е откриена од месното население централна градба – ротонда, единствена од ваков тип на територијата на Р. Македонија. Црквата е истражувана за прв пат во 1938 г., и публикувана во 1952 г. од истражувачот С.

[430] Одредувањето на границата помеѓу Средозмена Дакија и Македонија Секунда е отежнато поради фактот што овој дел е најмалку истражуван и познат, со исклучок на локалитетите Баргала, Виничко Кале, Кале Крупиште и *Драмче* и *Град* во Делчевско. За истражувањата подетално кај Алексова, 1989; Белдедовски 1990; Крстевски, Белдедовски, 1978; Нацев, 2003, 31 – 51; Јованов, Нацев, 2001. Границата меѓу двете провинции веројатно водела по високиот планински венец Осогово – Руен – Влаина – Малешевски Планини. Тргнувајќи од Малешевијата, па сè до долното течение на реката Брегалница, граничната линија била контролирана од градови, кастели и стражи, датирани со монети од 5. и 6. век. Најголемите градови од овој регион, попишани кај Хиерокле: Запара, Армонија, Каленедин и Баргала биле лоцирани во непосредна близина на границата. Околу нив се регистрирани голем број на кастели и стражи, кои покрај тоа што ја штителе границата, вршеле значајна функција и во одбраната на градовите.

Радојчиќ[431]. Заштитни ископувања на црквата со централно решение се изведени во 1989 – 90 година од страна на Републичкиот завод за заштита, меѓутоа објектот никогаш не бил конзервиран. Во продолжение од источната страна на овој објект, преку пат поплочен со камени обработени плочи, се доаѓа до извор, опкружен со траги од ѕидови. Се работи за градба поврзана со култот на водата *агиазма*.

***Ротонда***

Црквата прв пат е откопана далечната 1919 година, од месното население. Тогаш се отстранети урнатините на објектот и ослободени надворешните ѕидови на градбата. 18 години подоцна, Н. Вулиќ го забележува, а во 1938 година, С. Радојчиќ, известен за откривањето на црквата, два пати го посетува локалитетот. [432]

Тој не извел никакви дополнителни археолошки истражувања, бидејќи во тоа време објектот бил во многу добра состојба, со сочувани архитектонски елементи, што му дало на истражувачот можност во целост да го согледа планот и диспозицијата на објектот, како и карактеристиките на неговото внатрешно уредување.

За жал, од 1990. наваму, црквата се наоѓа во очајна состојба, и поради неспроведената конзервација, но пред сè, поради масовното изнесување на архитектонската камена пластика и обработените камени блокови од нејзините ѕидови од месното население. Денес нејзините остатоци се едвај видливи на теренот.

Објектот спаѓа во градби од централен тип со кружна основа впишана во трапезоидна структура (23 м во должина и 7,50 – 14 м во широчина). Централниот простор бил опкружен со засводен амбулаторен брод кој на исток завршувал со странични компартименти, одвоени од него со тесни премини, кои го формирале олтарниот дел (сл. 58). На запад, од нартексот и неговите странични анекси, низ трибелон се влегувало во црквата. Постоеле уште два влеза близу источните партии на северниот и јужниот ѕид, но северниот влез подоцна бил заѕидан. Фактот што во

[431] Радојчић, Црква у Коњуху, *ЗРВИ* 1, 1952 , 148 – 167
[432] Ibidem, 50

источните странични компартименти се влегувало првобитно однадвор, укажува на тоа дека тие прво немале литургиска функција. Дури по затварањето на влезот во северниот ѕид, била можна трансформацијата на просторот во протезис, како кај Музејската Базилика во Филипи во доцниот 6. век, а најрано со ваквата конструкција кај Хагиос Давид во Тесалоника, од последната третина на 5. век. [433] Претходната поставеност на влезовите северно и јужно, ја сместува ротондата во Коњух во редот на Константинополската група на цркви со приод од источната страна.[434] Најмногу сличности во тој поглед ротондата во Коњух има со мартириумот на Св. Карпос и Папилос во Константинопол, датиран околу 400. година или малку порано, граден како симплифицирана реплика на Црквата на Христовиот гроб во Ерусалим.[435]

Црквата на источната страна била сочувана до 1,50 м во височина. Апсидата била однатре полукружна, а однадвор правоаголна. Во средината на олтарот на масивен камен полукружен постамент била поставена епископската катедра со три скалила широки 0,90 м. Десно и лево од апсидата, на височина од 0,40 м , со димензии 2 x 1,50 м, се подигнати постаменти што ги формираат страничните синтроноси. Презвитериумот бил одделен со олтарна преграда поставена на 6 столпци со истурен дел на запад. Подот во презвитериумот бил поплочен со камени плочи.

Централниот дел на црквата претставува голема кружна површина на некогаш подкуполниот простор, со пречник од 7,50 м. Кружниот простор е широко отворен кон олтарот. Четири ѕидани столпци и шест монолитни меноа се распоредени во круг што го затвара централниот дел на храмот. На јужната и северната страна на кругот по две интерколумнии се затворени со парапетни плочи. Потковичестиот ходник околу колонадата е широк 3 м. Во северозападниот дел на ходникот се наоѓала врата со скала која водела кон катна галерија. Во овој ходник биле пронајдени и фрагменти од фрески што имитираат мермерна декорација.[436]

Во црквата е најдена богата архитектонска пластика. Капителите се од типот импости со врежани крстови и растителни орнаменти. Еден од нив покрај вегетабилните орнаменти има плиток релјеф со претстава на кокошка, како илузија на Христос (Матеј

---

[433] Радојчић, 1952, 155 за затварањето на ѕидот, 159 за Хагиос Давид; Džidrova, Art, Form and Liturgy in the Rotunda at Konjuh, *Niš and Byzantium* V, Niš 2007, 149 - 178
[434] Mathews, *The Early Churches of Constantinopole, Architecture and Liturgy*, Pensylvania and London 1971, 105 – 106. Кон оваа група може да се приклучат и Северната и Епископската базилика од Стоби.
[435] Радојчић, 1952, 156, ф.н 21; Kleinbauer, *DOP* 41 (1987), 291
[436] Алексова, 1995, 230 - 231

23:27), или нејзиниот машки пандан, петелот, како симбол на воскресение и претпазливост; а на абакусот стои натпис: †ΔOMATRIRS што С. Радојчиќ го чита како : *domus martyrs*. [437] Токму овој натпис, заедно со целокупната диспозиција и план на црквата, ја карактеризираат како мартириум. Сепак, во ревизорните сондирања по оската И-З на црквата, изведени под водство на К. Снајвли од К. Трајковски, во 1998 година, не била откриена никаква крипта ниту гроб под олтарот, оставајќи го апсидалниот простор како единствено потенцијално место наменето за оставање на реликвиите, или можеби северниот компартимент на нартексот, денес користен како капела.[438] Имајќи го ова на ум, можеме да претпоставиме дека фразата *куќа на мартирите*, овде е воопштено употребена, особено ако ја имаме во предвид замаглената дистинкција помеѓу мартириумот и конгрегациската базилика во 6. век како резултат на зголеменото преместување на мноштвото светителски реликвии. Мал реликвијар можеби бил поставен под олтарот, каде при првото археолошко истражување, подот бил пронајден оштетен. [439]

Другата архитектонска пластика ја сочинуваат бројни примероци од релјефно украсени плочи изработени од специфичен локален вулкански камен, андезит, од кој биле изработени и блоковите на ѕидовите на црквата. Според мотивите и претставите, плочите се поделени во 3 групи: парапетни плочи со претстави на различни животни ( бик, вепар, можеби и мечка и магаре, и срна) атрибуирани како дел од композицијата *Адам ги именува животните во Рајот* (Генеза 2:20);[440] плутеите од олтарната преграда со *ставродекорација* од двете страни[441] и фрагментите рамни и полукружни плочи, обработени само од надворешната страна со вегетабилни мотиви, кои му припаѓале на амвонот во црквата.[442]

Во поглед на датирањето на црквата, врз основа на погоре изнесеното, ротондата во Коњух може временски да се постави кон средината на 6. век. [443] Ротондата, сместена

---

[437] Радојчић, 1952, 154 – 156, сл. 19, 20; за симболиката на кокошката. Петелот уште од раната антика симболизирал предострожност, и се поврзува со Петровото одрекување од Христос (Лука 22: 61 – 62, Јован 13: 38). Како таков е прифатен и во ранохристијанската иконографија, станувајќи симбол на покајниците. Види кај P. and L. Murray, *The Oxford Companion to Christian Art and Architecture*, Oxford – New York, 1998, 114

[438] C. S. Snively, *DOP* 56 (2002), 304

[439] Eadem, 303; Радојчић, 1952, 155 – 156, сл. 11, 12, 14

[440] Džidrova, 2007, 168 – 178

[441] Петров, Ставродекорација од Коњух, *Зборник на Археолошкиот музеј во Скопје II* (1958), 31 – 45

[442] Idem, Реконструкција на амвонот од ротондата во Коњух, ГЗФФ 22 (1970), 271 – 304;

[443] Радојчић, 1952, 155, смета дека целата градба била одеднаш подигната; со што се согласува и C. S. Snively, *DOP* 56 (2002), 304.

надвор од градските ѕидини, била посветена на непознат светител, од мала локална заедница, и веројатно била поврзана со агиазмичниот култ на изворот источно од неа.

***Новата базилика***

Во текот на сезонските истражувања во 2008., спроведени во организација на меѓународниот проект под покровителство на Колеџот Гетисбург и Музејот на Македонија, ранохристијанската базилика станува видлива на северната падина на теренот.

Базиликата, чие постоење и претходните истражувачи накратко го споменуваат, била истражувана во текот на археолошките кампањи раководени од К. Снајвли и Г. Санев во 2008, 2009 и 2010. година, и биле откриени нартексот, јужните анекси, апсидата со источниот дел од наосот, како и страничните кораби (сл. 59,60,61).

Трибродната базилика е долга 33 м (од апсидата до нартексот), а наосот со бродовите е 15 м широк. По својата внатрешна организација градбата нуди неколку неконвенционални решенија, на пример: кружен ходник и крпита или гробница во апсидата, мала основа од амвон во презвитериумот, и поголема основа од амвон на јужната страна од наосот. Основата на големиот соѕидан ѕид е сочувана на линијата на стилобатот северно и јужно од презвитериумот. Во западните агли на презвитериумот, стилобатните ѕидови со колоните бази од столбови го делат широкиот наос од тесниот дел на бродот.

Основата на олтарната преграда која е констатирана надвор од презвитериумот, сочувана е во траги, заедно со остатоците од страничните клупи за свештениците на северната и јужната страна од презвитериумот.

Нартексот (15 x 4 м), има два асиметрични влеза во западниот ѕид. Ѕидовите кои продолжуваат западно од овој дел укажуваат на присуство на атриум или друг простор. Влезот на северниот дел од припратата водел кон еден анекс, уште неистражен, додека оној на јужниот дел води кон комплекс од три или повеќе анекси, од кои само еден е целосно истражен. Во вториот анекс е откриен гроб тип “циста”.

Масивниот ѕид го означува јужниот крај на црковниот комплекс.

Новата базилика покажува сличности, како во уредувањето на апсидалниот простор така и во релјефната декорација за амвонот, со погоре споменатата Ротонда. И двете, и ротондата и базиликата, можат да се датираат во 6. век, веројатно кон средината на векот. Централната позиција на објектот во рамките на локалитетот, како и нејзините карактеристики укажуваат на епископска црква, во засега неименуваниот град кај Коњух.[444]

## ВИНИЦА

### *Виничко Кале*

Локалитетот Виничко Кале (сл. 62) се наоѓа југозападно од градот Виница, лево од Грдечка Река, на рид со неправилен облик, издолжен во правец југоисток-северозапад, со надморска височина од 400 м. Опкружен е со стрмни страни со исклучок на југоисточната која со длабок и широк вештачки ров го одвојува од соседната височина. Има нерамен врв, со пад кон северозапад, каде висинската разлика достигнува и до десет метри. Габаритот на просторот што го зафаќаат остатоците од утврдувањето има приближни димензии од 250 х 150 м, што изнесува околу 2,5 ха. Според површинските остатоци, населбата се простирала и на падините од ридот, како и на околните ритчиња. Со својата височина и положба локалитетот доминира над просторот од Виница, а има убава прегледност и над коритото на Брегалница.

Виничкото Кале како археолошки локалитет е забележано уште во 1954 од страна на М. Грбиќ, под името „Градиште", а подоцна, во 1958, М. и Д. Гарашанин го вовеле поимот „Кале Баир". Интересот за неговото истражување се појавил во 1978 година, кога археологот Ц. Крстевски донел во Музејот на Македонија пет фрагменти од теракотни релјефи со иконографски претстави, дотогаш непознати, особено интересни за проучувањето на ранохристијанскиот период. Така, од 1985 година се започнало со археолошки ископувања кои непрекинато траат до денес. На почетокот како заштитни, а подоцна систематски, со овие ископувања е констатирана релативната стратиграфија на локалитетот. Според археолошките наоди, особено керамичките, животот во населбата се одвивал во долг континуитет, од неолитското време сè до полниот среден век, со таа разлика што се најмногубројни архитектонските остатоци од

[444] Snively, 2010, 187 – 201

доцноантичкото време (4. век - 5. век). Откриени се остатоци од ѕидови на неколку објекти од профан карактер, со организирани тремови, „клупи" за седење, магацински простории, ѕидани од камен и варов малтер, кои на одделни места се зачувани во висина дури до 4 м. Во едни се најдени писцина, префурниум, водоводни инсталации и друго. Објектите биле подигнати покрај одбранбениот бедем, од кој е откриен еден дел заедно со една полукружна кула. Бедемот е ѕидан од кршен камен и варов малтер, а неговата ширина изнесува 3 м. Значајно е да се спомене дека во шутот меѓу ѕидовите е најден голем број на цели и фрагментирани реплики од теракотни икони, со непроценливи археолошки, уметнички и теолошки вредносни димензии. Приближно на средината на локалитетот се наоѓаат моше лошо зачувани остатоци од ѕидови на мала средновековна црква, многу порано прекопана од илегални копачи. Околу црквичката е откриен голем број примероци од архитектонска пластика, и тоа колони, бази, капители, делови од канцел, транзени, подни плочи и сл., а од подвижниот материјал фрагменти од керамички садови, предмети од бронза, железо и коска, потоа накит, монети и друго.

Резултатите од ископувањата, иако сè уште незаокружени, јасно покажуваат дека утврдената населба на Виничко Кале била перманентно изложена на подеми и падови што јасно се забележува преку градежните интервенции кај објектите. Секако, во сето тоа голем удел имала и неговата местоположба, која лежи на една од фреквентните економски антички комуникации - патот од Стоби за Пауталија и Сердика. На овој пат, според историските извори, имало неколку градски населби, па оттука се наметнува размислувањето дека можеби еден од градовите Армонија или Каленидин се наоѓал токму на Виничко Кале, што се очекува да се потврди со натамошните истражувања. Траги од живот на овој локалитет има уште од раната Антика. Во 4. век градот добил утврдување кое било обновено во 6. век. Постои веројатност дека тука е лоциран градот Келенидин, познат од пишани извори како епископско седиште. На овој локалитет е откриена ранохристијанска базилика[445], станбени и стопански простории во кои се откриени т.н. Винички теракоти.[446]

[445] Објекот не е публикуван, а документацијата од истражувањето не беше достапна.
[446] Теракотните плочи од Виница се вбројуваат меѓу најексклузивните наоди во историјата на македонската археологија. Досега биле изложувани во повеќе градови: Ватикан (1986); Загреб (1987); Љубљана (1989); Москва (1989); Белград (1991); Минхен (1993); Рим (1995); Варшава (1996); Анкара (1997); Париз (1999)... Во Р. Македонија теракотните плочи беа презентирани во Виница (1986); Охрид (1990); Скопје (1991), а во повеќе градови презентирани се копии од истите. Најголемата колекција на теракотни плочи се наоѓа во Музеј на град Виница, а солидна колекција експонира и НУ Музеј на Македонија. Колекцијата на теракотни плочи многу е зголемена со истражувањата во 2008/2009 година, кога покрај постоечките, пронајдени се и нови мотиви. Откривањето на керамичките плочи од Виница

### Базилика кај Горица

На 1,5 km северозападно од градот, на една тераса што благо се спушта кон левиот брег на Брегалница, со простор од околу 1 хектар, се среќаваат фрагменти од

---

започнува во шеесетите години на 20. век, приближно во времето кога археолозите започнуваат да вршат рекогносцирања и на овие простори. При извршувањето на полските работи на теренот на зарамнетото плато ј/з од Виница, мештаните откриле две идентични керамички плочи со релјефна претстава на Св. Архангел Михаил. Во повеќе наврати ова место било цел на дивите копачи, кои во шеесетите години откриваат еден сакрален објект-мала црква. По оваа случка, извршен е увид од надлежните служби, при што се откриени уште неколку фрагменти, а во 1984 година на с/и дел од бедемот откриена е оштетена претстава на Св.Теодор. Со заштитните ископувања кои започнале 1985 година, во ј/и дел од Виничко Кале откриена е релативно голема групација од 26 цели и стотина фрагментирани керамички релјефи. Оваа групација била откриена на длабочина од 100-200 см, во слој од отпаден градежен материјал, на површина од 25 метри квадратни. По својот облик претставуваат плочи изработени од глина, моделирани со помош на калап, со кој на предната страна се изведени релјефни претстави со одредена иконографска содржина, прикажани во повеќе реплики.
Плочите се изведени во два формата, со некои помали отстапувања:

- квадратен – со димензии : 31 x 29 x 4,5 см и 30 x 28 x 4 см
- правоаголен – со димензии : 32 x 20 x 4,5 см и 33 x 29 x 4 см

На задната страна на дел од плочите има остатоци од малтер со дебелина од 2-3 см. На него се видливи отпечатоци од камената подлога за која биле врзани релјефите. Создадени за декорација на просторот, овие керамички плочи најверојатно ги украсувале ѕидовите на една или повеќе градби на Калето. Факт е дека биле локален производ, пред се поради извршените физичко-хемиски анализи, при кои е утврдено потеклото на глината користена при изработката.
Во врска со локацијата на откриените плочи и околностите на наодот, досега се изнесени две теории (поиздржани) :

- Првото мислење го застапува К. Балабанов, кој смета дека плочите биле донесени на Калето по престанокот на нивната употреба и затоа се пронајдени на депонија со керамички материјал ;
- Е. Димитрова поаѓа од квалитетот и прецизноста на изработката на плочите (оштетени плочи, технички грешки при изработката и при испишувањето на латинските натписи), според тоа изнесува претпоставка дека откриените плочи се оштетени примероци кои биле таложени на овој простор поради несоодветноста за фршење на функцијата за која биле наменети .

Според географската положба, виничкиот локалитет во периодот на доцната антика му припаѓал на подрачје кое било постојано место на судир и мешање на идеолошките, политичките и културните текови во Римското Царство. Како резултат на тоа на оваа територија доаѓало до вкрстување и асимилација на стилско-ликовните влијанија од рализни подрачја на Истокот и Западот и создавање на специфичен локален стилски израз.
За да ја одреди стилската припадност на виничките теракоти и нивното место во уметничката продукција од ранохристијанскиот период, Е. Димитрова ги разгледува ликовните особености на керамичкиот материјал од неколку аспекти, како на пример начинот на концепирањето, модусот и квалитетот на изведбата и специфичните карактеристики на претставените композиции.
На Виничкото Кале се откриени керамички релјефни плочи со старозаветни сцени, илустрирани псалми, христолошки претстави и претстави со ликови на христијански светители. За локалитетот кај Z. Beldedovski - C. Krstevski, Rekognosciranje na području opštine Makedonska Vinica, *Arheološki pregled* 20, Beograd 1979, 153-159. За датирањето: сп. К. Балабанов, Виничко Кале, доцноримско утврдено кале, *Археолошки преглед* 26, Љубљана 1986, 153; Х. Мелоски, Керамичките икони од Виничко Кале, *Жива Антика* 9, Скопје 1991, 179–186; сп. Ц. Крстевски – З.Белдедовски, Рекогносцирање и наоди околу Виница, *Macedoniae acta archaeologica* 7-8, Скопје 1987, 153-166; К. Балабанов – Ц. Крстевски, Керамичке иконе из Винице, Београд 1991, 20; Е. Димитрова, *Керамичките релјефи од Виничко Кале*, Скопје 1993, 207-213; С. Пејиħ, Изложба Иконе из Македоније у Загребу, *Саопштења Републичког завода за заштиту споменика културе* 19, Београд 1987,315-317; К. Балабанов – Ц. Крстевски,Теракотните икони од Виница, Скопје 1991, 17; K. Balabanov,Vinica fortress. Mythology, religion and history written with clay, Skopje 2011, 271–309. Б. Алексова, *Епископијата на Брегалница*, Прилеп 1989, 134; Е. Димитрова, *Виничката мистерија*, Виница 2012.

керамички садови и градежен материјал. Од 1984 до 1989 година Музејот на Македонија вршел заштитни ископувања при што се откриени темели од помала трикорабна базилика со нартекс и две странични простории, како и остатоци од темели од други објекти (сл. 63). Ѕидовите од базиликата се зачувани во темелните партии, наместа до 1 m висина, и се градени од речен и кршен камен со варов малтер. Со ископувањата се откриени фрагменти од убава архитектонска и пластика работена во камен (крстови, гулаби и други христијански мотиви).

Во олтарниот простор на базиликата е откриен иззидан крстест реликвијар, поставен под чесната трпеза. Овој скромен објект бил поплочен со тули. Ситните фрагменти архитектонска декоративна пластика изработена од песочник, со мотиви на крстови и стилизирани лисја во плиток релјеф , свои паралели наоѓаат во декорацијата на *extra muros* базиликата кај Баргала, и ја датираат оваа скромна базилика во крајот на 4. – почетокот на 5. век.[447]

[447] Крстевски, Горица – Виница, Ранохристијанска базилика, *АП* 27 1986 – 87, 108

## 14. Баптистериуми и баптисмални комлекси

Ранохристијанската крстилница (φωτιστήρια, баптистериум) како градба се развива под влијание на литургијата. Најчесто се работи за централна градба во склоп на црквата, но има и случаи кога крстилницата е одделена од црквата.

Крштевањето претставувало предуслов за воведување во наосот на црквата па затоа се изведувало во нартексот или во посебна просторија јужно или северно од него. Постојат и примери на комплекс крстилници одалечени од нартексот, кон исток, па дури и на источната страна од апсидата (Паликура).[448]

Кршталните простории од пораните векови (4., а некои и во 5. и 6. век) биле правоаголни, понекогаш со апсида на исток; додека од 5. век подоцна имаме примери на круг впишан во квадрат, круг впишан во круг со деамбулаториум, четирилисни и тролисни планови.

Писцините се однатре кружни или крстовидни. Над нив била монтирана кружна колонада што носела ѕидана калота. Во 6. век имаме примери на октогонални писцини, каква што е онаа во базиликата Паликура. [449]

Суштината на христијанската тајна крштевање се состои од потопување (βαπτίζο) "во водите на смртта,, (што воедно содржат и творечки моќи); и како што Христос се нурнал во Водите на Мртвите во реката Јордан, го победил демонот Бехемот од Црното Море кој ја голтал реката и излегол како "новороден" (неофит); така и катихуменот треба да се нурне во водите на крстилницата и да излезе од нив како повторно роден христијанин.

[448] Лилчиќ, 2003, 72
[449] Ibid, 74

Согласно фазите на крштевањето, крстилницата како комплекс треба да ги содржи следниве објекти:

1. Аподитериј (apodsterium) - просторија за соблекување на катихуменот;

2. Главна просторија - баптистериум со писцина. Писцината треба да има скалила од двете страни: по едното катихуменот влегува во водата, а по другото излегува за да премине во наредната просторија;

3. Просторија каде кандидатот облекува бела облека

4. Просторија за потврдување на кандидатот како христијанин (consignatorium, βεβαίωσις). Тука со миропомазување (χρῖσμα – помазение; ʽάγιον μύρον – свето миро) и веројатно со дарување крст се потврдува крштевањето.[450]

Секако дека просторот се приспособувал зависно од условите, па не секогаш ги среќаваме сите објекти.

Самиот чин на покрстување ги содржи следниве фази:

1. Огласување на кандидатот - катихумен

- проверка на неговиот живот, морал, навиките, молитвите...

- прифатливиот кандидат првиот ден бил благословуван на челото со знакот на крстот, а вториот ден огласуван за катихумен.

2. Соблекување на кандидатот

- човекот се враќа на почетната позиција, како Адам пред гревот или Адам во моментот на отфрлање на облеката што ја облекол по згрешувањето."Роден во прародителскиот грев, некрстениот сè уште не е член на Црквата Христова, па затоа не му е дозволено да влезе во Домот Божји.... дури со крштевањето му се отвораат вратите на храмот"

- кандидатот се врти со лицето кон исток, барајќи ја вистинската светлина т.е Св. Тројство и вплотениот Христос, "кој се нарекува Исток" (Лука 1, 78)

[450] Ibid, 73

- свештеникот три пати дува во лицето на кандидатот т.е му вдахнува нов духовен живот во името на Св. Тројство

- потоа крстовидно го благословува со раката (од челото - просветлување на умот; кон градите - прочистување на срцето) а тоа го симболизира почетокот на разрешувањето на врските од прародителскиот грев

- следат три заколнувања (’αφορκισμοί, ’εκσορκισμός), повикување во името на Христа и Бога ѓаволот да излезе од кандидатот[451]

Заколнувачот ги изговарал молитвите со полагање и благословување со крстниот знак

- потоа три пати крстовидно му дувнувал во лицето и ушите на огласениот

- по заколнувањето, кандидатот, свртен кон запад (страната на темнината, светот на сатаната) изрекувал одрекување (’αποτάξεις , ренунтиатионес) од Сатаната, неговата гордост и неговите ангели. Кандидатот изрекувал: "Се одрекувам од Сатаната, неговите дела, неговата гордост, служењето нему, на неговите ангели, на неговите моќи и се што е под него"

- потоа кандидатот дувнувал и плукал на Сатаната со што отворено искажувал потсмев кон него

- свештеникот го завртува кандидатот кон исток и бара потврда на верата во Исус Христос. Кандидатот одговара:"Верувам дека Исус Христос е Син Божји!"

3. читање на симболот на верата

4. Подготовка за крштевање

- свештеникот влегува во храмот и облекува бела облека. Се палат свеќите и се кади со кадилницата во баптистериумот. Се осветува водата за крштевање со молитва, трикратно дување во неа и трикратно крстовидно благословување со прст (τῶδακτύλω)

[451] Оваа активност во доцната антика ја вршеле лица "заколнувачи" (егзорцисти) кои не морале да бидат ракоположени. Од соборот во Лаодикеја, оние кои не биле произведени од епископ не смееле да заколнуваат ниту во храмовите, ниту во домовите. (види Мирковиќ, 2002, 64)

- помазување на кандидатот со свето масло (елеј).

5. Крштевање

- свештеникот три пати го потопува (βαπτίζο) кандидатот во малиот базен (κολυμβήσθρα, fons, piscina) притоа изрекувајќи дека го крштева во името на Отецот, Синот и Светиот Дух. Од лево и десно се сведоците - кумовите. Од 3. и 4. век, крштевањето се одвивало во присуство на сведок ('ανάδοχος , sponsor, suspecor) кој гарантирал дека крстениот ќе остане верен на христијанството и своите ветувања.

Во рамките на базиликалните храмови во Македонија, од 4. до 6. век е забележано крштевање со потопување во соодветни писцини. Во рамнинските населби вода имало во изобилие. Веројатно потешко било снабдувањето со вода на писцините во високите планински опидиуми и кастели. Делумно заради тоа, делумно заради поедноставување на ритуалот, самиот чин на крштевање добива три основни типа:

- submersio - најстар метод со трикратно нурнување во река
- imersio - трикратно потопување во осветена вода во писцина
- infusio - трикратно полевање со сад, метод користен од 6. век

6. По чинот на крштевањето, присутните го пеат псалм 31: Блажени се оние чии беззаконија се простени и чии гревови се покриени...

- на крстениот неофит му се закачува крст околу вратот во знак на дадените ветувања и вера

7. Крстениот облекува бела облека, што од 3. до 6. век била носена седум дена, и не смеела да се соблекува или пере

8. Осмиот ден неофитот доаѓа во црквата и ја остава белата облека, што го симболизира моментот на вистинското раѓање, бидејќи Бог го создал светот за седум дена, а осмиот одморил.[452]

По овој чин, новиот верник можел да влезе во наосот. Поради половата сегрегација, мажите влегувале во јужниот, а жените во северниот кораб.[453]

452 Лилчиќ, 2003, 73-82

453 Ibid, 74

**Баптистериуми и баптисмални комплекси во Македонија**

ХЕРАКЛЕЈА ЛИНКЕСТИС

*Мала базилика, базилка А*

Јадрото на црквата го сочинува една квадратна просторија, со речиси идентични димензии колку и корабниот дел, што имала двојна функција: крстилница и нартекс. Се работи за постара квадратна градба со фонтана, вколпена во подоцнежниот аранжман на базиликата А, како крстилница со писцина. За време на истражувањето, во кубусот биле откриени фрагменти од четири големи мермерни столбови, девастирани при уривањето на градбата. Една од базите е најдена *in situ,* на еден од аглите на базенот, кој имал квадратна основа со отсечени агли, во кои стоеле столбови што носеле балдахин. Истражувачот М. Чанак - Медиќ, смета дека столбовите тука носеле перистил, додека писцината била отворена. Од друга страна, поставеноста и организираноста на овој дел, т.е околу писцината се речиси идентични со писцините од Епископската и Северната базилика во Стоби.

Подот во просторијата бил покриен со масивни, фино мазнети мермерни плочи. Со мермерни плочи, одозгора оперважени биле обложени и околните ѕидови во надподната зона, висока 51 цм. Во просторијата воделе две врати во задниот дел. Пред нив стоел долг портик, широк 2,7 м.

Во доцниот 5. век покрај крстилницата бил дограден источниот базиликален дел, а крстилницата станала нартекс, но ја задржала функцијата. Како новина од овој период, кај писцината гледаме надградба врз широкото крунište, ѕвездесто оформена и со осум тесни краци извлечени нанадвор. Меѓу нив биле оформени шест полукружни ниши и два премина кон писцината. Вакви ѕвездести круништа се чести во доцниот 5. и 6. Ввек, а познати се и кај нас: во Стоби (крстилниците на Северната, Епископската и базиликата зад вијадуктот), потоа во Баргала (Епископската базилика) и на др. места во Медитеранот.

*Голема базилика, базилика Ц*

Црквата е изградена како трикорабна базилика со нартекс, ексонартекс и со трем со колонада помеѓу неа и соседниот Епископски двор. На јужниот крај на тремот и на јужната страна на базиликата се протега долг тесен простор, издвоен со неколку одаи потпрени до градскиот ѕид, и мали отворени простори. На источниот крај на просторот, е оформен баптисмален комплекс, со катихумениум и крстилница. Крстилницата имала кружна писцина и скалила од две страни.

СТОБИ

*Епископска базилика*

Западно од театарот, непосредно покрај јужниот ѕид на Епископската базилика се наоѓа градбата на баптистериумот. Објектот е сместен 4,20 м подолу од подот на базиликата на епископ Филип, а на ниво на старата епископска базилика на епископите Будиј и Евстатиј. [454]

Баптистериумот во основа е тетраконхос впишан во масивен квдрат (со димензии 9,40 м ) и е поставен како самостоен објект бидејќи сите четири ѕида биле независни. Подоцна на неговиот северен ѕид се потпрел јужниот потпорен ѕид на Филиповата базилика изградена во 5. век. Конструкцијата носела купола со мали апсиди во аглите. Во вдлабнатините на аглите се наоѓаат засводени влезови, а главниот влез бил на јужната страна. [455]

Во центарот на баптистериумот се наоѓа кружна писцина со внатрешен пречник 2,40 м, изградена врз постара кружна структура со пречник 2,70 м. Писцината е оградена со тули и хоросан малтер; а според сочуваниот остаток на западната страна, била обложена со бели и црвеникави мермерни плочи.

[454] Алексова, 1995, 101
[455] Ibidem

Четири отвори со скали воделе од врвот на оградата до дното на писцината. Подоцна југозападниот влез бил отстранет и на негово место бил поставен голем мермерен кантарос. Овој аранжман е финална употреба на баптистериумот со писцината, веројатно во една обнова од Јустинијаново време. [456]

Од источната и западната страна оградата на писцината е засечена со по една полукружна ниша за пристап на службеното лице и клирот во текот на изведувањето на обредот крштевање. На самата ограда биле поставени шест мали колони кои го носеле балдахинот.

Вода во писцината била доведувана низ оловна цевка од јужната страна во шупливиот мермерен цилиндар со канелури од надворешната страна, сместена во центарот на базенот. Одвод не е пронајден. Во последната фаза на употреба на баптистериумот, шест мермерни колони биле поставени од надвор покрај оградата на писцината со мермерни композитни капители од јонски тип што ја придржувале средишната покривна конструкција.

Јужно покрај баптистериумот е откриен архитектонски комплекс со просторија со префурниум за загревање на вода и четвртест базен со банкини од источната и јужната страна. Оваа писцина служела за крштевање во зима. [457]

Баптистериумот со својата постара писцина ѝ припаѓал на Старата епископска базилика изградена во првата половина на 4. век, обновена при крајот на истиот век. Помладата писцина припаѓа на Филиповата базилика изградена во 5. век. [458]

*Северна базилика*

Базилика ориентирана запад - исток, со благо отстапување на апсидата кон југ. Составена од нартекс - атриум со фонтана и перистил, широк трокорабен наос, апсида, тетраконхална крстилница на северната страна и по два мали анекси на северната и јужната страна.[459] Веројатно во првата фаза објектот бил доцноцарска палата, подоцна конвертирана во ранохристијанска црква.[460]

---

[456] Ibid, 101
[457] Ibid,102
[458] ibidem
[459] Лилчиќ, 2002, 853
[460] Алексова, 1995, 99

Причина за изградба на втора крстилница претставува изградбата на Епископската базилика, односно периодот на преуредување на нејзината постара крстилница, очигледно, главната во Стоби. Поради потребата на континуитет во покрстувањето, во текот на овие работи била изградена малата крстилница во Северната базилика.[461]

*Базилика extra muros*

Базилика откриена надвор од ѕидовите, со нартекс со северен и јужен анекс, крстилница - просторија источно од јужниот анекс, трокорабен наос и полукружна апсида.[462]

На северната страна се влегувало во мал правоаголен анекс; на јужната страна низ правоаголна просторија (во чиј под бил откриен канал со керамички тубуси, со правец кон баптистериумот) се влегувало во приближно квадратна просторија во функција на крстилница, со кружна писцина во средина. Низ две врати на источниот ѕид покрстените верници излегувале од баптистериумот и веднаш низ една врата на јужниот ѕид од наосот влегувале во јужниот кораб на базиликата.[463]

*Паликура базилика*

Трокорабна базилика со тесен нартекс на запад, со длабок презвитериум и мал атриум зад апсидата, кој на исток продолжува во комплекс простории, меѓу кои централно место зазема една речиси квадратна просторија однадвор, а октогонална однатре (сл. 27).[464]

Таа била идентификувана како крстилница,[465] но сепак нема писцина, така што некои истражувачи ја идентификуват и како мартирион или ѓаконикон.[466]

---

461 Лилчиќ, 2002, 853
462 Ibid, 867
463 Ibid, 869
464 Ibid, 875
465 Snively, 1979, 237
466 Алексова, 1983, 156-157

БАРГАЛА

*Епископска базилика*

До трокорабната базилика со ексонартекс и нартекс, северно, покрај базиликата, дополнително била подигната крстилница со три компартименти на западната страна.[467]

Баптисмалната структура ја сочинуваат баптистериумот со крстовидна писцина, неговиот трем, една сала и одајата за даровите на верниците - ѓакониконот. Под нивото на подот во западниот дел е откриена постарата писцина на првобитниот баптистериум.[468] Самата градба на баптистериумот има крстовиден план со крст вписан во правоаголен простор. Објектот има две градежни фази. Стариот баптистериум не комуницирал директно со северниот кораб. Во подоцнежното продолжување и ремоделирање на објектот кон исток и изградбата на новата крстовидна писцина, отворен е влез во северниот кораб на базиликата. Писцината на стариот баптистериум е всушност секундарно употребена меморија, односно гробна структура изградена од секундарно употребени антички сполии. [469]

Со преуредувањето на базиликата се пристапува кон проширување на градбата на баптистериумот. Изградена е солидна крстовидна структура со масивни ѕидови изведени од големи обработени камени блокови, што на источната надворешна страна завршуваат со масивна тристрана апсида. Во централниот дел на продолжениот баптистериум е изградена луксузна крстовидна писцина со мермерна оплата од надворешната и внатрешната страна. Базенот бил опремен со оловна цевка за довод на вода и канал за одвод. Старата писцина била исполнета со земја, аранжманот околу неа нивелиран и препокриен со плочи од црвеникав камен. Над новата писцина била изградена луксузна конструкција од мермерни колони,[470] што (земајќи ја блискоста и аналогијата на објектов со баптистериумот во Стоби) веројатно била покриена со балдахин.

---

[467] Лилчиќ, 2002 , 967
[468] Алексова, 1995, 139

[469] Ibidem
[470] Ibid, 140

## ТЕТОВСКО

### Стенче, "Градиште"

Во склоп на истражениот дел од доцноантичкиот локалитет Градиште, кој бил и јак ранохристијански центар; откриени се три баптисмални објекти во непосредна близина на Големата, и постариот објект на Малата базилика[471].

Крстилницата А претставува крстовиден објект со надворешни димензии 3,25 х 3, 25 м; 2,40 х 2, 40 внатрешни димензии на краците и длабочина од 1,20 м; градена од кршен камен поврзан со малтер, малтерисана со хидростатен малтер во еден слој однадвор, а во два однатре. Дното на објектот, во централниот дел на подната површина бил обработен во форма на симетрична детелина, формирајќи рамнокрак централен крст.

Влезот во крстилницата бил оформен на северозападната страна, со четири камени скалила градени од камени плочи и малетрисани со хидростатен малтер, а излезот бил на североисточната страна, повторно решен со четири камени скалила. Околу крстилницата е регистрирана ѕидана кружна конструкција, и влез свртен кон нартексот на Големата базилика[472].

Северно од крстилницата А се наоѓа кружната писцина на крстилницата Б, градена од кршен камен со малтер, и обложена со по два слоја хидростатен малтер од двете страни; со внатрешност во форма на пресечен круг, оформен од двете склалила на северната половина на објектот[473].

Крстилницата Ц (сл. 33, објект бр. XII) има крстовидна основа со надворешни краци и е градена идентично како и претходните.

Ваков случај на три крстилници во рамките на толку мал простор е навистина редок. Веројатно трите објекта треба да се поврзат со двете главни фази на егзистирање на црковните објекти: најпрво постарата т. н Мала базилика - со која треба да ги поврземе градбите на крстилницата Б.

---

[471] Цветановски, Костадиновски, 2006, 44-46

[472] Ibid, 4

[473] Ibid, 45-46

во пораната фаза на нејзиното постоење, и крстилницата А што веројатно била подигната во подоцнежната фаза на функционирањето на базиликата; додека крстилницата Ц се врзува со подигањето на Големата базилика врз постарата, со тоа што еден дел од постарата базилика очигледно останал вклопен во рамките на новиот објект како баптистериум.

ПРИЛЕПСКО

Дебреште, "Кале"

Во источниот дел на малата доцноантичка тврдина, покрај источната порта била подигната помала ранохристијанска трокорабна базилика со крипта и крстилница.[474]

Северно од базиликата била откриена градбата на баптистериумот: објект со кружна основа и крстовидна писцина во средината, граден од кршен камен и малтер. [475]

Манастир, "Градот", Базилика Б

Еднокорабен објект со мал нартекс на запад, трансептален дел на источната страна и мали пастафории вклопени меѓу нартексот и трансептот. Возможно е, јужната да имала баптисмална функција, со оглед на влезот од нартексот и наосот.[476]

ШТИПСКО

Миокази, “Градиште”

Покрај јужниот кораб на базиликата бил откриен анекс изграден врз постар објект, а во негов склоп се наоѓа октогонална писцина изградена од тегули и хидростатен малтер. Според Б. Алексова, овде станува збор за крстилница подигната врз меморија, датирана во почетокот на 5. век[477].

[474]Лилчиќ, 2002, 938-939

[475] Алексова, 1995, 234

[476] Лилчиќ, 2002, 945
[477] Алексова, 1995, 236-237

ЛИХНИД

Св. Еразмо

Масивната трокорабна базилика, на западната страна има нартекс и два странични анекси на север и југ, при што на источната страна од јужниот анекс се надоврзува крстилницата. Таа има квадратна форма со кружна писцина во средишниот дел, во која се сочувани остатоци од скалите на западната и источната страна. Источно од неа има тесен ходник, кој ја поврзувал со јужниот кораб.

Баптисмалниот комплекс е граден истовремено со целиот објект, и се датира во крајот на 4. и почетокот на 5. век[478].

Студенчишта

На јужната страна од нартексот на трокорабната базилика, се надоврзува анекс кој има правоаголна форма со апсида на југ и кој комуницира со баптистериумот поставен источно од него. Со конзерваторско – презентативните работи од 1971 е востановено дека крстилницата е подоцна доѕидана до јужниот кораб[479].

Крстилницата има квадратна форма со под од керамички плочи и крстовидна писцина во средината, во која се слегувало преку скалила на источната и западната страна. Внатрешноста на писцината која има овална форма, била обложена со мермерни плочи поставени на хидростатен малтер. Имајќи ја предвид местоположбата и комуникациската поврзаност на базптистериумот со јужниот анекс, можеме да претпоставиме дека анексот имал функција на катехумениум[480].

[478] Маленко , 1989, 6

[479] ibidem

[480] Битракова – Грозданова, 1975, 68 - 70

Јужна базилика

Јужната базилика има трокорабна диспозиција, нартекс со странични анекси на западната страна, атриум на север и баптисмален комплекс на југозападната страна

На јужната страна од нартексот се надоврзува уште еден анекс со правоаголна форма, без видливи влезови. Источно од него, по должината на целиот јужен ѕид на базиликата, се протега еден коридор со широчина од 4 м кој води до баптистериумот подигнат на југоисточната страна од црквата. Во централниот дел, коридорот се отвара кон јужниот кораб, а на исток комуницира со предворјето на крстилницата, кое служело како дел од баптисмалниот комплекс, веројатно како катехумениум или консигнаториум.

Крстилницата е опфатена со предворје од јужната и од западната страна, а меѓусобната комуникација е остварена преку два влеза кои се наоѓаат на западниот ѕид. Самата крстилница има правоаголна форма со димензии 10 x 9 м и голема кружна писцина со дијаметар од 4,5 м и длабочина од 1,6 м. На ѕидот од писцината има шест апсидални вдлабнувања, групирани по три од северната и јужната страна. Во писцината се слегувало по скалила поставени на источната и западната страна.

Евидентирани се две фази на градење на писцината и на самата крстилница. Во првата, подот на писцината бил декориран со мозаик, altodоцна подот бил подигнат за 40 см и бол прекриен со мермерни плочи. Веројатно истовремено била изградена уште една правоаголна писцина, прилепена до јужниот ѕид на крстилницата. Оваа писцина има скромни димензии од 1,5 м и 1,2 м ширина. Изградена е од тули врзани со малтер, подот е изведен од мермерни плочи, а ѕидовите од внатрешната страна имаат оплата од мермер.

Самите димензии на главната писцина укажуваат на тоа дека овде бил применуван методот на крштевање *imersio*, односно трикратно потопување на кандидатот во осветена вода, за разлика од подоцнежната писцина, каде што можело да се применува само *infusio*.

Поставеноста на крстилницата југоисточно од олтарната апсида на базиликата е мошне редок пример, кој во регионот се среќава единствено кај Големата базилика од

Хераклеја[481]. Кај останатите ранохристијански цркви од Балканот[482] речиси и да не постои вакво решение, но сепак познати се повеќе базилики од Блискиот Исток (Ксантос, Сиде, Милет, Анемуриум)[483] и од Северна Африка (Аполонија, Латрун)[484] кадешто крстилниците се поместени источно од олтарот на црквата.

Поликонхална црква

Архитектурата на оваа централна градба се состои од тетраконхален наос со полукружни коридори од северната, јужната и западната страна, нартекс и атриум на запад, два странични анекса на северозападната страна и еден на североисточната, како и баптисмален комплекс на јужната страна.

Од јужната страна на нартекост се наоѓа уште еден анекс со правоаголна форма и полукружна апсида на југ, но при археолошките истражувања не се пронајдени никакви елементи кои би помогнале во одредувањето на функцијата на оваа просторија. Сепак, според местоположбата и димензиите (11,5 x 6,9 м) веројатно служела како катехумениум, и комуницирала преку два влеза со нартексот и баптистериумот на исток. Крстилницата има форма на триконхос со помали димензии: 5,6 x 5,3 м. Во нејзината средина се наоѓа писцина со крстовидна форма и скалила на источниот и западниот дел, кои водат до дното на писцината. Според архитектонската концепција на просторијата, јасно е дека катехумените влегувале во баптистериумот од западната страна, а излегувале покрстени од приодот кај северната конха[485].

---

481 Микулчиќ, 2007,112

482 Kreutheimer, 1965; Лилчиќ, 2003

483 Sodini, 1989, 405 – 426, fig. 6, 7, 9; Russel, 1989, 1621 – 1637, fig. 2

484 Duval, 1989, 2743 – 2796, fig. 2, 14

485 Битракова – Грзоданова, 1975, 28 – 30

Базиликата кај Октиси

Баптисмалниот комплекс се состои само од една квадртана просторија (3,80 x 3,70 m) во која се влегува од јужната страна на нартексот. Во исто време, тоа е и единствен влез во крстилницата, што не е чест случај во архитектонската концепција кај ранохристијанските базилики. Но сместувањето на крстилниците јужно од наосот и нартексот е релативно вообичаена пракса во регионов[486]. Единствено недостасува предпросторот – катехумениум, кој инаку е вообичаено е присутен кај монументалните ранохристијански базилики во провинцијата ( Поликонхалната црква, Јужната базилика, базиликите кај Студенчишта, Радолишта, Св. Еразмо). Може да се претпостави дека подготвителните обреди за кршевање се одвивале во нартексот.

Писцината во крстилницата има крстеста форма. Надворешните контури на базенот не се сочувани. Формата се насетува само од внатрешната страна каде е јасно видлива крстестата база, зачувана само на дното, изведена во хоросан малтер и ѕидана од необработен камен и малтер.

[486] Bitrakova Grozdanova, 1986, 119 - 120




Таб. 7 Преглед на баптистериуми и баптисмални комплекси по провинции




Таб. 8 Преглед на досега откриените ранохристијански објекти во РМ и нивна процентуална застапеност




Таб. 9 Преглед на типовите ранохристијански градби во РМ

## 15. Преглед на локалитети со можни остатоци од ранохристијански градби

Во продолжение даваме кус преглед на досега рекогносцираните локалитети на територијата на Република Македонија, со можни остатоци од ранохристијански градби, наведени во Археолошката Карта на Република Македонија, том II (АКРМ). За полесен увид ќе се водиме по општини (по азбучен ред).

### 1. БЕРОВО

ВЛАДИМИРОВО

*Ѓузелце, христијански објект.* Во близината на локалитетот Градиште, на еден зарамнет простор се гледаат темели од црква со димензии од 13 х 7 м. Околу неа има многу фрагменти од покривни ќерамиди и друг градежен материјал .

*Црквиште, христијански објект.* На ридот Караџузлија, кој има доминантна местоположба над околината, на простор од 20 х 30 м се гледаат урнатини од сакрален објект. Локалитетот е обраснат со ниска вегетација.

ДВОРИШТЕ

*Бабини Колиби (Чаплаковски Колиби),* населба од доцноантичкото време и христијански објект. Помеѓу селата Двориште и Ратево, под ридовите Шуманов Рид и Црква, од двете страни на долот се гледаат темели од стар објект околу кој има многу градежен материјал, фрагменти од керамички садови и питоси. На овој простор, до колибата на С. Величковски бил најден епиграфски споменик посветен на императорот Каракала. Во центарот на селото се наоѓа градежен материјал од мала црква .

МАЧЕВО

*Гробишта, христијански објект со некропола.* На 3 км северозападно од селото, на висока тераса што се издига над Голем Дол се гледаат темели од мала христијански објект со димензии од 8 x 5 м. Околу неа се откриени гробови градени од камени плочи.

*Цуцуло, населба од римското време и христијански објект.* На 2 км северно од селото, на висок рид кој благо се спушта кон селото, на простор од 600 x 600 м се среќаваат фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и друг градежен материјал. Во горниот крај на локалитетот се откриени темели од христијански објект.

МИТРАШИНЦИ

*Манастир, населба од доцноантичкото време и христијански објект.* На 5 км јужно од селото, во планинскиот предел на Каменица, во ливадите на Ј. Самарџиски се гледаат грамади од камења и фрагменти од керамички садови и питоси.

*Свети Илија, христијански објект.* На левиот брег на реката Брегалница, околу малата црквичка - параклис посветен на св. Илија, се наоѓаат фрагменти од архитектонска камена пластика и од покривни ќерамиди.

ПАНЧАРЕВО

*Манастир, христијански објект.* На 4 км од Пехчево, кај месноста Спиково се зачувани урнатини од старохристијанска црквичка со димензии од 7 x 13 м.

РАТЕВО

*Градиште, градиште од доцноантичкото време и христијански објект.* Во пределот на Сливница, помеѓу селата Ратево и Двориште, на една мала ниска чука се зачувани остатоци од помало утврдување. Бедемот, од кој се зачувани само темелите, оградувал простор од 150 x 120 м. По површината се забележуваат темели од објекти, фрагменти од керамички садови и питоси. На 200 м јужно од бедемот има остатоци од мала христијански објект.

*Манастир, христијански објект.* Во непосредната близина на локалитетот Грамади се издига висок рид со доминантна положба. На зарамнетото плато на врвот има остатоци од христијански објект со димензии од 23 x 12 м чии ѕидови се зачувани до 1 м височина.

РУСИНОВО

*Долно Грамаѓе, населба од римското време и христијански објект.* На околу 3 км југоисточно од селото, покрај патот кој преку Џами Тепе води за Струмица, на површина од 800 x 300 м се среќаваат множество фрагменти од керамички садови, питоси и градежен материјал, а се констатирани и темели од повеќе објекти. Жителите откопале неколку големи питоси, а нашле и монети. На јужниот крај на локалитетот се најдени темели од црква.

*Црквиште I, христијански објект.* На источните падини на ридот Петлец се зачувани урнатини од мала црква.

*Црквиште II, христијански објект.* Во близината на месноста Чука се зачувани остатоци од мала црква околу која се наоѓаат парчиња од покривни ќерамиди.

СМОЈМИРОВО

*Милина Црква, христијански објект.* Од левата страна на патот за Берово, на високиот рид каде што е подигната новата црква биле откриени темели од постар објект, веројатно црква.

ЧИФЛИК

*Света Петка, христијански објект.* На околу 3 км северно од селото се зачувани темели од мала црквичка градена од кршен камен и варов малтер.

*Скалата, христијански објект.* На источната периферија на селото се гледаат темели од мала црквичка, обраснати со ниска вегетација .

# 2. БИТОЛА

## БИСТРИЦА

*Црква Свети Ѓорѓија, христијански објект.* Во 1969 година во дворот на црквата, непосредно до нејзината северна страна, случајно е откриен дел од поден мозаик, работен со камчиња во три бои. Се работи за мозаичен под од христијански објект.

## БИТОЛА

*Света Троица - Хераклеја, христијански објект.* На околу 500 м југозападно од централ¬но¬то градско подрачје, на блага падина во атарот на Хераклеја, во 1970 година е изградена црквата Св. Троица, и тоа врз темели на христијански објект. Во дворното место на црквата има неколку примероци од мермерна декоративна пластика: мено со база, фрагмент од парапетна плоча, капител и др. Веројатно одовде потекнува вотивната плоча посветена на Асклепиј. Постои можност тука да било лоцирано светилиште посветено на Асклепиј, зашто во непосредната близина се наоѓа извор кој денес се смета за лековит. Наодите се сместени во лапидариумот на Хераклеја.

## БУКОВО

*Буковски Манастир, христијански објект.* Во дворното место на манастирот има повеќе мермерни споменици, и тоа: фрагмент од стебло на столб, прозорско мено вградено во конакот, мермерна база и помало мермерно столпче. Веројатно на оваа локација се наоѓал христијански објект.

*Црквиште, средновековна црква и некропола.* На 2 км западно од селото, кај месноста Мишеа Ливада, се зачувани делови од некропола чии гробови се покриени со големи камени плочи. Видлива е и поголема грамада од камен и друг градежен мате¬ријал од средновековната црква.

ДИХОВО

*Св. Недела, средновековна црква и некропола*. Во непосредната близина на мостот за Битола се наоѓа мало црквиче, а околу него остатоци од некропола. Местото се смета за вакафско.

ДОЛЕНЦИ

*Старо Село, средновековна црква и некропола*. На околу 700 м северозападно од селото, на блага падина од десната страна на стариот пат за селото Гопеш се гледаат темели од црква. Според кажувањата на жителите, при обработувањето на земјата биле наоѓани гробови од камени плочи. Црквата е посветена на Св. Ѓорѓија.

*Суви Ливади, христијански објект*. Во Цапарско поле, на околу 500 м источно од селото, при подготвувањето на теренот за овошни насади биле откриени остатоци од темели на христијански објект. Со заштитните ископувања во 1970-72 година е утврдено дека се работи за трикорабна базилика, со нартекс и по еден анекс на северната и на јужната страна. Во централниот кораб има мозаичен под со геометриски и зооморфни мотиви и грчки натпис.

ДОЛНО СРПЦИ

*Црква Св. Арангел, христијански објект.* Според остатоците од архитектонска пластика, црквата била подигната врз темели на постар објект. Пред влезот, од јужната страна има столб и профилирана база изработени од мермер, а околу самата црква гробови покриени со камени плочи.

*Црква Св. Тодор, христијански објект*. Црквата е подигната врз стари темели, можеби од базилика, на што упатуваат базите и стеблата од столбови присутни во дворното место околу црквата.

КРСТОАР

*Мирои Орници, христијански објект.* На околу 300 м северозападно од манастирот Кристофор, војската при копање на ровови во 1954 година открила објект со мозаичен под. Објектот бил ѕидан од камен и варов малтер. Денес по површината на просторот има фрагменти од покривни ќерамиди, тули и друг градежен материјал, а зачуван е и еден довратник од мермер. Според исказите на жителите, одовде потекнува камената пластика (делови од мермерен саркофаг, мермерен столб и др.) што се наоѓа кај манастирот.

НОШПАЛ

*Бела Црква, христијански објект и некропола.* На северната периферија на селото во 1984 година врз стари темели е изградена црква. Притоа се најдени делови од мермерни столбови и други мермерни парчиња. Според кажувањето на Васил Бошевски од ова село, при обработувањето на земјата, северозападно од црквата, открил два гроба градени од камени плочи тип циста, во кои имало стаклени сатчиња. Од овој локалитет потекнува дел од сива плоча со грчки натпис ставен пред влезот во куќата на В. Бошевски.

РАМНА

*Раменска Тумба, христијански објект.* На 2 км југозападно од селото, во Цапарско Поле, при заштитните археолошки ископувања во 1966 година е откриена старохристијанска базилика. Базиликата е трикорабна, со нартекс и два анекса на јужната и еден на северната страна. Подот бил поплочен со тули.

СУВОДОЛ

*Бројанец, христијански објект.* На околу 1,5 км северно од селото, лево од новиот пат за Маково, на една од падините на Селечка Планина во 1983 година е извршено сондажно истражување при што се откриени темели од помала црква градена од камен со кал. Објектот е делумно оштетен. Во непосредната близина е најдена бронзена монета. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Битола.

## 3. БРОД

*Рајчица, христијански објект и раносредновековна некропола.* Во северниот дел на градот, на левиот брег на реката Треска, кој е алувијална тераса (КП 544), при копање на темели за изградба на еден објект биле откриени два гроба. Во осумдесеттите години со заштитните археолошки интервенции се откриени уште 9 гроба од типот циста и поголем дел од апсида на базилика. Во еден од гробовите е најдена обетка во вид на кошничка. Наодите се чуваат во Музејот на Македонија.

## 4. ВАЛАНДОВО

БРАЈКОВЦИ

*Манастир, христијански објект.* Источно од селото и од локалитетот Чукарски Пирој, на една мала височинка обрасната со густа вегетација се гледаат 7- 8 парчиња од обработени мермерни блокови и делови од архитравни греди.

## 5. ВЕЛЕС

НЕЖИЛОВО

*Горно Село, топилница и христијански објект со некропола.* На 3 км северно од селото, во непосредната близина на утоката на Ливничка Река во Бабуна, во нивата на Т. Неделковски се среќаваат голем број остатоци од згура од топено железо. Видливи се темели од христијански објект, а околу неа гробови градени од камени плочи. По површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди.

## 6. ВИНИЦА

### ГРЉАНИ

*Манастирот, христијански објект.* На 1 км источно од училиштето се гледаат остатоци од темели на објект со ориентација исток - запад и со апсида на источната страна. Се работи за еднокорабна црква, со четири простории од јужната страна, со приближни димензии од 38 х 20 м.

### ДРАГОБРАШТА

*Свети Спас, христијански објект.* На раскрсницата од селскиот пат за Драгобрашта и Пекљани, денешната црква Св. Спас е изградена врз темели од голема базилика, со димензии од 40 х 20 м, од која се гледаат апсидата, северниот и јужниот ѕид, зачувани во темелите.

# 5. ДЕЛЧЕВО

БИГЛА

*Крсто, христијански објект.* На десната страна од стариот пат Делчево-Кочани, на висок рид со зарамнета површина се зачувани темели од црква околу која има градежен материјал: камења, варов малтер, делови од покривни ќерамиди.

ВИРЧЕ

*Црквиште, христијански објект.* На источната страна на локалитетот Градиште се издига висок рид на кој се гледаат темели од еднокорабна црква со димензии од околу 20 х 30 м.

*Црквиште, христијански објект.* Се наоѓа 2,5 км северно од селото, покрај патот Вирче-Град. Во оваа месност, позната кај мештаните под името Св. Врач, се гледаат урнатини од црква .

ДУЛИЦА

*Бегов Даб, христијански објект.* На околу 400 м западно од утоката на Каменица во Брегалница, со ископувањата на Археолошкиот музеј од Скопје во 1968/1969 година се откриени остатоци од трикорабна базилика со по 4 столбови на стилобатите и трансепт. Широката апсида на источната страна е вовлечена во внатрешноста на градбата, што ја доближува до еден вид крстовидна. Во олтарниот дел е зачуван синтроносот со масивна платформа за централното седиште, а пред него платформа за чесната трпеза со форма на крст. Зачуваната основа од канцелот покажува дека олтарната преграда одела по ширината на централниот кораб. Базиликата има добро зачуван нартекс на западната страна, од кој преку трибелон се влегувало во наосот. На северната страна е откриен компартимент со банкини, а на западната ѕид што ја оградувал црквата. Презвитериумот со пастофориите и наосот се послани со замазнет малтер, а страничните кораби со печени тули. Најдена е богата декоративна

архитектонска пластика. Базиликата е од крајот на 5. и почетокот на 6 век. Непосредно до базиликата се откриени неколку гробови од некропола прекопана од порано. Покрај атриумот се истражени пет гроба со камени конструкции во кои биле најдени примероци од квалитетен накит кој типолошки, а и хронолошки, може да се поврзе со најстарите примероци на накит од големата некропола во Демир Капија, датирана во IX - X век.

*Црква, христијански објект.* На десниот брег на Каменица, на висок рид се зачувани темели од христијански објект околу која има грамади од градежен материјал.

SВЕГОР

*Илина Црква, христијански објект.* Источно од локалитетот Мало Градиште, на еден повисок рид се зачувани траги од христијански објект со димензии од 16 х 7 м. Околу неа се среќава градежен материјал, како и фрагменти од покривни ќерамиди и питоси .

КИСЕЛИЦА

*Богословец, христијански објект.* Под маалото Лисичор се гледаат грамади од насобрани камења и урнатини од црква. Ѕидовите на црквата се градени од кршен камен и варов малтер.

КОСОВО ДАБЈЕ

*Драндовица, христијански објект.* Под маалото Косово Дабје се гледаат грамади од градежен мате¬ријал и остатоци од мала црква.

ОЧИПАЛЕ

*Чукарче, христијански објект и некропола.* На 700 м источно од ридот Пресечен Камен, на мала тераса се зачувани остатоци од црква градена од камен и варов малтер. Околу неа се гледаат каме¬ни плочи од гробни конструкции.

САСА

*Конарник, христијански објект.* Над Сараевско маало се наоѓаат темели од мала еднокорабна црквичка.

СТАР ИСТЕВНИК

*Браниград - Ѓурова Црква, христијански објект.* На мала височинка оддалечена околу 1 км од селото се наоѓаат остатоци од темели на црквичка со димензии од 12 x 6 м.

# 6. ДЕМИР ХИСАР

## БЕЛЧЕ

*Гориче, христијански објект.* Во дворното место на живинарската фарма на Ветеринарниот центар од Демир Хисар, која е на 1,5 км јужно од селото, се гледаат траги од објект обраснат во густа вегетација, поставен во правец исток-запад.

*Црквиште, христијански објект.* На 1 км северно од селото, на површина од 30 х 15 м се забележува грамада од градежен материјал (кршен камен и тегули). Местото се почитува како вакафско.

## ЕДИНАКОВЦИ

*Црквиште, христијански објект и некропола.* На околу 2 км јужно од селото се гледаат остатоци од објект ѕи¬дан од кршен камен и варов малтер. Според кажувањата на мештаните, во неговата непосредна близина биле откриени повеќе гробови.

## СУВОДОЛ

*Црква Св. Богородица, христијански објект.* Црквата Св. Богородица е изградена врз темелите на трикорабна базилика од која се зачувани северниот и јужниот периметрален ѕид. Околу црквата и внатре има повеќе мермерни блокови. Во чесната трпеза е вградена ара со натпис во четири реда.

# 7. ГЕВГЕЛИЈА

## НИКОЛИЌ

*Црквиште, христијански објект.* На северната периферија на селото се гледаат остатоци од базиликална градба од 4-5. век, со нартекс и егзонартекс. Се забележуваат траги од олтарната преграда, а зачуван е канцел од мермер. Исто така се откриени и фрагменти од богато орнаментирана архитектонска пластика.

## НОВ ДОЈРАН

*Манастир, населба и некропола од римското, доцноантичкото и ранохристијанското време.* На целиот простор од современата населба, особено на патот за Стар Дојран се констатирани остатоци од темели на градби, базилика, архитектонска пластика, гробови со конструкција од тегули „на две води" и многубројни археолошки предмети (керамика, монети, накит) и скулптурална пластика. Се претпоставува дека се работи за остатоци од античката населба Тауриана. Најдените предмети се чуваат во Музејот во Гевгелија и во Музејот на Македонија во Скопје.

*Црквиште, христијански објект.* Со археолошките ископувања од страна на Археолошкиот музеј од Скопје, во дворните места на Г. Поп Коцев, Р. Џиков и Р. Каџаниев, јужно од патот во централниот дел на градот се откриени остатоци од трикорабна, луксузно градена базилика, со нартекс и широка полукружна апсида на источната страна. Откриени се траги од канцел-преграда. Подот во презвитериумот бил изведен со бели мермерни плочки, организирани во полиња што оформувале крст. Најдена е богата архитектонска пластика од бел мермер. Базиликата е датирана во 4.- 5. век.

ПРДЕЈЦИ

*Колник, христијански објект.* На 1 км западно од селото, во непосредната близина на управната зграда и магацинскиот простор на плантажите на „Винојуг" се среќаваат фрагменти од тегули и имбрекси, како и од архитектонска пластика, кои се поинтензивно изразени на простор од 100 x 50 м.

## 8. КАВАДАРЦИ

КОШАНИ

*Црквиште Св. Атанас, христијански објект.* Се наоѓа на зарамнето плато западно од патот. Откриена е во 1975 година со археолошки ископувања, и тоа нејзиниот јужен дел. Била подигната во 4. – 5. век, како култен објект покрај една ѕидана старохристијанска гробница. Црквата е трикорабна, со нартекс и егзонартекс. Средниот кораб на источната страна завршува со полукружна апсида. Канцелот од олтарната преграда е изведен од мермерни блокови, а подот во презвитериумот од мермерни плочки, во техниката опус сектиле.

РОСОМАН

*Селски гробишта, христијански објект.* Во северниот дел на селските гробишта се гледаат фрагменти од мермерна архитектонска пластика (стебла од столбови, архитравни греди и парапетни плочи).

# 9. КИЧЕВО

## АРАНГЕЛ

*Меѓа - Манастириште, христијански објект.* На околу 600 м источно од локалитетот Манастириште, на една мала височинка се гледаат темели од поголем објект обраснат со вегетација. По површината има расфрлено фрагменти од тегули и градежен материјал. Според димензиите и ориентацијата (исток-запад), би можело да се претпостави дека се работи за христијански објект.

## ЧЕЛОПЕЦИ

*Св. Илија, христијански објект и некропола.* Северно, на ридот што благо се издига над селото, се наоѓа црквата Св. Илија изградена во 1861 година, а обновена во 1910 година. Црквата била подигната врз темелите на постар сакрален објект и некропола. Во нејзините ѕидови се вградени сполии од камена пластика. Така, еден коринтски капител, изработен од ситнозрнест мермер, свртен наопаку, служи како база на дрвен столб врз кој се потпира балконот во западниот дел на црквата; на јужниот влез се вградени две плочи од кои едната служи за праг, а другата за довратник. На плочата - довратник е зачуван дел од грчки натпис во 6 реда. Над влезот има ниша со вградени камени греди, од кои на една исто така има зачуван дел од грчки натпис. И на крајот, во олтарниот ѕид е вградена надгробна плоча со двојно профилирана рамка. Од присуството на овие плочи со натписи вградени во црквата би можело да се претпостави дека во непосредната близина, или на нејзината локација, се наоѓале постар објект и некропола од римското време.

## 10. КОЧАНИ

ВРАНИНЦИ

*Грамади, населба и некропола од доцноантичкото време и христијански објект.* Во непосредната близина на истоименото маало, на поголем простор се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. Некрополата и старохристијанската црква се на највисокиот дел на чуката. На овој простор се забележуваат големи грамади од градежен материјал.

*Гробишта, населба и некропола од доцноантичкото време и христијански објект.* Во непосредната близина на маалото Чучкарци, на пространа тераса со димензии од 200 x 100 м се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди, а биле најдени и неколку монети од 4 век. Во средишниот дел на локалитетот се гледаат темели од христијански објект околу која има повеќе гробови. Дел од монетите се чуваат кај Тодор Симов од Кочани.

*Селиште, населба и некропола од доцноантичкото време и христијански објект.* Во непосредната близина на селското училиште, на површина од 200 x 200 м, во селските ниви се откриени темели од повеќе објекти. На површината се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На горниот крај на локалитетот има остатоци од христијански објект, а до неа некропола од која се гледаат контурите на десетина гроба.

ДОЛНО ГРАТЧЕ

*Долно Градиште, градиште од доцноантичкото време со некропола и христијански објект.* Кај утоката на Мала и Голема Река во езерото Гратче се издига стрмно висок рид на чиј врв има зарамнет простор со површина од 200 x 100 м, кој бил ограден со јак бедем. На површината на градиштето се среќаваат фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На горниот крај на тврдината има темели од мала христијанска црква околу која биле откриени десетина гроба.

МОРОДВИС

*Црквиште - Моробиздон, доцноантички и средновековен комплекс на повеќе локалитети.* Во подножјето на планината Плачковица, 7 км јужно од Кочани е лоциран Моробиздон, на кој истражувањето започнало во 1980 година и сè уште трае. Населбата од 5. – 7. век, со комплетно откриена репрезентативна црква со ѕидана гробница, е лоцирана во рамките на денешното село. Црквата ја краселе мермерен под, столбови и капители со старохристијански мотиви. Гробницата е интегрален дел од црквата од 5. век, архитектонски совршено изведена и полихромно декорирана, во техниката сигнинум. Населбата и утврдувањето престануваат да живеат во првите децении на 7. век, а Словените интензивно го населуваат во 9. век.

НОВОСЕЛАНИ

*Авлија, населба од доцноантичкото време и христијански објект.* На источната периферија на селото, на простор од 300 x 300 м, на површината на селските ниви има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На источниот крај на локалитетот се гледаат темели од голем христијански објект. До него е пронајдено стебло од столб од камен со должина од 1,5 м и пречник од 0,50 м.

ОРИЗАРИ

*Јаловец, христијански објект.* На 2,5 км северозападно од селото, на еден низок рид се зачувани темели од голема еднокорабна црква со димензии од 18 x 7 м .

## 11. КРАТОВО

ВАКУФ

*Чукарче, христијански објект.* Кај утоката на реката Повишница во Крива Река се издига ниска чука која зафаќа простор од 50 x 50 м, оградена со ѕид од сувоѕидица. Во средишниот дел на просторот се гледаат темели од црква, а се среќаваат и фрагменти од покривни ќерамиди. Во близината на црквата биле откопани неколку гроба од камени плочи.

## 12. КРУШЕВО

КРУШЕВО

*Свето Преображение, христијански објект и средновековна црква.* На околу 15 км северозападно од градот, на јужните падини на Бушева Планина, на ридот Голоманица (кота 1.664) има зарамнето плато кое благо се спушта од исток кон запад, со извонреден поглед кон Прилепско Поле. Во 1984 година црковниот одбор од Крушево, преземајќи акција за изградба на нова црква, при расчистувањето на теренот открил темели од еднокорабна црква. Во 1987 година, при копањето на земја, на длабочина од 0,20 м се откриени темели од поголема црква. Во текот на јули 1988 година Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата од Скопје извршил заштитни истражувања при што е откриена голема трикорабна базилика во чиј централен кораб била подигната помала еднокорабна црква.

ПРЕСИЛ

*Св. Богородица - Св. Ѓорѓи, христијански сакрален објект.* На 200 м југозападно од селото, на зарамнето плато се наоѓа црква подигната врз темелите на постара црква. Заводот и музеј од Прилеп во текот на 1967/68 година извршил заштитни археолошки истражувања.

РАСТОЛЦА

*Гумниште, христијански објект.* На 6 км североисточно од селото се гледаат остатоци од објект - базилика со големи димензии.

## 13. КУМАНОВО

ГРАДИШТЕ

*Св. Ѓорѓи, христијански објект.* На 1 км јужно од селото, во непосредната близина на средновековниот манастир се среќава поголем број делови од обработени блокови, столпчиња од олтарна преграда, бази од столбови, постаменти и друго, кои му припаѓаат на постар сакрален објект - базилика.

## 14. НЕГОТИНО

БИСТРЕНЦИ

*Ограѓе - Св. Петка, христијански објект со некропола.* На околу 800 м југозападно од селото, во непосредната близина на селските гробишта и новоизградената црква, на мала површина има фрагменти од мермерни столбови и архитравни греди кои веројатно му припаѓаат на некаков сакрален објект. Според исказите на мештаните, при изградбата на црквата биле откриени и отворени повеќе гробови градени од камени плочи во кои имало керамички садови и ѓердани од стаклена паста.

ТРЕМНИК

*Црквиште, христијански објект.* Во непосредната близина на селото, јужно од гробиштата, на најистакнатиот дел од височинката се гледаат остатоци од ѕидови и архитектонска пластика.

# 15. ОХРИД

## АРБИНОВО

*Добра Вода, христијански објект*. Се наоѓа на околу 1 км југозападно од селото. Во 1935/1936 година случајно се откриени темели од поголема сакрална градба. По површината се забележуваат многубројни фрагменти од градбена керамика.

## ВЕЛМЕЈ

*Бучишта, населба со некропола од доцноантичкото време и христијански објект*. Се наоѓа на околу 3 км северозападно од селото, на просторот во близината на крстосницата од меѓуселските патишта Горно Велмеј - Горно Средoрече – Оздолени. Претставува издолжена тераса која кон запад постепено се спушта кон Средоречко Поле. Северозападно од оваа позиција на локалитетот се издига планината Зластрана, северно е Пашина Горица, а источно врвот Попски Лазој. По површината се среќаваат купишта камења, фрагменти од градбена керамика и керамички садови од античкото и доцноантичкото време, па и од раниот среден век. Во непосредната близина се наоѓа и месноста Црница каде што на просторот од нивата на Војне Николоски се констатирани урнатини од старохристијанска црковна градба со поголеми димензии.

## ЗЛЕСТИ

*Св. Богородица Пречиста - Раштани, христијански објект и средновековна црква со некропола*. На околу 2 км југозападно од селото и на околу 400 м десно од патот кон селото Ботун има блага падина на која се гледаат урнатини од црква која жителите ја викаат Св. Богородица Пречиста. Црквата е триконхална, со нартекс и егзонартекс, како и со две помали простории - анекси, кои се наоѓаат северозападно од северната и југозападно од јужната конха. Најголемата должина на црквата е 17 м, а ширината 9 м. Градена е од кршен камен и варов малтер, на одделни места со тули. Ширината на ѕидовите изнесува 0,90 м, а најголемата зачуваност е 2 м, и тоа на северниот анекс. По ѕидовите во внатрешноста на црквата се

сместени повеќе мермерни меноа, бази со орнаменти, фрагменти од столбови, мермерен праг, сите употребени како сполии. Меѓу нив има и една ара со натпис што е нечитлив. Овие податоци укажуваат дека оваа црква е подигната врз темели од христијански објект. Југозападно од неа се гледаат големи камени плочи од гробни конструкции со ориентација исток-запад. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Охрид.

## 16. ПРИЛЕП

### БРАИЛОВО

*Манастир Св. Илија, христијански објект.* На околу 400 м под котата 757, оддалечена 1 км јужно од селото, се гледаат остатоци од базилика од која се откриени голем број импост-капители, столбови, меноа и делови од олтарната преграда. Базиликата е трикорабна, со полукружна апсида и катехумениум на западната страна.

### ЗРЗЕ

*Манастир Зрзе, христијански објект.* На околу 150 м северозападно од манастирот се наоѓаат остатоци од базилика од која се гледа дел од апсидата. Објектот е истржауван во 2009 година од Б. Ристески, и станува збор за голема трокорабна базилика датирана прелиминарно во 5. век (сл.64, 65, 66).

### КАЛЕН

*Црквиште, христијански објект.* На 600 м северно од селото се наоѓаат остатоци од помала градба, ѕидана од кршен камен и варов малтер, од која источниот ѕид е зачуван во должина од 4,60 м, а јужниот од 5,5 м. Во непосредната близина има грамада од кршен камен и приделкани камења и дел од обработена мермерна плоча .

НЕБРЕГОВО

*Латинска Црква, христијански објект и некропола.* На 1 км јужно од селото се откриени урнатини од темели на објект – црква во која има повеќе блокови од мермер. Југоисточно од црквата со орањето селаните откриле гробови поставени во правец запад-исток.

*Манастириште, населба од доцноантичкото време и христијански објект.* На околу 2 км североисточно од селото, на една поголема површина се наоѓаат фрагменти од керамички садови и многуброен градежен материјал. Во нивата на Драган Нешкоски се откриени остатоци од базилика градена од кршен камен и варов малтер. Најдени се и два јонски импост-капители украсени со крстови и птици во плиток релјеф.

РАКЛЕ

*Чаршија, христијански објект.* На 4 км источно од селото, на блага падина што се наоѓа во непосредната близина на автопатот Прилеп - Градско се гледа ѕид долг 20 м, граден од кршен камен и варов малтер. На источната страна има голема полукружна апсида. Околу објектот се гледаат фрагменти од тегули, имбрекси и тули.

## 17. ПРОБИШТИП

СТРМОШ

*Преслап, христијански објект.* На 3 км источно од селото, кај утоката на реката Киселица и Дупка Река се зачувани темели од христијански објект, а околу неа градежен материјал.

## 18. РЕСЕН

ГОРНО КРУШЈЕ

*Св. Спас, христијански објект и некропола.* На околу 300 м северно од селото, од десната страна на патот Ресен - Охрид, на јужниот крај на платото од една мала височинка, која на северната страна се надоврзува на ридот Крушичка Краста, во 1968 година се изградени нова црква Св. Спас, помошна зграда и ограден ѕид. При копањето на темелите за црквата, според кажувањето на мештаните, биле откриени темели од објект ѕидани од камен и хоросан малтер, подни тули и широки ќерамиди. Исто така, откриле и повеќе гробови градени од камени плочи. Во Музејската збирка во Ресен се чуваат тегули на кои има врежано претстави на птици.

КУРБИНОВО

*Св. Крстовден, христијански објект.* Во селската црква Св. Крстовден се вградени повеќе сполии (импост - капители со претстава на два гулаба и крст). Архитектонска пластика се среќава и на повеќе места во селото и околу селото. Освен тоа, на овој простор се откриени и остатоци од мозаични подови кои укажуваат на постоење на остатоци од базилика. Сондажни археолошки истражувања се извршени во текот на 1970 - 72 година од страна на Археолошкиот музеј на Македонија .

ПОКРВЕНИК

*Св. Атанас, христијански објект.* Во просторот меѓу старата и новата населба се наоѓа малата црквичка Св. Атанас. При копањето на темели за нова црква мештаните откриле остатоци од постар објект. Со археолошките ископувања извршени од Музејската збирка во Ресен е констатирано дека се работи за трикорабна базилика со нартекс, анекс-просторија на северната страна на нартексот и три простории на јужната страна, од кои едната е крстилница со кружна писцина. Подот во олтарниот простор е од малтер, а во наосот од плочи и печена земја. Покрај темелите од ѕидовите се најдени фрагменти од стебла на столбови, меноа, бази и два капитела.

СТЕЊЕ .

*Св. Атанас, христијански објект.* На околу 1 км јужно од селото, крај патот за селото Коњско се наоѓа црквата Св. Атанас, подигната во 18. век. При трасирањето на патот што поминува крај самата црква биле откриени остатоци од постар објект - црква градена со камен и варов малтер, како и едно столпче од мермер со врежан грб. Според овие наоди, може да се претпостави дека црквата Св. Атанас била подигната врз темелите на постар сакрален објект.

## 19. СВ.НИКОЛЕ

КРУШИЦА

*Рид, христијански објект.* На 200 м североисточно од селото има мала височинка на која се констатирани остатоци од сакрален објект и некропола. На теренот има крст од камен песочник и гробница околу кои се собираат мештаните на празникот Св. Илија.

## 20. СТРУГА

ТАШМАРУНИШТА

*На Чука, христијански објект.* На околу 100 м југозападно од селото, во непосредната близина на гробиштата се откриени темели од објект, можеби црква, ѕидани од кршен камен и варов малтер.

## 21. СТРУМИЦА

ГЕЧЕРЛИЈА

*Тумба, населба од доцноантичкото време и христијански објект*. На 2 км североисточно од селото има височинка со простор од 300 x 200 м, висока 6 м. На северниот дел се откриени темели од базилика, монети од -5. век и епиграфски споменик со латински натпис од 4. век.

ИЛОВИЦА

*Крива Топола, населба од римското време и христијански објект*. На 3 км северозападно од селото има рид во чие подножје на простор од 500 x 700 м се среќаваат фрагменти од керамички садови. Во нивата на С. Ќосев биле откопани повеќе питоси. На долниот крај од локалитетот се забележуваат остатоци од темели на црква.

КОСТУРИНО

*Прогон, населба од доцноантичкото време и христијански објект*. На 2 км источно од селото, на левата страна на рекичката Прогон има тераса со површина од 500 x 200 м на која има фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. До самиот брег на рекичката се наоѓаат темели од црква и некропола, а во месноста Буковиќ, која е во непосредната близина, има остатоци од топена бакарна руда.

МОКРИЕВО

*Св. Илија, христијански објект*. На висок рид што доминира над околината, оддалечен 3 км од селото, има темели од црква.

НОВА МААЛА

*Мангала, населба од доцноантичкото време и христијански објект.* Од јужниот раб на селото започнува голем простор, долг околу 1 км и широк 200 м, на кој има голем број фрагменти од керамички садови, питоси и покривни ќерамиди. На ритчето Мангала се гледаат темели од христијански објект.

НОВО КОЊАРЕВО

*Градиште, утврдена населба од доцноантичкото време и христијански објект.* На западниот раб на селото, над самиот пат што води од Струмица за бугарската граница, на пространа тераса со површина од 250 х 200 м се среќаваат остатоци од бедем, фрагменти од керамички садови и покривни ќерамиди. Во непосредната близина на бедемот, од надворешната страна има остатоци од темели на црква со некропола.

СУШЕВО

*Манастир, христијански објект.* На 500 м западно од селото се гледаат темели на христијански објект која е значително оштетен. Темелите се градени од камен и варов малтер.

ШТУКА

*Црквиште, градиште од доцноантичкото време и христијански објект.* На 4 км северно од селото, на висок рид со зарамнето плато и со простор од 100 х 150 м се зачувани темели од одбранбен бедем граден од камен и варов малтер. Во внатрешноста на тврдината се гледаат темели од помали објекти и еден резервоар за вода. Исто така, има и темели од христијански објект.

## 22. ТЕТОВО

ПОДБРЕГЕ

*Манастириште, христијански објект и средновековна црква.* На околу 2 км западно од селото, во близината на железничката пруга се наоѓа црква во урнатини, а непосредно до неа архитектонска пластика од мермер и камен: столбови, плочи, големи делкани блокови и друго.

## 23. ШТИП

БАЛТАЛИЈА

*Стар Бунар, христијански објект.* Под селото, на десната страна на широкото речно корито, во ливадата на К. Младенов се насетуваат темели од ѕидови кои формираат основа на објект со димензии од 18 x 10 м, поставен во правец исток-запад. Димензиите, ориентацијата и деловите од архитравна греда наведуваат на претпоставка за постоење на остатоци од базиликален објект.

КРУПИШТЕ

*Клетовник, христијански објект.* На околу 1 км јужно од селото се издига ридот Клетовник кој има мало зарамнето плато. Со ископувањата во 1975 година се откриени траги од архитектонски објект со кружна форма, со пречник од 10,60 м, граден од делкани блокови и хидростатичен малтер.

*Црква Св. Никола, христијански објект и средновековна црква.* Се наоѓа на североисточниот крај на селото, под патот Штип - Кочани, на десниот брег на Брегалница. Позната е во стручната литература како објект од 17. век. Според најновите констатации на Б. Алексова, нејзиното подигање е поместено во 9. – 10. век. Од надворешната страна на ѕидовите се забележуваат вградени елементи од ранохристијанска архитектонска и скулптурална пластика,

на кои има знаци и букви. Со ископувањата во 1975 година е констатирано дека црквата била подигната врз темели од трикорабна базилика, долга 16 м и широка 14,90 м, со централна апсида која од надворешната страна била организирана полигонално и со нартекс на западната страна. Околу црквата Св. Никола и остатоците од базиликата биле констатирани старохристијански и средновековни гробови. Дел од саркофаг служи како корито на чешмата што се наоѓа јужно од црквата.

СТАР КАРАОРМАН

*Крушка, старохристијанска населба и базилика*. Се наоѓа на излезот од селото, од двете страни на патот за селото Карбинци, на левиот брег на Брегалница. Зафаќа простор од околу 1 хектар, на кој се среќаваат фрагменти од керамички садови и многуброен градежен материјал. Во 1984 година Заводот и музеј од Штип извршил заштитно ископување при што е откриена трикорабна базилика со димензии од 17,40 x 11,80 м и засводена гробница.

# 16. Заклучни согледувања

Да се направи пресек на ранохристијанската епоха во пределот Македонија, со посебен акцент на територијата на денешна Република Македонија, е тежок потфат и истовремено смел предизвик : динамичниот историски развој; постоењето на нејасни, и често тешко објасниви извори; како и фактот дека денешните граници опфаќаат неколку делови од античката поделба на управни територии; се фактори што го отежнуваат процесот.

Територијата на Република Македонија во доцната антика им припаѓала на пет различни провинции : Македоија Салутарис, создадена на крајот на 4. и почетокот на 5. век, на територијата на денешна Западна Македонија; Македонија Секунда, со главен град Стоби, на средишниот дел од течението на Аксиј (Вардар) и неговите притоки, што се појавува во изворите во периодот од средината на 5. век до 535 година; Македонија Прима, со главен град Тесалоника (Солун), што го опфаќала пределот на Јужна и Средна Македонија, со градот Хераклеја Линкестис (Битола); Епирус Нова, со главен град Дирахиј, која со градот Лихнид (Охрид) се простирала сè до надворешниот, западен дел на Македонија; Дарданија на север со центар во Скупи (Скопје); и малиот североисточен дел кој по губењето на земјите северно од Дунав на Аврелиј во 279 година ѝ припаднал на тогаш создадената провинција Дакија Медитеранеа.

Длабоката криза од готските инвазии на Средниот Балкан од 268/9 година се почувствувала силно и во Македонија: поголемиот број од градските населби и помалите населени места биле разурнати или сосема уништени.

Поделбата на Империјата, започнува со Диоклецијановата (284-305) административна и политичка реорганизација, а стопанската реформа ќе влијае на обновата на разурнатите градови и на останатите помали населби кои подоцна ќе се развијат во вистински градови.

Галериј, цезар на Илирик и Тракија (293-311), и Константин I во првата половина на 4. век се ангажирале за одбивање на Визиготите, кои напаѓале од север, и за повторното утврдување на фортификациите по лимесот.

И покрај тоа што точните граници на доцноантичките провинции во Македонија се обвиени со нејаснотии, врз основа на деловите сочувани во изворите што директно или индиректно се однесуваат на нивното создавање и постоење можеме да заклучиме дека во текот на доцната антика, пограничните територии биле постојано поместувани и префрлувани од една кон друга провинција, во зависност од динамичните административно – тактички политики на владетелите.

Во географски – морфолошки поглед, територијата на сите провинции се протега од најсеверната точка на високите планински масиви на Шар Планина, преку врвовите на Кораб и Дешат, благо заобиколувајќи ја Дебарската депресија и понатаму јужно, по врвовите на Илинска и Плакенска Планина, североисточно преку долината на Црна Река во Пелагонија, Прилепското Поле, мал дел од североисточниот раб на Битолското Поле, по падините на Селечка Планина, Мариово, јужните падини на Козјак, до врвовите на Кожуф, западните падини на Огражден, масивот на Плачковица, с. Козјак, и дел од Овче Поле. Оваа територија во географско-морфолошки поглед претставува доминантно планинско земјиште, на места пресечено со плодни котлини и речни долини. И покрај богатството на природни ресурси, застапени речиси на сите планински делови, позиционирањето на најголемите населби и урбани центри е токму во низините, и тоа покрај коритата на големите реки како Вардар, Брегалница и Црна. Во тој поглед, не изненадува формирањето и јакнењето на Стоби како регионален центар и медијатор во пренесувањето на архитектонските тенденции кон другите населени места во регионот.

На Балканот новите идеи доаѓале воглавно од југ. Особено крајбрежните градови добивале и прифаќале новитети, додека континенталните изобилуваат со педноставни форми. Дури и во Стоби се присутни такви поедноставени планови, за разлика од оние во Бер, Тесалониика и Филипи. Исто така, територијата на Македонија Секунда е свртена кон југот со векови. Во споредба со диецезата Македонија, во провинцијата Дакија медитеранска, базиликите не се толку униформирани. Чести се базилики со апсида која е тристрана од надворешната страна, кои имаат три апсиди на исток, и кои почесто имаат преграда место колонада меѓу бродовите. Во Македонија Секунда преовладува едноставниот, стандарден тип трикорабни базилики со полукружни апсиди и нартекси. Анекси се среќаваат на краевите на нартексот и покрај

латералните ѕидови на црквите. Атриумот станува чест елемент кај црквите во поголемите градови во Македонија Прима и Секунда.

Во времето на ранохристијаснкиот период, кога интензивно се градат бројни цркви, градовите осетно се менуваат доживувајќи ги сите промени од трансформацијата на општеството од доцноантичко во раносредновековно. Поголемиот број од нив својот урбан живот го завршуваат во 6. век, под присила на уништувањата од варварските упади, осиромашувањето на населението, па продолженото постоење е со поинаков карактер и изглед.

Бурниот црковно - историски период од 4. до 6. век го одбележале неколку значајни и пресвртни моменти: официјализирањето на христијанството; Екуменските собори во Никеја, Константинопол, Ефес и Халкедон; раздорот помеѓу Рим и Константинопол, создавањето на Солунскиот викаријат и Акакиевата шизма; како и создавањето на архиепископијата Јустинијана Прима. Историските извори од овој период се богати со имиња на епископи од територијата на балканските доцноантички провинции, чија црковно - политичка дејност не ги надминувала локалните рамки, и истите обично се јавуваат само како потписници на документите. Македонските епископи од тоа време, без исклучок, се јавуваат како “западни епископи”, чии одлуки секогаш биле донесувани во православна смисла, наспроти различните движења во источниот христијански свет.

Што се однесува до релациите меѓу раното христијанство и затекнатите верувања односно Јудаизмот и политеизмот, можеме да заклучиме дека пред стабилизирањето и вкоренувањето на христијанската религија, постоел еден период (од средината на 4. до средината на 5. век) кога трите религиски системи егзистирале паралелно на една иста територија. Како што видовме преку примерот на Стоби, веројатно непосредно по напуштањето на градот од тамошната еврејска заедница, над Синагогата била подигната Централната базилика; додека светилиштето на Немеза било во употреба до средината на 5. век, а скулптурите со претстави на античките божества продолжиле да ги красат богатите градски куќи заедно со мозаичните мотиви, што во овој период добиваат различна функција и интерпретација во зависност од тоа во каков објект се наоѓаат.

Положбата на жената во доцноантичкото општество, генерално, без разлика дали зборуваме за Атина, Рим или Јудеја; била второстепена и подредена. За најголеми женски доблести биле сметани скромноста, верноста и посветеноста кон домот, а секоја јавна работа или обврска била строго наменета за машката популација. Вклученоста на жените во јавниот или политичкиот живот во доцноантичкото општество едвај да можеме да ја посочиме преку неколку единечни примери. Овој однос драстично се менува со појавата на христијанството. Имено, како што дознаваме од текстовите на Евангелистите и Апостол Павле од Новиот Завет, жените биле меѓу првите следбенички на Исус, биле еднаква целна група на неговите проповеди, и во неколку наврати имаат првостепена улога во клучните настани во Евангелијата (препознавањето на Марта, жените околу Крстот, мироносиците на Гробот). Во поглед на контраверзните гледишта околу ставовите на Св. Павле за улогата и местото на жената во христијанството, веруваме дека тој во своите Посланија инсистира на единство и еднаквост во плурализмот, односно различноста, и заклучува дека подреденоста зависи од хаосот во светот, и потребата за ред во несовршеноста, а не заради половите разлики.

Двата дедикаторски натписа во мозаични полиња, пронајдени во јужниот брод на Епископската базилика во Стоби, со посвети од "најпобожната ѓакониса" која поради завет од матроната ја поплочила exedra-та со мозаик; и Перистерија, како и оној на ѓаконисата Сосија Паула од Лихнид; фрлаат дополнителна слика на положбата на жените во црковната организација од средината на 5. век. Заветниот натпис од "најпобожната ѓакониса" сведочи за сеуште развиено и активно женско свештенство кое одржувало непрекинати врски со муниципалната елита (матроната, во случајов) која ја практикувала новата религија. Од друга страна, ако претпоставиме дека трите инсигнирани личности (вклучувајќи ја тука со доза на претпазливост и Перистерија), импонира фактот што натписите се сместени во јужниот брод на базиликата, простор толку јасно окарактеризиран по сите црковни канони како "машки". Во сегашниот степен на истраженост, прерано е да инсинуираме било каква поврзаност со постоење на други, "неортодоксни" учења во самиот град. Можеби поставеноста на мозаиците пред очите на мажите при литургијата, била начин да се остави мемориски белег за овоземската минлива, но сепак доволна, моќ на нарачателките на мозаиците.

Развојот на ранохристијанската архитектура, во своите почетоци, се темели на два фундамента: култот на мартирите и античкиот театар. Археолошките истражувања даваат можност да се следи развојот на архитектонската форма на градбите над гробовите на мартирите и нивната трансформација во цркви со гроб на маченикот или на неговите реликвии. Зголемени, преуредени и приспособени за потребите на еден општ култ, во текот на 5. и 6. век овој тип комеморативни градби се претвораат во цркви од базиликален или централен тип.

Друг елемент кој играл голема улога при формирањето и ширењето на ранохристијанската архитектура е античкиот театар. Имено, во времето на прогоните на Нерон (и неговите наследници), тој се пренаменува и станува арена за борби на христијаните со диви животни, односно централен објект за јавно мачење на христијаните.

Знаејќи го ова, не изненадува појавата на цели базиликални комплекси подигнати во близина или директно врз античките театри. Првата ранохристијанска базилика во Стоби (Старата Епископска базилика) е подигната токму до театарот, врз реликвиите и гробовите на мартирите кои настрадале во борбите во театарот. Освен тоа, и самата градба на театарот претставува автономен архитектонски објект подигнат на природно високо место, со посебно одбрана позиција, граден најчесто во централното градско подрачје и вклопен во урбанистичкиот план на градот, со доминантна позиција која го правела омилен меѓу местата за собири; улога што подоцна ќе ја превземе базиликата како објект, или воопшто катедралната црква во градот.

Во поглед на типолошката распространетост, далеку најзастапени се лонгитудиналните, односно базиликални објекти : 41 објекти потврдени на терен – 4 кај Хераклеја, 7 кај Стоби, 3 во Баргала, 1 кај с. Крупиште, 2 кај с. Стенче и 1 кај с. Рогле, по 1 кај с. Дебреште и с. Манастир, 2 кај Демир Капија, 1 кај с. Миокази и 1 кај с. Крњево, 8 кај Лихнид, 4 кај Скупи, 1 кај Коњух и 2 кај Виница. Од централните градби досега се откриени само 2 крстовидни цркви кај с. Крупиште, Штипско, две конхални: Поликонхалната црква на Плаошник и троконхалната градба (досега најстара таква откриена воопшто на територијата на Р. Македонија) кај с. Туденце, Тетовско, како и ротондата во Коњух. Токму преку типологијата најдобро можат да се согледаат

влијанијата што Стоби ги емитирал како центар: Епископската базилика во Баргала на пр., по својата диспозиција и архитектонско решение е директна реплика на Епископската базилика од Стоби, освен во организацијата на баптисмалниот комплекс, на што ќе се навратиме малку подоцна. Очигледно, влијанијето на Стоби единствено не допрело до крајните, гранични територии на провинцијата (Туденце на север и Крупиште на исток), каде били појаки влијанијата од соседните области и нивните архитектонски тенденции. Од друга страна, осебено се јаки влијанијата и тенденциите и во мозаичните декорации, во Хераклеја, Лихнид и Стоби, можеби условени од истите мозаичари кои работеле на овој макро – регион.

Ранохристијанската крстилница како градба се развива под влијание на литургијата. Најчесто се работи за централна градба во склоп на црквата, но има и случаи кога крстилницата е одделена од црквата, каков што е случајот со крстилнищата во с. Дебреште.

Крштевањето претставувало предуслов за воведување во наосот на црквата па затоа се изведувало во нартексот или во посебна просторија јужно (што е најчест случај - такви се баптистериумите во Епископската базилика и Extra muros базиликата во Стоби; крстилниците во Стенче, Манастир и Миокази) или северно од него (баптистериумите во Северната базилика во Стоби и Епископската базилика во Баргала). Во склоп на веќе споменатата поделба на корабите во базиликите на "машки" и "женски", повторно изненадува позиционирањето на баптистериумите на северната страна, во директна комуникација со северниот - женски кораб. Претпоставките дека станува збор за женски цркви, т. е цркви наменети за литургија и покрстување на женската популација, сеуште остануваат отворени.

Постојат и примери на комплекс крстилници одалечени од нартексот, кон исток, па дури и на источната страна од апсидата (можеби октогоналниот објект на исток во Паликура базиликата).

Досегашна истраженост на ранохристијански градби или остатоци од ранохристијанска камена пластика во Македонија, укажува на најголема концентрација околу градските центри Хераклеја, Стоби, Баргала, Лихнид и Скупи, како и неколкуте микрорегиони со

засега неименувани населби и можни епископии кај Прилеп, со нивната околина, односно тековите на Аксиј, Еригон и Брегалница, Виница, Коњух, и с. Стенче, Тетовско.

Раното христијанство како период за истражување е неисцрпен бунар, кој се чини, со секое наредно откритие, дава одговор на дел од прашањата, но покренува уште многу нови. Овој труд се обиде барем малку да ја расчепка многуслојната ризница артефакти и извори, оставени како сведоштво за неверојатниот подем и еволуција на религијата што веќе два милениуми опстојува, сеуште трудејќи се да ја задржи својата триумфалност, толку тешко здобиена, а толку гордо презентирана токму во вековите на раното христијанство.

Кратенки:

| | |
|---|---|
| ACIAC | Actes du Congrès International d'Archeologie Chrétiene |
| AI | Archaeologica Iugoslavica |
| AHC | Austin History Center |
| AJA | American Journal of Archaeology |
| AP | Arheološki Pregled, Beograd, Ljubljana |
| BCH | Bulletin de Correspondance Hellenique, Paris |
| CCSRB | Corso di Cultura sull'Arte Ravennate e Bizantina, Ravenna |
| DACL | Dictionaire d'archéologie chrétienne et de liturgie, Paris |
| DOP | Dumbarton Oaks Papers, Washington, D.C. |
| ГЗФзФ | Годишен зборник на Филозофскиот Факултет, Скопје |
| ГСНД | Гласник Скопског Научног Друштва, Скопље |
| ИНИ | Институт за национална историја, Скопје |
| ИАИ | Известия на Археологическиот Институт, София |
| JFA | Journal of Field Archaeology |
| JÖB | Jahrbuch der Österreichischen Byzantinischen Gesellschaft, Wien |
| MAA | Macedoniae Acta Archaeologica, Прилеп, Скопје |
| RQA | Römische Quartalschrift für christliche Alterumskunde und Kirchengeschichte |
| SAS | Studies in the Antiquites of Stobi |
| ЗАМ | Зборник на археолошкиот музеј, Музеј на Македонија, Скопје |
| ZRVI | Zbornik radova Vizantološkog Instituta, Beograd |
| ŽA | Živa Antika |

**Антички извори:**

**Aristotle**, Politics 1, 2 http://www.humanities.mq.edu.au/Ockham/y6704.html

**Demosthenes**, Against Neaera, 59.122

**Eusebius**, Historia Ecclesiastica I. III t. I

**Flavius Josephus,** Flavii Iosephi opera, ed. B. Niese, Berlin, Weidmann 1892.

**Hieroclis** ***Synekdemos*** *(Guide)* After Ernest Honigmann, Le Synecdèmos d'Hiéroclès et l'opuscule géographique de Georges de Chypre, Bruxelles 1939. http://soltdm.com/sources/mss/hierocl/hierocles.htm

**Homer**, Odiseja, Zagreb 1961

**Marcellini Comitis** Chronikon, ed. Th. Mommsen MGH aa XI, 1, Berolini 1893

**Plato**, The Republic, New York, 1956

**Xenophon**, Within The Home, 1943

**Библиографија**

1. Alexander, L. (2002) 'Foolishness to the Greeks: Jews and Christians in the public life of the empire', in Clark and Rajak 2002, 229–49

2. Archer, L., Fischler, S. And Wyke, M. (1994) Women in Ancient Societies: an Illusion of the Night (London)

3. Arjava, A. (1996) Women and Law in Late Antiquity (Oxford)

4. Armstrong, A. H. (1990) Hellenic and Christian Studies (Aldershot)

5. Ascough, R. (1997) 'Translocal relationships among voluntary organisations and early Christianity', Journal of Early Christian Studies 5: 223–41

6. Athanassiadi, P. (1992) Julian: an Intellectual Biography (London) (1999)

7. Damascius: the Philosophical History, a Newly Edited Text with Translation and Notes (Athens) (2002)'The creation of orthodoxy in Neoplatonism', in Clark and Rajak 2002, 271–91

8. Athanassiadi, P. And Frede, M., eds. (1999) Pagan Monotheism in Late Antiquity (Oxford)

9. Atkins, E. M. And Dodaro, R. (2001) Augustine's Political Writings (Cambridge)

10. Barnes, J. (2002)'Ancient Philosophers', in Clark and Rajak 2002, 293–306

11. Barnes, T. D. (1968) 'Legislation against the Christians', Journal of Roman Studies 58: 32–50

12. Barton, S. And Horsley,G. (1981)'A Hellenistic cult group and the New Testament churches', Jahrbuch für Antike und Christentum 24: 7–41

13. Barton, S. And Muddiman, J., eds. (2000) The Oxford Bible Commentary (Oxford)

14. Bauer, W. (Englishtranslation, 1972) Orthodoxy and Heresy in Earliest Christianity (London)

15. Beard, M., North, J. And Price, S. (1998) Religions of Rome.Vol.1: A History;Vol.2: A Sourcebook (Cambridge)

16. Becker, A. And Reed, A. Y., eds. (2003) The Ways that Never Parted: Jews and Christians in Late Antiquity and the Early Middle Ages (Tubingen)

17. Benko, S. (1984) Pagan Rome and the Early Christians (Bloomington)

18. Blumenthal, H. J. (1996) Aristotle and Neoplatonism in Late Antiquity (London)

19. Bowen, A. and Garnsey, P. (2003) Lactantius: Divine Institutes (Liverpool)

20. Bowersock, G., Brown, P., Grabar, A., eds. (1999) Late Antiquity: a Guide to the Postclassical World (Cambridge, MA)

21. Bowman, A., Garnsey, P. And Rathbone, D., eds. (2000) Cambridge Ancient History vol. xi: The Imperial Peace AD 70–192, 2nd edn (Cambridge)

22. Boyarin, D. (1999) Dying for God: Martyrdom and the Making of Christianity and Judaism (Stanford)

23. Bradshaw, P. (ed. 2, 2002) The Search for the Origins of Christian Worship: Sources and Methods for the Study of Early Liturgy (New York)

24. Brooten, B. (1982) Women Leaders in the Ancient Synagogue (Chico)

25. Brown, P. R. L. (1971) 'The rise and function of the Holy Man in late antiquity', Journal of Roman Studies 61: 80–101
    i. (1981) The Cult of the Saints: its Rise and Function in Latin Christianity (Chicago)
    ii. (1988) The Body and Society: Men, Women and Sexual Renunciation in Early Christianity (London)
    iii. (1992) Power and Persuasion in Late Antiquity: towards a Christian Empire (Madison) (rev. edn 2000)

26. Brubaker, L. (1997) 'Memories of Helena: patterns in imperial female matronage in the fourth and fifth centuries', in James 1997, 52–75

27. Burns, T. And Eadie, J., eds.(2001) Urban Centers and Rural Contexts in Late Antiquity (Michigan)

28. Cameron, A. (1986) 'Redrawing the map: early Christian territory after Foucault', Journal of Roman Studies 76: 266–71
    i. (1991) Christianity and the Rhetoric of Empire: the Development of Christian Discourse (Berkeley, CA)
    ii. (1994) 'Early Christianity and the discourse of female desire', in Archer–Fischler– Wyke 1994, 152–68

b. (1996) 'Neither male nor female'(1st publ. 1980), with additional notes, in McAuslan and Walcot 1996, 26–35

29. Cameron, A. and Hall, S. (1999) Eusebius:Life of Constantine (Oxford)

30. Cameron, A. and Garnsey, P., eds. (1998) The Cambridge Ancient History vol. xiii: The Late Empire, ad 337–425 (Cambridge)

31. Cameron, A., Ward-Perkins, B. and Whitby, M., eds. (2001) The Cambridge AncientHistory vol. xiv: Late Antiquity: Empire and Successors, ad 425–600 (Cambridge)

32. Campbell, J. (2nd edn, 2002) Deciphering the Dead Sea Scrolls (Oxford)

33. Castelli, E. (1998)'Gender, theory, and The Rise of Christianity: a response to Rodney Stark', Journal of Early Christian Studies 6.2: 227–58

34. Clark, E. A. (1986) Ascetic Piety and Women's Faith (New York)
    i. (1999) Reading Renunciation: Asceticism and Scripture in Early Christianity (Princeton)

35. Clark, G. (1993) Women in Late Antiquity: Pagan and Christian Lifestyles (Oxford)
    a. (1998a) 'Bodies and blood: martyrdom, virginity and resurrection in late antiquity', in Montserrat 1998, 99–115
    b. (1998b)'The old Adam: patristics and the (un)making of masculinity', in Foxhall and Salmon 1998, 170–82

36. Cloke, G. (1995) This Female Man of God: Women and Spiritual Power in the Patristic Age, AD 350–450 (London)

37. Cooper, K. (1996) The Virgin and the Bride: Idealized Womanhood in Late Antiquity (Cambridge, MA)

38. Copenhaver, B. P. (1992) Hermetica: the Greek Corpus Hermeticum and the Latin Asclepius in a New English Translation with Notes and Introduction (Cambridge)

39. Countryman, L. (1980) The Rich Christian in the Church of the Early Empire (New York)

40. Cramer, P. (1993) Baptism and Change in the Early Middle Ages, c.200–c.1150 (Cambridge)

41. Curran, J. (2000) Pagan City and Christian Capital: Rome in the Fourth Century (Oxford)

42. Davidson, I. (2001) Ambrose: De Officiis (Oxford)

43. Delehaye, H., S. J. (1905; English translation 1961) The Legends of the Saints (Notre Dame)

44. Digeser, E. (2000) The Making of a Christian Empire: Lactantius and Rome (Ithaca)

45. Dillon, J. (1991) The Golden Chain: Studies in the Development of Platonism and Christianity (Aldershot)

46. Edwards, M., Goodman, M., Price, S., eds. (1999) Apologetics in the Roman Empire: Pagans, Jews and Christians (Oxford)

47. Edwards, M., and Swain, S., eds. (1997) Portraits: Biographical Representation in Greek and Latin Literature of the Roman Empire (Oxford)

48. Elm, S. (1994) Virgins of God: the Making of Asceticism in Late Antiquity (Oxford)

49. Elsner, J. (1998) Imperial Rome and ChristianTriumph (Oxford)
(2003) 'Archaeologies and agendas: reflections on late ancient Jewish art and early Christian art', Journal of Roman Studies 93: 114–28

50. Esler, P. (1994) The First Christians in their Social World: Social-Scientific Approaches to New Testament Interpretation (London) ed. (2000) The Early Christian World (London)

51. Evans Grubbs, J. (1995) Law and Family in Late Antiquity: the Emperor Constantine's Marriage Legislation (Oxford)

52. Fiorenza, E. S. (1983) In Memory of Her: a Feminist Theological Reconstruction of Christian Origins (London)

53. Fowden, G. (1978)'Bishops and temples in the eastern Roman empire ad 320–425', Journal of Theological Studies 29: 53–78
    i. (1982) 'The pagan holy man in late antique society', Journal of Hellenic Studies 102: 33–59
    ii. (1986) The Egyptian Hermes: a Historical Approach to the Late Pagan Mind (Cambridge)
    iii. (1993) Empire to Commonwealth: Consequences of Monotheism in LateAntiquity (Princeton)
    iv. (1998)'Polytheist religion and philosophy', in Cameron and Garnsey1998, 538– 60

54. Foxhall, L. And Salmon, J., eds. (1998) Thinking Men: Masculinity and its SelfRepresentation in the Classical Tradition (London)

55. Fredriksen, P. (2000) From Jesus to Christ (second edition, New Haven and London)

56. Fredriksen, P. And Reinhartz, A. eds. (2002) Jesus, Judaism and Christian Anti Judaism (Louisville and London)

57. Frend, W. (1965, revised 1982) The Early Church: from the Beginnings to 461 (London)
    a. (1984) The Rise of Christianity (London)

58. Gamble, H. (1995) Books and Readers in the Early Church: a History of Early Christian Texts (New Haven and London)

59. Garnsey, P. And Humfress, C. (2001) The Evolution of the Late Antique World (Cambridge)

60. Gleason, M. (1998) 'Visiting and news: gossip and reputation management in the desert', Journal of Early Christian Studies 6.3: 501–21

61. Griffin, M. And Atkins, E. M. (1991) Cicero: On Duties (Cambridge)

62. Grimm, V. (1996) From Feasting to Fasting: the Evolution of a Sin (London)

63. Hägg, T. (1992) 'Hierocles the lover of truth and Eusebius the Sophist', Symbolae Osloenses 67: 138–50 ed. (1997) 'SO debate: the world of late antiquity revisited', Symbolae Osloenses 72: 5–90

64. Hanson, R. (1989) 'The achievement of orthodoxy in the fourth century ad', in R. Williams 1989b, 142–56

65. Hayward, P. A. And Howard - Johnson, J., eds. (1999) The Cult of Saints in Late Antiquity and the Early Middle Ages (Oxford)

66. Head, T., ed. (2001) Medieval Hagiography: an Anthology (London)

67. Heather, P. And Matthews, J. (1991) The Goths in the Fourth Century (Liverpool)

68. Heffernan,T. J. (1988) Sacred Biography: Saints and their Biographers in the Middle Ages (Oxford / New York)

69. Helgeland, J., Daly, R. J., and Burns, J. P. (1985) Christians and the Military: the Early Experience (London)

70. Hess, H. (2002) The Early Development of Canon Law and the Council of Serdica (Oxford)

71. Holman, S. (2001)TheHungryareDying:BeggarsandBishopsinRomanCappadocia

72. Horbury,W., Davies,W.and Sturdy, J., eds. (1999) The Cambridge History of Judaism, iii : The Early Roman Period (Cambridge)

73. Howard - Johnston, J., and Hayward, P. A., eds. (1999) The Cult of Saints in Late Antiquity and the Early Middle Ages (Oxford)

74. Jones, C. (1993) 'Women, death and the law in the Christian persecutions', in Wood 1993, 23–34

75. King, K. (2003) What is Gnosticism? (Cambridge, MA)

76. Kraemer, R. S. (1988) Maenads, Martyrs, Matrons, Monastics: a Sourcebook on Women's Religions in the Greco – Roman World (Philadelphia)

    i. (1992) Her Share of the Blessings: Women's Religions among Pagans, Jews and Christians in the Greco-Roman World (Oxford)

77. Kuefler, M. (2001) The Manly Eunuch: Masculinity, Gender Ambiguity, and Christian Ideology in Late Antiquity (Chicago)

78. Kyle, D. G. (1998) Spectacles of Death in Ancient Rome (London)

79. Lawlor, H., and Oulton, J. (1927) Eusebius, Bishop of Caesarea: the Ecclesiastical History (London)

80. Layton, B. (1987) The Gnostic Scriptures (London)

81. Lee, D. (2000) Pagans and Christians in Late Antiquity (London)

82. Liebeschuetz, W. (2000), 'Religion', in Bowman, Garnsey and Rathbone 2000, 984–1008

83. Lieu, J. (2002) Neither Jew nor Greek? Constructing Early Christianity (London)

84. Lieu, J., North, J. and Rajak, T., eds. (1992) The Jews among Pagans and Christians (London)

85. Lieu, S., ed. (2nd edn,1989) The Emperor Julian: Panegyric and Polemic (Liverpool)

86. Lieu, S. And Montserrat, D. (1996) From Constantine to Julian: Pagan and Byzantine views (London)

(1998) Constantine: History, Historiography and Legend (London)

87. Mango, C. (1990) 'Constantine's Mausoleum and the translation of relics, Byzantinische Zeitschrift 83: 51–61

88. Mathews, T. F. (1993, rev. edn, 1999) The Clash of Gods: a Reinterpretation of Early Christian Art (Princeton)

89. Mathisen, R. And Sivan, H., eds. (1996) Shifting Frontiers in Late Antiquity (Aldershot)

90. McAuslan, I., and Walcot, P., eds. (1996) Women in Antiquity: Greece & Rome Studies 3 (Oxford)

91. Meeks, W. (1983) The First Urban Christians: the Social World of the Apostle Paul (New Haven)

92. Miles, R., ed. (1999) Constructing Identities in Late Antiquity (London)

93. Millar, F. (1977) The Emperor in the Roman World (London)

94. Mitchell, S. (1993) Anatolia: Land, Men and Gods in Asia Minor, 2 vols. (Oxford)

95. Montserrat, D., ed. (1998) Changing Bodies, Changing Meanings: Studies on the Human Body in Late Antiquity (London)

96. Musurillo, H. (1972) The Acts of the Christian Martyrs (Oxford)

97. Pagels, E. (1979) The Gnostic Gospels, New York: Random House

(1988) Adam, Eve, and the serpent, New York: Random House.

(2003) Beyond belief: the secret Gospel of Thomas, New York: Random House.

98. Penn, M. (2002)'Performing family: ritual kissing and the construction of Early Christian kinship', Journal of Early Christian Studies 10: 151–74

99. Perkins, J. (1995) The Suffering Self: Pain and Narrative Representation in the Early Christian Era (London)

100. Rajak, T. (1997)'Dying for the law: the martyr's portrait in Jewish-Greek literature', in Edwards and Swain 1997, 39–67

101. Rist, J. (1994) Augustine: Ancient Thought Baptized (Cambridge)

102. Rives, J. (1995) 'Human sacrifice among Pagans and Christians', Journal of Roman Studies 85: 65–85

103. Roberts, M. (1993) Poetry and the Cult of Martyrs (Michigan)

104. Robinson, J. M. (1988) The Nag Hammadi Library in English, 3rd edn (Leiden)

105. Rowland, C. (1985) Christian Origins: an Account of the Setting and Character of the Most Important Messianic Sect of Judaism (London)

106. Salisbury, J. (1998) Perpetua's Passion: the Death and Memory of a Young Roman Woman (London)

107. Shaw, B. (1993) 'The Passion of Perpetua', Past and Present 139: 3–45 Sorabji,R.(1993)

108. Stark, R. (1996) The Rise of Christianity: a Sociologist Reconsiders History (Princeton)

109. Valantasis, R., ed. (2000) Religions of Late Antiquity in Practice (Princeton)

110. VanBremen, R. (1996) The Limits of Participation: Women and Civic Life in the Greek East in the Hellenistic and Roman Periods (Amsterdam)

111. Ward, K. (2000) Christianity: a Short Introduction (Oxford)

112. Wilken, R. (rev.edn 2003) The Christians as the Romans Saw Them (New Haven)

113. Williams, M. (1996) Rethinking Gnosticism: an Argument for Dismantling a Dubious Category (Princeton, NJ)

114. Williams,R.(1989a) 'Does it make sense to speak of pre-Nicene orthodoxy?', in R. Williams 1989b, 1–23 ed.

115. Wimbush, V. and Valantasis, R., eds. (1995) Asceticism (Oxford)

116. Wood, D., ed. (1993) Martyrs and Martyrologies, Studies in Church History 30 (Oxford)

117. Wyke, M. (1998a) 'Playing Roman soldiers: the martyred body, Derek Jarman's Sebastiane, and the representation of male homosexuality', in Wyke 1998b, 243–66

(1998b) Parchments of Gender: Deciphering the Bodies of Antiquity (Oxford)

Цитирана литература

А-З

1. **АКРМ, 1996** = Археолошка карта на Република Македонија, том 2, МАНУ, Скопје 1996

2. **Алексова, 1967** = Алексова, Б., Баргала - Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања, ИНИ 3, Скопје 1967

3. **Алексова, 1975** = Алексова, Б., Ранохристијанска базилика во Орман, *Зборник АМ* VI – VII, Скопје 1975

4. **Алексова, 1980** = Алексова, Б., Епископската базилика во Стоби во светлината на новите археолошки истражувања, МАА 6 , 1980

5. **Алексова, 1983** = Алексова, Б., Стоби, Базиликата во Паликура, 1981 година, ГЗФзФ кн. 10, Скопје 1983

6. **Алексова, 1988-1989** = Алексова, Б., Северната базилика во Стоби, ГЗФзФ кн. 15-16, Скопје 1988-1989

7. **Алексова, 1989** = Алексова, Б., Епископијата на Брегалница, Прилеп 1989

8. **Алексова, 1995** = Алексова, Б., Loca Sanctorum Macedoniae, култ на мартирите во Македонија од IV до IX век , Скопје 1995

9. **Алексова, Лилчиќ, 1997** = Алексова, Б., Лилчиќ, В., Ранохристијански цркви во Македонија, Македонско Наследство 5, Скопје 1997

10. **Баришић, 2007** = Баришић, Ф., Прокопије, во: *Византиски извори за историју народа Југославије*, Том I, Београд 2007

11. **Белдедовски, 2003** = Белдедовски, З., Комплексот на епископската базилика во Баргала, Старохристијанска археологија во Македонија, МАНУ, Скопје 2003

12. **Белдедовски, 2009** = Белдедовски, З., Базиликата extra muros од Баргала, истражување 2007 година, *Македонско Наследство* 34 – 35, Скопје 2009

13. **Битракова - Грозданова, 1975** = Битракова - Грозданова, В., Старохристијански споменици во охридско, Охрид 1975

14. **Битракова – Грозданова, 1986** = Битракова – Грозданова, В., Топографијата и урбаниот развој на Лихнидос, *Историја* XXVII, Скопје 1986

15. **Битракова – Грозданова, 1995** = Битракова – Грозданова, В., Мозаиците од Охридскиот регион и врските со Медитеранот, *Цивилизации на почвата на Македонија, Историја на културата на Македонија*, книга 2, Скопје 1995

16. **Битракова – Грозданова, 1996** = Битракова – Грзоданова, В., Старохристијанско време, Базиликата на ул. Илинденска, *АКРМ* Л, Скопје 1996

17. **Битракова – Грозданова, 1996** = Битракова – Грзоданова, В., Старохристијанско време, Базиликата кај Св. Ерзамо, *АКРМ* Л, Скопје 1996

18. **Битракова – Грозданова, 1997** = Битракова – Грозданова, В., За мозаиците од Lychnidos, Епир и Македонија, *Пелагонитиса 3-4*, Битола 1997

19. **Битракова - Грозданова, 1999** = Битракова - Грозданова, В., *Религија и уметност во антиката во Македонија,* Скопје 1999

20. **Битракова - Грозданова, 2006** = Битракова - Грозданова, В., Лихнид во ранохристијанскиот период и неговото урбано јадро, *Јубилеен зборник - 25 години Митрополит Тимотеј*, Охрид 2006

21. **Братож, 2000** = Братож, Р., Ранохристијанската црква во Македонија и нејзините односи со Рим, Македонско Наследство 13, Скопје 2000

22. **Василкова - Мидоска, 2007** = Василкова - Мидоска, А., Античките мотиви на мозаиците во Стоби - патишта, влијанија, релации, Скопје 2007 (магистерски труд)

23. **Венедиков, 1948** = Венедиков, И., Баргала, Разкопки и проучвания 1, София 1948

24. **Весели, 1988** = Весели, Ј. М., Свети Еразмо од Формија, Свети Еразмо Формиски или Охридски?, Лихнид 6, Охрид 1988

25. **Вулић, 1931** = Вулић, Н., Антички споменици наше земље, Споменик LXXI, 1931

26. **Грбић, 1939** = Грбић, М., Откопавања код Хераклеји Линкестис код Битоља, *Уметнички преглед* 8, Београд 1939

27. **Грујић, 1935** = Грујић, Р, Скопска митрополија, Споменица православног храма Св. Богородице у Скопљу, Скопље 1935

28. **Грујић, 1955** = Грујић, Р., Археолошке и историјске белешке из Македоније, Старинар н.с III-IV, Београд 1955

29. **Димитрова, 1993** = Димитрова, Е., *Керамичките релјефи од Виничкото Кале*, Скопје 1993

30. **Димитрова, 1995** = Димитрова, Е., *Најстарите христијански симболи*, Скопје 1995

31. **Димитрова, 2014** = Димитрова, Е., *Виничката мистерија*, Виница 2014

32. **Ѓорѓиева, Лилчиќ, 2009** = Ѓорѓиева, В., Лилчиќ, В., Ранохристијанска базилика кај село Дреново, *Македонско Наследство* 34- 35, Скопје 2009

33. **Ѓорѓиевска, 1998** = Ѓорѓиевска, А., Водич низ Хераклеја Линкестис, Битола 1998

34. **Јанакиевски, 1980** = Јанакиевски, Т., Мозаикот на подот во централниот брод на ранохристијанската базилика кај локалитетот "Суви Ливади" с. Доленци - Битола, *Материјали X*VIII, Београд 1980

35. **Јанакиевски, 1998** = Јанакиевски, Т., *Антички театри во Р. Македонија*, Битола 1998

36. **Јанакиевски, 2001** = Јанакиевски, Т., Доцноантичка микро-станбена целина над театарот во Хераклеја Линкестис, Битола 2001

37. **Јосифовска, 1953** = Јосифовска, Б., Водич низ Стоби, Скопје 1953

38. **Калпаковска, Ѓорѓиевска, 2003** = Калпаковска, В., Ѓорѓиевска, А., *Животот во Хераклеја Линкестис преку епиграфските споменици*, Битола 2003

39. **Кораќевиќ, 2002** = Кораќевиќ, Д., *Скупи градска територија*, Скопје 2002

40. **Коцо, 1951** = Коцо, Д., Средновековните споменици во Струга и Струшко, *ГЗФФ* 4, Скопје 1951

41. **Коцо, 1961** = Коцо, Д., Ранохристијански базилики во областа на Охридското Езеро, *Зборник на трудови*, Охрид 1961

42. **Коцо ет ал., 1961** = Коцо, Д., ет ал., Извештај за ископувањата во Стоби во текот на 1955 година, ЗАМ 3, Скопје 1961

43. **Коцо, 1967** = Коцо, Д., Археолошки проучувања во Охрид од 1959 до 1965 година, *ГЗФФ* 20, Скопје 1967

44. **Лилчиќ, 1989** = Лилчиќ, В., Траги на ранохристијански базилики во Средното Повардарие, Лихнид 7, Охрид 1989

45. **Лилчиќ, 2002** = Лилчиќ, В., *Македонскиот камен за боговите, христијаните и за живот по животот*, Том II, Скопје 2002

46. **Лилчиќ, 2003** = Лилчиќ, В., *Ранохристијанска црква*, Скопје 2003

47. **Маленко, 1976** = Маленко, В., Нови археолошки наоди на локалитетите "Козлук", "Габавци" и "Св. Еразмо", *МАА* 3, Прилеп 1976

48. **Маленко, 1985** = Раносредновековна материјална култура во Охрид и Охридско, *Охрид и Охридско низ историјата,* книга прва, Скопје 1985

49. **Маленко, 1989** = Ранохристијански објекти во Охрид и Охридско, *Лихнид* 7, Охрид 1989

50. **Манева, 1989** = Манева, Е., Базиликата Де од Хераклеја Линкестис, *Лихнид* 7, Охрид 1989

51. **Мeсеснел, 1932** = Месеснел, Ф., Ископавања у Мариовском срезу, Гласник Скопског научног друштва г XI, Скопје 1932

52. **Медиќ, 1965** = Медиќ, М., Конзервација на мозаикот на базиликата А во Хераклеја, *Хераклеја* II, Битола 1965

53. **Микулчиќ, 1974** = Микулчиќ, И., За големината на доцноантичките градови во Македонија, Историја, X/2, Скопје 1974

54. **Микулчиќ, 1999** = Микулчиќ, И., Антички градови во Македонија, макропроект: Историја на културата на Македонија, книга 8, МАНУ, Скопје 1999

55. **Микулчиќ, 2007** = Микулчиќ, И., *Хераклеја антички град во Македонија*, Скопје 2007

56. **Микулчић, 1975** = Микулчић, И., Раноримски скелетни гробови из Скупа, Старинар Н.С књ. XXIV-XXV, 1973-74, Београд 1975

57. **Михајлов, 1949** = Михајлов, Ст., Козяк и Брегалнишката епископија, ИАИ 15, София 1949

58. **Мирковиќ, 2002** = Мирковиќ, Л., Православна литургика, Втор посебен дел (свети тајни и молитвословија), Охрид 2002

59. Митрополит Струмички Наум, За свештенството на жената, *Премин* 6, Скопје 2001

60. **Нацев, Петковски, 2001** = Нацев, Т., Петковски, Р., Новооткриена терма во античкиот град Баргала, *Македонско Наследство* 16, Скопје 2001

61. **Нацев, 2006** = Нацев, Т., Доцноантичкиот град Баргала, магистерски труд, Скопје 2006

62. **Нацев, Фрков, 2009** = Нацев, Т., Фрков, Ј., Археолошко, архитектонско истражување и реконструкција на градска ранохристијанска базилика во градот Баргала, *Македонско Наследство* бр. 34-35, Скопје 2009

63. **Николајевић, 1966** = Николајевић, И., Ранохришћанске крстионице у Југославији, *ЗРВИ* 9, 1966

64. **Ончевска - Тодоровска, 2009** = Ончевска – Тодоровска, М., Големата ранохристијанска базилика во Скупи и ранотохристијанство, *Македонско Наследство* 34- 35, Скопје 2009

65. **Острогорски, 1996** = Острогорски, Г., *Историја Византије*, Београд 1996

66. **Петров, 1958** = Стауродекорација у Коњуху, *Зборник на Археолошкиот музеј во Скопје II,* 1958

67. **Петровић, 1932** = Петровић, Ј., Ископавања у Стобима 1931, *Старинар* 7, 1932

68. **Поповић, 1912** = Поповић, Ј., Опћа црквена историја, Сремски Карловци 1912

69. **Радојчић, 1952** = Радојчић, С., Црква у Коњуху, *ЗРВИ* 1, 1952

70. **Рнјак, 1979** = Рнјак, Д., Од Култа до Позоришта, Антички театар на тлу Југославије, Нови Сад 1979

71. **С. Садикарио / А. Садикарио, 1996** = Садикарио, С. /Садикарио, А., Цивилизации на тлото на Македонија, Книга 4, МАНУ, Скопје 1995

72. **Самарџић, 2007** = Самарџић, П., *Жена у светлу Библије и библијског времена*, Београд - Требиње 2007

73. **Саржоски, 1965** = Саржоски, С., Стоби, Антички Театар, АП 7, 1965

74. **Сариа, 1925** = Сариа, Б., Ископавање у Стобима, ГСНД 1, 1925

75. **Сариа, 1933** = Сариа, Б., Нови наласци у Епископској базилици у Стобима, ГСНД 12, 1933

76. **Спасовска - Димитриоска, 1989** = Спасовска - Димитриоска, Г., Остатоци на доцноантичка архитектура на градиштето Венец кај Миокази, *Лихнид* 7, Охрид 1989

77. **Стојмилов, 2003** = Стојмилов, А., Физичка Географија на Република Македонија, Скопје 2003

78. **Стричевић, 1959** = Стричевић, Ђ., Ђаконикон и протезис у ранохришћанским црквама, *Старинар* IX – X, Београд 1959

79. **Свето писмо**, Скопје 2007

80. **Томовски, 1961** = Томовски, К., Конзервација и делумна реконструкција во базиликата со крстилница наречена Св. Јован Крстител во Стоби, *Културно наследство* 7, Скопје 1961

81. **Тутковски, 2014** = Тутковски, М., *Ранохристијаснките мозаици од Охрид*, Скопје 2014

82. **Ќебакоски, 2008** = Ќебакоски, Д., Ранохристијанската базилика на Вигна, Бонче, Прилепско, *Македонско Наследство* 33, Скопје 2008

83. **Филипова, С**. = Филипова, С., Примери на рановизантиски пластика и капители од Македонија со аплицирани натписи/ или букви, *SYSTATIS* 7 http://www.systasis.org.mk/arhiva.asp

84. **Цветановски, Костадиновски, 2006** = В. Цветановски, С. Костадиновски, Градот Стенче ранохристијанска епископија на Полог, *Македонско Наследство* 29, Скопје 2006

85. **Цветковић - Томашевић, 1978** = Цветковић - Томашевић, Г., Рановизантијски подни мозаици: Дарданија, Македонија, Нови Епир, Београд 1978

86. **Чанак – Медиќ, 1965** = Чанак – Медиќ, М., Ансамбл на базиликата А од рановизантискиот период, Хераклеја II, Битола 1965

87. **Чанева – Дечевска, 1999** = Чанева – Дечевска, Е., *Ранохристиянската архитектура в България*, София 1999

88. **Чаусидис, 1993** = Чаусидис, Н., Неколку доцноантички градишта во Мариово, МАА 13, Скопје 1993

1. **Aleksova, Mango, 1971** = Aleksova, B., Mango, C., Bargala: A Preliminary Report, *DOP* 25, Washington 1971

2. **Aleksova, 1982 =** Aleksova, B., Episcopal Basilica at Stobi: Excavations and Research 1970-1981, *JÖB* 32, no.4 1982

3. **Aleksova, 1982-1983** = Aleksova, B., The Old Episcopal Basilica at Stobi, *AI* 22-23, 1982-1983

4. **Aleksova, 1986** = Aleksova, B., The Early Christian Basilicas at Stobi, *CCSRB* 33, 1986

5. **Ashmore in Knapp, 1990** = Ashmore, W. in Knapp B., (ed), Archaeologies of landscape: contemporary perspectives, Blackwell Publishers 1999

6. **Barnard, 1980** = Barnard, L.W., The Council of Serdica, Some Problems Re-assesed, *AHC* 12, 1980

7. **Beauchamp, 1976** = Beauchamp, B. J., Le vocabulaire de la faiblesse feminine dans les textes juridiques romains du troisieme et quatrieme siecle, *Revue historique du droit francais et etranger. 54*, 1976

8. **Bitrakova - Grozdanova, 1986** = Sur un thème se trouvant dans les mosaiques paléochrétiennes de la Republique Socialiste de Macédonie, *XXXIII CCSRB*, Ravenna 1986

9. **Bitrakova - Grozdanova, 1998** = Bitrakova - Grozdanova, V., La basilique D'Oktisi et les mosaiques de la region d'Ohrid, *ACTA XIII Congresus internationalis arhaelogiae cristianae*, Citta del Vaticano - Split 1998

10. **Bratož, 1986** = Bratož, R., Razvoj organizacije zgodnjekrščanske cerkve na ozemju Jugoslavije od 3. do 6. stoletja, *Zgodovinski časopis* 40, Ljubljana 1986

11. **Burger, 2005** = Burger, G. C, The Gnostic View of the Feminine, New Media Ministries 2005

http://www.newmediaministries.org/DaVinciCode/GnosticFeminism_S.html

12. **Buzov, 1990** = Buzov, M., Prilog poznavanju osobnih imena sa mozaičkih natpisa u Jugoslaviji, *Prilozi* 7, Zagreb 1990

13. **Calliet, 1993** = *L'évergétisme monumental chrétien en Italie et à ses marges. D'après l'épigraphie des pavements de mosaïque (IVe – VIIe siècle)*, Rome 1993

14. **Charanis, 1974** = Charanis, P., *Church and State in the Later Roman Empire, The Religious Policy of Anastasius the First, 491-518,* Thessalonike 1974

15. **Chevallier, Gheerbrant, 1983** = Chevallier, J., et Gheerbrant, A., Rječnik simbola, Zagreb 1983

16. **Christaller, 1966** = Christaller, W., *Central places in Southern Germany*, 1966

17. **Delehay, 1930** = Delehay, H., Loca Sanctorum, *Analecta Bollandiana* t. XLVIII, Paris 1930

18. **Delehay, 1933** = Delehay, H., Les origines du culte des martyrs, *Subsidia hagiographica* 20, Brüssel, 1933

19. **Dinsmoor, 1975** = Dinsmoor, W. B. Jr., The Baptistery: its roofing and related Problems, *SAS*, Vol. II, Beograd 1975

20. **Dragendorff, 1919** = Dragendorff, H., Archäologische und kunstwissenschaftliche Arbeit während des Weltkrieges in Mazedonien, *Zeitschrift für Bildene Kunst* 54, 1919

21. **Dudrey** = Dudrey, R., The Problem of the Unveiled Women in 1. Corinthians 11:2-16. In the Light of the Literary Structure of 1.Corinthians 8-11. www.roboam.com/predici/Acoperitoareafemeii2.htm

22. **Duval, 1986** = Duval, Y., *Loca Sanctorum Africae, du IV au VII siècle*, Roma 1986

23. **Džidrova, 2007** = Džidrova, Lj., Art, Form and Liturgy in the Rotunda at Konjuh, Niš and Byzantium V, Niš 2007

24. **Eger, 1929** = Eger, R., Gradska crkva u Stobima, *GSND 5*, 1929

25. **Enciklopedija zivih religija**, Beograd 1992

26. **Engels, 1956** = Engels, O., Die Herasmuspasio Papst Gelasius' II, *RQA* 51, 1956

27. **Faber, 1992** = Faber, A., Anticka apisda I njen kontinuitet u arhitekturi sakralnih objekata, *Vjesnik arheološkog muzeja u Zagrebu*, vol. 24 – 25, No.1, Zagreb 1992

28. **Feissel, 1983** = Feissel, D., Recueil des inscriptions chrétiennes da Macedoine du III$^{e}$ au VI$^{e}$ siècle, *BCH* Suppl.8, 1983

29. **Fraschetti, 2001** = Fraschetti, A., *Roman Women*, University of Chicago Press 2001

30. **Gasper, 1986** = Gasper, Gj., *Skopskoprizrenska biskupija kroz stoljeca*, Zagreb 1986

31. **Gibbon, The History, Vol.I - VI** = Gibbon, E., *The History of the Decline and Fall of the Roman Empire,* vol. I, 1776; vols. II, III, 1781; vols. IV, V,VI, 1788-1789 London

32. **Grabar, 1946** = Grabar, A., *Martyrium, reserches sur le culte des reliquies et l'art chrétien antique*, vol. I, Paris 1946

33. **Gutmann, 1971** = Gutmann, J., The Second Commandment and the Image in Judaism, in: idem, ed. *No Graven Images: Studies in Art and the Hebrew Bible*, New York: Ktav, 1971

34. **Hald, 1917** = Hald, Dr., *Auf den Trümmern Stobis*, Stuttgard 1917

35. **Hengel, 1963** = Hengel, M., Maria Magdalena und die Frauen als zeugen. Abraham unser Vater, Cologne 1963

36. **Heuzey, 1876** = Heuzey, L., Mission archeologique de Macedonie, Paris 19876

37. **Hoddindot, 1957** = Hoddindot, R. F., *Bulgaria in Antiquity*, New York 1957

38. **Jones, 1973** = Jones, A. H. M., *The Later Roman Empire 284-602*, II. Oxford 1973

39. **Karras, 2004** = Karras, V. A., Female Deacons in the Byzantine Church, *Church History* **73**, 2004

40. **King, 2000** = King, K. L, Images of the Feminine in Gnosticism (ed.), Philadelphia: Fortress Press 2000

41. **Kitzinger, 1946** = Kitzinger, E., A Survey of the Early Christian Town of Stobi, *DOP* 3 (1946)

42. **Kolarik, 1980** = Kolarik, R., The floor mosaics of Eastern Illyricum – the northern regions, *ACIAC* X, Thessalonique 1980

43. **Kolarik, 2006** = Kolarik, R., Late antique floor mosaics in the Balkans, *Niš and Byzantium IV,* Niš 2006

44. **Krauthiemer, 1967** = Krauthiemer, R., *Early Christian and Byzantine Architecture*, Baltimore - Maryland 1967

45. **Krauthajmer, Čurčić, 2008** = Krauthajmer, R., Čurčić, S., *Ranohrišćanska I vizantijska arhitektura,* Beogard 2008

46. **Lahtov, 1962** = Lahtov, V., Imaret – Ohrid, *AP* 4, Beogard 1962

47. **Leclerq, 1926** = Leclerq, H., DACL VII I, Paris 1926

48. **Lippold, 1982** = Lippold, A., *Theodosius der Große und seine Zeit*, München 1982

49. **Lippold, 1987** = Lippold, A.,Vzhodni Goti in rimski cesarji od 455 do 507, *Zgodovinski časopis* 41, Ljubljana 1987

50. **Maksimović, 1980** = Maksimović, L., Severni Ilirik u VI veku (L'Illyricum septentrional au VI$^{e}$ siècle), *ZRVI* 19, Beograd 1980

51. **Mano-Zissi, 1940** = Mano-Zissi, Dj., Berichte über die Ausgraben in Stobi, *Bericht über den 6 International Kongress für Archäologie*, Berlin 1940

52. **Mathews, 1971** = Mathews, Th. F., *The Early Churches of Constantinopole, Architecture and Liturgy*, Pensylvania and London 1971

53. **Menore, 1980** = Menore iz Celareva, savez Jevrejskih opstona jugoslavije, Beograd 1980

54. **Molthagen, 1991** = Molthagen, J., Die ersten Konflikte der Christen in der griechisch – römischen Welt, *Historia* 1991

55. **Mundel Mango, 2000** = Mundel Mango, M., Building and architecture, *The Cambridge ancient history, vol. XIV, Late Antiquity: Empire and Successors, A.D 425 – 600* (ed. Cameron A., Ward – Perkins B., Whitby M.) Cambridge 2000

56. **Olsen, 1992** = Olsen, J. E., *One ministry many roles: deacons and deaconesses through the centuries*. Concordia scholarship today. St Louis: Concordia Publishing House, 1992

57. **Pagels, 1979** = Pagels, E., *The Gnostic Gospels,* Vintage Books 1979

58. **Pagels, 1988** = Pagels, E., *Adam, Eve and the Serpent,* Vintage Books 1988

59. **Pagels, 2003** = Pagels, E., *Beyond Belief: The Secret Gospel of Thomas,* Vintage Books 2003

60. **Pandermalis, 1997** = Pandermalis, D., Dion, the archeological site and the museum, Adam Editions – Pergamos, Peania – Attica 1997

61. **Papazoglu, 1957** = Papazoglu, F., *Makedonski gradovi u rimsko doba (Les cités macédoniennes a l'epoque romaine)*, Skopje 1957

62. **Petrović, 1943** = Petrović, J., U Stobima danas, *GZM* LIV *Sarajevo* 1943

63. **Perkins, 2002** = Perkins, P., Gnosticism and the Christian Bible, in Lee M. McDonald and Peter W. Flint eds. *The Canon Debate*. Peabody, MA: Hendrickson, 2002, pp. 355-71.

64. **Perkins, 2005** = Perkins, P., A Gnostic Gospel? Title and Genre in the Nag Hammadi Collection,"*ARC*. Special Issue: Festschrift for Frederik Wisse. Montreal: McGill University, 2005.

65. **Poehlman, 1981** = Poehlman, W., The Policharmos inscriptions and Sinagogue I at Stobi, *SAS* III, Veles 1981

66. **Pomeroy, 1984** = Pomeroy, S., *Women in Helenistic Egypt, From Alexander to Cleopatra*, Schocken Book, New York 1984

67. **Quentin, 1908** = Quentin, H., *Les martyrologes historiques du moyen âge*, Paris 1908

68. **Rawson, 1986** = Rawson, B., (ed.), *The Family in ancient Rome: new perspectives*, London 1986

69. **Rendić - Miočević, 1985** = Rendić - Miočević, D., Od prvih početaka do kraja antičkog razdoblja, Katalog izložbe, Zagreb 1985

70. **Saria, 1937** = Saria, B., Pozoriste u Stobma, *Godisnjak muzeja Juzne Srbije 1*, 1937

71. **Snively, 1979** = Snively, C. S., *The Early Christian Basilicas at Stobi: A Study of Form, Function and Location*, Austin 1979

72. **Snively, 2002** = Snively, C. S., Archaeological Investigations at Konjuh, Republic of Macedonia, in 2000, *DOP* 56 (2002)

73. **Snively, 2005** = Snively, C. S., Dacia Mediterranea and Macedonia Secunda in the sixth century: a question of influence on Church Architecture, *Niš and Byzantium III*, Niš 2005

74. **Snively, 2010** = Snively, C. S., The New Basilica at Golemo Gradište, Konjuh: A Sixth Century Church in the Province of Dardania, Niš and Byzantium IX, Niš 2010

75. **Spiro, 1978** = *Critical Corpus of the Mosaic Pavements on the Greek Mainland, Forth/Sixth Centuries, with Archaeological Survey*, New York & London 1978

76. **Šonje, 1981** = Ukrasni motiv na podu bazilike Sv. Erazma kod Ohrida u Makedoniji, *ŽA* 31, Skopje 1981

77. **Stričević, 1964** = Stričević, Dj., Monumenti dell'arte paleobizantina in rapporto con la tradizione antica e all'arte medioevale nelle regioni centrali dei Balcani, *ZRVI 8*, 1964

78. **Varalis, 2007** = Varalis, I. D., Reverend prototypes of Constantinian Churches and their later imitations in the Balkans, *Niš and Byzantium* VI, Niš 2007

79. **Vetters, 1970** = Vetters, N. H., Vom Tribunal zum Westwerk, *Adriatica praehistorica et antique*, Zagreb 1970

80. **Wiseman, 1973** = Wiseman, J., Stobi: A Giude to the Excavations, Belgrade 1973

81. **Wiseman, 1977-78** = Wiseman, J., Stobi in Yugoslavian Macedonia: Archaeological Excavation and Research, *JFA* 5, 1977-78

82. **Wiseman, Mano - Zissi, 1971** = Wiseman, J., Mano - Zissi, Dj., Excavations at Stobi, 1970, *AJA* 75, no.4 1971

83. **Wiseman, Mano - Zissi, 1972** = Wiseman, J., Mano - Zissi, Dj., Excavations at Stobi, 1971, *AJA* 76, 1972

84. **Wiseman, Mano -Zissi, 1973** = Wiseman, J., Mano - Zissi, Dj., Excavations at Stobi, 1972, *AJA* 77, no. 4 1973

85. **Wiseman, Mano-Zissi, 1974** = Wiseman,J., Mano-Zissi, Dj., Excavations at Stobi, 1973-1974, *JFA* 1, 1974

86. **Whiterington, 1984** = Whiterington III, B., *Women in the Ministry of Jesus*, Cambridge University Press, Cambrige 1984

# ИЛУСТРАЦИИ




Сл. 1 Доцноантички провинции на Балканот (според Хиерокле)





Сл. 2, 3 Мозаичните полиња од Епископската базилика, Стоби; натпис со посвета на Перистерија






Сл. 4, 5 Дедикаторски натпис на ѓаконисата Сосија Паула, Јужна базилика, Плаошник



Сл. 6 Хераклеја Линкестис

(фото GoogleEarth)



Сл. 7 Стоби



Сл. 8 Скупи

(фото GoogleEarth)



Сл. 9 Ранохристијански комплекс Плаошник



Сл. 10 Епископска базилика, Баргала (поглед од исток)



Сл. 11 Епископска базилика, Баргала – северен кораб, детал



Сл. 12 Епископска базилика, Баргала

Поглед од исток на баптисмалниот комплекс со писцината од II фаза



Сл. 13 Градска базилика, Баргала (поглед од северозапад)



Сл. 14 Баптистериумот на Епископската базилика, Стоби



Сл. 15 Баптистериумот на extra muros базиликата, Стоби



Сл. 16 План на Хераклеја



Сл.17 Мала базилка А, Хераклеја



Сл. 18 Големата базилика Ц, Хераклеја



Сл.19 Базиликата кај Суводол




Сл. 20 План на Стоби




Сл.21 Северна базилика, Стоби



Сл. 22 Стара епископска базилика, Стоби



23. Новата епископска базилика, Стоби



Сл. 24 Централна базилика, Стоби



Сл. 25 Цеметеријална базилика, Стоби



Сл. 26 Extra muros базилика, Стоби



Сл. 27 Базиликата кај Паликура



Сл. 28 Епископска базилика, Баргала



Сл. 29 Новата градска базилика, Баргала



Сл. 30 Extra muros базилика, Баргала



Сл. 31 Катедрална црква, *Кале*, Крупиште



Сл. 32 Триконхос, с. Туденце, Тетовско




КОТИ СО НАДМОРСКИ ВИСОЧИНИ

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| А | | | 729,07 | 728,98 | 728,88 | | |
| Б | | 729,06 | 728,91 | 728,71 | 728,58 | | |
| В | 728,01 | 728,46 | 729,11 | 728,75 | 728,31 | | |
| Г | | | 729,50 | 728,76 | | | |
| Д | | | | 728,71 | 728,71 | | |
| Ѓ | | | | | | | |

КОТИ СО НАДМОРСКИ ВИСОЧИНИ

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 729,59 | 729,09 | 730,13 | 729,99 | 729,97 | 729,24 | 729,11 | 728,33 | 726,93 | 726,37 | 726,37 | 725,47 | 725,87 |
| | | | | | | 726,71 | 727,47 | 726,37 | 725,37 | 724,47 | 724,47 | 725,47 |

Сл. 33 Ранохристијански комплекс, *Градиште*, с. Стенче , Тетовско




Сл. 34 Големата базилика, с. Стенче




Сл. 35 Кале, Дебреште




Сл. 36 Локалитет *Вигна,* с. Старо Бонче




Сл. 37. Фрагменти архитектонска камена пластика, лок. *Вигна*







Сл. 38, 39 Базилика А; Базилика Б, лок. *Градот,* с. Манастир






Сл. 40, 41 *Манастир*, Демир Капија; *Црквиште*, Демир Капија



Сл.42 Базилика на лок. *Градиште,* с. Миокази, Кичево



Сл. 43 Базилика кај *Кртозов Рид*, Кавадарци



Сл. 44 Базилика кај Св. Еразмо, Лихнид



Сл. 45 Базилика Студенчишта, Лихнид



Сл. 46 Базилика Дебој, Лихнид



Сл. 47 Јужна базилика, Плаошник



Сл. 48 Поликонхална црква, Плаошник



Сл. 49 Базиликата кај Радолишта, Струшко



Сл.50 Базиликита кај Радолишта, Струшко, поглед од исток



Сл. 51 Базилика кај Октиси и црквата Св. Никола, Струшко



Сл. 52 План на Скупи



Сл. 53 Базилика 2, Скупи



Сл. 54 Голема базилика, Скупи



Сл. 55 Базилика со трансепт, Орман



Сл. 56 *Големо Градиште,* Коњух, поглед од север




Сл.57 *Големо Градиште*, Коњух (фото GoogleEarth)



Сл. 58 Ротонда, Коњух



Сл. 59 Новата (епископска ?) базилика, Коњух



Сл. 60 Новата (епископска ?) базилика, Баптистериум, Коњух



Сл.61 Новата (епископска ?) базилика, Коњух



Сл. 62 Локалитет *Виничко Кале*, Виница



Сл. 63 Базилика кај *Горица*, Виница



Сл. 64 Зрзе, манастирски комплекс Св. Преображение, поглед на апсидата на новоткриената ранохристијанска базилика од запад



Сл. 65 Писцина на новооткриената базилика во с. Зрзе



Сл. 66 Поглед на манастирскиот комплекс Св. Преображение од новооткриената базилика, Зрзе